УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - Скопје
Филозофски Факултет
Институт за Социологија

Докторска дисертација:

# ТЕОРИЈАТА НА ДЕЛИБЕРАТИВНАТА ДЕМОКРАТИЈА:
## Интегрирање на социологијата на политика и политикологијата во современата социјална наука

Ментор:
Проф. д-р Ило Трајковски

Кандидат:
м-р Александар Јованоски

Скопје, 2011

СОДРЖИНА

Апстракт...3
Abstract...4
ПРЕДГОВОР...5
ВОВЕД...13
ГЛАВА I Основните елементи на современите теории за демократија...68
ГЛАВА II . Местото на теоријата за делиберативна демократија во современите политички и социолошки теории...84
1. *Критичката теорија (франкфуртска школа)*...93
2. *Теоријата на рационален избор (вирџиниска школа)*...105
ГЛАВА III. Најзначајни претставници и основни теоретски постулати на теоријата за делиберативна демократија...114
1. *Позицијата и стојалиштата на Јирген Хабермас*...118
2. *Позицијата и стојалиштата на Џон Ролс*...140
3. *Подоцнежен развој на теоријата за делиберативна демократија*...150
4. *Придонесот на постмодерната*...189
ГЛАВА IV. Местото на јавното добро, човековите права, консоцијативизмот, граѓанското содружништво и либералниот конституционализам во теоријата за делиберативна демократија...209
1. *Јавното добро во политичкиот процес и делиберативната демократија*...210
2. *Човековите права и делиберативната демократија*...215
3 *Консоцијативизмот и делиберативната демократија*...225
4. *Граѓанското содружништво и делиберативната демократија*...238
5. *Либерализмот/либералниот конституционализам и делиберативната демократија*...245
ГЛАВА V. Критика на теоријата за делиберативна демократија...259
Заклучни согледувања...267
ЛИТЕРАТУРА...297

Апстракт

Текстот претставува теоретско истражување на најновите стојалишта и претпоставки за политичкото уредување на општеството – познати под името делиберативна демократија. Заговорниците на овој најнов теоретски систем и постапка за креирање политики и политичко одлучување, истиот го промислуваат во рамките на современите заложби за поедноставување и приближување на политиката до најобичниот граѓанин, сфатен како слободна и разумна индивидуа. Аргументацијата која се користи во изградбата на структурата и содржината на текстот, опфаќа широк дијапазон на стојалишта погледи и учења на најразлични автори – започнувајќи од политичко-филозофските учења на Аристотел, преку елитистичките позиции за моќта на некои од најпознатите политолози па се до современите социолошки разгледувања за природата на општественото дејствување на поединецот од неколку различни теоретски ориентации како што се критичката теорија, и постодернистичкиот дискурс. Претставена на овој начин, теоријата за делиберативна демократија ја заокружува дијалектичката тријада која започнува со античкото глорифицирање на масовното учество во јавните работи, продолжува со нововековните заложби за претставнички политички институции, преку повоената теорија за компетитивниот елитизам на Џосеф Шумпетер како типичен претставник на оваа струја, за да заврши со непопулистичкиот модел на општа партиципација во политиката на Џон Ролс и Јирген Хабермас.

Постојат неколку позначајни диференцирања на авторите-заговорници на теоријата за делиберативната демократија а една од нив е поделбата на процедурални и непроцедурални модели на делиберативна демократија. Во текстот е направен обид за нивно нијансирано претставување преку спротивставувањето на социолошки инспирираниот модел на Јирген Хабермас и неговите следбеници, наспроти политолошки (полит-филозофски) детерминираниот модел на Џон Ролс. Разгледан е и односот на делиберативната демократија кон јавното добро, кон корпусот основни човекови права, консоцијативниот инженеринг, граѓанското содружништво и либералниот конституционализам.

Истражувањето на теоријата за делиберативна демократија како најнов модел на креирање политики и одлучување во политиката, ја следи логиката на социјалната наука односно социјалната теорија како сопфатна и далеку поопшта научна дисциплина (во подем) од социологијата или политичката наука. Во трудот е направен обид за дијалектичка анализа и приказ на развојниот пат на размислите за делиберација и делиберативна демократија, при што взаемно се испреплетуваат пристапите на социолошката и политичката наука. Исто така, прикажани се и стојалиштата на дел од најзначајните критичари на делиберативната демократија.

**Клучни зборови**: делиберација, демократија, делиберативна демократија, теорија на рационален избор, јавен разум, комуникативно дејствување, стратешко дејствување инструментална рационалност, франкфуртска школа, Џон Ролс Јирген Хабермас, социологија, политологија, социјална наука, социјална теорија.

Abstract

The text is a theoretical research of the newest form of political ordering of society – named deliberative democracy. Advocates of the latest theoretical system and procedures for making-policy and political decision-making, thinking about this model within the framework of contemporary commitment to simplification and convergence of politics to most of the ordinary citizens, understood as a free and rational individual. Argument used in the construction of the structure and content of the text covers a wide range of views and the teachings of various authors from several eras - ranging from political and philosophical teachings of Aristotle, through elitistic positions about nature of power expressed in views of some of the most political scientists - mostly advocates of the theory of rational choice - up to modern sociological considerations on the nature of social action of individuals, from several different theoretical orientations such as critical theory, the tradition of the Frankfurt School and postodern discourse. Presented in this way deliberative democracy rounded dialectical triad that begins with the ancient glorification of mass participation in public affairs, continues with the modern-century commitment to representative political institutions, through the postwar Joseph Shumpeter`s theory of competitive elitism as a typical representative of this stream, and ended with complete not-populist theoretical model of general participation in the politics, emerged in theories of John Rolls and Jürgen Habermas.

There are several significant differentiations of the authors, advocates of the theory of deliebrative democracy and one of them is the division between procedural and neprocedural models of deliberative democracy. The text is an attempt for their nuanced presentation by the opposition of: sociologicaly inspired model of Jürgen Habermas and his followers against political (Political-philosophical) model of John Rawls. Also is reviewed the relationship of deliberative democracy to: public good, basic human rights, consotiative engineering, civil society and liberal constitutionalism.

Analysing the theory of democracy as deliberative procedure, means to investigate the latest model of policy-making and political decision making that follows the logic of social science, and also that is more comprehensive and far general scientific discipline than sociology or political science. The paper is an attempt to make an dialectical analyse and display the development of deliberation and considering the deliberative democracy, with mutually intertwined aproaches of social and political science. It is also showed a small proportion of general critics towards deliberative democracy.

**Key words**: deliberation, democracy, deliberative democracy, rational choice theory, public reason, communicative action, instrumental rationality, Frankfurt School, John Rawls, Jürgen Habermas, sociology, political science, social science, social theory.

## Предговор

*Општеството ... е дом на сето зло,*
*додека морето ... е домен на слободата и можноста за присност со бога.*

Оценка на Клод Шоп за романот на Александар Дима *Грофот Монте Кристо*

Постои еден методолошки пристап односно техника во научно-истражувачката работа во општествените науки, кој многу ретко се користи - а неговата полезност одамна ја има оправдано неговата употреба. Се работи за експериментот, и тоа не било каков туку мисловниот експеримент. Познато е дека во поголемиот дел определби на составните делови на експериментот (класичниот или обичниот, а не мисловниот) постојат различни видувања. Според една класификација, составните делови на експериментот се: експериментатор, експериментаторни услови, објект на експериментот итн. Најчесто, во експериментот има две групи - контролна и експериментална. Експериментот, по дефиниција претставува вештачки создадена и од човекот контролирана ситуација во која се истражуваат најразлични појави, влијанија, реакции и процеси, најчесто во природните науки. Но, кога се прават обиди експериментот да се примени во општествените науки (во спроведувањето и резултатите од истиот несомнено најдалеку има отидено има психологијата), една од најголемите критики и недостатоци на овој метод, произлегува од стравувањето на етичарите дека ќе биде злоупотребен човекот, последиците можат да бидат огромни а штетата ненадоместлива. Затоа, за да се избегнат ваквите потенцијални

злоупотреби на човекот и човечката природа, а во исто време уште еднаш да се актуелизира полезноста на експериментот, на почетокот на ова истражување е претставен еден мисловен (замислен) експеримент - кој не е резултат на човечкото искуство и практика, а во кој сепак има две групи, поточно ситуации, фактори на експериментот и резултати од експериментот кои се контролирани или управувани од експериментаторот. Впрочем, според едно видување и предметот на ова истражување – делиберативната демократија - во својата практична применливост се уште ужива статус на експеримент.

Имено се работи за следново:

Ситуација 1. *Во една селска заедница лоцирана на неколку стотини, па и илјада метри надморска височина, со генерации постои традиција на овчарство - попрецизно одгледување и развој на овци. Оваа гранка, поточно, овчарството е најзначајното занимање на населението и од неа се обезбедува егзистенцијата на заедницата на неколку начини. Прво, од овците се добиваат млеко, месо, волна и други суровини кои населението ги користи за сопствени потреби: храна, облека, обувки и слично, второ, вишокот од истите продукти се користи за размена и набавка на други продукти и добра кои заедницата не ги произведува. Високата надморска височина, чистиот планински воздух и незагадените пасишта и води, овозможуваат одгледување на квалитетни стада овци, но суровата и долга зима ги присилува овчарите, овците да ги селат во потопли крајбрежни места со обезбедени бачила, барем неколку месеци во зимскиот период за да се засолнат и да ја преживеат зимата. Напролет, тие повторно се враќаат во својот крај со повеќе овци и јагниња.*

*Ова претставува вообичаен образец или годишен календар на активности на заедницата, под претпоставка да има само едно стадо овци, но штом се појави уште едно стадо и ривалитет на овчарите, се појавува сериозен проблем за правото на користење на ограничените ресурси кои ги поседува просторно ограниченото бачило во крајбрежјето. За да се надмине оваа тензија, на неколку години се организира СОБИРОТ НА ОВЧАРИТЕ - настан во кој учествуваат активните овчари, но и оние кои поради поодминати години не се во состојба да патуваат, но чие искуство е драгоцено и посебно се почитува. Во случајот на двете стада се доаѓа до решение да се постапи* ***демократски*** *и по пат на гласање да се избере стадото, кое ќе го добие добро обезбеденото бачило (за кое патем речено треба да се плати и наемнина). Одлуката е донесена без претходна расправа, во полза на стадото кое брои повеќе овци. Ваквата одлука е резултат на повеќе околности од кои како најважни можат да се издвојат широчината на распространетоста на роднинскиот систем на овчарите во заедницата и убедувањето дека треба да бидат згрижени што повеќе овци, поради профитот што на заедницата тие ќе и го донесат на пролетната продажба. Јасно е и дека стадото со повеќе овци има и повеќе овчарски кучиња кои ќе обезбедат посигурен и побезбеден пат до конечното одредиште, што претставува уште еден поен плус во полза на одлуката. Ова, по сите аспекти претставува успешна комбинација на утилитарноста и демократичноста - со еден збор, успех на функционалната ДЕМОКРАТИЈА . . . или можеби не*

Да разгледаме сега една поинаква можност или ситуација 2. *Доколку на ДЕМОКРАТСКАТА ОДЛУКА за згрижување на побројното стадо овци му претходеше расправа, можеби ќе се добиеше една поинаква одлука. Имено, да беше сослушан, односно да му беше дадено шанса на овчарот со помалото стадо да ги изнесе своите аргументи зошто да биде згрижено неговото значително помалубројно стадо, ќе се добиеја вакви податоци:* ***прво****, иако помалубројно, неговото стадо има многу повеќе млади и расплодни овци,* ***второ****, истите тие помалубројни овци даваат поквалитетно млеко и погуста волна,* ***трето****, неговите млади овни се далеку поздрави од оние во помногубројното стадо,* ***четврто****, кучињата се побрзи и издресирани не само да го штитат стадото од крволочниот дивеч, туку и да му помогнат на овчарот да најде засолниште односно да го заштитат од временски непогоди.*

Тенденциозното толкување на овој мисловен експеримент може да има неколку заклучоци од типот:

1. Дека демократијата не секогаш е најдобра за интересите за заедницата
2. Дека демократијата не е функционална (секогаш).
3. Дека демократијата не ги дава посакуваните резултати.
4. Дека би се добил подобар резултат доколку биле прашани овците, ама тие немаат способност за говор(?!)
5. Дека демократијата не е компатибилна со општиот интерес.
6. Дека демократијата претставува своеволие на група кусогледи и невизионерски догматичари, или едноставно

6. Дека демократија како форма за одлучување, не треба да се применува надвор од сферата на политиката, и дека како таква не е за луѓе кои се занимаваат со сточарство.

Ниту еден од понудените заклучоци не е точен, и покрај убедливоста и инструктивноста на мисловниот експеримент. Поентата на изложениот експеримент е дека демократијата во својот агрегативен облик и втемелена само на голата сила на големиот број, е недоволна па дури и штетна. Демократската постапка доколку не е придружена со дебата во која секој ќе има право, но и одговорност да го понуди најдобриот аргумент за предлогот кој го предлага, поддржува или оспорува, се поставува прашање дали воопшто е демократија. Ваквиот став последниве две децении го делат одреден број на политички научници, социолози, економисти, историчари и сл. кои развиваат аргументи за неопходноста од дебатата и дискусијата при носењето на политичките одлуки. На ваков начин перцепцијата на доскорешниот облик на демократијата како исклучиво гласачко-центрична активност се заменува со аргументирачко-центрична активност. Во тој напор да се сообразат дебатирањето, полемизирањето и убедувањето со аргументи на една страна и политичкото одлучување засновано исклучиво врз броењето на гласовите *за* и *против* од друга, во западните академски кругови се (ре)актуелизира идејата за непосредното политичко одлучување. Односно, размислувањата во правец, во политичкиот процес да се слушнат сите и да се подржат најубедливите - се нарекуваат теорија за ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА. Овој труд е обид за приопштување на овдешната јавност на дел од плодната и мошне интересна

дебата за оваа нова теорија за демократија, односно политичко организирање и одлучување придружено со сопствени елаборации и видувања кои се неизбежно повлијаени од средината, со не така долга демократска практика и теоретска мисла. Во исто време, текстот има интенција да понуди едно оригинално видување и став кон редица прашања поврзани со иднината на политичката пракса и начините на политичкото одлучување.

Овој дискурс (теорија за делиберативна демократија) во дел од своите досегашни резултати и согледувања отвори неколку одамна подзаборавени прашања. Дел од тие прашања се однесуваат на тоа дали постои или не морално и разумно делување на човекот во процесот на политичко одлучување; преоценување на одржливоста на концептот *општо добро* или *јавен интерес*; дилемата за демократијата како празен процес и процедура или демократијата како содржина, која има сопствени вредности и репери за врамување на политиката во рамка која неа повторно ќе ја промислува како вештина за управување (а не владеење!) со луѓето. Исто така, се поставува прашањето дали демократијата е дејност која е заснована врз доблестите на човечкиот дух, постапка која секогаш е водена од свеста за сопствената минливост? Или пак, можеби најважно, дали постои обврска секогаш да бидат убедувани (но и слушнати) управуваните во неопходноста и полезноста на конкретната политика? Се чини дека од бројните дилеми и прашања кои ги отвора теоријата за делиберативна демократија, сепак најважна е потврдата за неопходност од повторното освојување на јавниот простор како место за дебатирање и полемизирање. Преку оваа претпоставка – дебатата, или попрецизно кажано

делиберацијата како претходник на политичката одлука – растат очекувањата дека ќе го добие заслуженото место, како во политичката практика, така и во научните расправи за политиката. Во поглед на маргинализираноста на овој вид демократска практика, се смета дека причината за тоа е доминацијата на струите на елитистичките, корпоративистичките, плуралистичките, интересните, и консоцијалните теории за демократија. Сите овие и многу други теории или групи на теории, спаѓаат во редот на модерни теории за демократија и се поврзани со тезите на Џозеф Шумпетер - првобитно пројавени во неговите дела во доцните 40ти години на минатиот век. Со оглед на тоа дека теоријата за делиберативна демократија, барем во еден нејзин облик или струја, развива постулати кои се добро познати во класичните теории за демократија - т.н директна или непосредна демократија, појавата на дискурсот за делиберативна демократија може слободно да се протолкува како заокружување на дијалектичката тријада (теза, антитеза и синтеза) во однос на теоретизирањето на демократијата.

Истражувањето на теоријата на делиберативната демократија се обиде да одговори на предизвикот за реактуелизација на убедувањето на заговорниците на класичниот, непосреден модел на политичкото одлучување, дека *во носењето на одлуките од важност за пошироката заедница треба да учествуваат сите, односно најголемиот можен број, со оправдување дека човекот, сепак е рационално суштество и дека знае да го препознае, да го брани и испорача својот интерес, без притоа да ја инхибира иницијативноста на другите*. Делиберативната демократија овозможува аргументи во таа насока, аргументи кои укажуваат на вреднувањето на секоја поединечна политичка

акција на секој чинител, одговорност која се темели на свесноста за сопственото место во општеството и личниот интерес при политичкото одлучување.

Како реминисценција на мисловниот експеримент од предговорот, останува надежта дека, сериозното истражување на теоријата за делиберативна демократија и вреднувањето на човечката (индивидуална) рационалност при носењето политички одлуки, во себе содржи потенцијално задоволувачки и смирувачки одговор на стравувањето на Томас Мор - *за овците, тие мирни суштества кои ќе ги изедат луѓето.*

# ВОВЕД

*Кога би постоел народ од богови, тој би имал демократска влада.*
*Една толку совршена влада не е за луѓе.*

Жан Жак Русо во ***Општествениот договор***

Промислувањето на теоријата за делиберативна демократија и нејзиното сврстување во политичките односно социолошките теории или семејства на ориентации, подразбира посериозно познавање на истите но и своевидна вивесекција на теоријата за делиберативна демократија. Ова се надоврзува на дел од современите социолошки стојалишта, или подобро кажано на видувањата на социолозите за групирање на социолошките теории во неколку групи и/или парадигми. Како што е попознато, освен Рицерова класификација или сведување на социолошките теории во *парадигма на општествени факти*; *парадигма на општествени дефиниции* и *парадигма на социјален бихајвиоризам* (Ritzer, 1975), постојат поделби или сврстување на социолошките теории во *системска и конфликтна парадигма* според Роберт Фридрикс (Friedrichs, 1970) Ејзенштад и Кјурелару разликуваат четири: *индивидуалистичка*, *социологистичка*, *културалистичка* и *енвироменталистичка* парадигма (Eisenstadt and Curelery, 1976) и ред други, сепак, најважна за целта на ова аргументирање е класификацијата на парадигмите во социологијата од страна на Мартин Олброу, кој истите ги дели на **дијалектички** и **категорички** (Albrow, 1974).

Без намера тука да се навлегува во поширока експликација на суштината или супстрактот на овие два вида на парадигми, како и во однос на содржината на

самиот поим парадигма (што ќе биде подлабински елаборирано во едно од следните поглавја посветено на напорот теоријата за делиберативна демократија да се вклопи, лоцира или пронајде во една или повеќе од постојните социолошки ориентации или системски социолошки теории) тука е значајно да се нагласи динамичкиот карактер на дијалектичките парадигми, кои во најчест случај се резултат на жива и разгорена дебата[1]. Токму таков е и дискурсот за

[1] Дисциплинарната разлика која постои помеѓу социолозите и политолозите, особено во однос на истражувањето на взаемното дејствување на општеството и структурата на политичките елити од една страна и природата на decision-making инженеринзите од друга, можно е inter alia да се лоцира и во поставеноста кон парадигматското мислење. Постои долга традиција на почитување и коректно позајмување на Куновата дефиниција на *парадигмата* во рамките на социолошката наука, но од друга страна во политологијата постои најмалку едно - за социолозите неприфатливо - толкување на парадигмите, за кое најтипичен пример претставува енциклопедиското дело на Ендрју Хејвуд *Политика*. Тука авторот, обидувајќи се да остане во тек со современите движења во рамките на метатеориските расправи, дава едно поинакво толкување на Кун и учењето за парадигмите. Имено, неговата шема завршува со изедначување на парадигмите со идеологиите односно идеолошките традиции(?!) Насловена како ***нивоа на анализа на поимите***, сликата за кумулативниот (а не револуцонерен!) раст на парадигмите кај Хејвуд изгледа вака




пр: моќ, општ. класа, човекови права, право
пр: системска анализа, јавен избор, теорија на игри
пр: плурализам, елитизам, функционализам
пр: либерализам, марксизам, феминизам

Извор: Hejvud, 2004:46

Од оваа шема на Хејвуд социолошки изостредниот читател лесно може да забележи асинхронично групирање на стојалишта или пристапи и теоретски ориентации. Тоа најочевидно е во случајот со функционализмот кој во политичката наука има сосема поинаква содржина отколку во социолошките теории. Во социолошките теории функционализмот претставува една од најекстензивните системски макро теории, со јасно издиференциран појмовно-категоријален апарат, а со заклучоците и стојалиштата, заедно со конфликтната теорија ја чинат главната оска на т.н. *парадигма на социјални факти* - според Рицер (Ritzer, 1997:415). Елитизмот иако во социологијата се смета дека е приспособен од раните политички учења на филозофите-елитисти како Моска, Парето и сл. сепак, не отелотворува посебна макро теорија од калибарот на функционализмот или критичката теорија. Впрочем, подоцна антрополошката основа на социолошкото дефинирање на функционализмот придонесува за негово плодно разложување во неколку правци, каков што е структурниот функционализам, за на крајот Ралф Дарендорф да понуди и навидум непомирлива концепција на *конфликтен функционализам*. Под етикетата на оваа теорија Дарендорф прави обид за синкретично устројување на функционализмот и конфликтната теорија во рамките на еден дискурс, нешто што во политичката наука е малку познато. Од друга страна, пак, во рамките на политичките теории, постои разделување на функционализмот во меѓународните односи и функционализам во конкретната национална држава. Како теорија која што ги објаснува меѓународните односи, конципирањето на функционализмот е поврзано со плановите за изградба на европско единство и единствен

делиберативната демократија кој е предмет на ова истражување - особено ако се има предвид можноста да се подвојат стојалиштата на заговорниците на овој вид на демократија вдолж географските линии, со што се појавуваат две силни струи. Првата се поврзува со името и делото на германскиот социолог Јирген Хабермас како најизразит претставник на континенталното крило во дискурсот - втемелено претежно врз достигнувањата на социлошката наука и стојалиштата на претставниците на Франкфуртската школа и, Џон Ролс - либералниот егалитарист и полит-филозоф - предводник на англо-американското (политиколошки инспирирано) крило. Присуството на ваквите две, за современата социјална теорија колосални фигури во дискурсот за делиберативната демократија, не само што придонесува за хевристиката на теоријата, туку интердисплинарниот пристап оди во прилог на актуелните усилби на дел од современите социолози, општествените појави, процеси и промени да ги истражуваат преку призмата на *социјалната теорија* односно *наука*.

---

европски парламент. Во политичката теорија постои силно теоретско движење, кое процесот на унификација на Европската унија го перципира преку категоријалниот апарат на **функционализмот** каде, како замена за федералистичкиот принцип на европско обединување се нуди теорија ,,според која владите првенствено се одговорни за задоволување на човечките потреби; функционализмот се доведува во врска со постепеното остварување на регионална интеграција во рамките на посебни области на одлучување со брзина која ја контролираат државите членки``. Но поради недоволната изграденост на интерпретативните капацитети на функционализмот во објаснувањето на темпото на европската политичка интеграција, оваа теорија е подоцна заменета со **неофункционализмот** кој е ,,измена на функционализмот бидејќи се прифаќа, регионалната интеграција во една област да предизвика притисок за понатамошна интеграција во форма на ,,прелевање`` (Hejvud, 2004: 285). Што се однесува пак до либерализмот, оваа идеолошка основа за разлика од марксизмот и феминизмот во ниту една од класификациите на социолошките теории, правени од страна на авторите кои се занимават со оваа проблематика, не е признаена како посебна теорија или социолошка ориентација. Тоа меѓудругото и објаснува зошто социолозите се склони кон една, скоро незабележителна резистентност кон квалификувањето на функционализмот како конзервативна теорија, а марксистичките забелешки за реакционерните елементи во оваа теорија одамна не претставуваат предмет на сериозна расправа.

Социјалната теорија и нејзиното определување е образложено во едно од следните поглавја. Тука вреди да се истакне синтетичкиот и интегрирачки капацитет кој го поседува, и кој не само што обезбедува, под закрилата на една нова (супер)наука (социологот Ентони Гиденс вака ја определува) да се обединат пристапите, методите и стојалиштата на различни општествени научни дисциплини, туку го превенира потенцијалниот онтолошки конфликт на различните поддсциплини во рамките на една наука. Така на пример, претпоставениот епистемолошки монопол за истражување на современите идеи за политичко одлучување во рамките на социологијата на политиката, може сосема легитимно да биде оспорен од страна на правните социолози, кои ваквите и слични истражувачки прашања и проблематики ги истражуваат во рамките на социологијата на законодавството[2].

Ова скршнување или пренасочување на дебатата и истражувачкиот поттик, кај значителен број на политички научници и социолози во поглед на теоријата делиберативната демократија, според Џејмс Боман иницијалниот момент го има уште во раните осумдесетти на минатиот век. Во тој период, Џозеф Басет е првиот кој критички се произнесува кон тенденцијата во претставничкиот дом на САД, највисокиот правен акт на оваа земја - Уставот на САД - елитистички да се толкува. Сепак, дури и со самото датирање на мошне познатиот и влијателен есеј од 1998 на Џејмс Боман *Надоаѓачкото време на делиберативната демократија* (Bohman, 1998), може да се забележи дека барем во научната дебата - ако не во политичката практика - делиберативната демократија е предмет на истражување

[2] За подетална анализа на предметот, содржината и методот на *социологијата на законодавството* види (Karbonije, 1992: 323 - 346).

со општествена тежина и актуелност најмалку една цела декада. Но, тоа не значи и дека самото ова теоретско истражување на делиберативната демократија, во сета негова комплексност и внатрешна противречност има своја општествена оправданост, а уште помалку општествено-политичка рефлексивност со нашето секојдневие.

Оттаму, наспроти стандардниот критериум за приложување на аргументи за општествена оправданост на дадено истражување како дел од предусловите за изработка и валоризација на еден научен труд, овој текст не нуди ни приближно нешто слично на тоа. Постојат неколку причини за ваквата поставеност на текстот од кои како најзначајни можат да се издвојат следниве: *прво* имајќи ја предвид претпоставката за високо развиена политичка култура и традиција на демократско однесување како *raison d` etre* на делиберативниот модел на демократија, опасноста од утврдувањето на неговата неостварлива функционалност или операбилност, со себе носи опасност да одведе дури и до стравувањето за целисходноста на ваквиот демократски инженеринг во општества без позначајна традиција на демократија како нашето; *второ* акцентирањето на општествената оправданост на истражувачката проблематика во општествените науки, многу често истражувачите ги води кон заглибување во академската суета и трка за валоризирање на сопствениот придонес кон разрешувањето на конкретните општествени проблеми. На овој начин, постои опасност апликативниот карактер на науката (можност како стожер на денешната цивилизација да понуди решенија за постојните проблеми) да добие невидени, па дури и карикатурални размери во профанизацијата и инструментализацијата. Оваа тенденција се чини особено

критична кога е придружена со околности во кои амбициозно се најавува, а уште поагресивно се спроведува проект за **државна наука**, според кој во конечниот резултат, тенка е, или воопшто не постои границата помеѓу државното и недржавното, политичкото и неполитичкото владиното и научното[3]. *Трето,* барањето за доставување на одбранливи аргументи во поглед на општествената оправданост на одредена тема, носи опасност од испумпување на основната намена на научното творење. Што значи, доколку секое истражување во рамките на било која од општествените науки - неисклучувајќи ја од тој редослед и социјалната наука - мораат да ја докажуваат својата (општествена) оправданост, во најголем дел детерминирани од конкретниот општествен миг, тогаш се појавува прашањето за издржаноста на пример од историографските и биографските методолошки пристапи. А од друга страна, се чини дека не постои можност било кое истражување да не го носи со себе печатот на времето, изразен преку влијанијата кои ги трпи истражувачот и мотивите кои го наведуваат да истражува.

Како и да е, имајќи ги предвид горенаведените причини, ова истражување тргнува од убедувањето (или оценката) дека не треба да ги истакнува општествените мотиви или очекувања од резултатите, бидејќи тие или сами по себе се подразбираат или пак од друга страна, таквиот услов претставува недоволно разбирлив критериум кој се побива самиот себе. Но, од друга страна, во однос на научната оправданост, за истражувањето на правците на развој на

[3] Мошне е важно веднаш да се направи разлика помеѓу *државен универзитет* и *државна наука*. Просторот не дозволува, но и намената на текстот не е да послужи во расчистување на делокругот на *државните научници* и особено проблемот со уставно загарантираната слобода во научното и уметничко творештво (член 47), но се чини дека е невозможно релаксирање од стравувањето дека, иако на државниот универзитет може да има и *не-државни* научници, државната наука можат да ја развиваат исклучиво само *државни (владини???) научници* и дека како таква, во својата дејност и резултати, секогаш ќе претежнува на страната на државното за сметка на научното. За суштината на државната наука види (Саркањац, 2003 и Саркањац 2006).

теоријата за делиберативна демократија како дел од современите теории за демократија, можно е да се лоцираат најмалку десетина причини. *Прво* истражувањето или откривањето на еден нов дискурс во настанување и обидот за негово адаптирање, носи огромен ризик но и одговорност при неговото претставување. Дотолку повеќе, што оставениот простор за теоретско толкување но и автентичен придонес (зошто да не?) кон теорискиот новум, обврзува на сериозност при истражувањето, која сигурно може да ја разбранува, ако не и развие епистемолошката рамка во некои нови правци. *Второ* намерата теоријата за делиберативната демократија да се прикаже во дијалектички однос помеѓу размислувањата за моделот на класичната демократија и моделите на модерните елитистички демократии, помага да се реактуелизира еден особено важен и критички а сепак заборавен пристап кон истражуваната проблематика - дијалектичкиот. *Трето*, како што и самиот наслов упатува, истражувањето има за цел да ги обедини сознанијата, пристапите и заклучоците на најмалку две општествени науки социологијата (една нејзина поддисциплина - социологија на политика) и политикологијата во рамките на социјалната теорија, односно наука, која ја заговараат Ентони Гидинс и следбениците. Социјалната наука претставува одговор на потребата за интердисциплинарно третирање на современите сé посложени проблеми, меѓу кои и постапката и природата на политичкото одлучување. *Четврто*, ваквиот пристап нуди можности за комплементарна употреба на неколку различни методи како аналитичкиот, синтетичкиот, дијалектичкиот но и библиографскиот метод, со кој се открива меѓусебната запознаеност на авторите од различни научни дисциплини за откривањата и

достигнувањата до кои дошле, и во колкав дел истите ги употребиле за изградбата на сопствените теоретски стојалишта и заклучоци. *Петто*, истражувањето на корените и развојните правци на теоријата за делиберативна демократија, поставено на солидни основи ќе овозможи согледување, меѓу другото, и на сегашните состојби и достигнувања во различните теории за современата демократија (елитистички, корпоративистички, консоцијативни и т.н.). *Шесто*, имајќи предвид дека е невозможно ослободување од впечатокот за значителното влијание на идеолошките детерминанти врз научната дејност, особено во скоро демократизираните општества (како нашето), истражувањето во дел од своите согледување ќе се позанимава со достигнувањата на франкфуртската школа и нејзиниот денес најзначаен следбеник Јирген Хабермас, на начин кој ќе овозможи едно поинакво претставување на Хабермас - и тоа како социолог. *Седмо*, во редот на посебните теоретски ориентации ќе биде анализирана и теоријата за рационалниот/разумниот избор, која со оглед на нејзината релативна скорост, е недоволно истражувана од наши автори. *Осмо* истражувањето ќе се обиде во дел, да го релативизира епистемолошкиот мит за разликите помеѓу социолошката и политичката наука. Овој мит се одржува на постоењето дистинктивна граница помеѓу, науката која од политичките појави, процеси и односи ги истражува особеностите на политичкото во рамките на општественото подножје (социологија) и науката која истите проблеми ги истражува елитистички, насочена кон врвот на политичката реалност. *Деветто*, истражувањето во своите заклучоци би требало да резултира со потврдување на цел нов поимно-категоријален инструментариум, кој би можел да ја освежи или

збогати нашата социолошка лексика. И *десетто*, разгранетиот развој на теоријата за делиберативна демократија во западниот академски свет, и во оваа средина да го добие заслуженото место на интересна и академски провокативна тема која вреди да биде истражена.

Имајќи ги предвид горепосочените научни оправданости на истражувачкиот потфат, истражувањето на теоријата за делиберативна демократија како претежно теоретско истражување, има во прв ред научни цели, додека општествените се ограничуваат на анимирањето на стручната и пошироката јавност за постоењето на теорија за еден нов вид на демократија кој е далеку поефективен и посеопфатен од консоцијативниот. Проблемот на истражување на општествени појави и процеси - зависно од ракурсот на авторите кои се заинтересирани за проблематиката на демократијата - е во тоа што скевенцирањето на само дел, од она што се води како жива расправа и која трае во западните академски кругови, може да создаде илузија дека истражувачот ги опфатил сите аспекти на дадениот проблем. За да се одбегне ваквиот мегаломански привид, научните цели на истражувањето ќе бидат поделени на една општа и неколку поединечни цели. Врз основа на нив ќе се изведе и поимно хипотетскиот систем.

**Главна научна цел** на истражувањето е апсолвирањето и приказот на основните поими, претпоставки и внатрешни разлики (во рамките на дискурсот) на категоријалниот апарат на авторите заговорници на теоријата за делиберативна демократија[4].

---

[4] Со оглед на актуелноста на дискурсот во западните академски кругови, како и разбирливото потенцијално недоверие и сомнеж кон поимот *делиберативна* демократија, како една од

За остварување на оваа општа цел, дисертацијата треба да исполни неколку задачи. Прва и основна задача на дисертацијата е компаративното изложување на дисциплинарните претпоставки за развој на овој дискурс (конкретно, во колкава мерка поедини парадигми или теоретски ориентации во социологијата и политичката наука негуваат епистемолошки платформи за доизградба на теоријата за делиберативна демократија - на пример, Теоријата за рационален/разумен избор во политикологијата и Критичката теорија во социологијата) во еден интегративен пристап на социјалната наука.

Следна задача е деталното претставување на теоретските стојалишта и поаѓалишта на претставниците на двете најзначајни струи во дискурсот за делиберативна демократија - Џон Ролс и *теоријата за општествена праведност* и Јирген Хабермас преку неговата *теорија за комуникативно дејствување*, како иницијални рамки во кои подоцна се развива дискурсот за делиберативна демократија. Дисертацијата исто така настојува да ги утврди

---

основните цели на истражувањето може да се смета и дефинирањето, соодветниот превод и социолингвистичка рецепцијата во македонскиот јазик. Иако навидум проблем од техничка природа, преводот на придавката *делиберативна* на неупатените може да им задава сериозни проблеми со оглед и на полидимензионалната семантика која ја има во англискиот јазик. Колку е значајно прецизното, концизно и консеквентно употребување на термините при процесот на истражување, во социологијата има акцентирано уште еден од нејзините втемелувачи Емил Диркем во познатото дело *Правилата на социолошкиот метод*. Оттаму, доследни на аманетот (или проклетството) и покрај тоа што во дисертацијата е предвиден цел дел посветен на оваа проблематика (види подолу), тука ќе посочиме некои од основните значења на зборот deliberative (кој е основа на придавката делиберативна) во англискиот јазик. Првото и основно значење е *разбран, разумен, промислен*. Но доколку се земе поширокиот (колоквијален) контекст во кој се употребува овој збор во англискиот јазик, ќе се сретнат и значења од типот советува(ње), советодавен, разгледува(ње), обмислува(ње), промислува(ње), намерно, заседава(ње) и сл. Според ова, пуристичката доследност во преведувањето или помакедончувањето на странските зборови и изрази од типот на делиберативна, најверојатно би одвеле до прифаќање како најсоодветна, на придавката *промислена*, во смисла на форма на политичко одлучување која се темели на поширока партиципација, советување и носење на одлуки во процес кој е однапред детално испланиран (промислен) и кој води сметка за ситуациската позиционираност на секој политички актер (без разлика дали се наоѓа во средиштето на процесот на „делиберација" или на безвлијателната периферија). На крајот, делиберацијата треба да обезбеди негово активно вклучување во процесот на носење на одлуки.

дадените историски детерминанти кои ја одредиле таквата теоретска поставеност на тезите на Хабермас, Ролс и останатите позначајни автори.

Исто така, во една од поединечните цели спаѓа и критичкото видување на теоријата за делиберативна демократија. Осврнување кон основните аргументи кои ги користат критичарите во нападот на овој концепт.

Кога станува збор за истражување на тематика која е релативно нова (барем во рамките на македонската општествено-научна заедница), и кое настојува да ги објасни основните механизми на политичкото дејствување и одлучување според моделот на делиберативната демократија, недвосмислено станува збор за фундаментално истражување[5]. Имајќи ја предвид оваа онтолошка вертикала и претходно наведените цели како рамка, хипотетскиот систем ќе биде проектиран на начин кој ќе соодветствува на неа. Исто така, следејќи ја логиката на индуктивното заклучување, во концентрирањето врз појдовните хипотези, треба да се тргнува со извесна релаксираност и резерва. Во тој поглед, хипотетскиот систем го сочинуваат една општа (работна) хипотеза и три посебни.

Генералната (работна) хипотеза гласи:

***Социологијата на политиката и политичка наука содржат комплементарни ракурси во процесот на истражувањето на појавата и развојот на теоријата за делиберативна демократија, затоа е можно нивно интегрирање во рамките на социјалната наука.***

---

[5] Иако не е исклучено резултатите до кои ќе се дојде во текот на истражувањето да содржат предлози за решавање на конкретни проблеми.

Посебните хипотези гласат:

*Социолошкиот пристап на Јирген Хабермас при изградбата на теоријата за комуникативно дејствување, означува иницијална точка во развојот на првата од двете главни тенденции (струи) во дискурсот за делиберативна демократија.*

*Политолошкиот пристап на Џон Ролс при изградбата и развојот на теоријата за рационален избор, означува иницијална точка во развојот на втората од двете главни тенденции (струи) во дискурсот за делиберативната демократија.*

*Постои основа за интегрирање на сознанијата, до кои дошле истражувањата на Јирген Хабермас и Џон Ролс (и нивните следбеници) за делиберативната демократија, во единствен сет на поимно-содржински категоријален апарат на социјалната наука.*

Во поглед на семантичката рецепција и употребувањето на поими од странските јазици во научната работа, на јазик кој дотогаш не обработувал проблематика или димензија стриктно од конкретната тема – како што е и случајот со делиберативната демократија, постои обврзаност кон сериозно и темелно испитување на најдобриот можен преведувачки корелат. Свесноста за строгата методолошка доследност при ваквите преведувачки (понекогаш и адаптирачки) потфати, налага најмалку барем да се истражат етимолошките корени на дадениот збор, во латинскиот јазик, но и специфичниот контекст во кој се појавува, односно адаптира самиот збор. Во размислувањата и расправите на западните

автори, за делиберативната демократија постојат мноштво определби за самиот концепт, и тие како такви во еден дел се обработуваат во дисертацијата, но многу поважно е да се одбележи и разновидноста на поимањето и определбата на придавката делиберативна (deliberative) во нивните јазици.

Овој обид за расчистување со потенцијалните, но и веќе присутни сомнежи и отпори на синтагмата *делиберативна демократија,* во нашата научно-јазична средина, говорат во насока на подлабока потреба за појаснување на неколку моменти.

Најпрво треба да се нагласи дека во сите содржински определби на она што се нарекува делиберативна демократија, без оглед на разликите во пристапот, забележливи се неколку константи, кои во најмала рака потврдуваат дека *делиберативната демократија како понова теорија за политичко дејствување и одлучување подразбира отворање на процесот на политичко одлучување и креирање на политиките за најголемиот можен број одлучни граѓани, доброволно да дадат придонес во управувањето со општеството.* Следно, *таквиот процес освен што подразбира непосредно и отворено учество во политичките работи, придавката делиберативна сама по себе ја дообјаснува суштината на концептот во насока на разгледување, размислување, советување, целна насоченост, намерност со еден збор осмисленост и промисленост* како предуслови за донесување на политички одлуки.

Во латинскиот јазик постојат неколку зборови кои се синонимни или сродни со она што засега во македонскиот јазик се преведува како делиберативна (од

досега познатите рецепции на оваа синтагма и целата теорија за делиберативна демократија види: Јованоски, 2005; Фрчкоски 2007; и Чупеска 2009).

Така, во големиот Латинско-македонски речник на составувачот Валериј Софрониевски, придавката **deliberabundus** означува *потонат во мисли, замислен*. Потоа нешто подолу **deliberamentum** се преведува како *обмислување, разгледување*, за да значењата на можеби најважниот латински корен за зборот - **deliberation** биде наведен како *размислување, обмислување, разгледување, советување* (habet res deliberationem треба да се обмисли; concilii capiendi за одлуката што треба да се донесе). Потоа следниот дериват во истата колона кој е наведен е придавката **deliberativus** со значење *за кого треба да се размисли, да се обмисли*.

Многу значаен и денес активно присутен во англискиот јазик е и зборот **deliberator** кој во овој речник означува *размислувач, обмислувач, разгледувач*. На ова место е важно да се одбележи дека теоретичарите и заговорниците на концептот за делиберативната демократија, учесниците во овој вид на политичко одлучување исто така ги нарекуваат ***делибератори*** (deliberators), мотивирани пред се од намерата да направат разлика, или поточно да ги диференцираат од *дебатерите* или *собеседниците*. Исто така во наведениот речник придавката **deliberatus** означува *обмислен, определен, решен*, додека активниот глагол **delibero** има неколку значења како 1) одмерувам; размислувам, обмислувам, се советувам (...) 2) прашувам пророчиште (за совет). 3) одлучувам, решавам, наумувам (...) (Софрониевски, 2001: 188).

Од друга страна, во англискиот јазик - јазикот на кој пишуваат најголем дел од авторите и заговорници на теоријата за делибеpативната демократија - постои една цела палета од придавки, глаголи и друг вид на зборови кои се сродни или деривaтни на deliberative. Пред да бидат посочени нивните значења, важно е да се назначи дека англиската синтагма на она што тука, се воспpиема и обработува како делиберативна демократија, е **deliberative democracy**.

Во шестото издание на *Оксфордскиот речник за напредни студенти* (Oxford Advanced Learner`s Dictionary) од 2000 година, на страниците 349 и 350 дадени се три збора кои се во тесна врска со придавката „делиберативна``. Придавката на 349 страница **deliberate** е дефинирана како *да се направи нешто со цел, отколку случајно*, а како синоним е даден зборот ПЛАНИРАНО, второто значење на овој збор дадено на следната страница, е *да се направи нешто полека и внимателно*, глаголот **deliberate** се дефинира како *да се мисли внимателно за нештата, обично пред да се донесе одлука*, прилогот **deliberately** во овој оксфордски речник, означува прво, *да се направи на начин кој е планиран, не по случајност*, НАМЕРНО, СО ЦЕЛ и второ, *полека и внимателно.*

Подолу на истата страница именката **deliberation** е преведена исто со две значења, од кои првото означува „*процес на внимателно разгледување и дискутирање за нештата*`` и второто, многу значајно за теоријата за делиберативна демократија, е објаснето како „*квалитет да се биде бавен и внимателен во она што се зборува или прави*`` (Hornby, 2000: 349 - 350).

Слични толкувања и значења на овие зборови дава и Меѓународниот речник за англиски јазик на Универзитетот Кембриџ (Cambridge International

Dictionary of English) од 1996. На страница 362, дадени се неколку зборови и нивни значења кои начелно можат да се поврзат со теоријата за делиберативна демократија. Прво е дадена придавката **deliberate** со првобитно значење НАМЕРНО, со појаснување (дека на тој начин *често се смета за нешто лошо)* намерно или планирано. Потоа, прилогот **deliberately** чие значење освен што го повторува значењето *намерно* или *целнонасочено* означува уште и *бавно* и *внимателно*. **Deliberate** пак е наведен со значење РАЗГЛЕДУВА а појаснувањето оди во насока на да се мисли или зборува за нешто *сериозно* и *внимателно*. И на крајот, значењето на зборот **deliberation** е дадено во одредени контексти преку примери како што се следниве: *После многу делиберација, таа одлучи да ја прифати нивната понуда.* или *По пет дена делиберација судот донесе одлука дека не е виновен* . Иако тука поимот делиберација се преведува како terminus technicus (од разбирливи причини), било кое значење што го има во нашиот јазик може многу лесно да го замени, па така може да произлезе дека: *После многу размислување ...; По пет дена советување ...; После многу планирање ...;* По *пет дена разгледување* итн.

Пред да биде изложена оценката за тоа што и во кои контексти ќе означува придавката deliberative на нашиот јазик при истражувањето на теоријата за делиберативна демократија, се разгледуваат и директните преводи на оваа придавка и нејзините сродни зборови и деривати на српски, односно македонски јазик.

Според често користениот електронски англиско-српски и српско-англиски речник Morton Benson, (кој има и печатена форма) придавката **deliberative** е

преведена како ,,савјетодавни`` (советодавен) ,,савјетодавни орган`` (советодавен орган), додека **deliberate** е наведен со две значења, од кои првото е ,,обазрив`` (претпазлив), ,,опрезан`` (внимателен), ,,промишлљен`` (промислен) и ,,намеран`` (намерен), а второто како глагол - ,,размотрити`` (да се разгледа), ,,размишљати`` (да се размисли) и ,,промишљати`` (да се промисли). Според овој речник и deliberation означува ,,разматрање`` (разгледување), ,,размишљање`` (размислување) и ,,промишљање`` (промислување) (CD: Morton Benson Procon 1997)[6].

Што се однесува до македонските рецепции и преводи на придавката deliberative и сродните и дериватни зборови, во добро познатиот Англиско-Македонски речник на Олга Мишевска Томиќ и др. од 1994 год., на страница 175 придавката deliberate е преведена како ,,намерен``; ,,промислен``, додека глаголот deliberately - ,,разгледува``, ,,обмислува`` (...) ,,заседава``. Како именка deliberateness е преведена како ,,намерност``. Од друга страна пак, deliberation на македонски јазик означува ,,разгледување``; ,,размислување``; ,,промисленост``, а придавката **deliberative** ,,разбран``, ,,разумен``, ,,промислен`` (Мишиќ и др. 1994: 175).

---

[6] Како мала дигресија, вреди да се одбележи дека во Република Србија, теоријата за делиберативна демократија е веќе воведена како дел од курикулумот на додипломските студии по Социологија (поконкретно во рамките на Социологија на политиката) на Филозофскиот Факултет во Белград. На докторските студии по Филозофија, на истиот факултет, постои изборен предмет наречен *Рационалност и демократија*, и во чии рамки се обработуваат економските теории за демократија, Кенет Ероувата теорија на рационален избор и посебно теоријата за делиберативна демократија (види: http://www.f.bg.ac.rs/sr-lat/filozofija/silabusi?IDK=1736). На Правниот Факултет во Сараево, на вториот циклус студии по право, во насоката *Међународно јавно право*, предвиден е предметот Теорија на државата како задолжителен, во кој исто така има предвидено предавање на тема *Делиберативна демократија* (види: http://www.pfsa.unsa.ba/Portals/0/Materijali/NPP-Drugi%20ciklus.pdf). Ова само по себе говори дека теоријата за делиберативна демократија веќе е влезена во наставните програми на универзитетските курсеви и на некои од Балканските универзитети.

Слични значења соодветниот збор има и во Англиско-македонскиот и македонско-англискиот речник на Душан Црвенковски, во изданието од 2000 година. На 110 страница од овој речник deliberate е преведено како *размислува*, *разгледува*, со две посебни значења: (1) намерен, промислен и (2) претпазлив, спор. Во својство на глагол deliberation означува ,,промислување``, ,,разгледување``, додека самата придавка deliberative - ,,промислен``, ,,кој советува`` (Црвенковски, 2000: 110). Од друга страна пак, истиот автор доследен на својот преведувачки импулс, во вториот дел од речникот каде што се дадени македонски зборови со англиски преводни корелати, зборот **промислен** го преведува на англиски јазик со *deliberate,* cautious, discreet, intentional, prepense, thoughtful, a **промислува** и **промисли** - to think over, *to deliberate*, to ponder, to ponder upon, to reflect, to reconsider, to turn in one`s mind. **Промислување** означува taking over, *deliberation*, consideration, reflection, weighing in one`s mind (Исто: 830-31). Сепак интересно е да се нагласи во неколкуте алтернации кои ги користи за да ги преведе на англиски јазик зборовите, разгледува, разгледување, советува и советување ги нема корелатите deliberate, односно deliberation. Истото важи и за *обмислува*(ње).

Од досега изнесените преведувачки зафати на соодветната придавка и сродните глаголи и друг вид зборови, можно е да се изведе етимолошка анализа на синтагмата делиберативна демократија. Притоа значајно е да се нагласи уште еднаш дека, освен во дел семантички толкувања, оваа анализа место да навлегува во она што се нарекува дискурзивна анализа, според која несомнено ќе мора да се земе предвид контекстот и намената на придавката *deliberative* при

теоретизирање на одредени аспекти или ситуации на примена на овој вид политичко учество и одлучување.

Ваквите стојалишта водат кон убедувањето дека, и покрај многувековното разгледување и размислување на тема за најдоброто или оптимално политичко уредување на заедниците и општествата (во кое размислување, демократијата не била секогаш прогласувана или оценувана како најдобра форма за регулирање на општествените односи, туку напротив) демократијата анализирана од етимолошкиот ракурс, не секогаш значела и не означува власт на народот. Добро познатото определување на, можеби најпознатиот американски претседател Абрахам Линколн за демократијата како *власт на народот, власт од народот, власт за народот*; ставено е под сериозен сомнеж од редица современи теоретичари на демократските форми на владеење со образложение дека, она што денес го подразбираме како демократија всушност е владеење (не управување) во името на народот. Доколку се земат предвид сите процедурални и методолошки механизми неопходни за современо практикување на вештината за управување со општеството (политика), произлегува дека медиумите и каналите за претставување на интересите на граѓаните се претвора на умешно конструирана агрегативна форма на владеење со еднаш (и за најчесто четири години) отстапениот легитимитет од страна на граѓаните.

Тоа претставува опозит на интенцијата демократијата да биде владеење *на* народот, а уште повеќе, сушта спротивност на идеалот за власта како спроведување на народната волја. Земајќи ги предвид горепосочените преводни корелати и толкувања на придавката делиберативна од теоријата за

делиберативна демократија, може да се заклучи дека овој вид на демократска практика и уредување означува:

> процес на политичко учество, креирање на политики и донесување на одлуки кој е *отворен* за непосредна партиципација на секој самомотивиран граѓанин, во кој процес постои и взаемно советување, разгледување и планско размислување за понудените предлози, од кој треба како резултат да произлезат добро промислени и обмислени одлуки, за кои не секогаш треба да постои консензус, но апсолутно е неопходна, долга и содржинска расправа

Ваквата практика на политичко дејствување, според етимолошките изведувања, дефинитивно не трпи елитистички и друг вид на агрегативни групирања, како што исто така не подразбира груба популистичка злоупотреба на веројатно најсериозната јавна дејност, иако нејзината потполна примена засега, може да се лоцира претежно на локално ниво. Тоа од друга страна не значи дека веќе не се прават и напори за национално и супранационално концептуализирање на делиберативната демократија.

Што се однесува до пристапот и методот на истражувањето на делиберативната демократија, поради потребата да се избегнат евентуалните недоразбирањата, вреди да се потенцира дека тој е на социјалната теорија како далеку поопшта и од социолошката и од политиколошката теорија односно наука. Нејзиниот пристап овозможува користење на методи и научни генерализации до кои дошле општите но и посебните научни (под)дисциплини. Доминира убедувањето кај најголем дел од теоретичарите, дека истражувањето на теоријата за делиберативна демократија најдобро би се извело токму под интегрирачкиот чадор на социјалната наука.

Што значи, и како социјалната теорија (или наука) се разликува од општите научни дисциплини, најдобро објаснува британскиот социолог Ентони Гидинс, кога вели дека социолошката теорија (на пример) е гранка на поопштата социјална теорија, и како таква таа не може да се одржи како сосема издвоен идентитет. Социологијата според Гиденс не претставува - како што сметаа најголемиот број социолози - најопшта наука за развој на општествата, туку наука која го истражува развојот промените и појавите само во развиените (индустриски) општества. (Гидинс, 2006: 32-3). Иако свесен за лабавоста и непрецизноста која ја имплицира поимот социјална теорија, Гидинс повикува на поблиска поврзаност на социјалната теорија со филозофските проблеми, притоа избегнувајќи ја манихејската ерес за чисто емпириски и чисто епистемолошки проблематики. Според Гиндинс

> Социјалната теорија има задача да обезбеди концепции за природата на човековата социјална активност и за човековиот чинител, кои може да се стават на услуга на емпириската работа. Главната преокупација на социјалната теорија е иста како и за социјалната наука воопшто: осветлување на конкретните процеси на социјалниот живот. (Гидинс, 2006: 33)

Како таков, методот на социјалната наука го негува интегралниот пристап и укажува на зближувањето на различните концепции во рамките на современата американска социјална теорија (Giddens 1989). Природата на кохерентниот теоретски систем кој го заговара синтетичкиот карактер на социјалната наука, во однос на истражуваната проблематика - теорија за делиберативна демократија - во значителна мерка го заобиколкува ,,застарениот и формализиран хипотетичко-дедуктивен на чин на носење на научни заклучоци, воопштувања и објаснувања" бидејќи во текот на истражувањето наизменично се менуваат

пристапите на: конфликтната теорија, теоријата за комуникативно дејствување, теоријата на рационалниот избор, теоријата на социјалниот избор, теорија на јавниот избор и т.н.

Поради посочените причини, истражувањето на теоријата за делиберативна демократија генерално ја следи логиката на индуктивниот пристап - односно од конкретните толкувања на авторите во социологијата (на политиката) и политичката наука кон сет на поими, аксиоми, постулати и судови во социјалната наука.

Со оглед на теоретскиот карактер на истражувањето и неговата компаративна поставеност, од методските техники во текот на истражувањето се користи анализа на социолошките и политичките теоретски ориентации и пошироки парадигми. Тоа подразбираше аналитички, полемички и компаративно критички читања на соодветната литература, од каде произлегоа дескриптивни објаснувања, историски анализи критички осврти и давање на конкретни примери. Во тој поглед значајно е да се нагласи и употребата на библиографскиот метод, кој обезбеди детална анализа на интердисциплинарната комуникација на авторите социолози и политолози.

* * *

Во последниве две декади, во дебатите за политичките појави, процеси и промени, се чини дека преовладуваа(т) - или подобро кажано го колонизираат сето научно внимание - проблемите поврзани со мултикултуралноста на

општествата и политичката интеграција на државите во Европската Унија. Изгледа невозможно да се избегне впечатокот дека, всушност овие две општи теми на еден или друг начин, директно или индиректно, се предмет на истражување на најголемиот дел стручни трудови или предмет на анализата на најголемиот број истражувања во општествените науки[7]. Држејќи се до стриктните научно дисциплинарни омеѓувања на предметот на истражување, многу од овие студии резултираат со сознанија кои јасно ги назначуваат целните групи на кои ги обзнануваат истите. Па така, често се зборува за социолошки, политиколошки, правни, историографски и други аспекти, односно пристапи на истражуваниот проблем. Сепак следејќи го трендот во западните научни средини, полека но сигурно патот до научната јавност - иако срамежливо - го наоѓа еден нов пристап, кој неговиот најзначаен заговорник - британскиот социолог Ентони Гиденс - го нарекува *социјална теорија* односно *социјална наука*. И покрај тоа што пристапот на социјалната наука, односно сознанијата на социјалната теорија денес скромно се цитираат и употребуваат во ваквите истражувања, потребата од една интегративна наука - за каква што важи социјалната наука на запад - претставува реалност[8]. Постоењето на одреден отпор кон овој процес, пред се од страна на претставниците на постарите генерации научници, автори и истражувачи, се чини дека резултира во ригидното диференцирање и закостенувањето во една научно-

[7] Од друга страна пак, во почетокот на предговорот од нивната мошне влијателна книга *Зошто делиберативна демократија?* од 2004, авторите Ејми Гатман и Денис Томсон, категорично тврдат дека ,,ниту еден проблем не беше повеќе дискутиран во политичката теорија во последните две декади од делиберативната демократија``. Како потврда за претходното, а во линија со тезата за наводната неатрактивност на дискурсот, може да се додадат и критичките оценки на Мајкл Сојард, според кого, ,,делиберативниот модел на демократија сигурно влегува во својот завршен период``(Saward, 2002: 129).

[8] За целисходноста од употребата на пристапот и методот на социјалната наука во ова истражување, ќе стане збор подолу, во делот за локализирање на теоријата за делиберативна демократија во рамките на современите политолошки и социолошки теории.

дисциплинарна област, и денес може да биде само на штета на сеопфатноста на научно-истражувачките резултати. Полидимензионалната природа на редица општествени, политички, социјално-економски и култур(ал)ни проблеми, сами по себе претпоставуваат синтетичка (но не и еклектичка!) употреба на сознанија и заклучоци од повеќе науки.

Не е воопшто случајно што еден од најзначајните заговорници на теоријата за делиберативна демократија - германскиот филозоф и социолог Јирген Хабермас - пристапот во своето, за оваа тематика најзначајно, дело *Помеѓу фактите и нормите* (1996) го нарекува **плуралистички.** Плуралистичкиот пристап според Хабермас доколку има намера да почива врз Хегеловата филозофија, мора да ги комбинира „перспективите на моралната теорија, социјалната теорија, правната теорија и социологијата односно историјата на правото" (Habermas, 1996: xxxix)[9].

Што се однесува до предметот на истражувањето, во однос на научните дебати кои се одвиваат во развиените западни општества, истиот може да претставува тема која кај нив е на залезот на научниот интерес или е веќе потрошена. Според тоа, интенцијата на она што кај нас важи за рецентно, атрактивно и политички пожелно, за западните автори неретко може да претставува анахронизам или во најмала рака недоволно интересен материјал за истражување. Интересот за она што кај нас беше или изгледаше дека е доста

[9] Всушност потполното име на хаберамасовиот пристап се нарекува *плуралистички пристап на теоријата за комуникативно дејствување,* и го допрецизира неговиот придонес кон тема кој (според негово признание) од неодамна е истражувана во најразлични *универзиуми* на дискурси.

живо и актуелно во почетокот на 90тите години од минатиот век[10], и што воедно се совпадна со осамостојувањето на земјата, воведувањето на политичкиот плурализам и демократизација на државата, е особено актуелно во живите расправи на Запад - пред се во САД. Меѓутоа, тоа не значи дека во нашата академска средина се апсолвирани прашањата за теоретизирањето на моделите на демократија – напротив, туку само се истакнува фактот дека на почетокот на 90ите години од минатиот век постоеше интерес за СУШТИНАТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА како процедура која се воведува за прв пат кај нас, но не и за МОДЕЛОТ или начинот на кој ќе се остварува *владеењето на народот*. Кога се зборува пак, за делиберативната демократија од денешна перспектива, забележлив е теоретскиот дефицит на нашата академска сцена. Токму и затоа ова истражување се занимава со овој модел. Имено, меѓудругото станува збор за природата, иднината и перспективите за развој на примената на цел еден спектар на облици демократска практика и теорија за демократија. Постоењето на интересот за истражување на современите облици на демократија и политичко претставување односно одлучување, конкретно за најновите ориентации во современите теории за демократија, кај западните автори, според првичните сознанија укажува на тоа дека, истиот во голема мера е условен од постоењето на т.н. *криза на легитимитетот*. Ова криза е особено видлива кај оние општествени слоеви и маргинализирани групи, кои активно не учествуваат во процесот на донесување политички одлуки, и ценат дека нивните интереси не се ниту заштитени ниту пристојно претставувани од страна на политичките елити.

[10] Како типичен пример за научен интерес за демократијата во нашата научна заедница, може да се смета книгата (докторската дисертација, објавена во монографски формат) на проф. Фрчкоски *Теории за демократија* од 1992 г.

Како последица на тоа и довербата на овие луѓе кон институциите на политичкото претставување и одлучување (без разлика дали се работи на централно или локално ниво) е многу мала. Повоената (II св. војна) доминантна форма или парадигма на *плуралистичка* демократија и агрегатно политичко претставување - поврзани со името на Џозеф Шумпетер и неговата теорија за **компетитивен елитизам** - се исправени пред сериозна критика од страна на заговорниците на т.н. "теорија за делиберативна демократија". Дотолку повеќе што поголемиот дел од нив сметаат дека делиберативната форма на политичко одлучување ја враќа моралноста во политиката и затоа се смета дека „демократијата е најдоверлива процедура за стекнување на пристап до знаењето за моралните принципи``(Nino, 1996:107).

Пред да бидат разгледани стојалиштата на различни автори за теорија за делиберативна демократија, направен е обид да се прикажат во кратки црти дел од значајните општествено-историски моменти кои значајно влијаеја (меѓу другото и) врз појавата и развојот на теоријата за демократијата – воопшто, а потоа и врз теоријата за делиберативна демократија. Дел од овие настани, извршија и влијанија врз останатите сфери од општественото живеење и тоа во светски рамки. Како такви меѓу другите се сметаат (1) почетокот на учеството на широките народни маси во процесите на политичкото одлучување; (2) проширување на правото на глас, (3) индустриската и политичката револуција, (4) омасовување на движењата за правата на човекот и т.н. - редица настани кои придонесоа за развој на соодветна политичка (партиципативна) култура. Конкретно, за развојот на делиберацијата и делиберативната демократија од

посебна важност е омасовувањето на правото на глас и затоа тука поголем простор ќе биде посветен токму на ова прашање.

Вообичаено се смета дека зенитот на античката демократија - како период во кој, до денешни дни е практикувана најдобрата и најефикасна (непосредна) демократија - претставува времето на владеење на Перикле. Можноста за политичко одлучување ја користат сите возрасни мажи кои не се робови и странци, додека жените се исклучени од важните случувања на атинската *агора*. Ваквата перцепција на најстарата позната демократија често води кон оценки за најрепрезентативен а воедно и најправеден облик на политичко одлучување. Именувањето на ваквата пракса како непосредна демократија во подоцнежниот период ќе допринесе за класификации кои атинската демократија ќе ја наречат *популистичка* (во тој поглед еден од најгласните заговорници на ова, е токму ко-авторот на Федералистичките списи Џејмс Медисон, како и политологот Роберт Дал).

Меѓутоа постојат објаснувања кои ваквиот облик на демократија го објаснуваат со прилично приземни мотиви. Така на пример, италијанскиот автор Лучано Канфора правејќи остра дистинкција помеѓу атинскиот и спартанскиот модел на демократија, причините за практикувањето на масовно политичко учество во Атина ги гледа во географските детерминанти. Имено, за Канфора, проширувањето на правото на глас на пошироките маси е индиректна резултанта на морската опкруженост на Атина, за разлика од Спарта. Според овој автор, ако се земе предвид дека потенцијалната опасност од нападите од море за атињаните била реалност, која подразбира изградба на соодветна одбрана, не зачудува

одлучноста на атињаните да изградат своја ,,поморска флота`` преку проширувањето на правото на глас и на оние кои се вешти во поморските работи, како и оние кои ќе бидат на браникот на градот-држава. Оттука, заклучокот на Канфора е дека проширувањето на право на глас во Атина е условено од омасовувањето на флотата, бидејќи статусот на граѓанин подразбира и обврски на воин (Kanfora,2007:41).

Без разлика на одлучноста во процесот на омасовување на политичкото учество, историјата на атинската демократија бележи и периоди на несигурна масовна *делиберација*. Така на пример дури и по воспоставувањето на ,,целосната демократија`` во 409 год пр. н. е. Аристотел во својата книга-збирка *Атински Устав* го бележи постепеното воведување на ``диобол``-от (плата од два оболи) прво од страна на Агириј - еден обол, а потоа од страна на Хераклид кој воведува диобол, за да на крајот повторно Агириј воведе плата од три оболи - со цѐл да се надомести работниот ден, кој дел од беземјашите го губат со учеството на политичката сцена и решавањето на јавните работи (Аристотел, 1997:66).

Лукративните мотиви и поттици за иницирањето и одржувањето на масовната политичка партиципација од овој агол можно е да се гледаат како надополнување и потврда за аристотеловата критика кон демократијата како девијантен облик на владеење. Застапувајќи ја тезата дека демократијата безмалку води кон демагогија доколку не владеат најповиканите односно најучените - оспособените за тоа и тоа само врз основа на законите кои се добро донесени, Аристотел ќе истакне:

> *Онаму каде што законите не се главни, таму се јавуваат демагозите; зашто обичниот народ станува еден единствен сложен монарх, бидејќи многуте се надмоќни не како единки, туку како колектив ... Сепак, таквиот народ, бидејќи е монарх, бара да има монархистичка власт без да биде управуван од законот и станува деспотски, така што на почесно место се додворувачите*`` (Аристотел, 2006: 144-45).

Равенката на Аристотел за слевање на демократијата преку монархија на крај во демагогија, означува само една од точките на мапата на политичкото учење на влијателниот филозоф. За проблематиката на делиберативниот модел на политичко одлучување, сепак е многу поважно неговото дефинирање на поимите граѓанин и држава (иако за да се сфати суштина на овие поими не би требало да се поимаат во нивната сегашната семантичка тежина, со оглед на културниот, цивилизациски, а пред се временски контекст во кој ги употребува Аристотел):

> Оттука, станува јасно кој е граѓанинот: оној што има право да учествува во ***советодавната*** (подвлекол - АЈ) и во судската управа, него го нарекуваме граѓанин на соодветната држава, а држава го нарекуваме мноштвото од таквите граѓани, што е доволно за независен живот, просто кажано (Аристотел, 2006:89)[11].

Уште еден дел од учењето на Аристотел е на директен начин поврзано со реактуелизирањето на делиберативната демократија во рамките на современите расправи за теориите за демократија. Тоа е неговото поимање на реториката како

[11] Преведувачките на ова најзначајно дело на Аристотел - за областите на социологијата на политиката и политичката наука - Маргарита Бузалковска-Алексова и Елена Џукеска на македонски јазик, решиле зборот ***советодавна*** да го употребат во контекстот на аристотеловата дефиниција за граѓанин. Не треба да се пренабрегне ниту фактот дека ова аристотелово дело на македонски јазик е преведено од англискиот превод, што значи од секундарен извор. Исто така, изданието не нуди поопсежни информации за консултурање на експерти по старогрчки јазик, како што не нуди ниту податоци за консултирање на старогрчкиот оригинал на Аристотеловата Политика. Многу е значајно да се нагласи начинот, на кој истиот пасус од аристотлеовата книга гласи на англиски јазик. Имено, во книгата *Историја на политичка мисла* на Џенет Колеман од 2000 година (која меѓудругото, не е изворот според кој е правен македонскиот превод) на 213 страница стои следново: Generally, a state is a sufficiently numerous collection of such persons participating in ***deliberative*** (подвлекол АЈ) and judicial office so as to secure a self-sufficient life'' (Coleman, 2000.213). Подвлечените зборови и во главниот текст и во фуснотата, означуваат едно исто значење. Ако се земе предвид дека истражувањето се однесува на теоријата за делиберативна демократија и дека зборот *делиберативна* меѓудругото често означува *советодавна*, ова може да претставува само потврда за еден од означувачките и објаснувачки атрибути на моделот на политичко одлучување, кој и покрај тоа што подразбира масовно политичко учество, сепак подразбира и активност која го надминува простото дебатирање или расправа. Не е случајно што и Аристотел подоцна на таквата активност и претпоставува соодветни вештини кои не се подеднакво дистрибуирани кај сите граѓани или жители на полисот. Семантичките разјаснувања од ваков вид, само можат да допринесат во утврдувањето на прифатливата македојазична рецепција на теоријата за делиберативна демократија.

*способност за согледување на она што може да биде убедливо во кој и да е случај* (Аристотел, 2002:27). Во истоименото дело, Аристотел прави класификација на говорите во три категории односно видови и тоа: судски (или правнички), политички (или советодавен[12]) и пригоден. И покрај исклучителната нагледност на вака конструираната класификација на говори (што најдобро зборува прифатеноста на оваа поделба од страна на повеќето универзитети каде вештините за убаво или убедливо говорење се изучуваат како посебен академски курс) посебно внимание заслужува политичкиот вид на говори или како што во еден од преведувачките корелати стои советодавниот говор. Непосредната врска на реториката со политиката, Аристотел ја истакнува во моментот кога ја дефинира како гранка на дијалектиката, докажувајќи дека најцеловитиот израз реториката го покажува кога е дел од образовниот процес на идните атињани, Аристотел прави буквално претопување на реториката во политиката (Аристотел, 2002: 29). Ова спојување или стопување на реториката во политиката, во учењето на Аристотел можно е да се следи преку портретирањето на она што тој го дефинира како *политички говор*. Говорот кој како посебен вид, Аристотел го одвојува од другите - правничкиот и пригодниот, пред се се однесува на нештата или работите кои говорникот *ги советува* за време на политичките беседи. Предмет на ваквите беседи или на овој вид политичка активност „се оние нешта

[12] Преводот на ова познато дело од Аристотел на нашиот јазик од страна на Весна Томовска,во однос на политичкиот вид говорништво, уште еднаш ја потврдува консеквентноста на македонските преведувачи на зборот, кој во англискиот јазик се означува како deliberative, а на грчки συμβουλευτικὸν (на латински genus deliberativum/suasorium) како советодавно, односно советодавна. Ова претставува втор позначаен преведувачки потфат - покрај споменатиот превод на Политика - на дело од еден од најзначајните претходници на теоријата за делиберативна демократија во кој делиберацијата е изедначена со советодавен процес. Подолу ќе биде образложено, зошто сепак придавката советодавна не секогаш е соодветна да го изрази моделот на демократија за кој станува збор тука.

кои можат да се случат или не``. Извесноста на нештата како критериум за дебата или уште попрецизно делиберација - бидејќи почива врз квалитативен процес на советување - според Аристотел претставува селективен механизам во кој ги адресира следниве работи што можат да подлежат на политичка дебата: проточноста на средствата (прилив и одлив); војната и мирот; одбраната на земјата; увозот и извозот и законодавството[13].

> Точно да се наброи едно по едно и да се раздели по видови она што обично е предмет на интерес, и уште, колку што е можно, тоа да се определи во однос на вистината, нема потреба да се бара во сегашната пригода; ова не е задача на реториката туку на некоја друга (вештина) повеќе „мислечка`` и поблиска до вистината , а освен тоа сега на реториката и се отстапува поширок простор за промислување[14] од оној кој и е својствен (Аристотел:2002:45).

Проширувањето на доменот на реториката односно политичкото говорништво кај Аристотел значи поголемо потпирање на разумот во самото политичко дејствување. А како такво, политичкото дејствување треба да биде насочено кон достигнување на благосостојбата на заедницата. Политичкото говорништво, а оттаму и политичко дејствување насочено кон достигнување на благосостојбата е можно само доколку говорникот или делибераторот ја познава нејзината содржина и суштина. Аристотел предлага неколку делови на благосостојбата, во кои најрељефно се оцртуваат неговото аристократско

[13] Со ова Аристотел се вбројува во првите ако не и првиот автор-заговорник на делиберативната демократија кој ги нумерира поводите или прашањата за кои може и треба да се искористи делиберативниот процес на креирање политики и политичко одлучување.

[14] Македонскиот превод на *Реторика*, како и во случајот со *Политика*, го изнесува на виделина целиот дијапазон на семантички алтернативи на поимот делиберативна или делиберација. На тој начин, уште еднаш се потврдува слоевитоста на концептот делиберативна демократија. Конкретно во овој пасус, зборот *промислува* испраќа значење кое значително го збогатува обичното предлагање, одбивање и гласање врз основа на кое би се донела одлуката. Промислување или делиберативна демократија како промислена демократија подразбира користење на рациото, доказната процедура, но и насоченоста кон заедничкото добро како споделен идеал. Оттаму, ваквото видување на Аристотел за начинот на операционализација на демократскиот идеал, не се потпира на бројчаната надмоќност при гласањето, туку повикува на аргументирање, советување, или уште попрецизно промислување, кое не е идеолошки или партиски детерминирано.

проседе и соодветните политички позиции. Составните елементи на благосостојбата ги дели на *надворешни* добра: благородничко потекло, богатство, бројни пријателства, верни пријатели, добри деца, бројно потомство, убава старост, слава, чест, добра среќа доблест; и *внатрешни* кои ги дели во две поголеми групи, доблести на телото (здравје, убавина, снага, стаситост, способност за атлетски натпревари) и доблести на душата (разумност[15], храброст, праведност воздржаност) (Аристотел, 2002:50 - 57).

Слично на ова аристотелово портретирање на политичките констелации во Стара Грција, и за време на Римското царство, правата и обврските кои произлегуваат од статусот граѓанин на Рим (припадниците на оваа политичка класа биле нарекувани *Латини*, додека разликата која ги одвојувала граѓаните од странците во Рим се нарекувала *латинство*) биле тесно поврзани со титуларот на видовите на права според кои бил одредуван и општествениот статус на индиидуите. Попрецизно, постоела внатрешна поделба на римските граѓани со оглед на опсегот на права кои ги уживале. Еден вид на такви права било ius commercii кои им овозможувало на римските граѓани можност да користат карактеристични римски методи за стекнување на сопственост и да склучуваат

[15] Дел од широкиот спектар на елементи на благосостојбата кој го нуди Аристотел, подоцнежните расправи ќе го препознаат во ресурсите за политичко дејствување. Наведувањето на разумноста како внатрешно добро на општата благосостојба претставува важен иницијален момент, бидејќи подоцна (особено во видувањата за политичкиот инженеринг на претставниците на критичката школа во социологијата) се прави посеопфатна класификација на инпутите во политиката при што рационалноста (теорија на рационален избор) се одделува од разумноста. Нијансите од гамата на човековата ментална активност во текот на процесот на политичко одлучување овозможуваат издиференцирање на активни и пасивни чинители на политичката пракса, при што многу јасно се согледува степенот на автономија при изградбата, изложувањето и бранењето на политичките позиции. Уште од самиот зародиш, во учењата и на родоначалникот на овој вид демократија, постои претпоставка дека процесот на делиберација иако подразбира масовна инклузивност, тој селектира исклучиво активни и автономни политички субјекти, свесни за целите и патиштата за постигнување на заедничкото добро и позицијата на личниот ангажман во целиот тек.

договори, потоа ius conubium кое им дозволувало на граѓаните можност да склучат брак со римски граѓанин, кој бил одобрен со граѓанското право и testamenti facio со кое се диференцирале римските граѓани во група која може да направи тестамент и група која не можела да го стори тоа. Постоењето на оваа степенеста хиерархија на права во рамките на Римското државјанство доволно нагледно сведочи за сложениот систем на пристап и ограничување до јавните добра. Како што впрочем заклучува и Бери Николас: *„Сите латини имале commercium, некои имале testamenti facie, а само некои conubium*" (Николас, 2009:64). Меѓутоа, соочени со слични потреби како и Атињаните (закана од воени напади) во подоцнежниот период Римјаните прибегнале кон слични решенија со цел да го зголемат граѓанството. Станало вообичаена практика императорите, наспроти долгата и горда републиканска традиција на Рим, според сопствена волја да им даваат право на државјанство (граѓанственост) на поединци и цели групи доселеници.

Иако во прво време новопечените римски граѓани немале право на сопственост, склучување договори и пренесување на имот (*testamenti facie, conubium)* пропулзивноста на граѓанскиот сталеж станала толку флексибилна што околу 19 год. пр. н.е. со законскиот проект наречен Lex Iunia, била формирана нова класа на граѓани наречени Јунијански Латини. Ветувањата за ниven рамноправен граѓански статус биле

> користени како политички инструмент за привлекување на овие и на другите Латини да вршат активности од јавен интерес - градење куќи, носење жито до Рим, служење во пожарникарска бригада . . . одгледување деца итн. Како резултат на тоа секој претприемчив Латин можел да си осигура статус на граѓанин (status civitatis).
> Значењето на разликата меѓу граѓанинот и неграѓанинот во голема мера исчезнало по доделувањето на граѓанскиот статус во 212 г. на најголемиот

дел од римската популација, иако Јунијанските Латини биле исклучени од ова право. (Николас, 2009:65).

Историјата на практиката и теоријата за демократскиот облик на управување со човечките заедници и општества, како и политичката практика, бележи една крива на раст на сеопфатното (иако посредно) учество во *јавните работи*. Тоа е најевидентно преку постепеното освојување на првото на глас во континентална Европа, но пред се во англо-американскиот свет.

Во Англија, која многу често е сметана за колевка на современата демократија, процесот на омасовување на правото на глас и овозможувањето на широко (иако индиректно) учество на народот во политичките одлуки, се случува непосредно по револуцијата. Во периодот по 1649 г. по обзнанувањето на `Големиот протест` - кој бил пред се, длабоко религиозно мотивиран и на крајот резултирал со ,,укинување на бискупската структура на Англиканската црква``, - сметана како главен темел на монархистичкиот апсолутизам. Англиканската црква по овој настан е сериозно поразена од барањата на презвитеријанските и пуританските кругови, и се случува постепено освојување на општото право на глас од страна на широките народни маси. Во дел од барањата на оваа нова и еманципаторска сила, освен битката за растопување на религиозниот монопол на Англиканската црква се наведени и политички барања, меѓу другото и тоа, легитимитетот на власта да почива врз народната волја. Она што поприлично им пречело на овие религиозно и политички еманципаторски кругови е *наводната* **божја** оправданост на власта. Имено се критикува толкувањето дека ,,по волјата на Бога народот е изворот на праведната власт". Детектирајќи дека извитопереното толкување на оваа парола значи *по волја на големите* или

*важните* во Англиканската црква народот е извор на праведната власт, во познатата расправа (или делиберација) во Путни, еден од носителите на новото политичко струење - Реинсброу, ќе истакне

> ,,Во Божјиот закон не наоѓам ниту една одломка која би потврдила дека лордот треба да избере дваесет пратеници, благородникот само двајца, а сиромавиот ниеден`` (наведено од Kanfora, 2007:56).

Сепак, извојувањето на општото право на глас или рамноправно третирање на политичкиот глас не се заокружува потполно, бидејќи од заговорниците на status quo-то се наметнува помирувачкото решение, според кое се смета дека ,,сите жители кои *на ниеден начин не го загрозиле вроденото право,* треба да имаат подеднакви права на изборите``. Со вметнување на делот за незагрозување на вроденото право, сепак на еден начин се задржува дискриминатоскиот однос кон општото право на глас. Мала промена на подобро се случува кога под силен притисок од Ирска се укинува т.н. Тест Акт според кој, секое извршување на јавна функција е условено од религиозната припадност кон Англиканската црква. Клучната реформа со која започнува (иако само делумно) проширувањето на општото право на глас е во 1832г. Нејзиниот највисок дострел, иако не е потполното воспоставување на општото право на глас, значајната придобивка е прекинот со парламентарниот монопол на богатите класи (Kanfora, 2007:102)[16].

---

[16] Против општото право на глас триесет години по усвојувањето на овие реформи ќе се произнесе и Џон Стјуарт Мил во неговиот познат есеј *Размислувања за претставничката влада*. Улогата и позицијата на Мил во рамките на современите дебати за делиберативната демократија ја истакнуваат и Гатман и Томсон кои токму Мил го посочуваат како еден од заговорниците на *владејачка преку дискутирање* односно еден од изворите на делиберативната демократија иако свесен дека таквата дејност е наменета за пообразованите (Gutman and Thomson, 2004:9).

Но историјатот на политичката култура во прилог на делибративниот политички инженеринг во Велика Британија од деветнаесеттиот век, бележи и позитивни произнесувања на значајни личности, од кои со оглед на идеолошката припадност и не би се очекувало такво нешто. Потврда на оваа оценка сигурно претставува Обраќањето (или Говорот) на Едмунд Бурк до гласачите во Бристол, каде недвосмислено Парламентот го дефинира како делибративен собир (односно собир за(ради) делиберација) *Parliament is a deliberative assembly* (превземено од R. Hoffman and P. Levack,1959). Не е тешко да се претпостави дека Берк, како и Џ.С. Мил, афирмирајќи ја идејата (која денес се смета за блиска до концептот) за делибративната демократија немале воопшто илузии дека секој еден граѓанин е способен за учество во политичка делиберација.

Џон Стјуард Мил дефинитивно, извесноста од реална имплементација на делибративниот модел на политичко одлучување ја проектира во иднина, бидејќи за такво нешто се потребни образовани луѓе. Наведената изјава на Берк од денешна дистанца во современите политички теории се повеќе се оценува како елитистичка отколку демократска. Впрочем, Мил овој свој (условно наречен) елитистички став за политичката партиципација - изразен во секвенцата на периодичните избори, ја заокружува во т.н. ***систем на плурален вотум***[17], постулиран врз хиерархизирана карта за вредноста на гласовите. Елитизмот за кој, според добар дел од теоретичарите се смета дека Мил го наследил од

[17] Ставот на Џон Стјуард Мил против политичката еднаквост, се смета дека претставува надоградување на дел од Платоновите политички стојалишта. Имено, и Мил како и Платон „не верувал дека сите политички мислења имаат подеднаква вредност. Затоа се залагал за систем на плурален вотум: неквалификуваните работници би располагале со еден глас, квалификуваните би имале два гласа, додека оние со завршени школи и академски звања би имале пет, односно шест гласови" (Hejvud, 2004: 149). Интересно е да се нагласи дека, во Велика Британија овој систем на плурален вотум се задржал на сила до 1949.

Платон, Ендрју Хејвуд го перципира и потврдува како влог во развојот на современиот концепт за делиберативна демократија. Во неговото дело ***Политика***, Хејвуд заклучува дека

> Мил бил посебно загрижен поради можноста демократијата со самото тоа што ги поттикнува луѓето да ја прифатат волјата на мнозинството, да ја уништи расправата, критицизмот и воопшто интелектуалниот живот, со тоа што би ја подржала униформноста и тапиот конформизам. Едноставно, мнозинството не е секогаш во право; мудроста не се постигнува со простото кревање рака. Така Миловите идеи се најдоа во основата на концептот за **делиберативна** односно парламентарна демократија (Hejvud, 2004: 149)[18].

Долгата борба за стекнување или уживање на општото право на глас, поткрепена со дел од видувањата за неопходноста (но и за жал неизводливоста во конкретниот миг) од делиберација во Велика Британија, само го наметнуваат прашањето кое лебди во современите расправи за дискурсот, а тоа е: кој и со какви ресурси би, или ќе учествува во делиберативниот политички процес на одлучување? Посериозното внимание на изложената аргументација тука, би можело да резултира со обид за доловување историска детерминираност на улогата на политичката партиципација. Како и да е, понатамошното разгледување на овие два моменти и иницијални ресурси на делиберацијата, отсликува една незаобиколна константа од иманентниот саморегулирачки филтер за непосредно и сеопфатно учество во процесот на политичко одлучување. Без разлика дали се

[18] Овој пасус со својата симплифицираност, бездруго излегува од траекторијата на аргументирање која се користи во дисертацијата. Можно е да се посочат неколку точки на конфронтација, но се чини дека една од суштинските претставува поимното изедначувањето на делиберативната и претставничката демократија. На површината од навидум семантичката симплификација се открива подлабока епистемолошка разлика која ги диференцира социолошкиот и политолошкиот пристап во истражувањето на природата на decision-making инженеринзите. Ова го потврдува и беглото занемарување на суштината на парадигматското осмислување на основните правци на теоретски развој на социологијата (на политиката) и политичката наука (за ова види погоре во делот на парадигмите и природата на социјалната наука, попрецизно за упростувањето на Куновиот концепт на парадигми, исто така од страна на Ендрју Хејвуд).

работи за повисок степен на познавања или образование од областа на политичкото или за изразена свесност за селекција на понудените информации, сообразувањето на личниот со општиот интерес на граѓаните секогаш ќе вклучува невидлив рестриктивен пристап до процесот на политичка делиберација. Во тој процес, како што ќе биде докажувано, нема да биде тешко да се забележи диспропорционалноста на политички информираниот и себесвесен граѓанин подготвен за активна улога во одлучувањето (што подразбира вештини на аргументирање, докажување, советување но и прифаќање на спротивните гледишта) од партиските викачи и гласачки броеви.

Ехото од ваквите еманципаторски тонови (кои ги имало повеќе во тој период) се пренесува век и половина во САД, каде со *Декларацијата за независност* се потврдува дека ,,сите луѓе се создадени исти, Создателот им дал одредени неотуѓиви прва``, а со самото тоа започнува долгиот процес на укинување на ропството[19].

На континентално-европско тло во мугрите на изградбата на првите нации-држави, Франција претставува средиштето на најголемите и најзначајни револуционерни политички превирања. За отелотворувањето на власта како легитимитет што произлегува од суверената волја на народот, Ж Ж Русо иако убеден дека ,,спротивно на природниот ред е мнозинството да владее а малцинството да биде владеено``, сепак ќе истакне дека суштинскиот дел од

[19] Не треба да се заборави дека токму авторот на Декларацијата за независност - Томас Џеферсон, не само што поседувал робови на својот имот туку и имал вонбрачни деца со дел од нив. Од друга страна, пак, според студијата на Роберт Дал ,,*До која мера американскиот Устав е демократски?*`` изворниот текст на Уставот на САД ја прифаќал институцијата ропство, на истиот начин на кој предвидувал и соодветен ригорозен закон против робовите-бегалци (Dahl, 2001).

општествениот договор, според кој единствено се регулираат односите меѓу луѓето, се состои во изградбата и негувањето на општата волја.

> *Секој од нас заеднички ја става својата личност и сета своја сила под врховната управа на општата волја, а ние како заедница секој член го примаме како неразделен дел од целината* (Русо, 1978:22).

Во тој поглед Русо само ја потврдува долгата традиција на општествено-ангажирани мислители и научници (меѓу нив секако и Огист Конт) во проектот на морална и физичка интеграција на - со револуционерните преврати исцепканото и ранeто - француско општество. Давајќи едно свое видување за историското еволуирање на човечките заедници, Русо ќе оцени дека создавањето на едно колективно морално тело ,,се состои од толку членови колку што има гласови во *собранието* (курзив - А Ј) и кое токму по тој договор го добива своето единство, своето заедничко јас, својот живот и својата волја. Оваа јавна личност, која настанува така преку соединувањето на сите другите некогаш се викала град а сега се вика република`` (Русо, 1978: 23). Описот на општата волја и општествениот договор, Русо го гледа како иницијален момент за стекнување на највисокиот ***возможен*** степен на демократија и тоа преку агрегативен или претставнички образец. Во тој поглед иако неговите видувања за природата и остварливоста на демократијата претставуваат исчекорување напред, неговиот условно речено *страв од популизам* на политичкото одлучување сепак го вбројува во крипто-заговорниците на елитистичкиот модел на демократско практикување. И покрај Русоовата недоверба кон возможноста на императивното *владеење на народот* наспроти фактичкото *владеење во името на народот,* настаните кои непосредно ќе уследат на француската почва сепак означуваат

значајни моменти во освојувањето на просторот за размисла околу политичките одлуки, а во тој поглед влијанието на ставовите на овој француски учен не се ни оддалеку нерелевантни.

Во редот на ставовите на познатите тогашни мислители, кои слично на Русо, стојат на стојалиштето во правец на предупредување за невозможноста од изградба на власт која ќе биде рефлексија или целосна кристализација на народната волја, е и есејот на Кондорсе *Оглед за примената на анализите за возможноста на мнозинските одлуки.* За Кондорсе секоја постапка на избор во која постојат повеќе од две алтернативи е доведена во прашање. Сублимираната форма во која го изведува овој свој парадокс Кондорсе ја излага на следниов начин: Доколку постојат три алтернативи по основ на кои се произнесуваат избирачите, можни се три резултати и три избирачи согласно предноста која му ја даваат на својот фаворит: избирач 1 - АБВ; избирач 2 - БВА и избирач 3 - ВАБ. Од ова произлегува дека А ја победува Б, Б ја победува В, а В ја победува А, и тоа е се јасно се додека не се забележи дека при споредбата на резултатите кај првиот избирач алтернативата В имала два пати предност во однос на А, додека А во однос на В само еднаш[20].

[20] Кон средината на минатиот век, математичарот Кенет Ероу, го доразвил и допрецизирал Кондорсеовиот парадокс на тој начин што докажал дека во мнозинските избирачки системи, резултатот во најголем дел е произволен: зависи од личните редоследи на предностите, додека тие од веќе јасните причини, не можат да се спојат во еден реален вкупен резултат (Arrow, 1951). Сепак, иницирајќи и застапувајќи една од теоретските струи во теоријата за делиберативна демократија, далеку позначаен е ставот (или критиката) на Џон Ролс во однос на кондорсеовата теорема. Ролс ценејќи дека нема ништо (оправдливо - А Ј) во стојалиштето ... дека волјата на мнозинството е праведна, ја отфрла можноста за оправдување на ставот дека решението кое го поддржуваа мнозинството е веројатно исправно, односно дека ваквиот став подразбира, дека секое мислење ќе биде веројатно поисправно отколку погрешно, и дека гласовите на различни луѓе нема да влијаат едни на други. Ролс заклучува дека ниту една од овие позиции не е присутна во сегашната демократска практика (Ролс, 2002; Nino, 1996:110).

Политичката, односно изборната историја на Франција во времето на овие размислувања покажува дека тоа е всушност моментот на почеток на омасовување на општото право на глас. На општите избори од 1789 година, се воведува практиката на двостепено гласање. Жителите на француските градови и пред се, села, избирале избирачи (или согласно со сегашната политичка реалност на изборите за американски претседател - електори), а не претставници. Од редот на вака избраните избирачи, на собир во одредено место се избира еден или повеќе претставници. Овој модел на двостепено гласање односно избирање е официјализиран во францускиот устав од 1791. На тој начин, според Канфора, е прифатена идејата на Сијес, целокупното граѓанство да се подели во две категории - *активни* и *пасивни* граѓани, а припадноста кон редот на пасивните да се должи на нивната позиција на зависност и работа во која приходите доаѓаат од државниот буџет. Исто така од сталежот на политички привилегираните, исклучени се и оние кои не плаќале директни придонеси, како и оние кои плаќале придонеси во износ кој е помал од плата за три работни дена[21] (Kanfora, 2007: 97). Потоа следи еден обид на Робеспјер со Уставот од 1793 да се укинат ваквите индиректни избори и цензусните односно класно-сталешките ограничувања. За жал нападот на Робеспјер ја оневозможува оваа вистинска мисија во правец на воспоставувањето на општото право на глас. Напротив, идните измени на изборното право во Франција одат во сосема спротивен правец, прво Луј XVIII воведува два услова *прво*, прилог од 300 франци за да се биде избирач и *второ*, 1000 франци за да биде некој избран. Подоцна во стоте дена на Наполеон се

[21] Ваквата практика можно е да се протолкува како своевиден пандан на атинскиот диобол.

воспоставува правилото, граѓаните на кантоните да избираат ``кандидати за избирачи`` од шестоте финансиски најјаки даночни обврзници, кои што потоа се собираат за да изберат ,,кандидати за пратеници`` за кои на крајот одлучува првиот конзул на Франција. Многу е интересно дека т.н. ***Дополнителен акт*** со кој се воведени овие повеќеетапни постапки за избор на претставници го напишал според многумина *апостолот на слободата* - Бенжамен Констан[22]. Конечното отелотворување на демократскиот императив за општо прво на глас во Франција се случува на 2 декември 1851 г. кога во проглас од три члена повторно се воведува општото право на глас, а народот се повикува на избори.

Во Германија постои сличен кривулест пат до конечното воспоставување на општото право на глас. Се смета дека општото право на глас во оваа земја е воведено во 1866 г., со тоа што ова право го имаат луѓето со навршени 25 години. Своевидна рефлексија од античката пракса во однос на доделувањето, односно стекнувањето на општо право на глас, покажува дека и германските мотиви за ваквата крупна политичка промена се резултат на интенцијата за зацврстување на воената моќ. За ова најдобро зборува податокот дека во германската војска германскиот граѓанин можел да се приклучи на 20 години, додека, правото на глас може да го оствари како пет години постар граѓанин. Воинствените намери на Бизмарковата и Вилхелмовата Германија, слично како атинската демократија, условуваат усвојување на изборно законодавство кое го проширува правото на

[22] Една од многуте негативни последици на ваквиот изборен модел е појавата и раширувањето на изборната корупција. Со цел да се намали оваа негативна појава, во Членот 32 од Францускиот Устав (стапил на сила во 1795 г.) се пропишувало одредба со која ,,Секој граѓанин кој според законот е виновен за купување на гласови се исклучува од примарните и комунални собранија, како и од секоја јавна функција за време од дваесет години; доколку тоа се повтори, ова исклучување е доживотно (Kanfora, 2007: 99).

глас, претежно поради зголемувањето на воениот сталеж. Оттаму, и не треба да зачудува што свесен за далекусежните последици од ваквите чекори, истакнатиот социолог и еден од авторите на вајмарскиот Устав - Макс Вебер, силно ќе се спротивстави на Пруската иницијатива за омасовување на правото на глас. Вебер - во одреден дел од својот живот и како член на левоориентираната демократска партија - ќе ја увиди заднинската намера на ваквата иницијатива, и затоа ќе се заложи за вистинско воведување на право на глас - преку донесување на закон по итна постапка, кој ќе оневозможи постоење на посебно привилегирани избирачки категории:

> Ако го разгледаме примерот кој прв ни паѓа на ум - Прусија - тогаш е доволно само малку да се размисли за да ни стане јасно зошто е неопходен таков закон по итна постапка.
> Како после војната ќе изгледаат избирачките класи во Прусија, формирани врз основа на висината на платениот данок, од кои секоја опфаќа третина избирачи?
> ... Во првата избирачка класа, со оглед на тоа, главниот збор би го имале најголемите воени профитери (...) и големите нови воени рентиери во градот и селото. ... Во другата класа покрај некои од нив, би се нашол понекој од средниот сталеж, кој останал во позадина и привлекол клиентела на борци кои поминале три години на боиштето. И конечно третата класа би опфаќала не само работници кои не се во своите домови, туку и оние кои имаат најголеми квалификации, но кои дури сега треба да побараат нови работни места, како и отсутните сопственици на претпријатијата и продавниците кои мораат повторно да го придвижат производството и да ги вратат купувачите, селаните кои не бил тука, и чии жени со голема мака ги одржувале имотите ... со еден збор сите оние средни слоеви кои, поради тоа што подолго време служеле во војска, паднале на скалата која се прави врз основа на даночните обврски. ... Среќниците во чии раце поради војната се нашло повеќе од третина на вкупното богатство би одлучувале за новиот поредок на нештата, а другите, кои со својата крв ја зачувале оваа земја и кои и понатаму со својот духовна и телесна работа ќе создаваат камати за воените рентиери - би биле осудени на политичка немоќ (Veber, 2006: 172).

Како што и од овој пасус може да се забележи, статусот на војник во тогашните европски општества значел многу нешта и подразбирал серија придобивки. На почетокот на дваесеттиот век, непосредно пред Октомвриската револуција и првата светска војна, европските земји сериозно размислуваат и

прават напори во правец на омасовување на општото право, во добар дел поттикнати од потребата за окрупнување на сопствената воена моќ, пред големите воени расчистувања од дваесеттиот век. Шеесет години по воведувањето на општото право во Франција со декретот на Луј Наполеон, во Италија (1912) покрената е иницијатива за омасовување на гласачкото право. Автор на оваа иницијатива е Џовани Ѓолити, и првиот посериозен ограничувачки момент на оваа реформа е тоа што таа се однесува само на мажите. Вториот филтер преку кој се доаѓа до општото право на глас е возраста од 30 години, принцип за чие целосно имлементирање важеле само два исклучоци - за оние на возраст од 21 до 30 години кои им припаѓаат на угледните културни слоеви и оние кои отслужиле воен рок.

Во социологијата на политиката и воопшто во политичката наука постојат стојалишта кои укажуваат на фактот дека револуциите се оние масовни општествени процеси и промени, кои со своите огромни последици меѓу другото даваат и значаен импулс во развивањето на одделните науки. Овој став го застапува и српскиот автор Владимир Гоати, за кого француската а особено октомвриската револуција се настаните кои ќе дадат силен замав на социолошката анализа на политичките процеси, и дека социологијата на политиката како обид да се компензира недостатокот на традиционалната политичка наука се обидува да ги објасни општествените аспекти на револуциите (Goati, 1978: xii). Во таа насока за конечното и целосно воспоставување на општо право на глас се смета дека се од особена значајност последиците од револуцијата од 1905, каде Русија се појавува како земја во која за прв пат

започнува проширувањето на ова право и на жените[23]. Иако само две години подоцна е донесен закон со кој повторно се ограничува општото право на глас, овој момент е од особено значење во светската историја на стекнувањето на право на глас. Бидејќи во овој момент практично започнува широкиот европски бран на омасовувањето на општото право на глас како еден од клучните предуслови за вистинското функционирање и практикување на демократијата.

Замавот на процесот на ширење на општото право на глас не ги одминува ни другите европски општества, како на пример Австрија која започнува постепено да го воведува пропорционалниот систем уште со реформите од 1906 г., Швајцарија нешто подоцна истото го применила на дел од своите кантони (Ноенбург, Женева и Тичин) но истото се случува и во Данска при утврдувањето на процедурата за избор на претставници во Горниот Дом. Нешто подоцна, дури по првата светска војна Италија го воведува пропорционалиот систем, а рестриктивниот закон на Џовани Ѓолити од 1912 е заменет со општо право на глас за сите мажи без ограничување (Kanfora, 2007: 153).

Пред да биде екстензивно претставено стојалиштето на можеби најзначајниот општествен мислител од дваесеттиот век, во поглед на делиберативната демократија - Јирген Хабермас, вреди да се одбележи дека, покрај Џон Стјуард Мил (посебно во петнаесеттото поглавје од *Двете расправи за*

[23] Еден краток пресек на годините кога им е дозволено и на жените да учествуваат во политиката преку пасивното политичко право (гласање на избори), покажува една интересна крива на осцилирања. На пример, Конфедерацијата Швајцарија која се гордее со најстарото озаконето општо право на глас (1884) на жените им дозволува да се вклучат во политиката дури 1971(!). Другите западни демократии имаат слични истории со малку помала изразена децениска дистанца, при што исклучок се Австралија (Јужна Австралија 1902) и Нов Зеланд 1893 г. Ова го навело Роберт Дал демократските системи на западните општества да ги нарече **машки полиархии** (Dal, 1999:322)

*владејачката*) англо-американскиот придонес кон овој дискурс ги идентификува и пишувањата на Џон Дјуи, Алф Рос и А. Д. Линдзи како недвосмислени потврди на ,,неопходноста од политичката дискусија во процесот на политичко одлучување``.

**Американското тло – лулката на современата делиберација**

Јавните и масовно посетени расправи како претходница на политичките одлуки, имаат релативно подолга историја на северноамериканското тло отколку во континентална или островска Европа. Причините за овој тип на т.н. *популизам* во политиката делумно лежат и во политичката култура втемелена врз протестантските (но и католички) вредносни системи. Испорачувањето на сопствениот интерес и гледиште во контекст на политичкото прашање кое е на дневниот ред, сигурно дека ја изразува политичка филозофија чија делотворност произлегува од северноамериканскиот прагматизам наспроти зацврстената метафизичката и идеолошка закостенетост на континентална Европа.

Во втората деценија од дваесеттиот век во Америка станува јасно дека типичниот образец на популистичка демократија, практикуван во деветнаесеттиот век во т.н. *Градски собири во Нова Англија* (New England town meeting) повеќе не е можен. Сепак и покрај последиците кои ги носи урбанизацијата и зголемувањето на градовите, токму тие места уште од почетокот на дваесеттиот век стануваат средишта на првите облици на делиберација во моделот на т.н. *отворени форуми* кои подоцна прераснуваат во *Движење на форумот* (the forum movement). Овие политички практики се одвиваат претежно во поголемите урбани центри. Многу е

значајно да се обележи што ова движење ја воспоставува ***Чотагва техниката*** (Chautauqua practice) која многу допринесува за развојот на делиберацијата во процесите на политичкото одлучување. Основата на оваа техника се состои во можноста спикерот или говорникот на дадена тема, да избере една тема од публиката и да ја започне дискусијата. Според многумина ова претставува своевидна замена за градските средби од деветнасеттиот век. Меѓутоа вреди да се истакне и фактот дека како една од позначајните инситуции на делиберацијата претставува *Фордовиот форум* (Ford Hall Forum) - отворен во 1908 г. во Бостон. Најчест облик на политичко дејствување во оваа сала е отелотворувањето на желбата на донаторот - Хенри Форд, обезбедување на разновидна и најчесто работничка публика, која ќе има можност да ги слушне говорниците и да им одговори. Интересно е дека во намерата да се постигне што поголема партиципација и транспарентност, летоците со конкретните теми за делиберација биле печатени на англиски, италијански и еврејски јазик. Подоцна во 1930 г. Фордовиот форум го добива името *Покажување на образованието за возрасни* (A Demonstration in Adult Education) со што за прв пат по згаснувањето на *Градските собири* ... се практикува своевидна директна демократија. Потоа уште еден значаен момент во развојот на делиберативната демократија во САД, се смета отворањето на *Градската сала* во Њујорк (Town Hall in New York) од страна на *Лигата за политичко образование* (League for Political Education).

Освен практиките и посебните настани, во редот на значајни достигнувања кои ја одбележуваат ерата на раст на делиберативниот политички проект, се вбројува и познатиот есеј од 1915 година на Теодор Рузвелт. Ефектите од ова

писание, одредени автори сметаат дека воделе кон воведување на оддели на американските универзитети, во кои се изучува вештината на говорите и говорењето (speech departments). Тоа најинтензивно се случувало во периодот до 1930 година. Зенитот на претходно спомнатото *Движење на форумот* претставува заокружувањето во *Федерален Проект на Форумот* (Federal Forum Project) во 1932 г. кога со помош на грантот од страна на Карнеги Корпорацијата, Џон Стадбејкер отвора двегодишни серии на форуми како експеримент за продолжување на граѓанското образование на возрасните[24]. Министерството за образование почнува да спонзорира форуми низ целата земја, на кои учествуваат огромен број на работници. Она што тука мора да се одбележи е неодминливото општествено-историско влијание врз развојот на овие форуми - а тоа е периодот на големата економска депресија, која стимулативно влијае врз политичката партиципација на обичните граѓани во решавањето или креирањето на политичките решенија за прашања од јавен интерес. Дека императивот на овие форуми не бил само образувањето на јавноста за решенија на дневните проблеми, туку развивање на културни навики за демократски говор, сведочи и следниот пасус од влијателната книга на Стадбејкер *Американскиот начин (The American Way)*:

> Делиберацијата не е значајна само кога ја практикуваат законодавците; сите граѓани би требало да ги обликуваат и да ги тестираат своите гледишта во кооперативна интеракција со други граѓани: „Доколку сите сметаме дека извежбаната граѓанска вештина, критичката отвореност на умот мора да почиваат врз практичното операционализирање на демократијата, мора што поскоро да преземеме чекори за да воспоставиме низ целата нација ... систем на јавни форуми ... Ние треба да бидеме во склад со нашата одредба за развој на граѓанските

[24] Според одредени податоци, целосниот успех на форумите на Стадбејкер се постигнува во моментот, кога како назначен за државен комесар за образование од страна на претседателот Френклин Рузвелт (1934) истите ги раширува низ целата земја.

вештини помеѓу возрасните, на истиот начин како што сме усклaдени во нашите планови за подучувањето на децата на трите Р ˮ (Studebaker, 1935).

Во овој поволен период за развој на делиберативната политичка култура во САД, се појавуваат и низа на новини кои ќе ја збогатат целокупната демократска практика. Една од тие новини е иновирањето на *панел дискусијата* (1932) од страна на Хари Оверстед - исто така образовен филозоф и заговорник на форумите - како уште една алатка за квалитативно подигнување на нивото и културата на делиберацијата[25]. За жал, ентузијазмот за вежбање и практикување на разните облици на демократија во САД е прекинат со редица настани како што се подготовките за влезот на оваа земја во Втората Светска Војна а потоа и вкоренувањето на антикомунистичкото/антидемократското насилие врз демократскиот развој, отелотворен во проектот попознат како макартизам[26].

[25] При осмислувањето на овој вид дискусија, постои убедување дека Оверстед се водел од размислата дека, и покрај отвореноста на демократската дебата, не секој ќе биде во состојба да разбере и практикува соодветни облици на демократско комуницирање. Затоа и настојувал да создаде модел во кој обучувачите ќе бидат најдобри практиканти (според Gastil and Keith, 2004: 12).

[26] Кривата на политичката делиберацијата на американските граѓани во повоените период, можно е да се проследи во дел од резултатите од, со емпириски податоци богатиот есеј на Роберт Патнам *На куглање сам* (Robert Putnam: Bowling Alone). Иако овој мошне познат и релативно често цитиран есеј, ги следи промените на речиси сите облици на граѓанско-содржничка активност на американските граѓани во значаен дел од овој период, Патнам изведува заклучок за политичката пасивизација (притоа правејќи остра дистинкција на разните видови политички ангажмани на граѓаните, како на пример обично гласање и потенцијал за делиберација) на американските граѓани, како феномен кој е придружен и со психолошко повлекување и недоверба од власта условени од редица непријатни настани и јавни политики на владата. Во еден дел од текстот, иницијално насочен кон истражувањата на социјалниот капитал на американските граѓани, Патнам забележува: Американците не излегуваат (се оддалечуваат - AJ) забрзано само од гласачката кутија. Одговорите на серија прашања ... покажуваат дека од 1973 година речиси за една третина се намалил бројот на Американците кои изјавуваат дека присуствувале на некој состанок за градски или училишни прашања (од 22% во 1973 год. опаднал на 13 % во 1993 год.). Слично (или дури и поголемо) релативно опаѓање е евидентно и од одговорите на прашањето за учеството на политички собир или говор, служењето во комитет на некоја локална организација и работењето во некоја политичка партија. Речиси во секој поглед, директното ангажирање на американците во политиката и во власта во текот на последната генерација опаѓа непрекинато и силно, и покрај тоа што во текот на истиот период рапидно се зголеми просечното ниво на образование - најдобриот индивидуален предвидувач на политичката партиципација. ... Не случајно, во текот на оваа ера Американците, исто така, и психолошки се повлекоа од политиката и од власта. Процентот на

Од последново произлегува дека кривата на развој на делиберацијата во САД бележи еден надолен тренд во периодот непосредно пред, за време и по втората светска војна. Во овој издвоен период (40тите од минатиот век) е издадена највлијателната книга *Капитализам, социјализам и демократија*, (1942) на родоначалникот на современите теории за демократија и заговорник на возобновените елитистичките тененции во креирањето на инженерингот за политичко одлучување - Џозеф Шумпетер.

*

* *

Краткиот пресек на позначајните моменти од историјата на демократската пракса во Европа и САД, имаше за цел да ја отслика трновитата патека по која - меѓудругото - постепено се освојувало општото право на глас. Како дополнување на овие историски значајни секвенци, беа наведени дел од стојалиштата и оценките за демократијата на неколку значајни учени од тој период. Сепак, во најголем број од тие оцени преовладуваше стравот од задните намери на процесот за омасовување на општото право на глас - на законодавците и носителите на овие иницијативи. Беше забележан критичкиот став на: Русо (за остварливоста на непосредната демократија) на Констан (за сомничавоста кон операбилноста и делотворноста на проширувањето на правото на глас), на

---

Американци кои изјавуваат дека ,,само некогаш`` или речиси никогаш не `` и ,,веруваат на владата во Вашингтон`` од 30 % во 1966 постепено нарасна на 75 % во 1992 година. Овие трендови се секако добро познати и, земени сами за себе, би биле погодни за стриктно политичко објаснување. Веројатно долгата традиција на политички трагедии и скандали од 1960-тите (атентати, Виетнам, Вотергејт и Ирангејт итн.) меѓу американците предизвикува разбирлива одбивност кон политиката и владата која го мотивира нивното повлекување. (Putnam, 1995: 65-76, или за македонски превод види Трајковски, 2006:355-6).

Кондорсе (за извесноста од реалниот демократски резултат на претставничките избори) на Мил (за проширување на категории кои политички посредно ќе одлучуваат) и на Вебер (за задните милитаристички мотиви на законодавството со кое се проширува правото на глас). Воочливо е дека кај најголемиот дел од нив - што патем се потврдува и со одделни историски мигови наведени претходно - постои резерва кон остварувањето на политичка форма на владеење во која народот ќе владее.

Искрено оценувајќи дека ваквото посредно или неколку-етапно демократското претставување, всушност е сама спротивност на примордијалните мотиви за популизација на процесот на политичко одлучување, овие автори заземаат критички став кон претставничката демократија. Забележувајќи, а добар дел од нив и потврдувајќи ги агрегативните и елитистичките тенденции на претставничката демократија, својот критички став, ќе го втемелат на продорноста на вештата манипулација со народот, дека народот има свој удел во политичкото одлучување и креирање на политиките.

Овие облици на политичко одлучување или непосредна демократија, во делот на теоретските поаѓалишта и заклучоци, воедно претставуваат и првична позиција (теза) од тријадата на дијалектичката перцепција за развојот на теориите за демократија, почеток на приказот, кој во оваа дисертација се смета за една од неговите основни цели, и завршува со излагање на иднината на делиберативната демократија.

Скоро целиот спектар на перцепции кои ги имаме за начинот на кој е развивана и практикувана политиката во антчка Грција, произлегува непосредно од оценките, ставовите и стојалиштата на значајните филозофи и ревносни хроничари. Познато е дека во своите проекции за воспоставувањето на идеалниот начин на политичко управување со полисот, најзначајните мислители од тоа време не ретко имале критички однос кон демократскиот облик на водење и решавање на јавните работи. Од платоновата глорификација на своевидниот протокомунизам[27], и аристотеловата осуда на демократијата како лош модел на

[27] Платон длабоко потонат и детерминиран од политичката реалност на неговата Атина, во неколку свои дела (дијалози) често ја повторувал загриженоста за постојаната тенденција на целокупното атинско општество. Причините за ваквата ситуација Платон ги лоцирал во расипувањето на општествените установи и човечките карактери, кои биле последица на крајниот индивидуализам, егоизмот, беззаконието, неодговорноста и незадржливиот хедонизам. Освојувањето на слободата од најголемиот можен број атињани, според учителот на Аристотел води директно кон анархија. Ова се во главно најзначајните причини или мотиви поради кои Платон ја осудувал великодушноста на Перикле во поглед на демократските новини кои по неговата смрт се преобразиле во својата спротивност. Неговата холистичка и нагласено антидемократска позиција е одразена во неговото ремек дело од областа на политичката филозофија - Држава (Политеја). Во овоа дело, тој проектира една слика на добро уредено општество (оваа синтагма е многу битна бидејќи од истата позиција тргнува и Џон Ролс во неговата теорија за општествената праведност - well ordered society) кое се темели врз универзалната претстава за правда. Аристократски одгледан и аристократски позициониран во светот на политичките идеи, Платон ценел дека филозофите треба активно да се занимаваат со политика а крунисаната глава да биде глава на мудар и филозофски образуван владетел. Неговата визија за идеалната држава, всушност е целосен опозит на Перикловите реформи, со кои биле воведени принципите, според кои политички претставници се сите оние кои се способни да се занимаваат со политика, дека сите луѓе се способни да живеат како слободни луѓе и да тежнеат кон повисок живот. Наспроти ова, Платон ценел дека принципите врз кои ќе почива идеалната држава вклучуваат претстава за правда во која постои хиерархија и строга поделба на трудот. Во согласност со способностите и насоченостите на индивидуите, општествената правда ќе биде можно да се материјализира во хармонична човечка заедница, под претпоставка секој да го работи и извршува она за што е обдарен. Секој според своите способности и на своето соодветно работно место би ги извршувал своите задачи, а се со цел зацврстување на квалитетниот заеднички живот и отелотворување на заедничкото општо добро. Поделбата на античкото општество на три категории граѓани условена од делот кој доминира во нивните животи (разум, волја и нагони) го сврстува Платон во еден од првите заговорници на елитистичките теории за политичкото организирање, но неговиот одлучен став против постоењето на приватната сопственост и потребата од негување на општото добро како предмет на јавните расправи и советувања на повиканите, го вбројува и во редот на протокомун(ал)истите. И Платон, како и подоцна неговиот ученик Аристотел голема надеж во остварувањето на идеалниот политички облик на одлучување полагал врз мрежите на пријателства и доброто меѓусебно познавање (пријателствување) на собеседниците или учесниците (делибератори) во политичкиот процес (види Платон, 2002; Đurić 1966).

управување[28], преку софистичките вештини како средства за политичка манипулација при постигнувањето на егоистичните политички цели и подигање на

[28] Освен познатото Аристотелово класифицирање на политичките уредувања, според што демократијата спаѓа во редот на изопачените уредувања и дека пропаста на изопачените политички уредувања има правец олигархија→демократија→демагогија, не треба да се заборави и лајт мотивот на неговото политичкото учење, а тоа е убедувањето дека (секој) *човек е политичко/општествено суштество*. Сепак, иако смета дека услов за одржување на едно добро политичко уредување и соодветен облик на политичко одлучување е превалентноста на средните граѓани во дадена заедница, аристократскиот импулс на Платоновиот ученик е неодминлив најмалку во проценката дека опстанокот на едно државно уредување зависи од големината на делот кој се застапува за тој опстанок, и дека секое општество е сочинето од каквост (каде ги вбројува квалитетите: слобода, богатство, образование и благородничко потекло) и колкавост (претежност на мнозинството кое најчесто е необразовано и без соодветни граѓански доблести). Многу е значајно да се одбележи аристетоловото поврзување на слободата со демократијата а потоа и со еднаквоста (патем речено оваа равенка е предмет на сериозни расправи меѓу современите политички научници, и во добар дел резултира со аргументи кои одат дотаму што ја релативизираат можноста од постоење на либерална демократија) која ја смета за нејзина основна претпоставка. Големиот филозоф кој одлучно е против укинувањето на ропството, стои на ставот дека слободата е основна претпоставка на демократското уредување, а еден од атрибутите на слободата е да бидеш наизменично управуван и да управуваш, следен е мислењето на мнозинството да биде одлучувачко. На тој начин се создава убедувањето дека согласноста за слободата се постигнува преку еднаквост. Меѓутоа, свесен за потенцијалната первертност на демократскиот начин на уредување на заедницата, Аристотел ја забележал практиката на неколку вида изборно мито. Еден од тие начини е давањето на статус граѓанин и на лица кои тоа не го заслужувале: вонбрачни деца, деца со еден родител не-атињанин, и сл. Издвојувајќи го примерот со Кирена каде негативните последици од воведувањето на демократијата биле набрзо почувствувани по реформите на Клистен, Аристотел со цел да издвои неколку елементи со чија помош би се одржал каков таков поредок во заедницата ќе ја истакне потребата од подобро познавање на оние што одлучуваат во форма на филии и братства. На крајот, при портретирањето на совршениот облик на политичко уредување, ќе се зафати со одгатнување на две прашања кои стојат на прагот на идеалната според него држава: ,,кој живот е повеќе посакуван, животот исполнет со извршување на граѓанските должности и учествувањето во државата или поскоро животот на странец надвор од граѓанската заедница, и другото - кое државно уредување и која состојба на државата треба да се смета за најдобра, дали кога е пожелно сите да учествуваат во државата, или пак кога само некои не, а повеќето да``(Аристотел, 2006: 249). Иако недвосмилсено противник на демократските облици на политичко уредување и одлучување, во дел од учењето на Аристотел се препознаваат контурите на делиберативната демократија како современо ехо на атинската политичка милса, а пред се атинската политичка практика на оптимално непосредно политичко одлучување. Ова е најмалку присутно барем во неговото учење за неопходноста од доблестите при учество во политичките одлучувања и взаемно познавање на собеседниците (делибераторите) во екстензивниот *советодавен* политички процес. Сомнежот кој Аристотел на многу места го демонстрира кон рационалните поттици на сиромашните и робовите во процесот на креирање на политиките и политичко одлучување не значи во исто време и сомнеж кон постоењето на рационалност кај човекот при кристализирање и испорачување на сопствениот интерес вграден и детерминиран од општата волја при политичкото одлучување. Напротив, аристотеловото противење за посеопфатно учество на сиромашните слоеви на атинската агора, значително е мотивирано од неговата убеденост дека статусната поточно класната позиционираност на не-граѓаните, а оттаму и отсуството на доволно слободно време, кај беземјашите придонесува за неизграденост на политички доблести и јасни ставови за работите од јавен интерес и отелотворувањето на општото добро во процесот на политичко одлучување. Како такво, учењето на Аристотел за политичките процеси на одлучување, содржи меѓу другото и

личниот углед, па до политичката прагма на широкоградиот Перикле, строгиот Клистен и перфидниот Плутарх[29] воочливи се неколку константи на политичкиот живот кои ја отсликуваат суштината на класичното поимање (и практикување) на демократијата.

Основните и суштински димензии на класичната демократија како спротивна на современите облици на претставничка и во последно време елитистичка демократија, подразбираат:

- постоење на општа волја во однос на која орбитираат сите потенцијални и реални политички предлози и одлуки;
- морален кодекс или збир на правила кои ја одразуваат суштината на општествената правда;
- правдата се изведува од човековата природа, за која се смета дека во себе ја содржи тенденцијата кон слобода и еднаквост;
- процесот на политичкото одлучување се одвива во насока од веќе еднаш формиран и интернализиран морал кон негово операционализирање во соодветните политички институции;
- **секој човек** има неотуѓиви природни права и обдарен е со **разум** кој му овозможува да предлага, креира и гласа рационални политички одлуки и демократијата претставува цел самата за себе, која треба да биде постигната (Thompson, 1970: 404-06).

---

потврди за класичната теорија за демократија, а оттаму и антиципација на дел од постулатите на делиберативната демократија.

[29] Перфиден затоа што во неговата великодушност со отворањето на политичката сцена и за најсиромашните граѓани-беземјаши се препознава намерата за искористување на институтот изборно мито во сопствена полза – (за оваа теза види во Kanfora, 2007: 49).

Укажувањето на неколку покарактеристични историски моменти и дел од видувањата на најучените од различни земји и временски периоди во однос на проширувањето на општото право на глас како прв чекор кон операционализација на вистинската демократска практика, се чини дека само ја засилуваат претставата за спротивниот ефект од ваквиот (за многумина) популистички и неискрен политички проект. Наспроти свесноста за жртвите во име на битката за народното учество во решавањето на проблемите од јавен интерес, искривената форма на делегирано претставување, на добар дел од цитираните автори јасно им асоцира заднински мотиви, со кои само на еден поелегантен начин се легитимира власта на сталежот на владетелите. Очекувањата од придобивките на непосредната демократија, ни оддалеку не се опредметуваат со политичките решенија за неколку етапно делегирање на својот глас на претставниците или кандидатите за претставници. Во отсуство на сериозна расправа за политичките проблеми ставени на дневен ред, со полноправно учество на најголемиот возможен број на заинтересирани и политички информирани граѓани, политичката прагма на елитистичкиот модел само ја искривува интенцијата на класичната, а оттаму и на делиберативната форма на демократија. Убеденоста во заднинските мотиви на иницијативите за омасовување на општото право на глас, значаен дел од стојалиштата на наведените автори, само ја потврдуваат опасноста од вештото манипулирање со формата во која не е дозволено исполнување со нова политичка содржина, интензитет и социјални перспективи.

## ГЛАВА I. ОСНОВНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

За пресвртен момент во современата теорија за демократија се смета Шумпетеровото дефинирање на демократијата како ,,систем во кој народот има можност за прифаќање или отфрлање на своите политички лидери, благодарение на натпреварувачкиот карактер на изборните процеси" (Šumpeter, 1998). Или уште попрецизно кажано, дел од синтезата на стојалиштата на еден добар дел од современите теоретичари на демократијата (Дал, Сартори, Хелд и Шумпетер како примери) оди во насока која ги потенцира следниве елементи на политичко претставување и одлучување:

- во современото обезличено општество (општество во кое се помалку постојат и се негуваат лице во лице односите, и чие што взаемно познавање на граѓаните не е на толку високо ниво како во претходните стадиуми на општествен развиток) демократијата претставува збир на институционални и процедурални правила за носење политички одлуки;
- како таков овој процес е вредносно неутрален и прекинува со сите претстави за етичката втемеленост и оправданост на политичките предлози и одлуки - што претставуваше лајт мотив во теоретизирањата на мислителите од класичниот период;
- демократијата претставува средство, а не цел сама за себе;
- демократијата се перципира како метода чија основна и единствена функција е да овозможи ефикасност во функционирањето на политичкиот систем, а не да задоволи одредени етички стандарди при креирањето и инструментализирањето на одреден вид политики;
- поимањата на концептот за заедничко (општо) добро како и потенцијалот за непосредна демократија се неостварливи и нереални во масовното општество;
- демократијата треба да обезбеди правен поредок и политичка согласност, во чии рамки ќе се обезбеди само правна еднаквост и никаква друга и дека,

- демократијата сепак претставува само структура на институциите и процесите (Фрчкоски и Иванов 2006)[30].

Од ова определување на демократијата, јасно е дека Шумпетер и останатите елитисти, како главни актери на политичките процеси ги посочуваат лидерите односно елитите. Се смета дека со ваквото дефинирање на демократијата, пред се, од страна на Шумпетер, започнува современото сфаќање на демократијата, а со самото тоа започнува и критиката на класичната теорија за демократија. Шумпетер според многумина сметан за татко на теоријата за агрегативниот модел на демократија[31], ќе биде предмет на поекстензивна обработка. Тука само ќе се назначат неговите критики на класичните вредности на демократијата како што се: заедничкото добро, општата волја, човековата природа во политиката, местото на вредностите и моралот во политиката"[32], и ред други се само кристализирање на доминантните стојалишта за демократијата во дадениот временски период кои ги споделуваат редица истакнати мислители, убедени дека овој вид на политичка пракса исходува со соодветни решенија на дадените проблеми и дека како такви тие решенија се оптимални. На тој начин се

[30] Постојат и други бројни определби на модерниот облик на демократија, во кои на еден или друг начин се нагласуваат аспектите на агрегацијата, мнозинскиот принцип и посредноста. Едно од таквите позабележителни определби на демократијата е она што Аренд Липхарт го препознава под **вест-министерски** (нормативен) модел на демократија. Неговите составни делови се распоредени во следниве девет елементи: концентрација на извршната власт; еднопартиски кабинети формирани со незначително мнозинство; фузија помеѓу извршната власт и парламентот со доминација на кабинетот; асиметричен дводомен систем или систем кој се приближува до еднодомност; несогласување помеѓу партиите воглавно по една димензија на општествено-економската политика; голем број на изборни системи; унитарна и централизирана владејачка; непишан Устав со суверенитет на парламентот и исклучива претставничка демократија (која го исклучува референдумот како средство за непосредно одлучување) (Lijphart, 1984:6-36).

[31] Како втор значаен автор, која ја зацврстува водечката позиција на агрегативниот модел на демократија во современите теории се споменува Антони Даунс преку неговата ,,емпириска политичка теорија".

[32] Демократската метода, Шумпетер ја дефинира како ,,институционално уредување за доаѓање до политички одлуки, во кое индивидуите добиваат овластување да одлучуваат преку конкурентска борба за придобивање на гласови од народот"(Šumpeter, 1998: 299).

создава т.н. парадигма на елитистичките демократски практики, во чии рамки спаѓаат цела палета на современи теории за демократија (теорија на компетитивен елитизам; теорија за полиархии; плуралиситички теории за демократија во кои спаѓаат теоријата за демократија на (интересни) групи и теоријата за консоцијативна демократија; корпоративистичките теории за демократија и како едни од најновите струења неоплуралистичките теории за демократија).

Вообичаено во политичката теорија постои убедување дека елитистичките модели на демократија се всушност модели кои ја преферираат мнозинската (или агрегативна) формула за политичко претставување и одлучување, и како таква таа се разликува од останатите неколку позначајни групи на теории за демократија (како што се теоријата за консоцијативна демократија или теоријата за делиберативна демократија) според присуството или отсуството на следниве десет обележја:

- извршната власт (владата) е концентрирана најчесто во еднопартиски и многу поретко во неколкупартиски (коалициони) кабинети,
- Кабинетот има потполна доминација,
- Двопартиски систем (политички систем во кој доминираат две партии),
- Мнозински или диспропорционаен изборен систем,
- Интересно-групен плурализам како и натпреварувачки и противнички систем,
- Унитарна и централизирана влада,
- Концентрација на законодавната власт во еднодомно законодавно тело
- Уставна флексибилност (Не постои пишан Устав – В Британија)
- Не постои судска контрола на уставноста (Нема Устав како повисок правен акт според кој се оценува подобноста на законските проекти)
- Извршната власт ја контролира централната (емисиона) банка (Vasović, 2003: 32-2).

Меѓу повеќето класификации кои го потенцираат прекинот на класичната со модерната теорија за демократија, пристапот на политикологот К Е Нино заслужува посебен осврт. Нино се обидува да ја лоцира пукнатината помеѓу овие две семејства на теории за демократија, во соднос кој ги поставува еден наспроти друг конституционализмот и демократијата. Ставајќи ги теориите за демократија на неколку позначајни автори како Џ. Сартори, Р Дал[33], Џ Шумпетер и други под една заедничка етикета *либерални демократии*, тој ја портретира целата палета на практики карактеристични за уставната или претставничка демократија. Според овој автор, во таа група спаѓаат утилитаристичкиот пристап кон политиката, економската концепција за политиката, елитистичките теории за демократија, теориите за плуралистичка демократија[34] и теориите за

[33] Најпознатото изворно теоретско достигнување на Роберт Дал е познато под името *полиархија* и како модел на (про)демократско практикување на политиката (кое најблиску му се доближува на идеалот на демократијата) се карактеризира со следниве осум особини: **прво**, секој член на организацијата извршува чин за кој се смета дека е израз на преференца помеѓу дадените алтернативи, односно гласа; **второ**, тежината односно гласот кој и се припишува на секоја индивидуа во процесот на изразувањето на волјата е идентичен; **трето**, алтернативата со најголем број на гласови се прогласува како победничка (овие особини се карактеристични за *изборниот* период); **четврто**, секој член кој просудува одреден понуден збир на алтернативи може да внесе своја преферирана алтернатива помеѓу оние што се истакнати; **петто**, сите индивидуи поседуваат идентична информација за алтернативите (особини карактеристични за предизборниот период); **шестто**, алтернативата (лидерите или насоките на политиката) која има најголем број на гласови ја потиснува секоја друга алтернатива со помалку гласови; **седмо** наредбите на избраните функционери треба да се спроведат; **осмо**, оваа карактеристика е расчленета во три возможни ситуации и тоа, во *првата* сите одлуки од меѓуизборниот период се субординирани или извршни во однос на оние кои се изразени во текот на изборите, *втората* ситуација е поврзана со можноста новите одлуки донесени во меѓуизборниот период да бидат управувани според претходните седум услови, меѓутоа да бидат извршени во различни институционални околности и *третата* ситуација во која се возмошни идвете претходни ситуации (особини карактеристични за меѓуизборниот период) (Dahl, 1993).

[34] Постоечките сличности помеѓу елитистичките и плуралистичките теории за политиката, односно демократијата, кои нив ги сместуваат во една струја - не ги бришат разликите кои во аргументацијата, заговорниците ги прават меѓусебно различни. Во тој правец, плуралистите се тие кои во својот дизајн на политичко одлучување наоѓаат внатрешни механизми кои оневозможуваат монополизација на власта од една група, партија или фракција. Според оваа теорија на демократијата една група, партија или фракција може да контролира само една од центрите на моќ, и тоа преку ``хоризонтална`` поделба (меѓу различни бранши) и ``вертикална`` (меѓу различни територии). Плуралистите ја заговараат дисперзијата на суверенитетот преку разновидни механизми, заради негово понадворешнување во различни центри на претставувањето. ,,За

консензусот[35]. Оваа парадигма, интересите на луѓето ги смета за дадени. Темелејќи ја оваа поделба врз стојалиштата на многумина теоретичари, Нино ја контрастира другата парадигма на теории за демократија како теории за популистичка, социјална односно партиципативна демократија.

Второто семејство на теории, во дел од облиците на политичка пракса ги поткрепуваат метатеоретските импулси за концептуализацијата на новиот дискурс - делиберативна демократија. Сепак не смее да се занемари фактот дека овој вид (делиберативна демократија) на демократска практика не спаѓа во чистите форми или видови на теории според Нино, но и според поголемиот дел на класификации и често е идентификуван како еден мешан вид на демократија. Меѓу другото, овие теории ја ,,редуцираат или дури ја елиминираат противтежата на другите две димензии на конституционализмот, - признавањето на правата и историското создавање (на уставот – AJ) (Nino, 1996:69). Основната нитка која ги поврзува пристапите на народниот суверенитет, перфекционизмот и дијалогизмот во рамките на ова второ семејство теории за демократија, е убедувањето во

плуралистите феноменот на претставувањето е предност, се додека дозволува диспезија на суверенитетот и ги лоцира одлуките во области кои би можело да бидат подобро заштитени од директните притисоци на фракциите или интересните групи (Nino, 1996:85). Но не смее да се заборави и дека ваквите разлики во креирањето односно одбраната на,,инфраструктурата`` на политичкиот процес не подразбира и поделби во однос на агрегативноста, што всушност и претставува врзивно ткиво кое ги сместува овие неколку видови на теории во едно пошироко семејство на теории за демократија и ги контрастира на теоријата за делиберативната демократија.

[35] Вообичаено постојат неколку видови на теории за демократија кои спаѓаат во групата која тука се нарекува теории (за постигнување) на консензусот, меѓу кои и Липхартовата *консоцијална демократија*, но тука мноштвото теории за демократија кои својот raison d`etre го наоѓаат во издејствувањето на согласноста како основа за водење на политика и одлучување, се поделени во две поголеми групи и тоа, првата група на теории за консензусот во кои согласноста е **хипотетичка** (и во оваа подгрупа најголемиот број автори како типичен егземплар ја сметаат *Теоријата за праведност* на Џон Ролс) и теории за консензусот во кои постои **реална** согласност.

оправданоста на менување на изворните интереси на индивидуите[36]. Според овие пристапи, политиката подразбира навалување кон моралот, морални просудувања и морални одговорности (Nino, 1996: 92).

---

[36] Како парадигма на народниот суверенитет се зема Русовата *теорија на општествениот договор* каде постигнувањето на општествениот договор ги ,,менува индивидуите преку инспирирање кај нив пред се чувства за праведност наместо себичност , преку проширување на нивните идеи и преку развивање на нивните способности``. Мора да се одбележи дека целата Русова теорија, па и теоријата на народниот суверенитет сместен во рамките на ова семејство теории за демократија содржи мноштво на недоречености од типот на нејаснотија како всушност се случува целиот процес на трансформирање на политичката практика, доколку се земе предвид дека механизмите кои би ја овозможиле и поткрепила ваквата трансформација - се мисли на колективните расправи и одлучувања - се отфрлени. За таа цел мора да дојде до измена на личните интереси во насока на колективни дејствувања кои се детерминирани и мотивирани од моралните побуди. Во рамките на оваа теорија, делиберативната демократија е можна единствено преку отелотворување на моралната личност како носител и испорачател на политичките барања или интереси кои се колективно прифатени и прифатливи. Според Нино, ваквото видување се доближува и до корпоративизмот односно корпоративистичките теории за демократија и успехот на теоријата на народниот суверенитет зависи од колективната морална филозофија, што води кон колективистичка онтологија. На крајот сето ова води кон дијаметрално спротивни позиции на народниот суверенитет кон либералната демократија, додека популистичките проекции за нешто што би содржело делиберативни одредници на демократијата би требало да се помират со индивидуалните права, што во овој случај е неуверливо. Од друга страна, перфекционизмот или перфекционистичките теории на демократијата подразбираат промоција на одредени вештини кај индивидуите, чии крајни цели се меѓудругото: самореализирање во контекст на способноста за вклучување во јавниот живот; дух на братство и социјална солидарност. Малку невообичаено но според одреден дел заговорници на овој вид демократија, основите на учењето можат да се лоцираат кај утилитаристот (?!) Џон С Мил и антифедералистичкото движење во периодот на создавање на Уставот на САД а денес, перфекционизмот може да се препознае во стојалиштата на неорепубликанското движење во областа на уставното право. (Nino, 1996:99) Според Кас Санстејн традиционалното републиканско стојалиште смета дека, граѓанското содржништво треба да оперира како едукатор, а не како регулатор на индивидуалното поведение (Sunstain, 1988). Почитувајќи ги овие препораки, демократската практика развива посебен вид на персоналитет, самоуверен за рамноправните стојалишта на секој еден во политиката, инволвиран во јавните проблеми и во солидарност кон непријатностите на другите (Nino, 1996:99). За жал, перфекционистичкото стојалиште доаѓа во конфликт со либералната демократија во делот на слободата на индивидуалното тежнеење кон личниот интерес и индивидуалната автономија, а за сметка тоа ја засилува претставата за граѓанските вештини изградени во рамките на комунитаристичката мисловна традиција. Постои уште еден елемент во рамките на оваа теорија која ги загрозува либералните начела на политичкото одлучување а тоа е позицијата или просторот за маневар на државата. Најевидентно ова доаѓа до израз во обидот за помирување на демократијата заснована врз моралноста и Миловиот *принцип на оштетување* (harm principle). Според ова стојалиште општеството не смее да биде вознемирувано од дејства на индивидуи кои не ги оштетуваат другите и кои се темелат на претпоставката дека државата нема мисија да ги облагородува или прави морални индивидуите. Како што може да се забележи, оваа антиподна позиција на Миловиот принцип во однос на либерализмот, исто така е во контраст и со практиката за описменување и образување за граѓански вештини, која ја изведувале разните форуми за делиберација помеѓу претежно повозрасните американци. Улогата на државата е само да ја обезбеди индивидуалната автономија да не биде загрозена од некој друг. Перфекционизмот развива само јавни вештини на индивидуата а не приватни. Дијалошките пристапи како трет вид на теории за демократија кои ги менуваат политичките преференции на индивидуите пред се почива

Мошне интересна класификација или поточно периодизација на теориите за демократии исто така прави и политологот Давид Хелд во неговата книга *Модели на демократија.* Во рамките на едно пошироко семејство на теории за демократија, Хелд ги издвојува четирите ***класични*** модели на демократија: демократската практика во античка Атина; републиканската идеја за самоуправување[37]; либералната демократија[38] и како посебен вид од класичните модели на демократија Хелд го наведува и марксовото видување за директна демократија. Во второто семејство на теории за демократија (ваквата поделба на mainstream теориите за демократија се совпаѓа и со целта за нагледност на неговата книга која поаѓа од намерата да биде задоволен учебникарскиот карактер) се наведени (според него) ***најновите*** модели: компетитивна елитистичка демократија; плурализам; легална демократија; партиципативна демократија и делиберативна демократија (Хелд, 2009)[39].

---

врз дијалогот како „средство за задржување на себичните интереси и моќта од поделбата заснована врз нив". Како најзначаен претставник на еден од правците на дијалошките пристапи Нино, го смета Брус Акерман кој воедно е и еден од најпознатите заговорници на теоријата за делиберативна демократија. Според Акерман, заслугите на дијалогот во развивање на промислен начин на политичко одлучување не лежат ниту во развојот на индивидуалните вештини, ниту во приближувањето на морално исправните решенија (како што во најголем дел сметаат авторите од народниот суверенитет или перфекционизмот) туку во постигнувањето на взаемно прифатливи решенија под одмереноста на неутралноста во однос на претставите или концепциите за заедничкото добро и интерес (Ackerman, 1989).Подоцна Акерман својата теорија или поглед за демократскиот инженеринг ќе го смести во еден поширок концепт за политиката (иако тој е применлив само на Американската политичка традиција) кој го нарекол *дуалистичка концепција за политиката.*

[37] Оваа идеја Хелд ја поделил во две варијанти протективен и развоен републиканизам.

[38] Исто така поделена во две варијанти протективна и развојна демократија.

[39] Иако на прв поглед тешко воочлива, сепак периодизацијата на теориите за демократија на Хелд содржи одреден критериум за класификација. Еден од најзначајните фактори за класификација и поделба на теориите Хелд го изведува од медијалноста односно потребата од конкретни тела кои ги претставуваат интересите на граѓаните како посредници во процесот на јавно одлучување. Овој критериум се забележува со поделбата на развојниот и протективниот републиканизам, потоа се повторува со расцепувањето на либералната демократија на протективна и развојна, за на крај да се потврди токму со концептуализирањето на најновиот вид на демократска практика - делиберативната демократија.

Сосема свесен за проблемот на редуктивноста при ваквото изложување на развојот на размислите за демократската практика и нивно временско вкалапување, Хелд се обидува графички да ја заокружи замислата за формирање на Мапа на развојот на теориите за демократија, во која јасно се очитуваат влијанијата и насоките на развој.




Слика 1. Варијанти на демократијата

Извор: Хелд, Д. 2009

Од друга страна пак, заснована врз сосема поинакви критериуми, класификацијата на теориите за демократија на Ендру Хејвуд ги разликува следниве облици: класична, протективна, развојна и народна демократија. Лоцирајќи ги нивните емпириски потврди исклучиво во западните капиталистички и индустриски високо развиени општествата, авторот тие клучни одредници на

демократската практика ги редуцира на постоење систем на редовни и натпреварувачки избори кои се засноваат на општото право на глас. Но, заслужува да се одбележи дека Хејвуд јасно ја скицира ваквата четиричлена поделба на современите облици на демократија, во која отсуствува синтагмата либерална демократија - бидејќи ги истакнува меѓусебно спротивставените либерални стојалишта за демократијата. Со тоа Хејвуд се вбројува во редот на оние автори кои ја истакнуваат проблематичноста на синтагмата *либерална демократија* - иако со ,,тенки`` објаснувачки експликации. Делиберативната демократија, пак, ја сврстува како подвид на развојната демократија, и го лоцира Џон Стјуард Мил како најзначаен мислител кој придонел за иницирање на дискурсот за овој вид демократија (види Hejvud, 2004:140-151).

Претходно спомената причина за опаѓање на процесот на раст на јавната делиберација во САД (се работи за почетокот на Втората Светска војна и последиците од неа, како што е проектот познат под името Макартизам и појавата на книгата *Социјализам, капитализам и демократија* на Џозеф Шумпетер), автори од редот на современите елитисти ја дополнуваат со појавата на тоталитарните политички режими, за да го оправдаат појавувањето на елитистичките теории за демократија. Имено, според Шумпетер, Дал и други, постојат три моменти, поточно причини поради кои политичката практика мора да биде изведувана од политичките елити. *Прво*, појавата на тоталитарните еднопартиски политички системи, пред и по втората светска војна (фашистичка Италија, нацистичка Германија и комунистичка Русија) со своите разорни колективни последици отелотворени во идолатрија и масовно слепило,

условуваат врзување на демократијата со или во институциите на демократскиот систем. *Второ*, ваквото врзување на демократијата со демократскиот политички систем, се наметнало и како солуција за решавање на веќе појавените конфликти од чисто социјална природа внатре самите општества, и *трето* кое како кумулативен ефект се надоврзува на претходните две причини е потребата од поголема функционалност на демократијата како систем во решавањето на економските, социјалните и културните проблеми на општествата, процес во кој за да се обезбеди поголема динамика во изнаоѓањето на соодветни решенија за проблемите, треба да се постигне високо ниво на професионалност во политиката.

Теоретските поаѓалишта на модерните теории за демократија, претставуваат само надоградба или стојалишта кои израснуваат од политичките погледи на класичите елитисти како Вилфредо Парето, Гаетано Моска, Макс Вебер[40], Роберт Михелс, а според некои и Ханс Келзен односно Карл Манхајм и многу други. Во одделни аспекти на нивните учења (циркулација на елити, објаснување и оправдување на аполитичноста и антидемократските тенденции на ниските општествени слоеви и слично) детектирани се неколку константи кои ја градат матрицата на современите теории за демократија. Меѓу нив спаѓаат убеденоста во надмоќноста на малиот број луѓе (елити) во однос на толпата при

[40]Се смета дека Веберовиот придонес за развојот на елитистичките теории за политиката, и посебно за демократијата се огледа во неговиот труд *Политиката како професија* издаден во 1918 г. Во оваа книга Вебер недвосмислено се залага за професионализација и исклучување на пошироките народни маси од политичкиот процес, поради операбилноста на малата група луѓе кои водат (законот или предноста на малите броеви) и политичката апатичност карактеристична за мнозинството. (види во Gerth and Mils, 1958).

носењето на одлуките (т.н. предност на малите броеви)[41], потребата од брзото договарање при што малиот број на учесници во политичкиот процес свесни за тежината на делегираниот легитимитет ќе дејствуваат рационално, убеденоста од неопходна превенција на општеството од тотална политизација - што би значело лоцирање на индивидуите во неколку категории на политички пасивни, односно активни граѓани, операционализација на политичкиот процес преку мал број на учесници заради избегнување на класниот судир и рушење на консензусот врз кој почиваат принципите на политичкиот натпревар и сл. Една попрегнатна претстава за содржината на современите теории за демократија дава и Роберт Дал. Дал ја критикува класичната теорија за демократија, или како што тој ја нарекува теорија за популистичка демократија, бидејќи во себе подразбира слабости од видот на технички, етички и емпириски приговори[42] за изведливоста (Dal,1997). Всушност ова заедно со претходно спомнатите аргументи за одбрана на демократскиот модел наречен ***компетитивен елитизам***, во својата основа ја заговараат концепцијата која го негира рационалниот придонес на индивидуата во политичкиот процес, и генерално гледано ја осудува секоја намера за масовна непосредна демократија. Ова се заедно упатува на заклучокот дека непосредните облици на демократија, всушност се антитеза на современите (елитистички)

[41] На ваквите стојалишта меѓу другите се надоврзува и Семјуел Хантингтон, кој загрижен за порозноста на вака стекнатиот легитимитет, ја потенцира состојбата во која е можно еквилибриумот помеѓу елитите да колабира од преполнетост од барања кои доаѓаат директно од пошироките слоеви во општеството (види Crozier, Hantington and Watanuki, 1975)

[42] Дал во однос на техничките приговори, забележува дека индивидуите понекогаш немаат јасни преференци во однос на другите алтернативи и дека е можно да постојат поврзаности меѓу преференците на луѓето во кој случај ниту една насока или дејство нема да биде задоволена, а ниту еден метод на гласање практичен. За етичките приговори, Дал ја истакнува тешкотијата во заземјувањето на постулатите на егалитаризмот и народниот суверенитет на една прифатлива метаетичка основа. Што се однесува до емпирискиот приговор ваквата теорија според него не ја кристализира рамката за тоа кои индивидуи или групи би требало да бидат вклучени во политиката (Dal,1997).

теории за демократијата во тријадата на идеите за демократско политичко претставување, креирање и носење на политички одлуки[43].

Одредени автори-елитисти како Бернард Берелсон опишувајќи го политичкиот процес, ја истакнуваат потребата од сместување или поделба на индивидуите во неколку категории на политички граѓани (пасивни, делумно активни и активни), притоа базирајќи го својот аргумент врз потребата од баланс во општеството помеѓу тоталната политизација (која го заострува социјално-класниот судир) и тоталната политичка апатија. Политиколошкиот пристап на Берелсон, иако го лоцира механизмот за одржување на политички еквилибриум како *raison d` etre* на неговата теорија, формирана одозгора надолу, задира и во дел од општествените димензии на политичкиот процес, поточно се обидува да демонстрира социолошко чувство во изградбата на сопствена сеопфатна теорија за демократијата. Оваа димензија е најприсутна во неговата поделба на индивидуите според нивото или степенот на лична инволвираност во политиката. Во тој поглед неговото разликување на: *општествен/социјален човек* (social man) - кој е незаинтересиран за политика и неговата секојдневна дејност го преокупира во доменот на граѓанското содружништво, без импулси за политичка ангажираност

[43] Постои обемна литература која се занимава со логичките недоследности и критика на елитистичкиот модел на политичка практика и демократски дизајн (која критика мора да се признае дека не секогаш е комплементарна со позициите на заговорниците на делиберативната демократија), но бидејќи тоа е надвор од предметот на ова истражување, кратко ќе биде посочена аргументацијата на Хана Аренд во нејзиното дело *За револуцијата* (инаку влијателен мислител од 20 век и во еден дел производ на критичката мисловна традиција во социологијата). Според Аренд постои недвосмислена тенденција или насочување на елитистичките теории за политиката (демократијата) кон олигархиски облици на владеење, која се храни од растечката аполитичност на необразованите и сиромашните слоеви во едно општество (Arend,1963:276). Исто така вреди да се забележи дека елитистичките теории за демократија во себе содржат и слабост во однос на слободата или правото на изразување, што најевидентно (иако во елегантна форма) се загрозува со преценетоста на агрегативно претставуваните политички преференци.

и промоција; *политички човек* (political man) кој својата релативна заинтересираност за политиката ја понадворешнува преку интересот за решавање на конкретните проблеми со кои се соочува - политиката ја гледа како алатка за решавање на напластените проблеми во останатите за него значајни домени на општественото живеење и на крајот *идеолошкиот човек* (ideological man) директно инволвиран во политиката со јасно дефинирани политички ориентации и партиски афилијации (Berelson et all, 1968).

Многу често, според заговорниците на современите теории за демократија, постои потреба да се изнајде модус за коегзистенција на ваквите проблематични институти на демократската практика и постапка со идејата за ,,народ/нација". Ваквото превагнување кон чисто инструментална форма на демократија, заговорниците на агрегативниот модел го преферираат како начин за обезбедување на ред и стабилност, преку застапувани интереси од страна на елитата, а не настојување за овозможување на процес за мобилизирање на широките народни маси во кристализирањето на консензусот околу општото добро. Според Муф, преку ова инструментализирање на политичкиот процес, Шумпетер и останатите заговорници на агрегативниот компетитивен елитизам, јасно ја одделуваат демократијата од нормативната димензија (Mouffe, 2000: 2). Од друга страна пак токму Хабермасовата традиција во рамките на дискурсот за делиберативна демократија, уште од етаблирањето на *теоријата за комуникативно дејствување* како сеопфатна теорија за општеството, се обидува да ја реактуелизира нормативната димензија на социјалната наука, во проучувањето на процесите на модерната.

Развојот на теоретските видувања за агрегативниот и чисто инструментален модел на демократија, кој започнува некаде во 40тите години на минатиот век, е сериозно предизвикан со појавата на најзначајната книга на Џон Ролс *Теорија за праведност* во 1971г. Преку оваа книга, во дебатите за иднината на демократијата, во полит-филозофските, политолошките и социолошките теории се враќа нормативната традиција, и се воскреснува интересот за истражувањето или лоцирањето на моралната димензија на и во политиката.

Овој модел - агрегативниот модел на политичко претставување, според заговорниците на делиберативната демократија е застарен модел, и треба да биде заменет со нов, кој во ценатрот на интересирањето би ја ставил содржината на демократскиот процес, или попрецизно, акцентот би бил врз формите преку кои најголемиот можен број на граѓани ќе учествуваат во креирањето на политичкиот консензус и одлучувањето. Во тој правец може да се констатира постоење на тенденција за критичко редефинирање на она што кај нас се заговараше како посакуван модел на политичко одлучување - агрегативна (либерална) демократија. Либералната или т.н. нормативната демократија од британски тип (влада наспроти опозиција) во однос на современите поделби и хетерогеност на плуралните општества, може да претставува само рудиментиран облик или рамка на политичко организирање. Ова го потврдува и тенденцијата за воведување на консоцијативниот инженеринг во неколку постсоцијалистички и транзициони општества, каде неопходната политичка култура за увезување на западните демократски стандарди и разбудените предмодерни етнички сентименти доведоа да искривување на претставата за демократската игра. Инспирирани од

аксиомите кои ги постави Фукујама во својата позната статија (а подоцна и книга) за *Крајот на Историјата* (Фукујама, 1994) и преовладување на либералната демократија како глобална политичко-економска идеологија, добар дел од авторите-научници во ново демократизираните општества, прифатија дека агрегативната (либерална) демократија е последниот моден крик на политичко организирање на општествата, и дека други форми на политичко организирање не се можни[44]. Повеќе од јасно е дека сериозна дебата за иднината на демократскиот процес не може да биде ограничена само на процедурите кои го балансираат конфликтот на претставуваните интереси - што се претпоставуваше со либерално демократскиот дискурс.

Според заговорниците на делиберативната демократија, постои модел кој содржи делиберација и овозможува збогатување и комплексност на политичкиот процес. Во целиот тој процес на збогатување на политиката, заговорниците на делиберативната демократија се обидуваат да го надминат јазот кој одамна е воочен во науката - помеѓу либерализмот и демократијата (Mouffe, 2000) - проблем со кој се занимаваа(т) речиси сите теории за демократија.

Теоријата за делиберативната демократија во извесна смисла, настојува да го врати или реактуелизира идеалот (иако за волја на вистината со намера да се ослободи од бремето на популизмот - што не е секогаш најубедливо) на одамна изгубената и напуштена форма на непосредно претставување - негувана во

[44] Иако за волја на вистината, самиот Фукујама нешто подоцна ќе признае дека процесите кои ги погодија пост-социјалистичките општества, а особено земјите од третиот свет, го разнишале неговото цврсто уверување за хегемонија на либералната демократија во постстудено-воениот период. Шантал Муф од друга страна го истакнува и проблематизирањето на консензусот околу тоа колку долго либералната демократија ќе трае на светската политичка сцена (Mouffe, 2000: 1)

мугрите на демократија на Атинската агора. Погледнато од денешен аспект, повторното иницирање на расправите за квалитетот на учество во политичкиот процес, ги насочи заговорниците на делиберативната демократија да го критикуваат и отфрлат елитистичкиот модел на политичко претставување и одлучување, карактеристичен за современата теорија за демократија, доминантна теоретска парадигма во современите политички теории од ,,мрачните денови на Шумпетеровата ера" (Dryzek, 2004: 243).

## ГЛАВА II . МЕСТОТО НА ТЕОРИЈАТА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ И СОЦИОЛОШКИ ТЕОРИИ.

И најдобриот познавач на (мета)социолошките теории - без разлика дали ги разликува според систематичноста која ја поседуваат или според влијанието врз актуелните академски дебати - станува свесен дека закостенувањето во рамките на само една парадигма или уште полошо само во една социолошка ориентација, значително ќе го намали неговиот светоглед.

Кога станува збор за истражувањето на политичките појави и процеси - како дел од севкупното општествено битисување на човекот - ривалитетот помеѓу политикологијата и социологијата го реактуелизира прашањето за предимството и сеопфатноста (општоста) на пристапот. Разликите помеѓу овие научни дисциплини се значајни, и она што е многу поважно и пополезно во однос на зададената цел при истражувањето на делиберативната демократија, е да се потенцираат врзивните ткива и контактни точки, кои на онтолошко ниво ги приближуваат двете науки. Ваквите `рскавици се посочуваат од многумина автори. Взаемнодејството на двете научни дисциплини, може да се каже дека оди рака под рака со развивањето на самата социјалната наука[45].

[45] Наизменичната употреба на поимите социјална наука односно социјална теорија, како научен метод, кој во истражувањето на делиберативните начини на политичко дејствување и демократски инженеринг квалитативно, значително се разликува од социолошкиот и политолошкиот пристап има за цел inter alia да премости и дел од социолонгвистичките недоречености во македојазичната рецепција на дел од рецентните теоретски дискурси во одреден број општествени научни дисциплини, но и да потврди дел од воспоставените, а за жал ретко користени терминолошки допрецизирања. Определувајќи се за консеквентен и јасен научен говор со дефинирани контури на појмовниот категоријален апарат, како еден од нужните предуслови за ,,изградба на научен труд``, тука ќе бидат позајмени дел од терминолошките прецизирања на автори од општествените науки, само како илустрација на полезното поимно и толковно анализирање. Потребата од разграничувањето на *социјалното* и *општественото* во нашата социолингвистика бележи

сериозни обиди кои имаат помал или поголем успех во конфигурацијата на научниот говор на социологот или било кој друг научник од општествените науки. За еден таков потфат се смета разграничувањето на поимите граѓанско содружништво и цивилно(граѓанско) општество (види Трајковски 1997). Во овој случај, настојувањето за епистемолошко допрецизирање или диференцирање на областите од реалниот општествен живот, со термини кои трпат сериозен степен на сомневање, опфаќаат или анимираат и редица други толковни дилеми. Имено, освен ова терминолошко разјаснување, споменатата студија навлегува и во домени чие истражување по се се чини дека страда од несоодветна терминологија. Како пример за тоа се поставува потребата од определување или втопување во познатите македонски преведувачки корелати на англискиот поим societal, но исто така и превреднување на содржинската супстанца на следниве поими заедница, здружение, заедничарење, здружување и слично. Од друга страна пак, во контекст на тука присутната дилема за одвојување (или синонимна употреба) на придавките *општествен/а/о* и *социјалн/а/о* како детерминанти на важните концепти, вреди да се разгледаат дел од поимните диференцијации на проф. Христов. Структурирајќи го својот универзитетски учебник *Социологија за економисти* (2007), според утврдена методолошка рамка и со дадени дидактички цели, Христов во значителен обем се задржува на проблематиката на општественото раслојување и општествената мобилност (на оваа тема Христов работи долги години, на што укажува и трудот *Општествената подвижност во Македонија* издаден 1996). Во својот учебник Христов прави лексичка но и семантичка анализа на проблемот на диференцијацијата во современите општества. Во тој правец, авторот последователно ги дефинира поимите **економска** диференцијација, **социјална** диференцијација и **општествена** диференцијација во низ кој претпоставува кумулативно остварување на претходниот вид диференцијација како предуслов за појава на следниот. „*Економската диференцијација*, која се нарекува и имотна диференцијација, го означува процесот во којшто се создаваат економските (имотните) разлики помеѓу поединците и групите во рамките на една општествена заедница. Кога економски (имотно) се диференцира една општествена заедница, значи дека нејзините членови, како поединци или општествени групи на коишто поединците припаѓаат, во економски (имотен) поглед стануваат нееднакви. Поединците и групите располагаат со различна општествена вредност на своето богатство. Богатството може да се состои од земја, добиток, згради, парични средства, благородни метали и сл``. *Социјалната диференцијација* е процес во којшто настануваат социјалните разлики и нееднаквостите помеѓу луѓето и групите. Економски нееднаквите во една традиционална општествена заедница уште се социјално еднакви. При социјалната диференцијација, дотогаш социјално еднаквите започнуваат да стануваат нееднакви. Создадената социјална нееднаквост придобива општествено значење. Нееднаквите во социјален поглед започнуваат да биваат нееднакви и во поширок општествен поглед. *Општествената диференцијација* е поширок поим од економската и социјалната диференцијација. Економската и социјалната диференцијација укажуваат на разликите што се создаваат првенствено во имотно-материјалната и социјалната положба на поединците и групите. Општествената диференцијација е процес во којшто се создаваат на само економските и социјалните разлики и нееднаквости, туку се создаваат и сите други возможни видови на разлики и нееднаквости кои можат да се опфатат под заедничкиот поим општествени разлики и нееднаквости (Христов, 2007: 169,170-1). Оваа нагледна илустрација има за цел, не само да ги потенцира разликите во степенот на дефиниенсот и сеопфатноста на процесот на раслојување, туку и методолошки да ја зацврсти разликата меѓу социјалното (имотните разлики кои добиваат на израз со сопоставувањето на едни индивидуи наспроти други, еманципирани од стегите на феудалниот економски модел на организирање и присни меѓучовечки односи на заедничарење) и општественото (повисок степен на раслојување при што појавените разлики имаат апетит да пенетрираат во најголемиот број, а не ретко и во сите останати (од економските) подрачја на општествен живот). Освен што по содржина општественото е далеку поопшто од социјалното, тоа подразбира и конфигурирање на соодветни животни стилови и практики кои во постмодерните расправи го губат класното или расното или било кое друго диференцирање - карактеристично за модерната во полза на ситуациското или контексното искуство и позиционираност. Оттаму, интенцијата на трудот проблематиката на најновиот вид на демократската практика - делиберативната политика - да ја истражува во рамките на социјалната наука или теорија, меѓудругото би требало да резултира и со резултати во кои јасно ќе биде изнијансиран перспективистичкиот или деконструктивистички пејсаж кој го негуваат дел од феминистичките

Апстрахирајќи се од систематскиот пристап на социолозите во класификувањето на главните социолошки теории и ориентации францускиот социолог Клод Лефор, ја истакнува интенцијата на политологот и социологот, светот на политичкото, при истражувањето да го издвојат од било каква надструктура. На овој начин, доделувајќи и на политиката завидна автономност, Лефор се надоврзува на Диркемовскиот говор кога заклучува дека ,,тие (социологот и политологот) си обезбедуваат предмет на спознание, врз основа на конструкцијата или разграничувањето на *политичкиот факт* (курзив - AJ), кој е посматран како посебен факт различен од останатите општествено засебни факти: економски, правни, естетички, научни или чисто општествени ...``(Lefor, 2003:11).

---

автори и застапници. Ова особено се однесува на Ајрис Марион Јанг, чија теорија за **комуникативна демократија**, внесува еден нов импулс во дебата за кристализација на теоретските постулати на делиберативната демократија - дебата која се чинеше дека ја отелотворуваат само подржувачите и продолжувачите на теоретизирањата на Јирген Хабермас и Џон Ролс како две доминантни струи во дискурсот. Уште едно друго забележување на македонски автор кое би одело во прилог на разграничувањето на општественото и социјалното е текстот *Мултигрупното општество и образованието* на Проф. Младеновски. Во овој текст, Младеновски инспириран од филозофијата на американскиот учен Џон Дјуи и социолошката теорија за развој на образованието на Мекајвар се заложува за развој на ***социјално*** образование, како своевидна панацеа за потенцијалното остарување на биоценозниот принцип (принцип на немилосрдна конкуренција) меѓу групите во современите плурални општества. Следејќи го Мекајвер, Младеновски цени дека ,,социјалното образование треба да се раководи од идејата дека она што им е заедничко во едно мултигрупно општество е многу позначајно и посуштинско во однос на она што ги разделува и дека суштинска задача на образованието е да ја шири таа идеја`` при тоа истото тоа образование треба да развива свест кај индивидуите за ,,другиот`` и да ја обогатува социјалната интеракција на припадниците на најразличните општествени групи врз темелот на ``толеранцијата``. Значајно е да се забележи инсистирањето на авторот, превенцијата од потенцијалната ,,балканизација`` на мултигрупните општества, да ја нарекува ***социјално*** (а не општествено) образование кое би требало да го преземат или да се рашири низ општествените науки (види Младеновски, 2005:225-231). Под претпоставка дека социјалното и во овој случај иницира муниципиозно детектирање на што поголем број нијанси, на заедничкиот проект за успешна општествена коегзистенција, и дискурсот на делиберативната демократија со својот екстензивен репертоар на стојалишта и критики би се разјаснил во услови на испитување од ракурсот на она што се нарекува социјална а не општествена теорија (наука).

Обидот на овој социолог за доближување на социолошкиот и политолошкиот пристап во истражувањето на ,,политичките факти`` како дел од политичкото во рамките на општеството, досега до посериозни епистемолошки дилеми. Тие дилеми можат, но и не мора да резултираат со аргументација која ја поткрепува обединувачката мисија на социјалната наука односно теорија. Лефор, недоволно свесен, односно без интенција за ваква сеопфатна платформа на истражувањето, се обидува да премавне значителен јаз, кој патем речено е долго време избраздуван во општествените науки помеѓу политикологијата и социологијата (на политиката). Овој обид станува поочигледен во моментот кога нуди секторска анализа на општествените процеси, денунцирајќи го холистичкиот пристап (пред сé на социолозите), без притоа да ја поткопа општоста на очекуваните резултати:

> Политолозите и социолозите наоѓаат во овој начин на појавување на политичкото , услов за дефинирање на својот предмет и својата постапка на сознание, а да не го испитуваат обликот на општеството во кој се случува и озаконува цепењето на различните сектори на реалноста. Меѓутоа, она што како *политика* е ограничено на една епоха, и во општествениот живот има политичко значење, токму тоа значење не е посебно туку општо. (Ibid, 12)

Од друга страна пак, размислувањата на Хабермас за соодветната научна дисциплина која би била во можност интегрално да ги разгледа односите помеѓу рационалноста и општествената промена во модерното општество, него го водат кон диференцирање на социологијата од останатите ,,парцијализирачки`` научни дисциплини. Оваа ,,старомодно`` инсистирање на *дисциплинарната чистина* Хабермас го лоцира во неспособноста на одредени науки (тука ги наведува пред се политикологијата, економијата и донекаде психологијата) да ги поврзат

аспектите на рационализмот во периодот на премин од еден глобален општествен систем во друг (феудализам и распаѓање на старото сталешко општество кон капитализам и појава на индустријализиран и класно поделен) општествен систем. Тука тој се повикува на Парсонсовата шема за функциите кои во соодветните области од општествениот систем ги истражуваат различните општествени науки (економијата - економските процеси; културната антропологија - културата; политикологијата - политиката и социологијата - општествената заедница). Хабермас како доследен афирматор на критичката школа, освен што ја доживува социологијата како ,,теорија за буржоаското општество која има за задача да го објасни правецот на капиталистичката модернизација на традиционалните општества, опфаќајќи ги тука и споредните ефекти од тој процес``тој неа ја претставува и како

> ... специјализирана наука за општествената интеграција. Но не е случајно - повеќе е како симптом - што големите социјални теоретичари кои ќе ги дискутирам се во основа социолози....За последица социологијата не може, како што останатите дисциплини можат да ги потиснат прашањата на рационализацијата, да ги редефинираат или да ги скратат во помала величина (Habermas, 1984:5).

Оправданоста на истакнувањето на овие т.н. дисциплинарни и социологизирачки позиции на Хабермас, во ниеден момент на ја исцрпуваат (исто како што и не ја затвараат) позицијата на социологијата во истражувањето на современите општествени процеси. Тоа само ја потврдува антиципираната сензитивност на социолошкото учење на Хабермас, за проблемот кој подоцна добива многу правци на развој, а секој од правците кој ја губи поврзаноста со социолошките објаснувања или ***причини*** за специфичниот политички инженеринг, разултира со, не така социолошка наивност. Како што е подолу посочено,

разгледувањето на политиколошките стојалишта за конструкцијата на теоријата за делиберативна демократија, во еден дел ја открива, за жал, токму оваа наивност.

Сепак, на епистемолошко ниво, една од областите во кои се среќаваат и се надополнуваат сознанијата на политичката социологија и политикологијата, е теоријата за рационален/разумен избор (rational choice theory). Причината за актуелизирање на теоријата на рационален избор се оправдува доколку се земе предвид дека истата претставува рамка од која израснува една од двете водечки струи во теоретизирањето за делиберативниот модел на демократија - онаа поврзана со името на Џон Ролс. Според едно видување, наспроти долго време преовладувачката оценката дека теоријата на рационален/разумен избор е исклучив домен на интересирање на политичката наука[46], во последната декада од минатиот век се бележи едно забрзано „асимилирање" на дискурсот на рационалниот избор од страна на полит-социолозите. Впрочем, сега веќе е забележливо дека двете научни дисциплини споделуваат или бележат исти метанарации за општествените феномени. Меѓу најупотребуваните методи кои ги доближуваат и сообразуваат социолошките и политолошките истражувања бездруго спаѓаат: институционалниот и неинституционалниот, бихејвиористичкиот и бихејвиоралниот, неофункционалистичкиот и нео-Марксистичкиот, плуралистичкиот и неоплуралистичкиот, херменевтичкиот, постмодерниот, мултиваријантниот, историцистичкиот и споредбено-историцистичкиот (Hicks, 1995: 1219).

[46] Влијанието на оваа теорија во детерминирањето на научниот интерес, според Хикс доведе до таму, што теоријата на рационален избор некои ја користеа како главна причина за разликувањето на епистемолошко ниво помеѓу политичката наука и социологијата на политика.

Отварањето на социологијата кон теоријата на рационален избор, сепак не значи потполно апсолвирање на таа теорија во целина. Во третирањето на политичките процеси се смета дека теоријата за рационален избор имплицира постоење на два пристапи - економскиот и социолошкиот. Економскиот пристап на теоријата на рационален избор е карактеристичен за политичката наука, додека социолошкиот пристап негува една поглобална односно макро перспектива. Во однос на ова прашање, карактеристичен е ставот на социологот на политиката Александар Хикс, кој теоријата за рационален избор ја препознава исклучиво внатре политичката наука. Како што истакнува тој, појавата на овој *нов институционализам* (на рационалниот избор) ги разликува социологијата и политикологијата во однос на поставеноста кон социјалните чинители.

> Во социологијата типичниот нов институционализам тендираше да ги избегне социјалните чинители - пред се индивидуите - потчинувајќи ги на ,,институционалните правила" и ,,пишани слова", за да преку обликувањето на ритуалните и рутинските форми на однесување, ги детерминира сите дејства. Поретко, иако поскоро таа недвосмислено настојува да обезбеди простор за надгледување на дејственикот, само за да го напушти, во најголемиот број случаи слабо артикулирано и маргинализирано место. Во политикологијата новиот институционализам предвидуваше место за индивидуалниот дејственик - кое личи на главното место кое му е доделено на индивидуалниот дејственик во ортодоксната макроекономија - но тоа е така систематски направено, бидејќи го вградува индивидуалниот дејственик во институционалниот контекст. Всушност тој го нагласува *инструменталното* (курзив АЈ) однесување - претставено како полуавтономно - на рационалните индивидуи под институционална принуда. (Hicks, 1995: 1221)

Од горенаведеното, се наметнува впечатокот дека, сензитивноста на теоријата за рационален избор во однос на позицијата на маргинализираните и обесправените индиувидуи, кои немаат позначаен удел во обликувањето на политичките барања и одлучувањето во политичките процеси - што претставува централна категорија на интерес во теоријата за делиберативната демократија - е

поизразена кај политикологијата отколку кај социологијата на политика. Но доколку се земе предвид релативната застареност на ваквото тврдење (1995 год.) - карактеристично за дисциплинарните закостенувања на постарите генерации на теоретичари, станува јасно дека современите движења во социјалната наука - а кои најрељефно ги изразува еден од најзначајните современи социолози Ентони Гидинс - одат во правец на интегративен (синтетички) пристап.

Не е воопшто спорно дека при укажувањето на индивидуата како социјален дејственик и основна единица на социјалното истражување, во многу што може да допринесат сознанијата на социологијата на политика. Па дури и самиот Хикс во една статија - која ја потпишува десетина години подоцна, заедно со Томас Јаноски, и Милдред Шварц - ќе посочи на комплементарноста на теоријата на социјален избор која постои во современиот интерес и во социологијата на политиката и во политичката наука.

На графиконот кој е изложен подолу, се забележува движењето на теоријата за рационален/разумен избор, кон апсорбција од страна на социологијата на политика. Оваа наука, од оваа временска дистанца, проблематиката поврзана со позицијата на индивидуите и нивната можност за избор во современото општество ја промислува внатре дискурсот на теоријата за политички конфликт.




Графикон 1 Насочувања и пренасочувања на социологијата на политика
Извор: (Hicks et all. 2005: 6)

## 1. Критичката теорија (Франкфуртска школа)

Пред да се навлезе сериозно во анализата на придонесот на социологијата, поточно критичката теорија и франкфуртската школа врз обликувањето на теоријата за делиберативна демократија, треба да се истакне дека, едно од најсилните влијанија врз учењето за рационалниот избор а оттаму и врз теоријата за делиберативната демократија е Веберовото разликување помеѓу *формалната и супстантивна рационалност*[47]. Ова диференцирање игра огромна улога во она што авторите од критичката теорија го подразбираат како технократско или нерефлексивно размислување, кое води кон изнаоѓање на најефикасни средства за постигнување на одредени цели. Нормално, оваа рационалност критичките теоретичари ја критикуваат од аспект на разумноста. Сведувањето на општественото или политичко дејствување на чисто инструментализирање раководено од сопствениот и моментален интерес е во спротивност со разумот. Според добар дел од авторите, критичката теорија е надежта за општеството - бидејќи ги проценува средствата за постигнување на одредена цел преку примена на критериумите за највисоките човечки вредности - правда, мир и среќа (Ritzer,

[47] Овие два вида на рационалност кои се споменати во контекст на Веберовото поразложено разбирање на проблематиката на човековото поведение и мотивите за општествено дејствување, само ја невестуваат дистинкцијата - комуникативна и инструментална рационалност, која подоцна ја развива Хабермас во неговите теоретизации, но овие два вида на рационалност не се единствените за кои пишува Вебер. Тој конструира четири-карактерна типологија со цел да ја објасни природата на човековото дејствување и мотивите кои лежат позади неа. Тие четири типа се: *инструментална* (целна) рационалност (т.н. калкулативно дејствување кое ги мери однапред задоволството и цената кои треба да се платат за да се постигне целта); *вредносна* рационалност (според која дејствувањето не се заснова на инструменталност или изгледите за успех, туку е мотивирано од одредени вредности религиозни, морални, естетски итн); *афективна* рационалност (кога се дејствува според афективните, емоционални состојби) и на крајот рационалност која се темели на *традицијата* (модел на поведение кој е детерминиран од воспоставените обрасци на однесување и ценење – така од секогаш се правело) (Veber, 1968).

1997: 137). Критичката теорија, во трудовите на најголемиот број нејзини претставници, навлегува во сферата на политичката еманципација како цел на теоретизирањето, што пак споредено со горенаведеното упатување на Вебер изгледа контрадикторно, особено ако се земе предвид неговото инсистирање на вредносно неутрална наука[48]. Од друга страна пак, ова претставува еден од пресвртните моменти во кој критичката теорија и нејзиниот (според многумина) највлијателен теоретичар Јирген Хабермас со неговата *теорија за комуникативната рационалност*, истапуваат како опозит на инструменталната рационалност која ја заговараат политолозите[49]. Затоа и не зачудува оценката на Џон Драјзек дека поврзаноста и вкоренетоста на теоријата за делиберативната демократија во рамките на критичката теорија е многу спорна, особено ако се земе предвид компромисноста на критичката теорија во однос на нејзината поврзаност со либерализмот и либералната држава. Според Драјзек, зацврстувањето на теоријата за делиберативна демократија кое критичката

[48] За постоењето на претпоставената општествена ангажираност на општествената теорија како карактеристика на критичката теорија, Ташева ќе истакне ,,Според претставниците на оваа теорија (критичка теорија - АЈ) развојот на знаењето не е воден од неговата иманентна логика, односно новите теории не се јавуваат затоа што старите западнале во логички тешкотии или затоа што биле негирани од нови податоци, туку затоа што дошло до промени во општествената реалност. Општествената наука, имено е одредена од глобалната општествена ситуација. Таа се менува тогаш кога се менува самото општество. Во таа смисла тие го отфрлаат позитивистичкото стојалиште дека знаењето е инхерентно неутрално, дека луѓето можат вредностите да ги дистанцираат од својата работа, дека посебно научниците можат да градат теорија која е вредносно неутрална``(Ташева, 1999:525). Ваквата персонална инволвираност на научничкото искуство при градењето на нова теорија изгледа сосема спротивно на авторите заговорници на теоријата за делиберативна демократија од други дисциплинарни провиниенции, каде процесот на политичко одлучување иако подразбира широка рамка за учество, дефинитивно е неспоив со идеолошки или еманципаторски содржини. Покрај тоа, генералната целонасоченост на претставниците на критичката школа, растот на теоретските знаења не го поима во категориите на парадигматско мислење на научна еволуција (Томас Кун), кое меѓу другото е основа на ваквото претставување и теоретизирање на теоријата за делиберативна демократија во оваа дисертација.
[49] За разликите помеѓу комуникативната рационалност и инструменталната рационалност види во Blau 2007.

теорија може да го даде *е критичката теорија на комуникативното дејствување* (Dryzek, 2000:5).

Во рамките на критичката теорија, постоеја сериозни обиди за надминување на дисциплинарното закостенување, во полза на еден интегрирачки пристап, што само по себе подразбира своевиден предисторијат на идејата за социјалната наука (теорија). Значаен придонес во тој правец извршија стојалиштата на редица автори од оваа ориентација.. Во прв ред претходно зачнатата дебата за позиција на науката (конкретно на социологијата) најевидентно ја разработуваат Макс Хоркхајмер и Теодор Адорно кога во своето дело *Социолошки студии* (1983) каде предупредуваат на се поприсутниот сциентизам во кој „научните методи се подигнати на ниво на цел сама за себе, без притоа да се сочува неопходната поврзаност со општествената реалност, во која достигањата на науката се користи во полза на разрешувањето на секојдневните проблеми со кои се соочува човекот". Како што и самото име имплицира, претставниците на критичката школа се поставуваа критички кон многу општествени појави, процеси и феномени. За Фридман на пример, најголемиот придонес на критичката школа се очитува во нејзината екстензивна критика на културата (Friedman, 1981: 136). Херберт Маркузе во својата жестока критика на развојот на технологијата, која во излезните резултати сепак само го дехуманизира природниот простор за живеење на човекот, црпе основна инспирација за да ја критикува се поизразената и растечка формална рационалност. Оваа, навидум наивна почетна позиција на Маркузе, на крајот го доведува до заокружен теоретски систем за објаснување на постепеното

згаснување на револуционерната енергија на современиот човек и негово лишување од привилегијата да се користи со слободната волја во современото ,,еднодимензионално општество кое произведува луѓе на една димензија``[50].

Од друга страна, пак, дел од претставниците на оваа школа демонстрирале забележителни напори за интердисциплинарно истражување на општествените процеси. Од тие напори современите социолози можат да пронајдат основа за развивање на идејата за социјална наука. Во своето дело *Дијалектика на просветителството*, Макс Хоркхајмер и Теодор Адорно уште во триесеттите години на минатиот век се залагале за ,,комбинирање на философското и научното``. Од ова произлегло *критичко социјално истражување* - кое би почивало на интегрирање на философијата и различните научни дисциплини во т.н. ,,интердисциплинарен материјализам``(Horkheimer and Adorno,

[50] Постои еден момент од теоретскиот опус на Херберт Маркузе, кој содржи импулс односно инспирација врз која можат да се накалемат подоцнежните социолошки придонеси кон развојот на теоријата за делиберативна демократија но и: феминистичката акција за признавање на социјалната перспектива како хендикеп и државните политики за признавање на различноста. Овие во не така дамнешното минато станаа мода за социолозите кои го осмислуваа мултикултурализмот и концептите за вклучувачка граѓанственост. Иако секој посериозен читач на неговите дела не може на Маркузе да му приговори за шизматичност во однос на неговиот учител Маркс - особено во делот на посветеноста кон постојаноста на револуционерниот импулс како неопходност за менување на дехуманизираните услови за живеење во формално-рационално оптеретената реалност - сепак постои еден дел, кој позицијата на Маркузе за социјалниот колективен дејственик-револуционер го разликува значително од најголемиот дел на марксисти и постмарксисти-структуралисти. Имено репресивноста на развиеното индустриско општество врз слободната волја на индивидуите, Маркузе смета дека нема да ја порази развиената класна свест на пролетеријатот (кој во негово време како основен социјален двигател на промената и прогресот, веќе ги изневерил примордијалните цели кон револуцијата) туку здружената општествена акција на маргинализираните општествени групи, малцинските културни заедници, етнички групи и жените, додека на глобалната сцена таа улога ќе ја одиграат земјите од третиот свет (1964). Ова всушност претставува точката во која се транстемпорално се пресекуваат Маркузеовите еманципаторско-месијански повици насочени кон студентите, хомосексуалците, лезбејките, самохраните мајки, интелектуалците со постмодерните, поточно феминистичките ракурси за општествената улога на она што една од најпознатите претставнички на овој правец го именува како ,,субалтерна контрапублика`` (за подетална разработка на оваа идеја види подолу во теоретските стојалишта за делиберативната демократија на Ненси Фрејзер).

1972)[51]. Воочувањето на ограниченоста дури и на самата философија (која во најголемиот дел дефиниции е претставена како сеопфатен светоглед за разлика од предметно детерминираните науки) од страна на овие автори, само ја потврдува долго присутната тенденција за синтетички пристап на комплексните општествени процеси и појави во рамките на теоретските расправи. Затоа и различните аспекти на теоријата за делиберативната демократија можат најдобро да се претстават во вид на мапа, во рамките на социјалната теорија.

Математичноста и индивидуалноста како битни одредници на теоријата за рационален/разумен избор, но и насоки на идниот развој, во политичка наука навлегоа последниве години како резултат на наокласичната економска мисла, сѐ поизразената пазарна ориентација на општеството, како и неокласичните и антивладините чувства кај добар дел од граѓанството. Но и самата социологија - конкретно социологија на политиката - веќе има усвоено цел сет поими и категории кои до неодамна беа исклучиво поимен репертоар на економската наука, па така денес се почесто во социологијата се зборува за: човечки, социјален или културен капитал (Hicks et all. 2005:11). И покрај сето наведено погрешно би било, доколку интересот за изборот на индивидуата како централен дејственик на општествената сцена, се сфати како нов епистемолошки домен на социологијата на политиката.

[51] Иако мора да се нагласи дека во двата тома на *Теоријата за комуникативно дејствување*, Јирген Хабермас портретира значително поразлични позиции кон критичката теорија, од добар дел на претставници на франкфуртската школа од 40 тите години на минатиот век, меѓу нив и од Хоркхајмер и Адорно (види го предговорот на прviот том на Томас Меккарти).

Редица автори сметаат дека во социологијата на политика постои една истражувачка традиција која може да се смета за пандан на теоријата на рационален избор во политичката наука. Најчесто неа ја препознаваат во *микро пристапот на теоријата за размена*, поврзана со работата на Георг Зимел, Џорџ Хоманс, Питер Блау и др. Основите на (микро)теоријата на социјална размена претставуваат дијади и тријади кои моќта ја темелат на очекуваните награди од размената (на пр. пари, одобрение, почитување и согласност) потоа начела на раципроцитет и фер размена, и на крајот верување дека врамнотежените размени во една сфера настојуваат да создадат нерамномерност во друга (Hicks et all. 2005:11). Не е тешко да се претпостават аналогиите со дискурсот на делиберативната демократија, каде слично на социолошките анализи за социјалната размена, се разгледуваат позицијата, можностите и изгледите на секоја (па дури и крајно социјално маргинализирана) индивидуа за ефективно учество во креирањето на демократската политика, рамнотежата помеѓу ангажманот и привилегијата, помеѓу извршувањето на целиот корпус граѓански должности и можноста за обликување или влијаење врз процесите на политичко одлучување. Па така, Ричард Емерсон заедно со неколкумина други, развиваат социолошка микротеорија за моќта која се базира на степенот до кој еден социјален дејственик зависи од друг (Emerson, 1976).

Дури и повеќе од тоа, доколку се земе предвид дека ценкањето или преговарањето се составен дел од теоријата за рационален избор[52], не зачудува

[52] Неколкумина политиколози-теоретичари на рационалниот избор, сметаат дека оваа теорија подразбира модел на мултилатерално преговарање (ценкање) кое вклучува учесници кои припаѓаат на различни општествени групи (класи, раси, етницитети, родови, региони, вери и т.н.).

обидот кај некои социолози да создадат сопствена социолошка теорија за преговарање која се темели на моќта што ја има групата во општеството (Bacharach and Lawler 1981). И покрај тоа што пенетрацијата на теоријата на општествена размена во социологијата на политика ни оддалеку не беше во онолкав обем, колку што пенетрираше теоријата за рационален избор во политичката наука, некои автори сметаа дека втората има поголеми изгледи да стане дел од истражувачкиот репертоар на социологијата на политика[53]. Допирните точки на социологијата на политика со теоријата на рационален избор се зголемуваат и преку истражувањата на општествените движења започнати уште со трудовите на францускиот социолог Ален Турен, а денес преку текстовите на Џон Медеарис се поврзуваат и со истржувањата на делиберативната демократија (односот и взаемнодејството на општествените движења и делиберативната демократија се предмет на едно од следните поглавја).

Како што беше и претходно назначено, истражувањето на делиберативната демократија тргнува од претпоставката дека одредени општествени и политички феномени, појави и процеси стануваат толку комплексни и толку контроверзни за истражување, што детерминирањето на нивната природа како исклучиво филозофски, исклучиво социолошки, исклучиво политолошки или друг научно-

---

Ваквото преговарање е различно од досега претпоставуваното „статично преговарање" (кога барањата се поставуваат во рамките на двопартискиот систем) и прифаќа преговарање кои се одвива преку соработка, со кои дадените проблеми се решаваат (или се понудуваат алтернативи за решение) од многу различни перспективи (Heckscher 1996; Fischer and Ury 1981). Дури се оди дотаму што генезата на ваквиот вид на преговарање се препознава и во одлуките на супранационалните тела и организации како што се ЕУ, НАФТА и сл.

[53] Дека прифаќањето на теоријата за рационален избор од страна на политичките социолози нема да оди толку лесно, колку што се претпоставуваше, зборува и фактот за критиката на политичките социолози кон оваа теорија. Во најголем дел критиката се однесува на тоа дека таа се заснова на неизвесната рационална, понекогаш и хиперрационална теорија за човековото однесување.

дисциплинарен предмет на истражување, би значело осиромашување на пристапот. Редица појави и движења во современиот глобализиран свет (меѓу нив и развојот на демократијата и демократските процеси) едноставно изискуваат или претпоставуваат мултидисциплинарен пристап и употреба на методите на најразлични научни дисциплини. Затоа и пристапот кој тука се користи при истражувањето на современиот развој на демократијата - посебно појавата на теоријата за делиберативна демократија - и припаѓа на т.н социјална наука или социјална теорија. За да се избегнат недоразбирањата вреди уште еднаш да се потенцира дека социјалната теорија е далеку поопшта и од социолошката и од политиколошката теорија односно наука. Нејзиниот пристап овозможува користење на методи, пристапи и научни генерализации до кои дошле партикуларните научни дисциплини.

Кога станува збор пак, за определувањето на социологијата на политика, како поддисциплина на општата социологија и една од многуте општествено-научни пристапи кон политиката, се чини дека преовладуваат оценките дека differentia specifica во однос на политикологијата или политичката филозофија е токму емпириската насоченост на нејзините истражувања и генерализиции. Овој став го споделува и Кејт Неш која е една од ретките современи социолози кои ,,зборуваат" за неопходноста од нормативно третирање на демократијата во современото општество (Neš, 2006:245). Според Неш, современите толкувања на демократијата како нормативен идеал, во социологијата на политиката се повеќе израснуваат од критиката на ефикасноста и оправданоста на ,,реално постоечките" либерални демократии. Токму во овој момент, како што акцентира

Неш, современата социологија на политика може да исчекори од делокругот кој со децении и беше доделуван – а тоа е „истражувањето на емпириските услови во кои моќта се остварува или сузбива" (Ibid, 245) – и преку концептуалната анализа и нормативните објаснувања, да навлезе во доменот на науките кои во исто време се емпириски, но и нормативни. Како потврда за ова служи и нејзиниот фокус на трите алтернативни (нови) модели на демократија, на кои им посветува скоро 50 страници од нејзиниот учебник за *Социологија на политика*[54].

Меѓутоа, освен лоцирањето на социолошките интересирања за најновите теоретски струења за демократијата, интенцијата тука, теоријата за делиберативна демократија да се истражи и прикаже преку призмата на социјалната наука, води кон утврдувањето на основните координати по кои е можно да се движи овој модел, а во рамките на една супернаука со нормативна поставеност.

Еден од тие координати, или подобро кажано дилеми и прашања на социјалната наука денес, е дали таа се темели врз исклучиво позитивистички стојалишта – со што се обидува да ги интернализира логиката и протоколот на природните науки, или таа ќе си дозволи одредени интерпретации кои оставаат простор за нормативна компонента. На ова, но и на неколку слични прашања се обидуваат да одговорат Ентони Гиденс и Џонатан Тарнер, со што воедно ги поставуваат и контурите на социјалната наука како посебна научна дисциплина (Giddens and Turner, 1987). За разлика од социологијата, која се стреми во својата

[54] Во својот осврт од последното поглавје на нејзината книга, Неш, се задржува на теоретските модели на Јирген Хабермас (делиберативна демократија), Ернесто Лакло и Шантал Муф (радикална демократија) и Дејвид Хелд (космополитско демократско уредување), најавувајќи ги како нови модели на демократија кои нудат едно освежувачко и критичко поставување во однос на застарениот Шумпетеров модел на компетитивен елитизам (Neš, 2006:245-307).

позитивистичка ориентација да биде посветена на изнаоѓањето на „сеопфатни закони" во општественото преку аксиоматски дедуктивни системи, социјалната наука не може да ги следи одликите на природните науки, најмалку барем сознанието дека дејствениците (или актерите на социјалната сцена како предмет на нејзино истражување) можат, и најчесто ги менуваат насоките на своите дејствија, како и облиците на општествената организација (Ibid, 6).

Но, можеби најблиска определба на социјалната наука, која се надоврзува на интенцијата на ова истражување на делиберативната демократија, е она на Имануел Волерстин, кој социјалната теорија (наука) ја определува како „рамки" каква што е анализата на светските системи. Вака замислена социјална наука, осврнувајќи се на релативно вечни теми како што се филозофските категории *простор* и *време*, овозможува проникнување во логиката на динамиката на општествените процеси (Wallerstein, 1987:309-324). На тој начин се избегнуваат и релативно јаловите расправи за партикуларистичката, односно универзалистичката мисија на социјалната наука.

Уште еден од предизвиците на кои треба да одговори социјалната наука, претставува премостувањето на микро и макро закостенувањата на пристапите. Во тој поглед се чини дека методолошката платформа на Џорџ Хоманс нуди најзадоволително решение, а тоа се однесува на „редуцирањето" на институциите на општеството, на индивидуалните поведенија (види Homans, 1974)[55]. Ова влевање во дедуктивниот модел на истражување и изведување

[55] Но мора да се нагласи дека во основата на мотивацијата за ваквата поставеност на социјалната наука, односно теорија, кај Хоманс стои обидот да се задржи формално-дедуктивниот карактер на науката, за кој верува дека може да го извлече во овој случај од аксиоматаските системи на психологијата. Без разлика на ова напуштање на индуктивната логика на социјалната наука, вреди

заклучоци, сепак не го споделува и Џонатан Тарнер, за кого социјалната наука не може да ги менаџира општествените односи или да обезбеди контрола на експерименталните услови, што е предуслов за аксиоматска теорија. Наместо тоа, Тарнер нуди ,,креативна игра помеѓу апстрактни закони и аналитички модели, која шематски ја претставува сложеноста на причинско-последичните врски" (Turner, 1987:156-194). Овој негов обид го доближува до дел од стојалиштата на Ентони Гиденс, а тоа нивно созвучие на иста фреквенција најочевидно е во нивната изјава дека ,,социјалната теорија е во интелектуално ферментирање (social theory is in intellectual ferment")(Giddens and Turner,1987: 10)[56].

Од друга страна, пак, надополнувањето на емпиријата и теоријата подразбира и взаемна упатеност на резултатите од социјалните истражувања и филозофските расправи. Интердисциплинарноста на пристапот при истражувањето на основните постулати и развојот на делиберативната демократија претставува еден од типичните примери на домен, во кој неизбежно се комбинираат социолошкиот и политиколошкиот интерес. И во двете научни дисциплини постои релативно жив интерес за лоцирање на основниот дејственик на социјалниот односно политичкиот живот. Меѓу едно од фундаменталните прашања и проблеми кои настојува да ги реши делиберативната демократија претставува и непристрасното и прецизно лоцирање на основниот актер во процесот на изнесувања политички

да се одбележи интердисциплинарноста и позајмувањето на пристапите од различни науки при истражувањето на една конкретна појава или процес во општеството.

[56] Скоро две и пол децении по оваа изјава на Гиденс и Тарнер социјалната наука сеуште претставува фермент кој би требало да изнедри платформа за истражување на општествени појави и процеси, чија феноменологија излегува од рамките на фокусот на само една научна дисциплина, и освен што подразбира интердициплинарен пристап, исто така, најчесто и изискува индуктивно водена постапка на научно-истражувачкиот процес.

барања и носење на политички одлуки: дали тоа е (и треба да биде) елитата или (и) маргинализираната индивидуа.

Интегративистичката природа на социјалната теорија исто така е од голема полза при портретирањето на *социолошкиот* проект за комуникативна рационалност на Јирген Хабермас и *полит-филозофскиот* ракурс на теоријата за моралноста на Џон Ролс, како две главни но взаемно различни струи на теоријата за делиберативна демократија[57]. Помирувањето и вглавувањето во рамките на еден ист дискурс, на овие два дисциплинарни пристапи, може да претставува сериозен проблем, доколку не се земе предвид синтетичноста на социјалната теорија.

Доколку се прифати дека досегашните елитистички и плуралистички неоплуралистички и корпоративистички теории (особено консоцијативната) за демократија се негувани во рамките на традицијата на либералниот конституционализам, не зачудува фактот дека делиберативната демократија во еден значаен дел се смета за чедо на критичката теорија. Подразбирајќи ги под угнетувачки сили, пред се политичките и владини елити, критичката теорија настојува да ја истакне прогресивната еманципација на индивидуите.

[57] Точката во која можеби најизразено се поклопуваат двете најзначајни струи во теоријата за делиберативна демократија претставува потрагата по заеднички именител кој би им обезбедил почва за утврдување на авторитет и легитимност. Според Ролс тоа е разумноста (моралната теорија) според Хабермас тоа е комуникативната рационалност. И во двата случаи може да се забележи остратата поделба помеѓу ,,чист договор" и ,,рационален консензус". И двајцата автори сметаат дека во институциите на либералната демократија може да се пронајдат идеализирана содржина на практична рационалност (Mouffe, 2000: 4).

## 2. Теорија на рационален избор (Вирџиниска школа)

Претходните референци на теоријата на рационален избор можат само да ја изострат разликата помеѓу социолошкиот и политолошкиот приод кон заедничкиот предмет на интерес. Сепак, тоа без сомнение подразбира и еден мал вовед или пресек на самата теорија на рационален избор.

Теоријата на рационалниот/разумниот избор е дел од пошироката, наречена теорија на јавен избор. Во значаен дел оваа теорија и должи на достигањата на пост-воената англо-американска економска теорија. Сметана од многумина како аналитичко средство, теоријата за рационален/разумен избор е дел од формалната политичка теорија развиена во т.н. Вирџиниска школа, според која можно е да се овозможи увид во активноста на гласачите, лобистите. бирократите и политичарите, исто како и на државите во рамките на меѓународниот систем[58].

Оваа теорија за свој директен претходник го смета утилитаризмот, додека од политичките дејственици кои ревносно ги прифатија нејзините теоретски стојалишта и ги имплементираа во своите јавни политики се издвојуваат партиите на новата десница. Се смета дека, базата, поточно основниот фонд на сознанија на теоријата на рационалниот избор кои навлегоа во политичките и социолошките теории претставува учењето на Ентони Даунс познато како *економска теорија за демократија*.

[58] На овој начин се покажува дека теоријата на јавен избор, оттаму и теоријата на рационален избор, оперира на микро и макро рамниште, што претставува еден обид за синтеза на повисоко епистемолошко ниво, за кое се смета дека го опфаќа социјалната теорија.

Даунс заедно Мансур Олсон (1971) и Вилијам Ниескамен (1971) сочинуваат јадро на истражувачи на натпреварувањето на партиите, однесувањето на интересните групи и влијанието на бирократите врз политичкиот процес, од чии истражувања се појавува и т.н. *институционална теорија на јавниот избор* (Hejvud, 2004:34)[59]. Од овие истражувачки проблеми, во прв ред се посочува стојалиштето за безалтернативната егоистична природа на човекот како најзначаен импулс во стапувањето во меѓучовечки односи. Тоа за Даунс е солидна основа да ги претстави луѓето како надидеолошки, прагматични дејственици, кои во политичкиот процес влегуваат на потполно ист начин како што тоа го прават и на пазарот и сличните купопродажни опкружувања - лишени од проекции, планирања и свест за заедничко добро. На тој начин, победничката партија на изборите има легитимитет да тврди дека нејзината политика е

[59] Овој пристап истражувачите од политолошката провиниенција го користат и во рамките на теоријата на игрите, која во нивниот случај подразбира далеку поголема математичка основа отколку економска. Во социолошките теории, истражувачкиот пристап во рамките на теоријата на игрите е недоволно развиен и претставува еден од подвидовите на бихејвиоралната парадигма. Од друга страна, пробивот на теоријата на рационалниот избор, во работата на социолозите е најзабележлив во поврзувањето на истражувањето на микро и макро феномените кај Мајкл Хечер. Во центарот на неговиот напор за поврзување на микро и макро пристапите се наоѓа интересот за откривање на нивото на влијание кое го имаат нормативните и структурните феномени во ограничувањето на индивидуалниот избор. Движејќи се од микро кон макро нивото на анализа, Хечер во текстот *Микрооосновите на макросоциологијата*, тргнува од претпоставката дека личните цели и преференци се однапред дадени и утврдени па оттаму актерите мораат да направат избор од дадените алтернативи со што самиот тек на општествено дејствување добива рационален карактер (Hechter, 1983: 8). Подоцна неговите идеи го доразработува Дебра Фридман, која во фокусот на својот интерес вклучува поширока палета на конкретни општествени ситуации во кои го истражува процесот на рационално избирање, како што се работничките калкулации за уделот на наградата и цената која треба да се плати во штрајкот со структирните фактори како што се на пример, пазарот на труд, профитот на претпријатието и сл. Поразвиениот облик на интегриран пристап во Фридман кој ги комбинира факторите на постапката на избор е опишан во нејзинот труд „*Зошто работниците штрајкуваат: Индивидуалните одлуки и структурните ограничувања*`` (1983). Стојалиштата на овие автори се ретко или скоро воопшто не се цитирани од страна на политолозите-заговорници на делиберативната демократија во подоцнежната дебата, што укажува на нивото на запознаеност со достигањата во социолошката теорија.

најблиска до интересите на најголемата група на избирачи (Downs, 1957)[60]. На вака претставениот процес на гласање можат да му се упатат неколку забелешки. Прво, типот на ирационално поведение во рамките на кое индивидуите гласаат за одредена опција заради ирационални мотиви (навика, углед на партијата, општествена условеност и сл.) второ, изборните резултати можат да бидат обременети со т.н. ,,проблем на транзитивноста`` (Arow, 1951) според што, изборниот резултат не ги хомогенизира гласачките преференци на гласачите, а најмалку во случајот кога им се нуди можност за гласаат за повеќе опции или да гласаат за кандидати, а не да имаат право на само еден глас[61]. За разлика пак, од теоријата на рационален избор, теоријата на јавен избор, почива на стојалиштата на неокласичната економија и во суштина се интересира за рационалниот самизаинтересиран дејственик кој се труди да дојде до јавните добра ,,кои ги обезбедува владата, а не лазарот``. Притоа, користа од нивното поседување не може да им биде одземена од незаинтересираните дејственици кои одлучиле да

[60]Постои една работа која во политичката наука ја доближува, односно ја дополнува теоријата на рационалниот избор а тоа е моделот на рационален избор како теорија која го објаснува гласањето. Хејвуд идентификувајќи четири теории на гласање (модел на партиска идентификација, социолошки модел, модел на рационален избор и модел на доминантна идеологија) овој модел го изделува од другите како модел кој е најмалку идеолошки оптоварен, односно теорија која изборното поведение на индивидуите го објаснува со крајно инструменталниот однос при постигнувањето на целите, при што гласачите се купувачи кои избираат од понудените изборни опции. Како такво, гласањето е исклучиво рационален чин. За разлика од овој модел, социолошкиот модел повеќе внимание посветува на односот, односно поврзаноста на социо-економските детерминанти на индивидуата со неговите политички преференци. Иако на ваков начин не се истакнува во преден план идеологичноста на моделот, семејната, економската и општествената припадност на актерите ја потврдува психолошката поврзаност со партијата, со што квалитативно го разликува од моделот на рационален избор (види Hejvud, 2004:456-7).

[61] Постои тенденција во современите политолошки расправи, овој проблем да биде надминат со т.н. отворени кандидатски листи, што иако го проширува потенцијалот за екстензивен пристап кон креирањето на политики и политичко одлучување, сепак суштински ова решение останува во категоријата на агрегативни изборни инженеринзи, поради препознатливото групирање и делегирање на политичките преференци.

не придонесуваат за тоа јавно добро (пример за вакво нешто е јавната дебата за чистиот воздух)[62].

Во последните декади од минатиот век во социологијата е забележана тенденција за акомодирање на оваа теорија во т.н. нов институционализам преку кој се препознава новата социолошка теорија за рационалниот/разумниот избор. Социолозите Едгар Кисер и Шо Болдри, сметаат дека оваа теорија има многу што да и понуди на современата социологијата на политиката. Тие во нивниот приказ за развојот на оваа теорија значително се одделуваат од оној на неокласичните економисти[63]. Корените на социолошкиот интерес за теоријата за рационалниот/разумен избор според овие автори допираат до стојалиштата на Макс Вебер, додека сличноста со аналитичкиот марксизам - правец кој во последниве години го протежира Џон Елстер, ги навел да ја именуваат оваа традиција во социолошките теории, како *Аналитички веберијанизам* (Kisser and Bauldry, 2005: 172).

[62] Во различни типологии стојалиштата на Кенет Ероу се нарекуваат под различни називи. Едни ја нарекуваат теорија на јавен избор, други теорија на социјален избор, но сепак од суштинско значење е содржината на неговата теорија. Ероу ја негира можноста дека постои механизам кој успешно би ја надминал бездната која стои помеѓу преведувањето на индивидуалните интереси во форма на агрегатно претставување, кој би ги задоволил интересите на индивидуите, доколку претходно не ги задоволи следниве пет услови, односно критериуми. Прво, тоа е критериумот на едногласноста - секој спротивставен индивидуален избор, би требало да се апсорбира во изборот на колективот. Второ, одбегнување на диктаторски пристап - Трето транзитивност - илустративно овој критериум се прикажува на следниов начин: доколку колективот го преферира А во однос на Б, а Б во однос на В, тогаш А би требало да ја преферираат во однос на В. Четврто, се однесува на обезбедување на неограничен терен како место за политички натпревар, и подразбира слобода од ограничување за индивидуите да избер било која од расположливите алтернативи и петто, независност на нерелевантните алтернативи, илустрација на овој критериум е загарантираниот статус на изборот на колективот во случај да ја изберат А наместо Б алтернативата, и при овој избор воведувањето на алтернатива В не би требало да ги наруши искристализираните избори (преземено од Dryzek, 2000: 34-35).

[63] Во редот на авторите кои пишуваат и го развиваат социолошкиот пристап кон теоријата на рационален избор, авторите ги вбројуваат Hetcher, 1987; Hetcher and Kanazawa, 1997; Brinton, 1988; Levi, 1988, 1997; Coleman, 1990; Kiser, 1994; 1999; Adams, 1996; Brustein, 1996; Boudon, 1982, 1996; Lindberg, 1989; Brinton and Nee,1998.

Тргнувајќи од Будоновите видувања на *мотивите и целите* на индивидуалното дејствување (што само по себе го нагласува придонесот на методолошкиот индивидуализам кон теоријата за рационалниот/разумниот избор) социолошката теорија за рационален/разумен избор прави остра поделба помеѓу мотивите и целите и моделите или контекстите на услови во кои се изведуваат овие индивидуални дејствувања[64].

Од првичниот увид на оваа литература се забележува една терминолошка различност во однос на Хабермасовиот поимен инструментариум. Така што, она што кај Хабермас е познато како *стратешко и комуникативно дејствување* кај социолозите - припадници на теоријата за рационалниот избор е познато како *инструментално (консеквенталистичко/последично) дејствување и непоследично (неконсеквенталистичко/ненамерно) дејствување,* кое тие го поврзуваат со конкретни вредности или емоции. Постојат најмалку две причини поради кои инструменталното дејствување е сметано за добра основа за микро-теоретски пристап. Прво, тоа е најмалку двосмислено и е најразбирливо за анализирање и второ, произведува јасни емпириски показатели (Kisser and Bauldry, 2005: 173). Сепак, идентификувајќи ги посериозните пукнатини во

[64] Интересно е да се посочи дека со површна библиографска анализа на позначајните дела на припадниците на социолошката теорија за рационален избор не постои упатеност (без разлика дали е тоа во вид на критика или надополнување) на стојалиштата на Хабермас за комуникативното дејствување, позициите на индивидуалните дејственици во текот на креирањето на политиките и одлучувањето за прашања од јавен интерес. Во тој поглед, интенцијата на трудот механички да ги прикаже одделно двете дисциплинарни позиции за развојот на теоријата за делиберативната демократија, значително ќе ја зголеми истражувачката линија на аргументирање, иако интересот на посочените социолози ретко ги покрива стриктно областите на инженерингот на политичко одлучување, додека најзначајните автори во дискурсот за делиберативна демократија (претежно политички научници) скоро никогаш не се повикуваат на овие стојалишта при градењето на своите позиции.

теоријата за рационалниот/разумен избор, социолозите се обидуваат да ги пополнат со свои теоретски интервенции.

Една од таквите потешкотии ги има лоцирано Имре Лакатош. Таа се однесува на давањето неопходни објаснувања во централното јадро на теоријата, заради надминување на аномалијата околу идеално-типската перцепција на теоријата. Или попрецизно, прво да се испита природата на социјалните ограничувања кои ги ограничуваат актерите во нивното јавно дејствување и освојувањето на јавните добра - контекст кој го детерминира моделот да биде операционален само на конкретни случаи во текот на анализата и второ, реалната можност да се испитуваат погрешни случаи (Lakatos, 1978). Следните проблеми и дилеми кои се обидуваат да ги подобрат или разрешат припадниците на оваа традиција се поврзани со кристализацијата на целите и мотивите за инструментално дејствување или рационалност[65]. Тоа од друга страна, пак, не ја исклучува и можноста од погрешно толкување и проблематичност на самата инструментална рационалност.

Аналитичарите имаат сериозен проблем да ги прецизираат моделите на цели според кои се поставуваат индивидуите на јавната сфера. Со цел да дадат одредена рамка за аналитичко следење на оваа проблематика Вејнгаст и Моран (секој одделно Weingast, 1984; Moran, 1985) конструираа идеолошки индекси на Конгресот како целост. Иако овие обиди за идеолошко или содржинско

[65] Тука мора многу да се внимава на јазикот кој се користи при опишувањата на споменатите стојалишта. Најверојатно употребата на синтагмата *инструментална рационалност* е дело на аналитички и класификаторски настроен социолог - какви што се очигледно Кисер и Болдри. Не е исклучена и можноста, аналитичкиот дух на текстот во кој се следи развојот на социолошката теорија за рационален избор да биде главна причина за Веберовата реминисценција на инструменталната рационалност.

збогатување на процесот на политичко одлучување овозможуваат методолошки потенцијал за следење на деталните политички преференци - тие во социолошката традиција на теоријата за рационален избор се сеуште ретки.

Комбинацијата на микро и макро пристапите, ја прават *социолошката* теорија за рационален избор, теорија на триангулативна анализа. Назначајни примери за ова се работата на Колеман (Coleman, 1986), Фридман и Хечер (Friedman and Hetcher 1988) Пржеворски (Przeworski, 1985) Елстер (Elster, 1985) (Adams, 1986) и други, кај кои е забележлива синтезата на сознанија и од другите полиња на социолошката анализа - пред се теоријата на мрежи, марксистичката економија и веберовите идеални типови.

И покрај се една од најголемите проблеми за натамошниот развој на оваа традиција во социолошките теорија претставува неспособноста заедно да се вклучат во сеопфатна анализа институциите, културата и историјата (Kiser and Bouldry, 2005: 173)[66].

[66] Подоцнежниот развој на анализата на рационалниот избор, во социолошката теорија е поврзан со теоријата на колективното дејствување (колективна акција) на Мансур Олсон (Olson, 1965). Основната теорема на Олсон почива на сфаќањето дека кога јавните добра не се недостапни и се карактеризираат со заедничко обезбедување на истите (во случај кога искористувањето на јавното добро од страна на еден член не ја загрозува употребата на тоа добро од страна останатите по количина и по достапност) тогаш луѓето слободно ги земаат своите потребно количини и нема да останат неснабдени. Едно од првите модификации на Олсоновата теорија доаѓа од теоријата на игрите. Многумина го напуштаат моделот на Олсон т.н. *дилемата на единствениот избор на затвореникот* (one-shot prisoner's dilemma) со модели како што е повторена игра (repeat game) (види Axelrod, 1984 или различни видови на игра (different types of game) (види Taylor, 1976) во објаснувањето на мотивите за рационалното дејствување. Други автори се обидуваат да го надминат јазот во интегрирањето на различните сфери при истражувањето преку теоријата на рационалниот избор и тоа го прават со вклучување на повеќе културни елементи како норми, вредности и заендички информации за преференците на другите (Chong, 1991; Opp et all., 1995 Kuran, 1995) преземено од (Kiser and Bouldry, 2006:181).

Одредени автори и класификаторите на социолошките и политичките теории, ја изедначуваат теоријата на рационален избор со теоријата на социјален избор. На методолошко па дури и на епистемолошко ниво, помеѓу овие две теории постои значајна разлика, која придонесува за мунициозно третирање на поставеноста на индивидуите на општествената сцена. Џон Драјзек, оваа разлика ја лоцира во постоењето на бихејвиористички односи во целиот процес на ,,размена``. Имено, кај теоријата на рационалниот/разумен избор постои стратешко однесување на индивидуите во постигнувањето на целите, додека во теоријата на социјален избор, оваа однесување или е незабележливо (не е вредно за интерес) или воопшто не постои. Според теоријата на социјален избор, индивидуите се заинтересирани само за ,,логичките соодветности и нормативната пожелност на алтернативните механизми како системи на гласање, агрегирање на индивидуалните преференци со колективни одлуки (Dryzek, 2000:33)[67].

Исклучок од ваквото претставување на основните начела на теоријата на социјален избор, се Бренан и Ломаски (1993) кои во својата сега веќе етаблирана теорија за социјалниот избор, тврдат дека индивидуите, и покрај се, нема да се однесуваат стратешки на изборите, пред се поради тоа што на изборите во кои учествуваа огромна бројка на гласачи, индивидуалниот интерес не е одлучувачки, а политичките преференци на граѓаните имаат ,,експресивен`` карактер – односно тие зависат од контекстот и публиката. Индивидуалниот интерес и го отстапува

[67] На ова место може да се потенцира дека во еден дел од теориите за социјален избор постои критика кон теориите за рационален избор поради можноста од стратешка манипулација со ранливите механизми за агрегирање на интересите.

местото на агрегацијата. Но и покрај ова сеуште е присутен проблемот со агрегација преземен од теоријата за рационален избор[68].

Тоа не води кон елементите кои ги споделуваат теорите за рационалниот/разумен и социјален избор. Во прв ред, и едната и другата теорија наспроти стојалиштата на најголемиот број заговорници на теоријата за делиберативната демократија, претпоставуваат дека индивидуалните преференци не се менуваат во процесот на општествената или политичката интеракција. Но, она што веројатно е најзагрозувачки по ткивото на теоријата за делиберативна демократија доаѓа токму од теоријата на социјален избор и се однесува на ставот дека теоријата за социјален избор не почива на ниту една посебна претпоставка за дадено однесување, без оглед на разликите во политичките преференци (Dryzek, 2000:34).

Основните начела на теоријата на рационалниот/разумниот избор, иако имаат недвосмислено економски (или поточно математички) карактер успешно ги преведува во политичката наука политичкиот филозоф - Џон Ролс во неговото дело *Политички либерализам* (1993). Неговите поставки се прикажани подолу со намера да ги скицираат основите на политолошкиот придонес во развојот на теоријата за делиберативна демократија.

[68] Поточно во согласност со претходно изнесените сознанија за алтернативните поаѓалишта на различни претставници на оваа школа, можеби е попрецизно да се зборува во множина за теории за социјален избор.

## ГЛАВА III. НАЈЗНАЧАЈНИ ПРЕТСТАВНИЦИ И ОСНОВНИ ТЕОРЕТСКИ ПОСТУЛАТИ НА ТЕОРИЈАТА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА.

Пред да се назначат основните контури кои се заеднички за заговорниците на делиберативниот модел на демократија, треба да се одбележи, дека суштината на овој вид политичка практика претставува директното учество во креирање на политичките решенија. Освен делиберативната демократија која веќе е заокружена во форма на теоретски модел, постојат и некои други форми на директно учество на граѓаните во политичкиот процес. Иако постои преклопување во формата на овие методи и делиберативната демократската практика, постојат значителни квалитативни разлики кои последнава, сепак ја прават sui generis како методолошки така и епистемолошки.

Најголем дел од размислувањата за современите облици на непосредна демократија ги наведуваат следниве постапки: ***плебисцитот*** како (заради) консултирање на граѓанството за одредени мерки како што е потпишување и ратификување на меѓународен договор или делегирање на дел од суверенитетот; ***референдумот*** најчесто се спроведува за да потврди или отфрли дел од сегашни или идни уставни решенија во вид на амандмани; ***иницијативата*** како стратегија преку начесто пишана форма (петиција) да се влијае врз конкретен законодавен проект и ***отповикувањето*** преку кое согласно исполнувањето на соодветен праг на поддршка се отповикува од јавна функција одредена личност.

Без оглед на карактеристиките кои овие облици или методи на директно учество во процесот на политичко одлучување можат да ги добијат согласно политичката култура и демократската традиција, постои една константа која

квалитативно ги одделува од делиберативната демократија. Се работи за моментот или секвенцата на остварување на зададената цел, која во овие случаи за разлика од постапката за делиберација, го детерминира политичкото поведение, кое најчесто завршува по остварувањето или неуспехот на целта. Овој елемент на директна демократија упатува на инцидентноста на природата на овие методи, и многу се разликува од делиберативната демократија, каде целата постапка има подолгорочна и процесна претпоставка. Во тој правец, можно е да се констатира дека делиберативната политичка практика не зависи од исходот на конкретен политички проект, и многу често во текот на советувањето, оправдувањето и убедувањето добива циклична односно дијалошка форма[69].

[69] Освен овие на прв поглед најочигледни квалитативни разлики помеѓу плебисцитот, референдумот, иницијативата и отповикувањето од една и делиберативната демократија од друга страна, одредени автори и критичари на агрегатниот начин на политичко одлучување, забележуваат дека овие форми на непосредна демократија многу често биваат злоупотребени од страна на моќните диктатори и властодршци, кои преку суптилните средства на убедување на масите, уживаат значителен легитимитет за морално сомнителни потези или проекти. (види на пр. Nino, 1996:148). Делиберативната демократија сфатена од професорот Нино, како епистемичен поглед на демократијата подразбира подолготраен и издржан процес на советување, обмислување и оправдување на одредени политички иницијативи, чии исходишни резултати не смеат да содржат спротивност со доминантните или постоечките морални стојалишта во дадената заедница.

> *Додека директната демократија вклучува непосредно изразување на мислењата на гласачите во однос на прашањата од интерес или за сработеното од страна на властите, тоа не одразува изворна дискусија. Учесниците едноставно одговараат да или не. Епистемолошкиот поглед на демократијата почива пред се врз процесот на колективна делиберација и ги уважува мнозинските одлуки, само како суштински механизам за навигација на делиберацијата во правец на непристрасност* (Nino, 1996:150).

Но она што е дефинитивно најсуштествено во ваквата дефиниција за делиберативната демократија на Нино, дефинитивно е диференцирањето или извлекувањето на делиберативниот модел од критиките упатени кон останатите облици на популистички одлучувања, бидејќи води сметка на кој начин е постигнато мнозинство во текот на политичкото одлучување.

Иако се смета дека терминот „*делиберативна демократија*" првпат го употребил Џозеф Басет (1980)[70] во контекстот на толкување на Уставот на САД како збир на начела кои обезбедуваат ефективна јавна "делиберација" особено во Конгресот[71] - развојот на овој вид на демократска форма, најмногу им должи на двајцата најистакнати автори и родоначалници во современата политичка филозофија и теорија на моралноста во политиката: Џон Ролс и Јирген Хабермас[72]. Пред да бидат претставени нивните стојалишта за начинот на конституирање на теоријата за делиберативна демократија, ќе биде претставен еден мал предисторијат на теоретизирањето на она што се нарекува делиберативен модел на политичко одлучување во САД.

[70] За прв текст во кој се споменува *делиберативната демократија* се смета Deliberative Democracy на Џозев Басет објавен во зборникот на Роберт Гудвин и Вилијам Шамбра *Како е конституирана Демократијата* во 1980г. Потоа овој поим го употребуваат и Бернард Манин во 1987 и Џошуа Коен во 1989 г. Во 1990 г. Џон Драјзек објави книга под наслов *Дискурсивна демократија*: *Политики, Политика и Политичка наука*, во која се скицирани основните теоретски стојалишта за делиберативната демократија. Оваа книга има посебно историско значење, особено ако се земе предвид дека Драјзек е сметан за следбеник на Хабермасовата традиција во дискурсот, а најзначајната Хабермасова книга за делиберативната демократија *Помеѓу фактите и нормите* е издадена шест години подоцна. Некои автори одат дотаму што Драјзек го окарактеризираат како либерален државо-центричен заговорник на делиберативната демократија, и како таков го разликуваат од тврдите заговорници на чистата делиберативна демократија - каков што е Хабермас (види Chambers, 2003). Иако мнозумина автори (на пример Blau, 2007) ја критикуваат ваквата паралелност при употребата на *дискурзивна* и *делиберативна* демократија како синоними - пред се поради епистемолошки разлики - сосема е извесно дека авторите мислат на еден ист вид на демократија - делиберативната, според тоа и оваа книга може да се смета за една од пионерските дела во развојот на теоријата. Вообичаено се смета дека во 90те години на минатиот век настапува ерата на *дискурзивен* развој на теоријата за делиберативна демократија.

[71] Подоцна Басет својата теорија за делиберативна демократија ќе ја доразвие во неговото дело **Благиот глас на разумот: Делиберативна демократија и Националната влада на Америка**, *The Mild Voice of Reason: Deliberative Democracy and American National Government* од 1994 год. иако влијанието на ова дело во целокупната подоцнежна дебата нема да го надмине почесното ниво, само како прво дело од областа, на авторот кој прв ја употребил или се обидел да ја концептуализира делиберативната демократија.

[72] Постојат и поинакви поделби и класификации на авторите кои го заговараат овој модел на демократија. Сепак Ролс и Хабермас се сметаат за незаобиколни во секоја сериозна расправа за делиберативната демократија. Како парадигматични дела на најзначајните автори, со кои се промовираше овој последен модел на демократија во политичките теории се наведуваат *Политичкиот Либерализам* на Џ Ролс - издадена во 1993 г., и *Помеѓу Фактите и нормите* на Ј Хабермас - издадена во 1996. Како најзвучни имиња меѓу следбениците на Ролс и Хабермас се Џошуа Коен и Сејла Бенабиб (Mouffe 2000).

Имено, Џон Гастил и Вилијам Кит забележуваат дека размислите за демократскиот новум, можат да се лоцираат и во книгите на: Џејн Мејнсбриџ *Отаде непријателската демократија* (*Beyond Adversary Democracy*) од 1983; потоа бестселерот на Бенџамин Барбер од 1984 - *Силна демократија* (*Strong democracy*), есејот во популарниот Atlantic Mountly на Џејмс Фишкин во Август 1988 - *Случајот за националната групација* (*The Case for a National Caucus*) и слични текстови од осумдесеттите (наведено според Gastil and Keith, 2005) Третирањето на оваа нова форма на демократија може да се претстави и преку контраст. Како што впрочем, посочува де Гриф - теоријата за делиберативна демократија сфатена како суштa спротивност на плуралистичкото односно групно-интересовното политичко претставување, допира до еден понатамошен контраст, контраст во кој претходното легитимирање на агрегативниот либерализам (во кое најчесто партиите ги застапуваат интересите на група граѓани како целина) е заменето со легитимирање кое се должи на ,,рационалната прифатливост на правото (или законот) за *сите* кои се засегнати со тоа, и каде што рационалната прифатливост може да биде воспоставена единствено под услови на слободна и отворена делиберација" (de Greiff, 2002: 377). Во редот на ваквите определби на делиберативната демократија може да се смести и дефиницијата која ја дава Џошуа Коен кога вели дека

> срцевината на теоријата претставува убедувањето дека резултатите (од политичкото одлучување - AJ) се легитимни до таа мера додека примаат одразна согласност преку учество во автентична делиберација на сите оние субјекти на кои се однесува прашањето``(Cohen, 1989: 17-34)

Слично на де Гриф и Коен, Јан Шапиро современата расправа за иднината на теоријата за демократија и политичко претставување ја става во рамка која ја детерминираат, од една страна веќе се потиснуваната литература за агрегативни модели на демократија и литературата за непосредните облици на политичко одлучување од друга – вторава делумно мотивирана од нетрпеливоста кон агрегативниот модел. Според Шапиро теоретичарите на делиберативниот модел на демократија, настојуваат да пронајдат поробусно и поцврсто тло за заеднички интерес[73] (или добро) отколку збирот на веќе утврдените гласачки преференции (Shapiro, 2003:10).

## 1. Позицијата и стојалиштата на Јирген Хабермас

Теоретските стојалишта за теоријата за делиберативна демократија, на еден од најзначајните, подоцнежни претставници на франкфуртската школа, а според многумина можеби и најзначајниот филозоф од втората половина на минатиот век, се изградени во рамките на еден поширок филозофски систем. Овој систем Хабермас го започнува со епистемолошките разгледувања на она што тој го нарекува *теорија за комуникативно дејствување* (почеток на 70тите години), а завршува со видувањата за споделениот и иден политички идентитет на заедничка Европа, изградени кон крајот на векот. Низ целиот овој неколку децениски опус на Хабермас, возможно е да се лоцираат неколку константни и консеквентни позиции кои ја сочинуваат рамката на неговото социолошко,

[73] Според една поранешна студија на Шапиро, теоретичарите на делиберативната демократија понекогаш пишуваат за потрагата по заеднички интерес (добро) како заедничко добро само по себе.(Shapiro, 1996: 109-136)

односно филозофско учење за политиката и областа на политичкото. Пред се тоа е инсистирањето на моралната димензија во сите видови на политичко дејствување и во сите услови, трансформацијата на индивидуалното политичко дејствување во колективно дејствување за што е неопходен дијалог[74].

Во средината на седумдесеттите години од минатиот век Хабермас ја изградува својата *теорија за комуникативно дејствување*[75]. За таа цел Хабермас меѓудругото се потпира врз (но и критикува) дел од стојалиштата на Хана Арент - една од последните најзначајни претставници (или следбеници) на критичката теорија. Во својот есеј од 1976 насловен *Комуникативниот концепт на моќта на Хана Аренд,* Хабермас всушност го прифаќа нејзиниот прекин со

[74] Иако постои потенцијална опасност од жестока критика за анализа на дел од биографските податоци како фактор што го обликува учењето на еден теоретичар, можеби е полезно да се спомене и сериозниот говерен хендикеп кој Хабермас го имаше во текот на целиот свој живот. Имено, не би требало да се исклучи условеноста на вака заснованата и вака насловена теорија за *комуникативно дејствување* од неговото пелтечење и проблематично изговарање. Во своите најрудиметирани облици и почетни позиции, теоријата за комуникативно дејствување почива врз постулатот дека за да се постигне политичко решение, во демократска атмосфера, преку постигање на обврзлив консензус, страните или политичките актери треба да знаат и да можат на разбирлив начин да ги обелоденат своите позиции и барања.

[75] Ваквата оценка се темели врз основа на приложените и објавени научни трудови во кои Хабермас започнува со разработка на теоријата за комуникативно дејствување, но според неговото интимно исповедање во предговорот на првиот том од *Теоријата за комуникативно дејствување*, тој со концептуаизирање на ова учење започнува уште во почетокот на седумдесеттите години. Имено во тој период созрева и неговиот однос кон Диркемовата комуникативно-теоретска реформулација на теорија за социјална акција, Парсонсовата теорија за општествен систем, и Мидовата теорија за социјална интеракција. Позициите на овие три социолози, му служат како темел од кој ја гради колосалната теорија за комуникативно дејствување, во светлото на ,,потребите да се надмине посткартезијанизмот и методолошкиот солипсизам како научен пристап, и со помош на комуникативното дејствување да се објасни растот на капиталитичкото општество на кое е сведок од една критичка дистанца``. Кога станува збор за интимното исповедање и оддавање на заслуги на претходниците и соработниците кои влијаеле врз неговата работа, неодминливо е и влијанието што го врши Веберовото објаснување на изворите на *оксиденталниот рационализам.* Исто така вреди да се одбележи и огромната благодарност која Хабермас ја упатува до Томас Макарти, неговиот соработник и пријател, кој во критичен период му помага на Хабермас да ја продолжи работата (Habermas, 1984: xxxix), а подоцна како сериозен изучувач на Хабермасовите трудови и теоретски стојалишта, станува негов (најпознат) преведувач на делата на англиски јазик. Неговиот превод на двата тома од *Theorie des Kommunikativen Handelns* (како објект на истражувањето) е користен во пишувањето на оваа дисертација.

Веберовите стојалишта и стојалиштата на неговите следбеници во рамките на франкфуртската школа, за кои моќта (првенствено политичката моќ) се перципира во услови на целнонасочен рационален дејственик, кој е исклучиво заинтересиран само за успехот на неговата преземена акција. Со оваа позиција Хабермас се извлекува од замката во која неколку децении пред тоа запаѓаат Хоркхајмер и Адорно (во отсуство на издржлив фактор кој ја оправдува целнорационалната акција на политичките дејственици, тие се повикуваа, односно го реактуелизираа Веберовиот поим за *инструментален разум*). Во тој случај, оној кој дејствува во полето на политичкото, дејствува пред се преку т.н. ,,**стратешко**`` а помалку преку ,,**комуникативно**`` дејствување. Сепак, пресвртниот момент во кој Хабермас исчекорува од ставовите на Аренд е давањето на простор на *стратешкото* дејствување во доменот на политичкото. Во услови на вака креирана политичка практика, ,,легитимната моќ произлегува од оние кои оформуваат облик на споделени убедувања во комуникација, која е заштитена од присила``. Ваквите ,,споделени убедувања`` создаваат легитимна моќ, која подоцна стратешките дејственици ја комплетираат. Натпреварувањето помеѓу стратешките дејственици може да поприми облик на нормализирана т.е институционализирана моќ, но никогаш не може да стане легитимирана моќ (Habermas, 1976a: 112,182,183).

Во самите почетоци на концепирањето на теоријата за комуникативно дејствување присутни се дилемите на Хабермас за *оправданоста* на одредени стојалишта. Тоа што всушност Хабермас го започнува во првиот дел од двотомната *Теорија за комуникативно дејствување* (1984) - ***оправданоста*** на комуникативниот начин на рационално дејствување на секој субјект во процесот

на креирање на политиките, постигање на заедничкиот консензус и политичкото одлучување - го заокружи со *Помеѓу фактите и нормите* (1996), каде што неговата социолошка изостреност за општествената подлога на законските проекти и јавните политики доведува до идентификација на надворешната тензија која постои помеѓу **фактичното** (facticity) и **оправданото** (validity)[76]. Хабермас тука недвосмислено истапува со неопходноста од социолошко уважување на разликите помеѓу фактите и нормите во секој современ концепт за правото и законите. Имено, едностраноста на редица политолошки теории и пристапи за проблематиката на моќта и владеењето произлегува од неспособноста да се посочи на длабоката бездна која постои меѓу ,,уставно-демократскиот правен поредок`` како нормативна рамка (најверојатно оттуѓена и несоодветна на реалноста) и ,,начините на кои облиците на општествена моќ всушност се

[76] Наведувањето на 1996 година како датум кога е издадена една од најзначајните студии на влијателниот германец, треба да се сфати со резерва бидејќи упатува на англискиот превод и издание - кое тука се користи. Изворно, под насловот *Faktizität und Geltung* оваа книга Хабермас ја издава во 1992 и означува значаен придонес во современите расправи за иднината на неколку научни дисциплини како социологија на правото, теорија за правото, историја на правото и слични, но она што некои проследувачи на оваа дебата го сметаат за најголем придонес на Хабермас е исчекорувањето од дотогашните рамки на правно теоретизирање. За парадигма на ваквото закостенето стојалиште ја земаат една година поновата книга на Никлас Луман *Das Recht der Gesellschaft* 1993. Некои автори подвлекуваат дека со екстензивното излагање на теоретските основи за комуникативното дејствување и дискурзивната демократија, Хабермас направил значајна разлика во кристализацијата на стојалиштата на различните науки. За такво Гатман и Томсон го сметаат диференцирањето на социологијата на правото од филозофијата на праведноста, што од друга страна го вбројува Хабермас во редот на продолжувачи на Кантовата теорија на когнитивистичка етика, која го поврзува во група теоретичари како Пол Лоренцен, Ернст Тугендат, Карл Ото Апел но и самиот Џон Ролс. Сепак, способноста на Хабермас да ги разликува нијансите на метадискурсивна расправа во која јасно се издиференцирани поаѓалиштата на социолошката теорија на правото и филозофската теорија на праведноста, само му оди од рака да започне долг низ на теоретизации во кои се обидува да обезбедува посредување на ,,политичка теорија за делиберативна демократија и граѓанското содружништво, бидејќи тоа што може да обезбеди достатна отвореност, не се крутите уставноправно воспоставени државни институции, туку суверeноста на јавната делиберација``. Според оценката на Рис-Шефер виртуозноста на Хабермас во избегнувањето на слабите страни на двата дисциплинарни пристапа ,,опасноста на нормативната теорија на праведноста да не ги спознае доволно крутите политички факти и сомнежот за преголемо влијание на позитивизмот врз социолошката теорија`` резултира со интеграциска и интердисциплинарна теорија (најверојатно авторот тука мисли на нешто што многу се доближува до социјалната теорија - подвлекол АЈ) со која се обидува да ја надмине двојната симплификација. (Gutman and Thompson, 2004; Reese-Schafer, 2004:8).

наметнуваат за да ја поткопаат легитимната постапка на носење на законите" (Habermas, 1996:9-17). Сепак, скокот во аргументацијата на Хабермасовото теоретизирање за комуникативното дејствување и комуникативно заснованиот процес на (демократско) политичко одлучување, носи опасност од раскинување на процедуралноста на аргументирањето и еволутивниот пат на основите од кои подоцна се развива теоријата за делиберативна демократија.

> Комуникативниот модел на дејствување не ги изедначува акцијата со комуникацијата. Јазикот е средство за комуницирање кое служи за взаемно разбирање, каде што актерите доаѓајќи до взаемно разбирање исто така ги координираат своите дејствија, тежнеат кон одредени цели... Концептите на општествено дејствување се определени од тоа како тие ја специфицираат оваа координација, помеѓу целно-насочените акции на разновидните учесници - како испреплетување на егоцентричните калкулации на користа, како општествено интегрирачки консензус за нормите и вредностите всадени преку културната традиција и социјализација, или како достигнување разбирање во насока на кооперативен процес на толкување. Толковното постигнување врз кое е заснован процесот на соработка, претставува механизам за координација на дејствувањето; комуникативното дејствување не е исцрпено со актот на постигнување разбирање (Habermas, 1984:101).[77]

Придружувајќи се на размислувањата на Арнолд Гелен изразени во *теоријата на институциите*, Хабермас нешто подоцна ќе оцени дека

[77] Иако во овој дел компарацијата со стојалиштата на Џон Ролс како најзначаен претставник-родоначелник (противник) на конкурентската концепција за делиберативна демократија може да изгледа несоодветно, сепак посочувањата на дел од разликите во нивната аргументација може да разјасни дел од дисциплинарните слабости во процесот на постулирање или позајмување на тези за делиберативната демократија. Од цитатот, може да се забележи дека Хабермас ни оддалеку не ја споделува увереноста на Ролс за договорно формирање и постигнување на владејачкиот консензус, ниту пак конфигурацијата на индивидуалните интереси - согласно британската утилитаристичка традиција - ги поима во процес на самодефинирање и изнесување во вид на готова и однапред утврдена агенда за политичко ценкање. Напротив, тие во добар дел зависат од вкоренетоста во културните традиции, а процесот на постигнување на политички консензус зависи од толковниот потенцијали во рамките на општествената интеракција. Иако разбирањето или консензусот, според теоријата за комуникативно дејствување е релативно лесно постиглив, тој не го затвара делокругот и траењето на самото комуникативното дејствување. Имајќи ги предвид почетните стојалишта на Ролс за постигнувањето на општествена праведност во рамки на „добро уреденото општество" преку прифаќање на два сеприфатливи принципи, овие екстензивни онтолошки аспирации на Хабермас, и покрај неговото нереспектирање на комунитаристичката литаратура (ваквата оценка произлегува од фактот што во библиографијата на неговите два тома на *Теоријата за комуникативно дејствување* нема посочено дело на ниту еден комунитарист) создаваат солидна основа за означување на иницијалните позиции на двете доминантни струи во дискурсот за делиберативна демократија како комунитаристичко-либерален конфликт.

комуникативниот придонес во современото право, треба да биде ослободен од повторно и повторно гарантирање на општествена кохезија. Од друга страна, пак, според Хабермас, невозможно е општествената интеграција да се заснова само на рационалните втемелувања (индивидуалните интереси) и силите на солидарноста - нив им се потреби најмалку уште парите и моќта како два интеграциски механизми, кои за да ја осигураат долготрајноста треба да бидат легитимирани (Habermas, 1996:59). Во истата насока на аргументација, Хабермас го напушта *поседничкиот индивидуализам* кој за свој најизразит претставник ја има економската теорија на Имануел Кант, и апсолутизирањето на народниот суверенитет (кој неретко значи подјармување на индивидуалните права во полза на тиранија на мнозинството), за да го конструира дискурсното начелото на правото. Според ова начело, субјективните права на индивидуите не се однесуваат самите по себе на отуѓената индивидуа, туку се темел на политичката автономија на индивидуите - кои истата ја користат во комуникациско посредување според кое:

> Всушност важат оние норми на дејствување со кои би можеле да се согласат сите евентуално засегнати индивидуи како чинители на рационалниот дискурс. (Habermas, 1996:138)

Претпоставката за постоење или постигнување на заеднички убедувања кои се отелотворуваат преку взаемна комуникација, претставува значително поразлична претстава за политичкото одлучување или креирање на политики преку меѓусебна присила[78]. Сепак, постојат автори кои сериозно му забележуваат

[78] Иако тука вреди да се забележат и некои критички согледувања на ваквите почетни позиции на Хабермас. Освен што овој став многу потсетува на Ролсовите два принципи на општествената праведност, начелото кое е изразено во овој став очигледно е дека многу повеќе превагнува кон етиката отколку кон правото. Како такво, морално начело, тоа е не подразбира обврзувачка тежина

на Хабермас за критичноста околу можноста да се постигне легитимизирање на моќта во потполно безбедни услови или услови кои се ослободени од секаков потенцијал за принуда. Ваков став, меѓу другите, споделува и Џејн Мејнсбриџ (нејзините стојалишта се поместени подолу) и во добар дел се должи на предусловот за носење на политички легитимни одлуки преку *комуникативно* делување, кое е потполно ослободено од било каков вид на присила.

Всушност во основа целото политичко учење за демократијата на Хабермас започнува од потребата за идентификување на основните етички постулати кои лежат во основата на секое комуникативно (дијалошко) политичко дејствување и ја одредуваат контурата на идниот консензус. Црпејќи инспирација и меѓу другото надоградувајќи го учењето на Питер Стравсон, Хабермас согледува дека ,,оправдувањето на моралните судови и одговорноста која произлегува од нив е дел од општествената практика која го проткајува животот и меѓучовечките односи``. Засновајќи ја политичката дебата односно процесот на политичко одлучување врз комуникативното делување односно убедување на едни во однос на други, Хабермас претпоставува дека принципот на универзалност како предмет на расправата или советувањето мора да биде разбран како непристрасност (Habermas, 1990:68). Упатеноста на едни во однос

каква се подразбира или очекува од позитивните правни прописи. Затоа и меѓудругото, голем број институционално ориентирани познавачи на Хабермасовата мисла му приговараат дека и покрај слабата нормативна конотација, неутралноста кон моралот и правото со која е одбележан цитираниот став, не дозволува одржување на границата која ги дели овие две подрачја. Впрочем, тензијата која на овој или оној начин ја засилува Хабермас само го надополнува постоечкиот и сепроткајувачки принцип на поделеност меѓу фактичкото и оправдливото, која опстојува во текот на целото аргументирање во *Помеѓу фактите и нормите*. Од тука, Хабермас прави и разликување помеѓу *моралното начело* - кое според него оперира на ниво на ,,внатрешно устројство на одредена аргументациска игра`` и *демократското начело* - кое се однесува на нивото на надворешна институционализација.(Reese-Schaefer, 2004:10).

на други, во целиот политички процес, подразбира комуникативно дејствување во кое е скоро невозможно индивидуата да се апстрахира или одделно да ги конфигурира своите цели од социо-културната средина во која е социјализирана и со која е поврзана. Но доколку се издејствува политичка позиција на индивидуа која е одделена од средината или заедницата на која примордијално се претпоставува дека и припаѓа, во тој случај, според Хабермас, без сомнение таквиот облик на (политички) живот има рудиментирани детерминанти[79].

За Хабермас, постојат одреден број на постулати за политичкото дејствување со кои не може да се согласи. Меѓу нив, секако е тврдењето дека условот за неутралност е задоволен кога индивидуата формулирајќи ги моралните судови, себеси фиктивно се поставува во позиција на секој друг собеседник. Потоа, цени дека задачата на моралната аргументација е невозможно да се постигне на начин кој не предвидува дијалог односно кооперативни напори, како што и идејата за неутралност не е можно да биде сведена на рамнотежа на моќните субјекти. На тој начин ја издвојува квалитативната разлика која го одделува преговарањето од учеството во делиберација:

---

[79] До овој степен на согледување на Хабермасовата позиција, се забележуваат одредени прокомунитаристички ставови кои ги споделува и Џон Ролс во неговата *Теоријата на праведност*. Тука пред се станува збор за неопходноста од постигнување на консензус врз споделени морални основи и неутралноста како принцип на политичка дебата. Сепак, по овие почетни позиции се надзират дел од непремостливите разлики помеѓу овие двајца родоначелници на теоријата за делиберативна демократија. Прво, онаму каде што за Ролс постојат формални претпоставки на монолошко морално резонирање, за Хабермас постојат правила на општествена практика на интерсубјективна расправа. Второ, Ролс смета дека барањето за непристрасност е доволно за да се оправда моралниот принцип на политичка расправа, додека Хабермас бара de facto согласноста да биде постигната преку правилото на непристрасноста. Трето, додека Ролс смета дека моралниот принцип е валиден кога е постигнат преку самите средства на индивидуалната рефлексија, додека дискусијата може да биде само помошно средство, Хабермас е категоричен дека единствено колективната дискусија е доверлив пат за пристап до моралното знаење (Nino, 1996:112).

> Учесниците во јавниот говор тежнеат да го појаснат заедничкиот интерес, додека во преговарањето компромисот е тој кој ќе наметне рамнотежа помеѓу спротивставените поединечни интереси (Habermas, 1990:72)[80].

На почетоците од развојот на хабермасовата концепција за делиберативна демократија, постои нешто што тој го нарекува *дискурзивна теорија*[81] на демократскиот процес. Според ова хабермасово стојалиште, дискурсивната односно делиберативна демократија значително се разликува од либералното од една и републиканското (комунитаристичкото) толкување од друга страна, на демократската политика. За Хабермас, либералното видување на политиката целиот процес на политичко одлучување го вградува во ,,пазарно-ориентираната мрежа на односи помеѓу приватните актери``(Habermas, 1996:21). Клучна полуга на целата машинерија за политичко функционирање на општеството и координација на најразличните индивидуални интереси ја има владата, отелотворена преку апаратот на јавната администрација. Позицијата или статусот на граѓаните во политиката според либералното стојалиште, за Хабермас е детерминирана од титулирањето на негативните права на индивидуата, наспроти секоја друга индивидуа и државата. Понатаму, процесот на формирање на

[80] Овие тврдења одредени автори и критичари на Хабермасовата филозофија ги сместуваат во соодветни категории на општи принципи кои ги нарекуваат епистемолошки односно онтолошки конструктивизам. Според епистемолошкиот конструктивизам моралниот суд не се воспоставува како последица на конкретниот говор, туку преку неговите претпоставки кои доколку се знаат се доверлив начин за да се постигне саканиот резултат. Од друга страна онтолошкиот конструктивизам почива на ставот дека оправданоста на моралниот суд - не само знаењето за тој суд - е создадена како резултат на реалната дискусија, доколку ги задоволува или надминува дадените ограничувања.

[81] Во литературата, посебно кај следбениците на Хабермасовата традиција во развојот на теоријата за делиберативна демократија, забележлива е практиката за синонимно употребување на одредениците делиберативна и дискурзивна. Меѓутоа, користењето на на овие два поима како алтернации создава одредени нејаснотии кај современите автори и критичари на оваа теорија. Следејќи ги основните прравци на теоретизирање на Ненси Фрејзер во рамнките на нејзините стојалишта – и особено потенцирањето на ,,субалтерната публика`` Џон Драјзек, како најзначаен следбеник и познавач на Хабермас цени дека, сепак, на дискурзивната теорија треба да гледа како подкатегорија на делиберативната демократија. Во самата поставеност, постои квалитативна разлика во содржината на процесот – натпреварување наспроти делиберација (Dryzek, 2000:27).

општата волја во рамките на либералниот поглед е одреден преку натпревар помеѓу *стратешко дејствување на колективите* со цел да се постигне позиција на моќ. Во овој случај постои јасно разграничување на општеството од една и државата од друга страна. На крајот, вака спротивставените интереси на колективите се принудени преку изнаоѓање на компромис да ја достигнат оптималната одлука за интересите на најголемиот можен број на индивидуи, со што во најчест случај тоа произлегува после долготрајна процедура на ценкање и под етикетата на праведност (Habermas, 1996:29).

Од друга страна, пак, комунитаристичкото/републиканско објаснување на процесот на демократско политичко одлучување, перципирано и претставено од страна на Хабермас, политиката ја практикува на начин кој значи многу повеќе од функција на медијација помеѓу различните интереси. И во овој случај како и кај либералното видување на политиката, по сите линии и аспекти се проткајува процедуралноста на целиот процес со што повеќе се нагласува формата од содржината. Во републиканската претстава на политиката, постои посветеност кон издиференцираниот збир заеднички вредности кои се втемелувани долго време и кои, меѓу другото, ги прават индивидуите - политичките дејственици свесни за постоењето на другите како еднакви и рамноправни на нив. Според ова стојалиште, непосредноста на односите и упатеноста на едни во однос на други создава солидарност, која служи како лепило за зацврстување на политичкото содржништво, но во исто време и постигнување на консензус по ***комуникативен*** пат. За разлика од либералистичкото стојалиште, политичката партиципација во републиканскиот поглед на политиката се заснова на политичките права кои се

позитивни слободи. Во отелотворувањето на политичкото мислење и општата волја клучниот елемент не е пазарот (како кај либералите) туку процесот на јавна комуникација која е насочена кон постигнување на взаемни разбирање како основа на консензусот (Habermas, 1996:23).

При ова компаративно наведување на основните премиси врз кои почиваат либералните и комунитаристичките концепции за демократската политика, Хабермас недвосмислено превагнува на страната на републиканскиот идеал. Имено, во комунитаристичката односно републиканската политичка практика, тој ја идентификува сврзувачката нитка, преку која се остварува неопходното поврзување на делиберативниот концепт за демократија и етичката интегрираност на една заедница, која во најголем процент зависи од нивото на развиеност на граѓанските вештини и доблести на граѓаните.

Најавувајќи го теоретскиот novum на сцената, Хабермас прави една синтеза на елементите од двете видувања на политиката. Тоа го прави преку обидот да ја намали вредноста на процедуралистичката димензија на формирањето на општата волја (како вредност која се легитимира од претходната ,,конвергенција на воспоставените етички убедувања``), и која меѓудругото почива прво, врз комуникативните претпоставки кои овозможуваат подобри аргументи што го засилуваат квалитетот на делиберацијата (комунитаристичката вредност) и второ, врз процедурите кои овозможуваат процес на фер ценкање (Habermas, 1996:24).

Доколку се земе предвид дека либерализмот го легитимира демократскиот процес преку компромисот кој процедурално се постигнува меѓу конфронтираните

страни, под претпоставка на постигната праведност врз елементите на претставничката демократија (општо и рамноправно право на глас, претставнички состав на законодавниот дом, правила на одлучување и слично), а републиканизмот се потпира врз културно заснованата позадина на споделениот консензус, дискурзивната теорија или теоријата за делиберативна демократија, во своите зачетоци Хабермас ја постулира како синтеза на горепосочените елементи:

> ...и ги интегрира овие во концепт на идеална процедура за делиберација и креирање на одлуки. Вплетувајќи ги заедно прагматичните разгледувања, компромисите, дискурсите на саморазбирањето и правдата, оваа демократската процедура се темели на добивањето на разумен и праведен резултат. Според ова процедуралистичко стојалиште, практичниот разум се повлекува од универзалните човекови права, или од конкретна етичка супстанца на дадена заедница, во правила на дискурс и облици на аргументација. Во конечната анализа, нормативната содржина произлегува од структурата на комуникативното дејствување (акција) (Habermas, 1996:26).

Нагласувајќи ја неизбежноста од комуникативно заснован процес на политичко одлучување во кој јавноста е одредувач на правецот на политичкото, Хабермас се обидува и успева во тоа да ја засили приватната автономија на индивидуата во вид на негативни слободи. На тој начин кај индивидуата се расбременува императивот од поднесување на сметка за своето јавно дејствување и сносење на одговорност. Ова, според Рис-Шефер е клучниот момент од Хабермасовото теоретизирање поради што се има одлучено во почетокот на скицирањето на *дискурзивна теорија за демократија* да се постави неутрално и во однос на моралот и во однос на правото (Reese-Schaefer,2004:10). На тој начин, Хабермас ја започнува традицијата во рамките на дискурсот за делиберативна демократија да се идентификуваат прашањата кои можат да се поставаат како предмет на

делиберација. Избегнувајќи ја практиката на набројување на области за кои може да се делибератира (што ќе видиме подоцна дека не е случај и со неговите најпознати следбеници) Хабермас се обидува на ниво на принципи да ги одреди проблемите кои можат треба да дојдат на јавен ред на јавната расправа.

- Прво, интересно-калкулативните прашања за тоа на кој начин да се сообразат конкурентските преференци: прашањето за *агрегирана* целокупна волја.
- Второ, етичко-политичките прашања за тоа кои сакаме да станеме. Ова прашање е предмет на херметичките дискурси на саморазбирањето и е насочено кон *автентичната* целокупна волја, и
- Трето, морално-практично прашање за тоа на кој начин сакаме да делуваме на праведен начин кое се однесува на *автономната* целокупна волја.(Habermas, 1996).

Преку идентификувањето на областите односно својствата на проблематиката за која може да се делибератира, Хабермас веќе ја дава насоката по која ќе се развива една од струите во дискурсот. Со тоа и дал далеку поголема теоретска но и епистемичка тежина на теоријата за делиберативна демократија. Барем за ставовите на неговите следбеници.

Обвинуван за процедуралистички поглед на делиберативната демократија, Хабермас се обидува да ја внесе, поточно да ја потврди нормативната компонента во современата теорија за демократија во еден интермундиум кој што има поцврста нормативност од либералните стојалишта а сепак послаба од комунитаристичките односно републиканските видувања. Градејќи ја својата теорија поблиску до комунитаристичките стојалишта, Хабермас делиберативната демократија ја поставува во длабоко децентрализирано општество, во кое постои екстензивна ,,институционализација на процедури за коресподенција и услови на комуницирање``. Делиберативната демократија подразбира и висок степен на

интерсубјективност во комуникативниот процес кој тече од претставничките тела (парламент на пример) кон неформалните мрежи на/во јавниот сектор. А оттаму:

> Делиберацијата се претпоставува дека неизбежно ќе обезбеди медиум за повеќе или помалку свесна интеграција на *правната заедница*, но овој модел не се простира преку целото општество во кое политичкиот систем е вграден само помеѓу неколку подсистеми. Дури и според нејзиното процедуралистичко саморазбирање, делиберативната политика останува дел од сложено општество, кое во целина одолева на нормативниот пристап кој се практикува во правната теорија (Habermas, 1996: 30)[82].

Многумина сметаат дека, всушност Хабермас во обидот да обезбеди основа за својата теорија за делиберативна демократија дава нормативен поим на јавноста. Јавноста во овој случај би имала помалку просветителска мисија отколку да формира синтетизиран облик коегзистенција на творбите на мнението и управното одлучување. Градејќи ги институциите како *locus operandi* на овој проект, Хабермас уште на почетокот на 60тите години од минатиот век ја постулирал делиберативната демократија како истовремено и нормативно мерило на сегашноста и реално-утописки проект на иднината[83].

Развивајќи ја својата дискурзивна теорија за демократија, во рамките на критичките теории за правото, Хабермас всушност ја избегнува стапицата, поточно, слабата страна на многумина од неговите современици теоретичари – граѓанското содружништво да го стават во центарот на своите теоретизации, а

[82] Кратко скицираната дискурзивна теорија за демократија – како што првично ја нарекува Хабермас, претставува продолжување на франкфуртовската традиција, која во опусот на овој автор е најпрепознатлива во двата тома на теоријата на комуникативното делување. Дел од рефлексиите на оваа теорија недвојбно го вбројуваат неговото стојалиште во социолошкиот пристап кон делиберативниот модел на демократија, каде политичкиот систем не е ниту на врвот ниту во центарот на општеството, туку претставува само уште еден потсистем. Политичкиот систем е систем на дејствувањето во рамките на поширокиот општествен систем. Меѓу тоа, ваквите оценки не смеат да заведат на пат во кој теоријата на делиберативна демократија би ја сместиле исклучиво во редот на *теориите на системот* од современите социолошки теории.
[83] Оваа оценка ја изразува Рис-Шефер од позиција на критичар со извесна доза на социолошка поткованост (Resse-Schaefer, 2004:12).

неретко и како референтна точка на нивните стојалишта. Наместо тоа, Хабермас се обидува и успева да наметне една сеопфатна ,,државјанска наука за правото во која ги интегрира правилата на правната држава, логиката на поделбата на власта, рационалноста на јурисдикцијата дури и граѓанското право``[84]. Впрочем, и како што самиот Хабермас потенцира во *Помеѓу нормите и фактите,* соодносот на правото и политиката во новата дискурзивна теорија за демократија (делиберативна демократија), подразбира

> демократска правна држава како институционализирање на постапките и комуникациските претпоставки за дискурзивно оформување на мислењата и волјата, кои се одвиваат со помош на легитимното право (кое што покрај тоа ја гарантира и приватната автономија) и кое од друга страна овозможува ... легитимно воспоставување на правото (Habermas, 1996:527).

Следејќи влијанието на Хабермасовите размислувања во теоријата за делиберативна демократија, можно е да се забележи еден континуитет во целокупниот негов творечки век. Тој континуитет започнува од неговата теорија на моралот, преку дискурзивната теорија за демократија па се до процедуралната концепција на народниот суверенитет[85].

Постојат оценки за хабермасовата работа кои посочуваат на огромниот придонес кој овој автор го има дадено и во де-нормативизацијата на дискурсот. Имено, обидувајќи се да креира еден нов вид на демократска практика, Хабермас всушност ги изместува нормативните претпоставки за легитимација, сместувајќи го политичкиот процес помеѓу ``институционализираните тела за делиберација и неформалните канали на комуникација во јавната сфера``.Овој обид - иако не

[84] Оваа оценка ја подвлекува Horster, 1992:11-39.
[85] Последново е предмет на неговите подоцнежни пишувања во кои се обидува да понуди сеопфатана теорија на европски идентитет и споделено или заедничко државјанство. Овој дел од Хабермасовото учење не е предмет на оваа анализа.

претставува ништо посебно ново во современите политички учења - за вкалапување на политичкиот легитимитет во еден процес на взаемно дејство и променливост помеѓу формалниот политички систем и неформалната јавна сфера е скициран и најхрабро образложен во неговото дело *Помеѓу фактите и нормите* (1996). Правејќи разлика помеѓу т.н. *тврди* и *меки* средини во јавноста за политичко одлучување, Хабермас ја акцентира предноста на пропулзивната јавност каде иако за разлика од цврстата и обврзувачка природа на тврдите средини за политичко одлучување не постои капацитет за ефектуирање на заклучоците од делиберацијата, сепак постои простор за поекстензивно третирање на прашањата од јавен интерес. Оваа мека јавност делува како своевиден ,,контекст на истражување`` во кој на широките маси им е овозможено да делуваат како т.н. резонатор или група во која се истражува, и која како таква ослободена од бремето на правно-обврзувачките одлуки е посензитивна за проблемите кои не доспеваат на агендата на формалниот политички систем (Flynn, 2004:440), односно како што самиот Хабермас го опишува овој процес:

> медиум на неограничена комуникација ... новите проблемски ситуации можат да бидат перципирани на многу посензитивен начин, дискурсите кои се насочени кон постигнување на саморазбирање можат да бидат водени многу пошироко и поизразно, толкувањата на колективните идентитети и потреби можат да бидат артикулирани со одредени принуди отколку што е тоа во случајот внатре процедурално регулираните јавни сфери (Habermas, 1996: 308).

Правно-обврзувачката слабост на *меките* јавни сфери, Хабермас го прави свесен за одредени ограничувања на делибертивниот процес, иако тоа не значи и дека Хабермас не нуди палета на алатки со кои може да се изведува здрав процес на делиберативно политичко одлучување. Многумина критичари за ова му

забележуваат на Хабермас дека настојувајќи агрегатната и посредна техника на политичко одлучување да ја исполни со содржина, го влече целиот политички процес од носење на конкретни облигаторни одлуки кон т.н. *ефект на интелектуализирање* (Flynn, 2004: 441). Безмалку наивното уверување дека меките јавни сфери ослободени од притисокот да донесат, во оптимален временски рок, задолжителни одлуки, играјќи сега веќе суштинска (содржинска) улога во целокупниот процес на политичко одлучување, го наведуваат Хабермас делиберацијата да ја окарактеризира како ``здружено трагање по вистината`` (cooperative search for truth).

Следејќи го Хабермас, Џефри Флин јавната сфера ја толкува како ,,место за пронаоѓање на проблемите, за создавање на ***радикални демократски импулси*** (курзив - AJ) и за делиберација на граѓаните`` бидејќи, сето ова е неопходно за легитимизирање на демократскиот поредок (Ibid, 441). Меѓутоа, скромниот придонес на Флин во отелотворувањето на дискурзивната теорија за демократија претставува истакнувањето на трите нормативни аспекти од учењето на Хабермас за неформалната јавната сфера и тоа 1) нејзината комуникативна и организациска сруктура; 2) капацитетите кои се потребни заради искористувањето на улогата на делиберацијата во делиберативната политика и 3) условените резултати од ефектите кои ги создава јавната сфера.

Секој од трите посочени аспекти на неформалната јавна сфера е на посебен начин поврзан со комуникативниот начин на дејствување. **Комуникативната структура** е внатрешно поврзана со дејствувањето бидејќи и

недостасува формална структура која е карактеристична за местата на агрегатно политичко одлучување. Во овој аспект, јавната сфера своите особини му ги должи на комуникативното дејствување. Дејствениците вклучени во комуникацијата (комуникативно дејствување) самите го креираат општествениот простор за делиберација. На овој начин, еднаш создадената јавна сфера е одделена од комуникативната структура и не претставува ниту асоцијација ниту здружение, туку нешто што се нарекува ``социјален субстратум``. Преку ова разграничување на поимите од хабермасовиот појмовен инструментариум, Флин се обидува да ја истакне улогата на граѓанското содружништво во процесот на ,,филтрирање`` на политичката дискусија, и закотвување на комуникативните структури на јавната сфера, кои остануваат отворени за придонесот на индивидуите[86].

Потоа, вториот сегмент на неформалната сфера како што се загарантираните права и слободи на изразување, здружување и собирање ја чинат основата на **капацитетите** за комуникативно дејствување. Надоврзувајќи се на стојалиштата на некои од заговорниците на делиберативната демократија (Ненси Фрејзер), Флин ја потенцира убеденоста на Хабермас, дека јавната сфера е ,,критички простор`` за натамошен развој на ,,новите општествени движења`` и ,,субкултурните контрапублики``, на начин кој го пополнува меѓупросторот меѓу јавната сфера и приватниот живот на граѓаните. Оттаму, јавната сфера се појавува како *систем на сензори* со кои се користи флексибилноста и мултифункционалноста на јазикот за да се надминат т.н. ,,специјални кодови`` на

[86] Ваквите гледишта на Флин ги споделуваат и други заговорници на делиберативната демократија, но нивната *политичка наивност* во очекувањата на улогата на граѓанското содржништво, се едни од најкритикуваните точки на противниците на овој модел.

официјалните политики т.е. фунционални системи кои се директно потчинети на инструменталната рационалност. Од друга страна пак, инструменталната рационалност значително ја поткопува и ограничува нормативната компонента на барањата на граѓаните. Проблематизирањето на темите, кои се поставени на дневен ред на политичката агенда, можно е да бидат идентификувани само преку сензорите на јавната сфера, кои креираат според Хабермас (а посредно и според Флин) т.н. *влијателно тематизирање на прашањата во јавната сфера*, и што е најважно, тоа тематизирање претставува идеално-типски модел на процеси на рационално креирање на јавното мислење. На овој начин се ограничува можноста за посеопфатно обликување на политичкиот процес преку инструментално рационален пристап и агрегатно одлучување. Наместо тоа се појавува јавно мислење кое е структурирано од споделените, односно заедничките комуникативни практики на индивидуите. Одделувајќи го од поранешните либерални модели на политичко одлучување, Хабермас за делиберативната демократија ќе побара повеќе од политика. Со овој став, тој може да се вброи во редот на заговорниците на републиканизмот, но тоа пак, од друга страна не го потврдува како дел од комунитаристите, бидејќи на моделот не му претпоставува оформување по секоја цена на етички консензус во крајниот резултат.

Флин, почувствувал потреба особено да ги нагласи процедуралните аспекти на моделот. Нив ги нарекува и уште нормативни претпоставки на комуникативната рационалност, а нивна карактеристика е да ``бараат `` од граѓаните учесници во делиберацијата да заземат *комуникативни ставови* при делиберацијата. Овој аспект од Хабермасовата дискурзивна теорија на демократија има силна

нормативна позадина, која го доближува до политолошките стојалишта во рамките на расравата, додека индивидуите ги перципира пред се како клиенти или потрошувачи отколку како граѓани.

**Резултатите и ефектите** на комуникацијата како трета компонента на јавната сфера, создаваат нормативни оправдувања, јавно мислење и влијание врз телата за одлучување. Тука е значајно да се одбележи дека Хабермас ја разликува претставата за јавно мислење од идејата за агрегација на индивидуалните пред-расправни мислења и интереси. Суштинскиот дел се однесува на квалитетот на создавање на разумни предлози, што не секогаш осигурува и рационални решенија.

За да го разреши овој проблем Хабермас ја позајмува од Талкот Парсонс социолошката дефиниција за *влијание*. ,,Влијанието се потхранува од взаемното разбирање но е засновано на однапред претпоставени доверби кои не се скоро испробани``. Иако влијанието во политиката може да добие поддршка од јавноста, со тоа не се постигнува потребната дискурзивност. Како емпириска потврда на степенот до кој влијанието во политиката, може да повлијае врз советувањето на политичките претставници во рамките на политичкиот систем, се наведува дека е можно, влијанието да го истражи односот помеѓу процедуралниот квалитет наспроти неговото фактичко влијание врз политичките процеси (Flynn,2004: 442). Само во случај, јавното мислење да се темели на дискурзивна практика и комуникативно дејствување на општествените дејственици, влијанието на истото тоа јавно мислење, може да се третира како легитимно, во други случаи не.

Попрецизно, кога одлуките се октроирани од административната власт или законодавните тела, тие не се легитимни според дискурзивната теорија за демократија на Хабермас (види Flynn, 2004: 441-443).

Меѓутоа, осцилациите во стојалиштата на Хабермас, кои го прикажуваат на скала од лут противник на либералните концепции за политиката и типичен припадник на критичката теорија, до критичар кој се дистанцира и од комунитаристичко-републиканските видувања на доблестите и должностите кон заедницата, дозволуваат неговиот проект за отелотворување на дискурзивна теорија за демократија да биде разграничен од ,,либерално-правнодржавниот демократски модел на приватноинтересните компромиси на деполитизираното граѓанство со кои владее политичка класа`` туку и од ,,граѓанско-републиканскиот модел на политичка самоорганизација на активните и политизирани граѓани``. Кратко кажано, делиберативната демократија според Хабермасовите стојалишта ,,застапува посилни нормативни барања од либералната, но послаби од граѓанско-републиканската стратегија``(Reese-Schaefer, 2004:13).

Освен идентификувањето на меки и тврди јавности, вреди да се одбележи дека, иако Хабермас ја идентификува оваа област (граѓанското содружништво) како различна од државата и економијата, за разлика од либералните стојалишта тој на еден посебен начин, сопственоста и јавната владејачка ги диференцира од граѓанското содружништво Освен тоа, она што можеби е и наважно, ја воведува солидарноста односно комуникациската моќ како ресурс во политиката.

Табела 2.

| ресурс | систем | област |
|---|---|---|
| управна моќ | политичка управа | држава |
| пари | економски систем на дејствување | пазар |
| солидарност | јавни комуникациски мрежи | граѓанско содружништво |

Извор: (Reese-Schaefer, 2004:14)

Од шемата, како и од досега изнесена аргументација, може да се забележи дека Хабермас се залага за една далеку подинамична претстава на јавната сфера. Оваа представа, наместо како во дотогашните сфаќања – каде што се темелела на релативно постојаните и непроменливи позиции за застапување на интересите – сега е детерминирана од интеракцијата. Тоа води кон оценката дека оддалечувањето на Хабермас од либералните стојалишта во низа подрачја, резултира inter alia и во замената на концептот за граѓанското содружништво со концепт за општество на граѓани[87].

Оценувајќи го процесот на рационализација како нешто што има поголема тежина од голото конституирање на моќта, но помала од легитимацијата, Хабермас процесот на одлучување во делиберативната демократија го ослободува од изложување на „популистичките расположенија на активните граѓани". Според неговата аргументација, на крајот легитимацијата е само дополнителна потврда на суштинскиот процес. Односно како што прецизира

[87] Иако овој став не е непознат во општествените теории – особено имајќи ја предвид германската мисла од 18 тиот век и посебно Хегеловите стојалишта (за поекстензивна елаборација на развојот на концетот граѓанско содружништво и Хегеловото граѓанско општество види Трајковски, 1997) – ова Хабермасово навраќање кон една стара и до недамна сметана за надмината идеја, внесува посебни димензии на дискурсот за делиберативна демократија преку значителното зајакнување на приватната автономија и анулирањето на агрегативните импулси во создавањето и одржувањето на здружени граѓански иницијативи.

самиот Хабермас во *Помеѓу нормите и фактите*, комуникативните структури на јавноста создаваат нешто што може да се нарече ,,широко разгранети мрежи на сензори`` но тие самите не можат да владејат, иако реагираат на постојните проблеми во општеството. Бидејќи беше утврдено дека комуникативната моќ не може сама да ја практикува власта, таа сепак може значајно да повлијае врз одредувањњето на правците на идната политика``(Habermas, 1996:364). Ова е особено изведливо имајќи ја предвид забелешката на Хабермас дека, доколку власта е врзана за институциите за да може да ја исполни својата функција, тогаш моќта постои и во односите кои не се прецизно или формално заокружени. Впрочем, ова е еден од најсилните аргументи на Хабермас со што ја развива идејата за дискурзивна односно делиберативна демократија, и во кој аргумент еден од клучните позиции ги има граѓанското содружништво.

## 2. Позицијата и стојалиштата на Џон Ролс[88]

Џон Ролс, после Хабермас е вториот позначаен теоретичар кој ја има задолжено теоријата за делиберативна демократија. Иако во литературата веќе можат да се сретнат критичари на опусот на Ролс, кои тврдат дека не постои основа за развој на теорија за делиберативна демократија во неговите најзначајни дела *Теорија за праведност* (1971) и *Политички либерализам* (1993) (на ова

[88] Екстензивното прикажување на Ролсовите теоретски стојалишта, во овој дел од текстот се оправдува со намерата за изворно доловување на филозофските и политолошки основи од кои редица подоцнежни автори ја развиваат теоријата за делиберативна демократија. Ваквиот пристап е и во согласност со сличниот пристап употребен и при претставувањето на Хабермасовата теорија за комуникативно дејствување и поврзувањето на истата со видувањата за соодносот меѓу фактичкото и оправдливото, од каде тргнуваат теоретизациите за делиберативната демократија.

посочува Saward, 2002: 112), преовладува оценката дека идејата на овој автор за јавниот разум, е блиско поврзана со концептот за делиберативна демократија.

За Ролс, јавниот разум (public reason) претставува витална состојка на делиберативната демократија. Јавниот разум, е дефиниран и како збир на причини и начини на размислување *кои се неопходни за да се добијат соодветни легислативни односно уставни решенија за битните политички проблеми.* Јавниот разум се смета за централна тема во неговиот проект насловен *Политички либерализам.* Во основа, јавната употреба на разумот односно рационалното поведение на индивидуата во креирањето на политиките иполитичкото одлучување, дозволува секој заинтересиран граѓанин да има пристап до него и корист од истиот. Како што и самиот Ролс го дефинира ,,јавниот разум е карактеристичен за демократскиот народ: тоа е разумот на неговите граѓани, на оние кои споделуваат статус на рамноправно државјанство``(Rawls, 1993:213)[89]. Многу е значајно да се одбележи дека Ролс, јавната употреба на разумот во креирањето на политиките не ја вградува во расправите за политичките проблеми, туку за „уставната содржина и прашањата за основната правда"(Ibid.). Сепак, како таков, јавниот разум или употребата на разумот во креирањето на политиките преку јавна расправа, е значително поразлично од не-јавните (приватни) причини кои граѓаните ги даваат за прашања со политички

[89] Меѓутоа како што забележува Сојард, ваквата претстава за јавното резонирање и искористувањето на разумот во јавната расправа за да се постигнат оптимални решенија, не значи дека „сите`` треба да бидат вклучени и(или) задоволени. Поточно би можело да се каже дека Ролсовата масовна партиципација не е предвидено да биде постојана или задолжителна, туку применета само за одредени категории како судии, избрани политичари, владини функционери и сл. (Saward, 2002:113).

карактер а од јавен интерес – најчесто во соодветни места како што се црквите, универзитетите и сл.

Обидувајќи се да ги објасни причините за појавата на самоограничување кај граѓаните во процесот на дискутирање и гласање за основните политички проблеми, Ролс, согласно носечката идеја во *Политичкиот либерализам* истакнува:

> Нашата употреба на политичката моќ е соодветна а оттаму и оправдана само доколку е извршена во согласност со основите на системот (Уставот), за кои се очекува да бидат прифатени од сите, во светлото на начелата и идеите кои се прифатливи како разумни и рационални (Rawls, 1993:217).

Сепак, ваквото одредување на прашањата од јавен политички интерес наидува на неколку предизвици, како што се строгите рамки на уставност (во согласност со основите на системот), постигнување општа прифатливост и рационалност на позициите во процесот на политичко одлучување.

Овие се само мал дел од критиките адресирани до принципите на политичкиот либерализам на Ролс. Поради овие критики, тој се решава да објави нов текст во кој се обидува да ги зацврсти разнишаните позииции (1997 – иако веќе дава еден сосема поинаков наслов *Ревидирана идеја за јавен разум*). Еден од тие одговори ја опфаќа и идејата за политичкиот легитимитет кој почива врз критериумот на реципроцитетот (оваа идеја подоцна ќе стане клучен елемент на јавниот разум), бидејќи, во ситуацијата кога граѓаните исполнуваат специфичен облик на јавно резонирање како дел од политичкото одлучување, тие треба самите да се запрашаат кои мерки се разумни да бидат прифатени, а потоа и да решат истите да ги поставаат за рамки на делиберацијата, или поконкретно:

нашите употреби на политичката моќ се соодветни само кога искрено *веруваме* дека причините кои *треба* да ги понудиме за нашите политички дејствувања – во случајот кога ги сметаме како владини одлуки – се доволни, и исто така разумно сметаме дека и другите граѓани *би можеле* да ги прифатат овие причини (Rawls, 1997: 771).

Но, она што во овој цитат е вредно да се одбележи се накосените зборови, кои ја нагласуваат императивноста на мислата на Ролс и ја засилуваат нормативната компонента во целото негово теоретизирање. Ова и некои други слични делови од неговите книги (особено во *Политичкиот либерализам*), се главни точки, врз кои критичарите ја лоцираат неделиберативната и недискурзивна позиција во Ролсовата традиција на размислувањата делиберативна демократија (Saward, 2002). Ваквата, наводно не-делиберативна позиција, во процесот на креирање политики и политичко одлучување ги поставува упатства за тоа ,,како да се мислат основните прашања во рамките на политичкиот форум``. Од тука произлегува дека ,,суштинскиот поглед на Ролс за структурата на јавниот разум и неговата употреба во процесите на политичкото одлучување, е содржината на рационалните концепти за праведноста``(Rawls, 1997:767)[90].

Како предмет на преклопувачкиот консензус, Ролс во *Политичкиот либерализам* ја претпоставува идеалната позиција на јавно резонирање или делиберација. Во овој процес, на рамноправни основи се натпреваруваат *сеопфатните доктрини* на индивидуите за триумф на своите позиции.

... директивите за испитување на јавниот разум, исто како и начелата на легитимитетот, имаат исти основи како и суштинските начела на

[90] Заклучокот кој се наметнува од природата на Ролсовото резонирање, го претставува јавниот разум односно неговата јавна употреба во процеси на политичко одлучување пред се како ,,ствар`` а не како процес - нешто што пред се е дадено а не конструирано или создадено.

> праведноста. Ова подразбира дека во праведноста како непристрасност партиите во изворните позиции, во усвојувањето на начелата на праведноста како основна структура (на процесот – AJ), мораат исто така да усвојат директиви и критериуми на јавниот разум, за да можат да ги спроведат овие норми (Rawls, 1993:225)

Ролс, суштината на двата принципи на праведноста[91] како непристрасност ја извлекува од претпоставката за постоење на неколку различни видови на политички концепти за праведноста. Општествената праведност сфатена како непристрасност е само еден од овие можните решенија, кои во крајната позиција *мораат* да ја прифатат реципрочноста како основно правило на игра. Индивидуалните и групни интереси на граѓаните, развиени од сеопфатните доктрини, треба да учествуваат во јавното создавање на преклопоувачкиот консензус. Од ова произлегува една интересна констатација на Ролс, дека постоењето на овие разновидни сеопфатни доктрини, повлекува постоење и на неколку различни видови на либерализам. Сепак, она што се преферира како база за праведноста како непристрасност е политичкиот либерализам. Од еволуирањето на ова стојалиште може да се констатира дека тоа ја проткајува најважната нитка која ги поврзува двете негови најзначајни дела (Rawls, 1971; Rawls 1993).

Во една кондензирана форма, двата основни принципи на праведноста како непрострасност почиваат на претпоставката за идеална позиција на јавна

[91] Имено, двата принципи на праведноста како *непристрасност* имаат лексичка последователност, и остварувањето на првиот ја условува успешноста на вториот. Тие гласат: Прво, секој човек треба да има еднакво право на најширока шема на еднакви слободи која е компатибилна со сличните шеми на слободи, на другите луѓе. Второ, општествените и економските нееднаквости треба да бидат така уредени, што истовремено (а) може разумно да се очекува дека ќе бидат во полза на сите и (б) дека се поврзани со позиции и служби што се отворени за сите (Роулс, 2002:72).

расправа помеѓу граѓаните, кои во потрага по остварување на заедничкиот интерес учествуваат во делиберација. Делиберацијата има за цел „да достигне одредена концепција, која е во согласност со нивните убедувања за она што (би треба да) ја сочинува суштината на праведноста``. Почнувајќи од овој момент се развива и идејата за постигнување на преклопувачкиот консензус, кој е во согласност со идеалите за делиберацијата како општ и вклучувачки процес[92].

Истражувајќи ја поврзаноста на аргументацијата која Ролс ја изложува во двете книги *Теорија на праведност* и *Политички либерализам*, контурите на неговата претстава за првичната позиција во процесот на креирање политики и политичко одлучување, се доаѓа до една синтетизирана верзија на неговите стојалишта, во која се опфатени сите позначајни поими. Оваа верзија најчесто е прикажувана како разлика од две симултано поставени ситуации.

Во првата ситуација, дадените убедувања на индивидуата се претставуваат во првичната и изворна позиција за делиберација. Преку процесот наречен *рефлективен еквилибриум* (одразна рамнотежа) граѓаните ги усогласуваат своите изворни убедувања и позиции со претпоставките на праведноста, како сообразени според структурата на изборот. На ова ниво, индивидуите постигнуваат согласност за двата принципи на *праведноста како непристрасност*.

Во втората ситуација, индивидуите се втопени во своите *сеопфатни доктрини* кои ги обликуваат, политичките аргументи за делиберација на

[92] Преклопувачкиот конзсензус, сфатен и претставен на овој начин нуди можност за амортизирање на дијаметрално спротивни ставови во текот на политичката расправа. Затоа, овој извадок често е цитиран, а може да се оцени и експлатиран во расправите за мултикултурниот инженеринг на државите и теоретизациите за граѓанственоста особено во плуралните општества (за ова види Kymlicka, 1995; 2002; Јованоски, 2005; Tejlor, 2004 и др.). Но она што бездруго не може да и побегне на критиката, е социолошката наивност со која се прикажува рудиментираната состојба на општеството и изворните позиции за испорачување и бранење на интересите.

индивидуите. Штом луѓето зачекорат на *јавниот политички форум,* или попрецизно кажано, штом почнат да размислуваат преку разумни алтернативи за основните проблеми, може да се започне со гласање. Од ова произлегува дека индивидуите вклучени во процесот на делиберација, мораат, пред да пристапат на конкретен процес на политичко одлучување, да ги прифатат ограничувањата на јавниот разум. На овој начин, развиената политичка концепција за праведност, која ги задоволува барањата на јавното резонирање, отвара можност да се идентификуваат позициите за прифаќање на решение за конкретниот проблем, за кое ќе се согласат сите засегнати– преку т.н. преклопувачки консензус.

Социолошката наивност во карактеризацијата на првичната позиција за делиберација кај Ролс, доаѓа посебно до израз во моментот кога ќе оцени дека рефлективниот еквилибриум не мора да подразбира учество на сите, туку доволна е убеденоста дека и другите, се рационални индивидуи кои настојуваат да постигнат слични заклучоци. На овој начин делиберацијата само по себе е одвишна, односно ова би можело да се каже дека ја сочинува суштината на јавниот разум, кој што не мора да биде ,,неограничено, отворено размислување или активна јавна делиберација``. Јавниот разум или неговата јавна употреба за постигнување на решенија во процесот на политичко одлучување, има неделиберативни и статични особини. Всушност, ова претставува едно од забележувањата, за изворното оддалечување на Ролсовата теорија за праведност како непристрасност од концептот делиберативна демократија (Saward, 2002).

И покрај тоа, елементите кои оставаат простор за идентификување на основите на теоријата за делиберативна демократија во Ролсовиот опус, се наоѓаат во *Политичкиот либерализам*. Оддалечувањето од неделиберативниот агрегативен модел на политички инженеринг, во одредени делови од оваа книга се толку драстични, што се смета дека тука всушност Ролс понудил нова теорија. Мунициозното третирање на нијансите во развојот на Ролсовото теоретизирање, подразбираат подлабока анализа, од претходното наведување на основните поими од неговиот аналитичко-нормативен инструментариум. Во *Политичкиот либерализам*, Ролс е наполно свесен, дека изворната позиција е конструирана од интереси на граѓаните кои **припаѓаат** на најразлични морални, религиозни и друг вид *сеопфатни* доктрини и кои при јавната употреба многу често се манифестираат на начин кој не ги ,,уважува (Ролсовите претпоставени) правилата на игра``. Изворните позиции не можат да се анализираат само како егоистични интереси на индивидуите, детерминирани од класната или статусна припадност. Во овој аспект, тие не се исклучиво поврзани со претставата на политичкиот либерализам за јавната сфера, туку го предизвикуват како политичкиот либерализам како рамка за праведност, така и самата западна дефиниција за јавната сфера.

Признавајќи ја слабоста на претходната аргументација, Ролс дава еден пристоен придонес за развојот на делиберативната демократија. Тоа го прави преку надминувањето на оваа слабост и збогатувајќи ги стојалиштата за природата на јавноста (слично како што тоа го стори Хабермас со диференцирањето на ,,тврди`` и ,,меки`` сфери на јавности) која сега мора да

биде „огледална" во однос на социјалната реалност. Но, круцијалниот момент на еволуција на теоријата се однесува на засилување на нормативните основи на дискурсот. Сега Ролс, напуштајќи ги претходно императивно нагласените принципи на реципрочност, бара граѓаните, (слично на судиите кои во најсложените случаи најчесто се воздржуваат од изнесување на своите гледишта) од позиција на употребата на јавниот разум во процесите на политичко одлучување, да **мораат** да гласаат за политичките вредности, кои најискрено ги чувствуваат за најразумни (Rawls, 1997:797).

На овој начин, една од најголемите иновации на преобликуваната изворна позиција, се однесува токму на можноста во процесите на креирање политика и политичко одлучување да се вклучат, и граѓаните кои следаат сепфатни доктрини, носителите на новите идеологии, алтернативни стилови на живот и специфично поставени поединци и групи на маргините на општеството[93]. Како такви, тие само можат да го збогатат процесот со јавно изложување на своите алтернативни концепти за општествена праведност. Покажувајќи завидна сензитивност за новата културна рановидност на современото општество и широка приемчивост за добронамерната критика, Ролс дава нови правци, за развој на теоријата и апликативноста на делиберативната демократија, како што е прашањето за нејзиното функционирање во плуралните и поделените општества, но и во заедниците со двостепена и длабока различност и депривација.

[93] Атрактивноста на новата перцепција на изворната позиција во процесот на одлучување кај Ролс, е инспирација за посериозно позајмување од неговата теорија, во традицијата на постмодерно (феминистичко) размислување за делиберативното политичко дејствување (види подолу Јанг, Филипс и Фрејзер).

Глазирањето на линијата на теоретизирање и аргументација, кај Ролс inter alia, на крајот резултира со појава на уште неколку поими и критериуми за општествена праведност, како што е *должноста на пристојноста* (duty of civility). Во првичните замисли, *должноста за пристојност* е поврзана со општествената структура, и со оглед дека сите ги остваруваат своите интереси во рамките на расправа со други, кои имаат исти или случни гледишта, тешко е да се замисли некој да биде непристоен. Но, подоцна кога Ролс зборува за сеопфатни доктрини и изземање на одредени поединци или групи од ,,правилата на игра`` се наметнува потреба од пополнување на ,,празнината која се појавува со преминот кон *Политичкиот либерализам*`` што ја користат егоистичните индивидуи за да ја испорачаат својата политичка агенда во стилот *прифати го моето видување на нештата или биди проклет*. Но, непристојните поединци, Ролс не се обидува да ги нормализира во својата теорија, туку прифаќајќи ја разновидноста во поведението на човековата природа, наметнува услов, луѓето да бидат нормални доколку сакаат (а Ролс, претпоставува дека сакаат, во нивен интерес е - од оваа констатација гради теорема) да владее праведноста во нивните односи. Впрочем, целата подоцнежна теорија за праведноста како непристрасност, почива на идејата за политичкиот либерализам во кој индивидуите се слободни и рамноправни. Тие подеднакво ги афирмираат и своите сеопфатни доктрини и политичката концепција (критериуми) на општествена праведност (Rawls, 1997:800).

Конечно, директните погледи на Ролс за суштината и идниот развој на делиберативната демократија се предизвикани во неколку моменти. Прво, дали е

возможна делиберативната демократија надвор од средини во кои јавната сфера не е постулирана на принципите на праведност и меѓу непристојни индивидуи; второ, дали и каков треба да биде обликот на контрола на решенијата кои би се добиле после опсежен процес на делиберација, кој очигледно Ролс не го предвидел и трето, можно ли е да се замисли предмет на делиберација, во средини во кои првичната, односно изворната ситуација има истовремено и реални и позитивни особини, а сепак нема критична вредност на огласност околу правилата на игра[94].

**3. Подоцнежен развој на теоријата за делиберативна демократија**

Независно од традицијата (онаа на Хабермас или онаа на Ролс) во која авторите ги развиваат своите теоретски стојалишта и дисциплинарниот пристап (социолошки наспроти политолошки), развојниот пат на теоријата за делиберативна демократија, на прв поглед се чини дека е далеку од кодифициран сет на поими и заклучоци. Затоа многумина критичари сметаат дека таа тешко би можело да се идентификува, како уште една теорија во социјалната наука. Овие и слични оценки добиваат на значење особено имајќи ја предвид динамичноста на целата расправа, плодноста на критиките, но најважно, дијалектичноста на целата парадигма во однос на современите елитистички концепти за демократија. Уште еден сериозен проблем кој стои на патот на унифицирање на стојалиштата во единствена теорија, претставуваат и внатрешните непомирливи позиции за дел од проблемите на дискурсот. Во ова

[94] Врз основа на овие, но и други критики, Сојард ја гради својата перспектива за иднината на теоријата делиберативна демократија – неговите погледи се изложени подолу.

поглавје се претставени стојалиштата за делиберативната демократија на Филип Пети, Роберт Гудин, Ејми Гатман, Денис Томсон, Џошуа Коен, Сејла Банабиб,Џон Драјзек, Брус Акерман, Џејмс Фишкин, Карлос Нино, Џејмс Боман, Ненси Фрејзер, Ајрис Мерион Јанг, Шантал Муф и Ен Филипс.

Овие автори припаѓаат на различни научни дисциплини и меѓу нив има и постмодерни теоретичари. Во поглед на концептуализирањето на делиберативната демократија, тие истакнуваат различни атрибути според кои таа е или треба да биде препознатлива во однос на останатите облици на демократија. Преовладува перцепцијата дека кај најголем дел од овие автори, размислувањата за ,,промислената`` демократија се на чисто нормативно рамниште. Еден дел од нив се обидуваат да ја определат рамката за делиберација (прашања од јавен интерес за кои ,,може`` и ,,треба`` да се делиберира), друг дел пак, се обидуваат да посочат на специфичноста на делиберацијата, додека постои и трет дел на автори кои прават своевиден компромис со заговорниците на агрегативните модели на демократија, истакнувајќи дека условот за ефективноста на делиберацијата е заокружувањето со гласање на креираните политики. Овие позиции, барем кај еден дел од заговорниците остануваат недоречени и затоа се предмет на критика.

Филип Пети, се обидува, следејќи ги Џон Елстер и Џејмс Боман да ги лоцира точките на конфронтација, и за таа цел посочува на три проблеми кои го попречуваат патот на теоријата за делиберативна демократија. Како прво, Пети го истакнува прашањето за опсегот, односно попрецизно, контекстот во кој би можело да се примени делиберативниот инженеринг – изборниот,

парламентарниот, бирократскиот, индустрискиот, образовниот итн. Како втор проблем, што придонесува за разијдување во дискурсот, тој го наведува прашањето за тоа колкав број на теми „треба`` да бидат ставени под делиберација: дали само изборот на службеници во јавните установи или и изборот на глобалните програми, односно изборот на деталните политики. И трет, се поставува прашањето за тоа, во колкава мера демократскиот карактер на одлучувањето го оправдува или легитимира режимот и особеноста на политичкото одлучување (Petit, 2001:2). Сепак, и покрај посочените несогласувања, Пети останува на ставот дека постојат најмалку три точки на преклопување за кои постои консензус помеѓу заговорниците на овој модел. Сите тие се однесуваат на тоа како *треба* делиберативната демократија да биде организирана. Тие три точки се *согласноста* околу тоа дека секоја демократска практика на политичко одлучување треба да биде вклучувачка (инклузивна), остроумна (просудување - judgmental) и дијалошка. Делиберативната демократија сфатена од овој автор како идеал, претпоставува дека овие **три ограничувања** треба да бидат широко споделени од страна на членовите кои се подготвуваат да учествуваат во делиберација, или детално

- Ограничувањето кое се однесува на условот за ***вклучувањето*** претпоставува дека сите членови се рамноправно третирани за да гласаат за тоа како да ги разрешаат соодветните колективни проблеми, или група на прашања со нешто помалку од едногласно гласање кое ќе биде доволно за да го одреди резултатот,
- Ограничувањето на ***остроумноста*** (просудувањето) подразбира, пред гласањето членовите да расправаат врз основа на одредени заеднички проблеми, за тоа кое решение треба да се преферира,
- ***Дијалошкото*** ограничување претпоставува дека членовите би требало да ја изведуваат оваа делиберација во состојба на отворен и

неприсилен дијалог едни со други, без разлика дали се одвива во централен форум или децентрализиран контекст (Ibid, 2)[95].

Во литературата, расправите за делиберативната демократија се препознатливи преку повикот на Роберт Годин ,,Прво зборувај, потоа гласај`` (First Talk, Then Vote). Зацврстувајќи ја на тој начин определбата за разместување на истражувачкиот инетерес за политичкото од типична гласачко-центрична активност кон зборување и советувачка дејност, Годин дава неколку оправдувања за ваквата поставеност на настаните во процесот на креирање политики и политичко одлучување. Овој автор спаѓа во редот на заговорници на делиберативната демократија, кои јасно ја истакнуваат судската пракса како директна инспирацијата за изградба на своите теоретски стојалишта. Имено, кај извесен број на автори, постои очигледна посветеност на правните нормативи и пракса, како фундаменти на новата теорија. Иако, експликацијата на моделот во најголем број случаи ја користи политичката сфера за изложување на своие аргументи, во најрудиментирана форма на дефинирање на делиберативната демократија стои заедничкиот именител дека тоа е ,,активност на политичко одлучување кое се случува со непосредно учество на најголемиот можен број заинтересирани *слободни и рамноправни* граѓани``. Во своето оправдување на принципот *зборувај, па гласај,* Гудин потенцира дека самите докази укажуваат на тоа дека зборувањето може да биде многу информативно. Групата која е инволвирана во процес на делиберација пред политичко одлучување, многу

[95] Во портретирањето на стојалиштата на Филип Пети значајно е да се нагласи дека перцепцијата на моделот на делиберативна демократија како идеал и посочувањето на трите ограничувања (предуслови), не се неговиот главен фокус, туку едно релативно невообичаено инситирање на агрегатноста во конечните одлучувања на делиберацијата. Пети го афирмира ставот дека делиберативната демократија е невозможна доколку на крајот *не* завршува со агрегација на преференците и гласање.

повеќе и побрзо учи од било која изолирана индивидуа. Хетерогените групи – како форум за делиберација, се попрецизни во издејствувањето на одлуки, но и пофлексибилни во преобликувањето на првичните позиции во преговарањето. Исто така, кај Гудин се забележува став, според кој, секоја делиберација не претставува цел сама за себе, туку активност која секогаш завршува и треба да завршува со гласање. Равенката *зборувај, па гласај,* во објаснувачката компонента е поделена на два дела. *Прво зборувај* – затоа што говорот може да биде добра ``процедура на истражување`` со што преку *ставањето на сите опции на маса* се откриваат сите слабости и силни страни на аргументирањето. Се сензитивираат учесниците за интересите на другите, а завршниот дел кој финишира со гласање ги зема предвид сите стојалишта изнесени во текот на расправата (Goodin, 2008) .

Гудин, слично како и многумина пред него, ја реафирмира позицијата на делиберативната демократија, како модел кој е организиран околу идејата за говорот како централна процедура за одлучување. Наспроти овој модел, во агрегативните облици на политичко одлучување фокусот е ставен врз процедурата на гласање. Но, иако ова претставува основа за градење на неговата позиција, придонесот на овој автор во отелотворувањето на теоријата, се однесува на карактеризацијата на говорот како централна категорија и институт на овој вид демократија. Говорот претставува сериски процес, за разлика од гласањето кое е симултан процес. Вообичаената политичка дебата го има следниов тек, прво еден зборува, потоа друг, трет и така натаму[96]. На овој начин

[96] Можноста секоја индивидуа да ги ислуша ставовите на претходниот говорник и соодветно да одговори на нив, остава простор за развивање на пристојни манири на конверзација и

делиберацијата развива едно динамично освежување во јавната расправа, при што доста често како резултат на делиберацијата се менуваат почетните ставови. Серискиот карактер на динамичното освежување на процесот, придонесува да се формира една сложена процедура на политичко одлучување наречена *Патека на зависноста* (Path of dependency). Како методологија на одлучување, таа ги има следниве карактерстики:

1. *Непредвидливост.* Поради тоа што првите настани имаат голем ефект и се делумно случајни, можни се голем број на решенија. Не можеме однапред да претпоставиме кое од овие потенцијални завршни решенија ќе биде постигнато.
2. *Нефлексибилност.* Колку сме подалеку напреднати во процесот, се потешко е да се префрлиме од една на друга патека...
3. *Непресметливост.* Случајните настани рано во процесот, во продолжетоци, не се исклучуваат. Не е возможно да бидат третирани (би можело слободно да се каже ингнорирани) како ,,врева`` бидејќи се враќаат во следните избори. Малите настани се запомнуваат.
4. *Потенцијална неефикасност на патеката.* Долгорочно, резултатите кои се заклучени, можат да создадат пониски сметки отколку што може заборавената алтернатива (Goodin, 2008: 5).

Корист од дискусијата (делиберација) како претходница на гласањето, Гудин ја потполнува со стојалиштата на некои од позначајните претставници на агрегативните модели на демократија. Конкретно, тука го наведува ставот на Дал и Линдблом од 1953 г., каде тврдат дека на секое гласање му претходи дискусија, расправата и гласањето се взаемно испреплетени, и тие се користат онаму каде се настојува да се допрецизираат гласачките пеференци на граѓаните. Сведувањето на процесот на креирање на политики и политичко одлучување на ритуализирано гласање, најчесто се случува преку облици на т.н. јавно одлучување од плебисцитарен карактер (воведување на референдум), каде

---

зацврстување на своите гледишта по еден дијалошки пат. На овој начин, најефикасно се учи од сопствените грешки или слабости во аргументирањето.

според законот на големите броеви, тоталитарните власти ја ограничуваат секоја дискусија, преку елегантна етикета на демократски институт (Dahl and Lindblom, 1953:66).

При елаборирањето на предностите од делиберативниот начин на политичко одлучување, Гудин се служи со теоремата на Кондорсе, и во излезниот резултат заклучува дека во идентификувањето на вистинскиот одговор за разгледуваниот проблем помеѓу различните групи на граѓани, суштинско е тоа дали вистинското прашање ќе дојде на ред за разгледување и делиберација. Според тоа, нормативното стојалиште на Роберт Гудин за обезбедување на квалитетен процес при креирање на политики и политичко одлучување, би требало прво да изгради дискурзивни и делиберативни елементи, кои ќе бидат од централна важност за целокупниот процес на одлучување, но конечните одлуки би се носеле со многу *почисти процедури за агрегирање*[97].

Уште една од првичните и конкретни дефинирања на делиберативниот модел на демократска практика, заснован пред се, врз дотогашните достигнувањата на Џон Ролс, претставува заедничкиот став на Ејми Гатман и Денис Томсон дека, *новумот* наречен делиберативна демократија, од останатите форми на демократија се разликува во барem најмалку четири точки. Прво, одлуките кои би се носеле според оваа формула треба да бидат *оправдани,* и тоа, и од граѓаните и од нивните претставници (нормативната интонираност која тука е

[97] Влијанието на Ролсовата теорија за општествена праведност како непристрасност, и на теоријата на рационален избор, кај Гудин не оставаат простор за истражување на рамките и содржините преку кои процесот на делиберација би станал цел сам за себе, наспроти доделувањето на најважната улога на агрегирањето на преференците преку гласање. На примерот со Гудин, можно е да се воочат значителен дел од слабостите на аргиментирањето на оваа струја во рамките на дискурсот. Најчесто тие не можат да избегаат до сенката на ултимативната вредност на гласањето во процесот на политичко одлучување.

неизбежна само ја потврдува потенцијалноста за преклопување со некои од концептуализациите на Хабермасовите следбеници), второ, одлуките кои се носат треба да вклучуваат *причини кои се достапни до сите граѓани на кои се однесуваат*; трето, овој процес тежнее кон постигнување на одлуки кои се *обврзни* барем извесен период и четврто, дека целиот овој процес на креирање и извршување на политики според делиберативната демократија, во основа е *динамичен* (Gutmann and Thompson, 2004).

Доколку се анализираат составните елементи на оваа првична определба, можно е да се забележи дека Гатман и Томсон, спаѓаат во оние теоретичари-заговорници на овој модел кои се примечиви и флексибилни по основ на останатите форми на политичко одлучување. Од тука произлегува дека делиберативната практика не ги исклучува облиците на ценкање и преговарање помеѓу засегнатите страни, како и тајните операции кои ги изведуваат извршните власти. Делиберативната демократија според нив, не е ниту исклучиво процедурална ниту исклучиво суштинска, меѓу другото затоа што учесниците не се само пасивни правоносечки субјекти во политичкиот процес, туку автономни агенти кои владеат непосредно или преку претставниците. Покрај тоа, постои препознатлива форма на реципроцитет според која, како активен учесник во политичкиот процес, не само што мора да се понуди оправдана причини за конкретна политики, туку тој статус ги обврзува и другите соговорници да бидат убедливи во нивните проекти.

Реципроцитетот треба да задоволи два услови, прво дебатата мора да го заземе (или освои) своето место во јавноста (не да постои само во сферата на

приватното како личен став) и второ, причините треба да изразуваат содржина која го рефлектира јавниот интерес. Кога се вели дека одлуките кои израснуваат на крајот на процесот на дебатирање, советување и обмислување на политиките треба да обврзуваат, Гатман и Томсон мислат на свесно насочена дејност која квалитативно се разликува од останатите форми на разговор (како примери се наведени ток-шоуата или академските семинари). Ова подразбира носење на конкретна одлука која се реализира и има конкретно влијание врз креирањето на политиката и она што можеби претставува најголем предизвик за делиберативната демократија се однесува на одржување на потребното ниво на динамичност на целиот процес. Авторите овој предизвик, го разрешуваат со аргументите на несовршеноста на политичките одлуки и со укажување на фактот дека добар дел од политичките одлуки не се конзензуални - предизвици на кои мора да биде подготвен секој учесник во делиберацијата и кои треба да ги надмине секоја делиберација. Обидувајќи се на ваков начин да одговорат на дел од критиките упатени до нивна адреса за одржливоста на концептот, Гатман и Томсон ја даваат следнава работна дефиниција за делиберативната демократија:

> ...како форма на владејачка во која рамноправни и слободни граѓани (и нивни претставници) креираат одлуки во процес во кој тие си даваат едни на други причини, кои се взаемно прифатливи и обично достапни, со цел да се постигнат заклучоци кои се обврзувачки во присуство на сите граѓани, но отворени да бидат изменети во иднина (Gutmann and Thompson, 2004: 7)

Ваквото видување на Гатман и Томсон само ја потврдува линијата на развој во рамките на дискурсот, која како главна цел на делиберативната демократија го истакнува обезбедувањето на *најправдлива концепција во справувањето со моралните несогласности во процесот на креирање на политики и политичко*

*одлучување*. Оттука, како највидливи деривати на целнонасоченоста на делиберативниот процес се одделуваат: промоцијата на легитимитетот на колективното одлучување; охрабрувањето на т.н. перспективи *пронижени со духот на јавноста* во однос на одлучувањето за јавните прашања; промовирањето на процеси на политичко одлучување засновани на взаемна почит и надминување на грешките при изложување на морално спротивставени гледишта во текот на одлучувањето (Gutmann and Thompson, 2004:11)[98].

И покрај тоа што дел од предностите на функционалноста на агрегативниот модел на политичко одлучување, се економичноста и брзината на креирањето на политиките, Гатман и Томсон лоцираат најмалку три причини или слабости на агрегативните концепции на демократија, поради кои тие треба да бидат заменети со оние на делиберативната демократија. Прво, како основа за колективното одлучување, агрегативните концепции начелно ја прифаќаат, а во извесни случаи можат и да ја засилат постојната дистрибуција на моќ во општеството (притоа агрегативните концепции воопшто не навлегуваат во расправа за моралната позадина на целата дистрибиција, односно, дали таа е фер или неправедно постулирана), потоа, постои проблем околу неможноста на индивидуалните актери да им се обезбеди начин со кој би можеле да ги преиспитаат методите на

[98] Овие четири цели, кои се постигнуваат со делиберативната демократија, можат да бидат надополнети или заменети со четири вида на извори на моралната согласност, неопходни при оформувањето на делиберативната демократска практика. Прво, со промоцијата на легитимноста на колективното одлучување се надминува проблемот со недостаток на ресурси; потоа со охрабрувањето на перспективите „пронижени со јавен дух" се настојува да се надмине ограничената дарежливост додека преку взаемно респективните процеси на политичко одлучување се надминуваат несовпадливите морални вредности кои ги ценат учесниците во делиберацијата и на крај преку разрешувањето на грешките во состојба на спротивставени морални стојалишта се комплетира взаемното недоразбирање, со што учесниците учат едни од други (Gutmann and Thompson, 2004:11).

агрегација и на крајот и покрај декларираната политичка еднаквост, агрегативните концепции не ги прифаќаат (или подржуваат) подеднакво сите примарни преференци (Gutmann and Thompson, 2004:17). Но од друга страна авторите ги истакнуваат предностите на делиберативната демократија во неколку точки:

- делиберативната демократија не обезбедува природен начин за да се постигне дефинитивен заклучок на кој му недостасува консензус, што не е за очекување во многу случаи на политичко одлучување
- делиберативната концепција пред се почива врз експлицитни морални принципи, кои што изгледаат поприродни отколку во агрегативните концепции
- делиберативната демократија може да приспособи многу различни видови процедури на политичко одлучување за да се постигнат конечни одлуки, вклучувајќи гласање и извршни одлуки, кои што ги обезбедува во облик на делиберација
- отворената (неограничена) природа на делиберацијата им овозможува на граѓаните или законодавците да ги преиспитаат претходните одлуки, вклучувајќи ги тука и одлуките за процедурите за политичко одлучување
- делиберативната демократија ги поттикнува граѓаните и нивните претставници да продолжат заеднички во изнаоѓањето на решенија, при што доколку несогласувањето е решливо според условите на реципрочноста, делиберацијата повеќе осигурува договор отколку агрегатниот модел.
- преку вклученоста во делиберацијата граѓаните ја осознаваат можноста дека можат да ги сменат нивните преференци
- природата на делиберативниот процес на оправдувањето (на политичките решенија - А Ј) испраќа сигнал дека учесниците се спремни да започнат дијалог во кој е дадена причината за расправа, и причините се соодветни на капацитетите кои ги поседуваат за да се премислуваат (Gutmann and Thompson, 2004:18-20).

Овој сет на карактеристики кои според Гатман и Томсон делиберативната демократија ја прават посоодветен начин за креирање на политики и политичко одлучување, не ги надминуваат несогласувањата што постојат во рамките на дискурсот помеѓу авторите кои застапуваат различни стојалишта и аргументи. Обидувајќи се да изнајдат помирливи константи во дилемите околу вредноста,

статусот, целите и доменот на делиберацијата, овие автори вешто пловат во морето на дилеми, кои тие ги отвораат со прашањата како што се инструментална или изразна делиберативна демократија; консензуална или плуралистичка делиберативна демократија; претставничка или партиципаторна делиберативна демократија; домашна или меѓународна делиберативна демократија и слично со што само го подражаваат импулсот на подоцнежната разгранета расправа за делиберативниот инженеринг во процесот на креирање на политики и политичко одлучување.

Како едни од најпознатите следбеници на Ролсовата традиција во пристапот кон проблематиката, Ејми Гатман и Денис Томсон, во рамките на нивните теоретизирање ја изразуваат и длабоката убеденост дека постои збир на идеали кои личат на Ролсовиот јавен разум и всушност тие ја сочинуваат содржината на делиберативната демократија. Меѓу мноштвото принципи, тие ги издвојуваат следниве: **реципрочност** односно капацитет да се бара фер услови на општествена соработка за своја цел (Gutman and Thomson, 1996: 52-3), потоа **јавност и одговорност** на претставниците и на (и кон) граѓаните, како и кон граѓаните на други политички системи, и кон следните генерации. Сепак, она што ги одделува од Ролс е нивното недоверие кон аргументот на делиберацијата кој би требало да биде ограничен на она што е заеднички интерес. Според нив, учесниците во процесот на делиберација би требало да се потрудат да понудат аргументи кои се прифатливи за поединечните (индивидуални) интереси (за пример ги наведуваат различните религиозни доктрини) кои тие не ги споделуваат со останатите учесници. Иако крајниот резултат не секогаш ќе изроди консензус,

сепак придобивките од делиберацијата ќе овозможат своевиден modus Vivendi кој многу важно, нема да дозволи одење во друга крајност како што е т.н. *унифицирана јавна волја* (Gutmann and Thompson, 2004: 380)[99].

Од друга страна пак, Џошуа Коен еден од позабележителните следбеници на Хабермасовата традиција во развојот на концептот за делиберативна демократија, ја доразвива идејата за верификување на чисто нормативно-рефлексивниот концепт за етика на дискурсот. Оттаму, делиберативната демократија се доживува како „асоцијација на луѓе со чии интереси управува јавната делиберација преку учесниците во истата``(Cohen, 1997:67). Основата на легитимацијата на целиот процес претставува слободното **советување** помеѓу еднаквите. Правилата неопходни за процесот на делиберација се резултат од самото советување, додека обликот на делиберативно демократско одлучување, пожелно е да се понадворешни преку транспарентни процеси во сите конкретни резултати од советувањето (Cohen, 1997:72).

Можеби по изразено отколку кај неговиот петходник, кај Коен се забележуваат левичарските инспирации во концптуализирањето на делиберативниот инженеринг на политичкото одлучување. Тоа е највидливо во шемата со предуслови за функционална делиберативна демократија што овој теоретичар ја нуди, притоа својствено за револуционерните позиции на

[99] Заради ваквиот нивен екстензивен систем на теорија за делиберативна демократрија како и поради длабоката убеденост дека секое политичко прашање кое иницира длабоко морално подвојување во јавноста, може и мора да биде третирано преку процес на делиберација, одредени автори ценат дека „во рацете на Гатман и Томсон, делиберативната демократија започнува да личи на целосна политичка теорија" (Dryzek, 2000:17).

левичарите опсегот на промените го простира и надвор од чисто политичката сфера.

Темелни услови на концептот за делиберативна демократија според Џошуа Коен:

1. Делиберацијата е слободна. Учесниците не смеат да бидат врзани за авторитет или за претходно утврдени норми и барања, освен кон оние кои произлегуваат од самата делиберација.
2. Учесниците претпоставуваат дека на крајот на делиберацијата, исто ќе се чувствуваат обврзани кон резултатите и ќе ги спроведуваат.
3. Делиберацијата мора да се заснова на аргументи. Сите предлози, сета поддршка и критика мора да бидат втемелени.
4. Дозволена е да се врши само една присила, и тоа според Хабермасовото начело на етиката на дискурсот – ненасилната присила на подобриот аргумент.
5. Секоја колективна одлука би требало да се носи на делиберативен начин и во исклучителни ситуации, дополнително да се проверува дали е согласна со начелата на делиберација.
6. Секој има еднакво право на говор и гласање, односно сите учесници се сметаат формално и суштински еднакви.
7. Веќе постоечките правни барања кои постојат внатре во групите, немаат обврзно дејство, туку можат во секој момент да се изменат - со еден исклучок: мора да се сочува рамката на делиберацијата помеѓу еднаквите. (Cohen, 1997:74 passim).

Воочлива е една про-агрегативна преференца на овој автор во утврдувањето на ултимативниот облик и функционирање на делиберативната демократија. Таа е најзабележителна во убедувањето дека идеалната процедура за делиберација е најдобро институционализирана кога се одвива квалитетна дебата помеѓу елитите. На тој начин таа ги оспособува луѓето да направат избори во политиката, кои се претходно добро разгледани и за кои се добро информирани. Потоа, тие избори се споредуваат со видувањата и стојалиштата на претставниците, без било каква посебна полза од посуштинска политичка

рамноправност. Тоа подразбира, според Коен дека, рамноправноста се темели на минимум воедначени можности за влијаење врз одлуките и подеднаква тежина на секој глас во процесот на политичкото одлучување (Cohen, 1996:107).

Клучниот проблем кој се појавува во ова видување на делиберативната демократија е начинот на поврзување на делиберацијата, политичката еднаквост и политичката партиципација. Одговорот на овој предизвик, изродува еден плоден придонес на Коен, и во однос на размислите за односот и идниот развој помеѓу делиберативната демократија и корпусот на основни човекови права (види во претпоследното поглавје).

За да ја надмине оваа недоследност во аргументацијата, Коен обрнува внимание на природата и развојот на три посебни ситуации.

Во првата, ја разгледува можноста, делиберативното вклучување да осигура дебата во која преку кристализацијата на јавното добро се потврдуват и промовираат основните човекови права. Накратко, делиберативната постапка, овозможува иземање од конвенционалните инструментални размислувања во политиката. Обезбедувањето на почитување основни човекови права и слободи, повлекува натамошен развој на следните генерации на човекови права, со што, се избегнува постигнувањето на консензус по секоја цена – дури и по цена на повторно воведување на „ефектното" ценкање во процесот на обликување конечни политички решенија. На овој начин, делиберативната практика ги потсетува креаторите на политиките, дека секоја индивидуа има еднакво право на пристап и учество во политиката, додека ценкањето и преговарањето на

агрегативни основи е постапка за која се тежнее да биде наполно отстранета од политичката практика (Cohen, 1996:107)..

Во втората ситуација, Коен застапува едно радикално решение кое во исходишните елементи содржи уверување дека делиберативната демократија ги прави непотребни облиците на нееднеквост или позитивна дискриминација – иницирани од потребите за подобрување на маргинализираните и хендикепирани индивидуи врз основа на расата, етничката припадност, религијата, културната заедница и слично. Ова е предвидено во полза на партиципацијата и либералните зацврстувања на демократското одлучување (Cohen, 1996:107)..

И во третата ситуација, Коен, повикувајќи се на значајноста на сеопфатните доктрини во секојдневниот живот на индивидуите и остварувањето на интересите, ги реафирмира ставовите на Аристотел и Русо inter alia, за поврзаноста на личната автономија, остварувањето на интересот и политичката партиципација. Религиозните убедувања и постапките кои произлегуваат од споделените вредности во заедниците, можат да послужат како алатки за развој на одговорноста, како втора страна од медалот човекови права, и на тој начин да иницираат теми зарасправа во јавноста. Тоа само уште еднаш ја зацврстува идејата или перцпецијата на граѓаните за рамноправност меѓу себе (Cohen, 1996: 107-8).

Сејла Бенабиб, како уште една од позабележителните следбеници на Хабермасовата традиција, само ја потврдува определбата за широка легитимација на секоја политичка одлука како основа на делиберативниот модел на демократија. Тоа е највидливо кога вели дека ``легитимноста во сложените

демократски општества мора да биде **мисла** (подвлекол - А Ј) која резултира од слободната и неприсилена делиберација на *сите,* за работи од заеднички интерес`` (Benhabib, 1996:68). Впрочем, Бенабините стојалишта за дискурсот и нејзините позиции во рамките на дебатата, претпоставуваат често цитирани фрагменти, во кои постои посветеност на интеграција на Ролсовите и Хабермасовите предности и слабости во аргументирањето. По сопствено искажување, теоријата за делиберативна демократија, оваа авторка ја разбира како синтеза на Ролсовото инсистирање на кантовиот конструктивизам и она што Хабермас го именува како ,,реконструкција``( Benhabib, 1996: 68)[100].

Од ова стојалиште, е вредно да се одбележи дека уште еднаш се зацврстува моралниот карактер или позадина на целата теорија за делиберативна демократија. Подразбирајќи тука минимум согласност на засегнатите од процесот на делиберација околу нормите (општи правила за дејствување и институционални уредувања), делиберативната демократија ги добива следниве контури 1) учеството во делиберацијата е водено од нормите на рамноправност и симетричност (сите имаат подеднакви можности да иницираат говор (тема за расправа и одлучување); да постават прашања; да испрашуваат и да започнат дебата) 2) сите имаат право да ги доведат под сомнение дадените теми за расправа и 3) сите имаат право да иницираат рефлективни аргументи за

[100] Тука Бенабиб нагласува дека пристапите и методологиите на двајцата родоначалници се од второстепена важност, наспроти споделените уверувања за институциите на либералната демократија, кои отелотворуваат идеализирана содржина на практичниот разум.

правилата на процедурата за говорење и за начинот на кој тие се применети и се извршуваат (Benhabib, 1996: 70)[101].

За Сејла Бенабиб, ситуацијата на идеален говор, кој според многумина е во основата на делиберативниот процес, може да се ефектиура, доколку се задоволени следниве услови: 1) учеството во ваквата делиберација да е детерминирано од нормите за еднаквост и симетричност, сите да имаат подеднакви шанси да иницираат говор, да постават прашање, да сослушаат сведоци и да отворат дебата; 2) сите да имаат право да ги проблематизираат темите на расправата; 3) сите да имаат право да иницираат повратни аргументи за правилата на дискурсот, процедурата и начинот на кој тие се применети и спроведени (Benhabib, 1996: 70).

Нарекувајќи ги овие постулати за теоријата за делиберативна демократија - *филозофска реконструкција*, таа истите ги спротивставува на етноцентричниот либерализам на Ричард Рорти, но и на останатите видови на преживеан кантијанизам во современите полит-филозофски размисли. На тој начин, уште еднаш се слуша ехото од Хегеловата филозофија, особено од метафоричноста на неговиот ,,објективен дух``, од каде Бенабиб и неколку други, се обидуваат да го контекстуализираат репертоарот на анонимни и неутрални колективно прифат(лив)ени правила, процедури и постапки. Преку овие правила и процедури

[101] Траба да се напомене дека Бенабиб веќе на почетокот предупредува дека овие процедури на делиберацијата или процедуралните особености на ситуациите за аргументитрање – кои се наречени практични дискурси, не се преносливи на макро ниво и на транснационални организации. Според нејзините оценки, тоа не е ни пожелно. На овој начин теоријата за демократија (попрецизно процедуралистичките модели на демократија) најчесто се спротивставени на општата теорија за моралот, и се интересираат само за практичната изведливост и одржливост, а не за содржината или суштината на процесот на креирање политики и одлучување. Од друга страна пак, процедуралните ограничувања на (секоја) теорија за демократија даваат можности за критичко оценување на критериумите за членство и учество во политичките процеси на одлучување, како и за правилата на поставување на агендата за расправа (Benhabib, 1996: 70).

се лоцираат рационалистичките основи на моделот на делиберативна демократија[102].

Концентрирајќи се на процедуралистичките модели на рационалност, и портретирајќи ги најзините карактеристики, Бенабиб посебно внимание посветува на процедуралните модели на (делиберативна) демократија. Идентификувањето на овие три елементи на теоријата (вредносен плурализам, артикулација на различни интереси под одредени услови и отвореност), и соодветно правно-обврзувачката димензија на излезните решенија од делиберацијата, се покажаа како круцијални во оправдувањето на моделот. Поврзувајќи најразновидни групи од општеството, почнувајќи од политичките партии, преку граѓанските здруженија па се до групите за подигнување на свеста на граѓаните, делиберативната демократија креира испреплетена мрежа на здруженија, политички партии групи и слично, која најчесто резултира во анонимна јавна расправа. Токму привилегирањето, односно афирмирањето на оваа испреплетена мрежа на јавната сфера, преклопувачките мрежи и здруженија за делиберација, во кои се одвива жив процес на натпреварување и аргументација е проекцијата за идниот развој на демократската постапка. Ова е иднината на демократските облици на политичко одлучување според Бенабиб (Benhabib, 1996: 74)[103].

[102] Дефиницијата на Бенабиб за делиберативна демократија (освен претходно посочените услови за нејзино ефектуирање) содржи веќе претпознатливи елементи на дефиниенси и дефиниендум кои се појасно формулирани кај редица други автори, па дури и класификатори на теории за демократија. Сепак, делиберативната демократија во себе подразбира ,,легитимитет и рационалност, кои се постигнуваат преку колективно политичко одлучување во рамки на институции кои се создадени на начин кој заедничкото добро (интерес) го поима во процес на колективна делиберацвија која се одвива рационално и рамноправно меѓу слободни и рамноправни индивидуи`` (Benhabib, 1996: 69).

[103] Бенабиб е една од неколкуте заговорници на делиберативниот модел кои своите теоретски преокупации со моделот во настанување, ги промислуваат и дизајнираат во дослух со критиките кон делиберативната демократија. На ова место таа посочува на три моменти кои треба да се

Континуитетот со Хабермасовата традиција (т.н. процедуралстичкиот модел на делиберативна демократија), Бенабиб го потврдува со проширувањето на трите постулати од неговата дискурзивна теорија за демократија: обезбедено учество во делиберација која се одвива според правилата на рамноправност и симетричност; сите имаат право да ја критикуваат и проблематизираат наведената тема за разговор и секој има право да користи одбрамбени аргументи за секое правило на говорот (Benhabib, 1996:70).

Од друга страна, пак, се чини дека најпрочистената дефиниција на делиберативната демократија и нејзиното содржинско разликување од останатите видови политички дејствувања и одлучувања дава Џон Драјзек. На почетокот од своето пионерско дело од оваа област во 2000 година *Делиберативна демократија и отаде: либерали, критики спротивставувања*`` (*Deliberative Democracy and Beyond: Liberals, Critics, Contestations*), тој прво ја одделува делиберацијата како значително поразличен облик од сите останати видови на комуникација. Таа се разликува пред се преку статусот на учесниците во делиберацијата (т.н. делибератори deliberators) кои се попустливи во своите судови, преференци и погледи за време на политичката дебата. Ваквата нивна поставеност, многу почесто подразбира *убедување* отколку принуда манипулација

---

земат предвид при концептуализирањето на теоријата за делиберативната демократија. Прво, критиките кои доаѓаат од таборот на ортодоксните либерали и се однесуваат на потенцијалоното уривање и загрозување на индивидуалните слободи, што понатаму би можело да го загрози и владеењето на правото (на ова место се повикува на теоријата за конверзциска неутралност, која Брус Акерман ја има скицирано во раните трудови со надеж дека ќе одговори на дел од либерлните напади); второ, критиките на феминистичките теоретичари кои ја потенцираат зафгриженста од можноста овој модел (делиберативна демократија) фаворизирајќи одреден образец на говор (рационален, машки, еднозначен и хегемонистички дискурс) кој ги замолкнува останатите кои (треба да) ја артикулираат посебноста и различноста на позициите во јавноста и трето, институционалистите и реалистите, кои моделот го оценуваат како безнадежно наивен, кој сепак може да биде и загрозувачки земајќи ги предвид неговите анти-институционалистички стојалишта (Benhabib, 1996: 74).

или замајување. Затоа суштината на делиберативната демократија Драјзек ја поставува како директна спротивност (или можеби закана) на гласањето, интересовното групирање, уставните права, дури и на самоуправата (Dryzek, 2000: 1) Со овој чекор, Драјзек драстично истапува во однос на конципирањето на делиберативната демократија. Тоа исчекорување е највидливо во индиректното релативизирање на улогата на идеолошките рамки на идното политичко делување како дел од делиберативната демократија, но и нејзиното изделување од уставните права, интересното здружување и самоуправувањето. Сево ова води кон сознанието дека учесниците или актерите во една делиберација, мора да бидат граѓани со натправарувачки етос, со јасно издифиренциран став и поглед за своите интереси, но и свест за својата позиција во јавноста.

Соголувањето на политичкото учество на ниво на гола прагма, иако во рамки на конкурентна дебата значи само детерминираност на ваквото определување на делиберативната демократија од англосаксонската политичка традиција (Dryzek, 2000).

Од посебна важност во конципирањето на заокружен сет на поими за теоријата за делиберативната демократија е идентификувањето на неопходните ,,вештини на делиберација``. Меѓу нив, Драјзек ги набројува: отвореноста, почитувањето, реципрочноста, комуникативната компетентност, рамноправноста во можноста да се иницираат и постават прашања (Dryzek, 2000:134).

Теоријата за делиберативна демократија на Џон Драјзек во еден дел е значително поразлична од струјата предводена од Јирген Хабермас - попрецизно, во делот во кој се бара филозофско оправдување на целиот концепт.

Затоа на крајот од *Делиберативна демократија и отаде: Либерали, критика и спротивставувања,* Драјзек ја претставува делиберативната демократија по дијалошки пат, обидувајќи се да даде одговор на најчестите прашања адресирани од критиката. Па така, на дилемата дали делиберативната демократија треба да се ограничи само на рационалниот аргумент или да дозволи и друг вид на комуникација, Драјзек потенцира дека секој вид на комуникација кој 1) не е насилен, и 2) е во состојба да го поврзе посебното со општото, може да послужи во исполнувањето на задачата на делиберативната демократија (Dryzek, 2000: 167).

Од одговорот на првото прашање се наметнува вториот проблем, а тој се однесува на придонесот на другите (покрај рационалната комуникација) видови комуникација (стрататешко дејствување) во постигнувањето на конечното решение. Тука Драјзек е малку порестриктивен. Иако дозволува и другите видови на комуницирање да имаат соодветна улога во конечното решение, тој го поставува условот дека, секое натамошно развивање на нерационалните облици на комуникација можат да имаат свој удел, само доколку нивниот развој оди во правец на тоа, аргументот да остане од централна важност во целиот процес (Dryzek, 2000:168).

Потоа, Драјзек опстојува на ставот дека рамките кои ги нуди делиберативниот модел на политичко одлучување, нудат можност за акомодирање на речиси сите видови постоечки разлики во современото општество, а на кои во последно време најмногу инсистираат постмодернистите, преку барањата за неутралност и рационалност. Всушност, дискурзивната

демократија тоа го постигнува со подржувањето на плуралитетот на дискурси кои се употребуваат во текот на делиберацијата на јавната сцена. Тоа не остава простор за задоволување на интересите на тврдолинијашите, односно делиберацијата подразбира исто онолку конкурентност и несогласување, колку што подразбира можности да се слушнат и гласовите на најмаргинализираните (Dryzek, 2000:168).

На прашањето дали делиберацијата однапред ќе ограничи расистички или стереотипни позиции и предрасуди во процесот на креирање политики и политичко одлучување, одговорот оди во насока на искоренување на секој секташки или друг лош аргумент кај делибераторите уште во фазата на подготовка за учество во делиберација (Dryzek, 2000: 169). Разрешувајќи ја следната дилема, Драјзек постулира аксиом со кој оди подалеку од стојалиштата на Ролс, бидејќи неговата перцепција на делиберацијата е како *клуб за избрани*. Наспроти тоа, делиберативната демократија е отворен процес во кој само преку активно учество можат да се стекнат неопходните вештини *пристојност* и *реципрочност* (Dryzek, 2000:169).

На прашањето дали покрај аргументот кој се однесува на јавниот интерес, можно е да бидат исфрлени на површината од делиберацијата и аргументи од стриктно личен карактер (интерес), Драјзек се залага за искористување на механизмите кои се карактеристични за делиберацијата. Секој аргумент се претвара од поединечен аргумент во аргумент кој е убедлив за сите, и индивидуите кои го испорачуваат во јавноста ваквиот аргумент, треба прво себеси да се убедат во неговата вредност а потоа и да ја надминат својата парцијалност

(Dryzek, 2000: 169). Можеби најранливата позиција во теоретскиот модел на Драјзек се однесува токму на прашањето, дали е неопходно ценкањето (преговарањето) во делиберацијата. Во однос на ова, Драјзек, потсетува дека суштината на делиберативната демократија - а тоа е советодавниот процес - не само што дозволува, туку и потикнува менување на првичните стојалишта. Меѓутоа, стравот од мамење кој е реален преку процесот на ценкање (преговарање), најчесто се обистинува во услови кога постои голема недоверба помеѓу учесниците во политичкиот процес. Ова стравување, можно е да се ублажи па дури и надмине преку делиберацијата, доколку ги охрабрува учесниците да ги зголемат стојалиштата и алтернативите. На овој начин се подига и нивото за практикување на преговарање и ценкање, кое сега веќе не е арбитрерно или тесноградо.

Во однос на тоа дали делиберативната демократија треба да биде ориентирана кон постигнување на консензус или едноставно да завршува со гласање, Драјзек се труди да понуди аргументи кои одат во прилог на постигнување функционални договори, во рамките на кои учесниците се согласуваат околу насоката на (идното) дејствувањето, иако поради различни причини (Dryzek, 2000: 170).

Што се однесува до делокругот на апликативност на делиберативната демократија – дали таа треба, пред се, да се применува само во институциите на претставување, во правниот систем и во услови на либерална демократија, Драјзек се обидува да даде еден задоволувачки одговор. Тој во однос на оваа дилема застанува на страната на *диференцирачките* демократи. Овие

заговорници тврдат дека, иако законодавниот дом и судовите се местата наменети за делиберација, би било вистинско осиромашување на јавната сфера[104], доколку делиберацијата се ограничи само на овие простори. Исто така, граѓанското содружништво треба да стане домен во кој делиберацијата слободно ќе се практикува и развива. Но, со ова не треба да се изведуваат заклучоци за сместување на делиберацијата во помалку моќните простори, најмалку поради тоа што постои реален потенцијал, поврзувањето на делиберацијата со натпреварувањето на дискурсите во јавната сфера, јавното мислење да го претвори во административна моќ (Dryzek, 2000: 171).

На прашањето дали делиберацијата треба да биде ограничена со уставни одредби, кои имаат примарен карактер во однос на решенијата од делиберацијата, Драјзек, детално се обидува да одговори преку изложувањето на позициите на либерално-конституционалните заговорници на делиберативната демократија. Тие понудија три начини за надминување на ова прашање[105]. Прво, принципите на делиберативноста можат да се искористат за остварување на либералните права, второ, уставот може да биде развиван за да го заштитува доменот на делиберацијата, и трето, процесот на креирање на уставните

[104] Ставот на Драјзек во однос на оваа дилема, го изразува неговото реноме, на еден од најсериозните ученици и продолжувачи на Хабермасовата традиција за делиберативната демократија. Неговата убеденост во трансформацијата на јавното мислење во административна моќ, ја отсликува Хабермасовата диференцијација на меки и тврди средини во јавноста, при што дава одговор и на редица критики упатени до Хабермас за неговата „методолошка" или номинална заслепеност за општествената реалност. Широката употреба на делиберацијата надвор од институциите на државата или рамките на либералниот конституционализам, само ја подржува идејата за интернализирање на вредностите и вештините за делиберација, кои во иднина според заговорниците на овој модел на демократија, би требало да станат составен дел од репертоарот на граѓанската култура на луѓето.
[105] Во решенијата на овие автори, се забележува обид да се надмине јазот кој во современите теории за демократија се толкува како тензија помеѓу либерализмот и демократијата (рамноправноста и еднаквоста) во нормативниот концепт за демократска политика (а таа, најчесто се препознава под етикетата на *либералната демократија*).

решенија, самиот по себе може да биде делиберативен[106]. Околу расправите за позицијата на политичката еднаквост (дали таа треба да биде централна или периферна) во концептот на делиберативната демократија, и дали постои простор за моделирање на нееднаквоста која произлегува од вродените потенцијали за делиберација, Драјзек, тврди дека единствена моќ која може да биде практикувана, е онаа на ненасилната моќ на подобриот аргумент. Согласно со ова, се чини дека претпоставката за одредена економска урамнотеженост помеѓу активните делибератори, ја поткрепува тезата за неоходност од институцијата држава на благосостојба. Одредени автори (Гатман и Томсон на пример) државата на благосостојба ја заговараат како нужен услов за успешно функционирање на делиберативната демократија. Државата на благосостојба со нејзините аспекти на социјална редистрибуција на јавните добра, нуди можности за урамнотежување на позициите и ресурсите, што учесниците ги внесуваат во делиберацијата. Но Драјзек (како и добар дел од заговорниците) не застапува стојалиште на еманципиран либерален егалитарист, туку различните нивоа на вештини, со кои граѓаните влегуваат во процесот на делиберација, ги смета за влог во конкурентноста како втора битна одлика на делиберативниот модел на демократско одлучување. Затоа и изразува интерес за посебните состојби и предиспозиции на индивидуите за активно учество во делиберација, нагласувајќи ги структурните аспекти на концепот, што во одредени услови можат да помогнат

[106] Не треба да се потенцира дека практикувањето на делиберативниот модел на креирање политики и политичко одлучување внатре либерална уставна рамка, гарантира дека правата на индивидуата и малцинставата ќе бидат заштитени од државата и нејзината моќ. Овие индивидуални права, во случајот на делиберацијата, се претпоставува дека ќе ја засилат позицијата на институтите - слобода на говор и право на здружување (оваа проблематика е рзработена во следното поглавје под наслов делиберативна демократија и либералниот конституционализам).

да се надминат дадени неконкурентни позиции и особини на граѓаните, како што е срамежливоста.

Ова од друга страна, пак, отвара еден посебен предмет за анализа на делиберативната демократија, а тоа е писмениот начин на иницирање и одржување одреден сепен на делиберација (Dryzek, 2000: 172-3).

Во една од последните дилеми на кои се обидува да даде задоволувачки одговор и патека за идниот развој на делиберативната демократија, Драјзек, го отвара можеби најзначајното прашање во дебатата, Тоа е, дали СИТЕ одлуки треба да го поминат филтерот на делиберацијата, или постои само одреден збир на прашања кои се соодветни за овој вид демократска практика? Свесен за времето, енергијата, но и парите кои ги изискува процесот на делиберација како неопходни ресурси, тој посочува на можноста одреден број (не така мал или занемарлив) на проблеми да не се решаваат преку делиберација, односно делиберацијата да се користи „само за оние одлуки кои се **значајни и неслушнати**" или и за двете. На овој начин Драјзек себеси но и другите теоретичари-заговорници на делиберативната демократија ги амнестира од потребата да ги посочат степените на значајност или маргинализираност на темите кои би требало да бидат предмет на делиберација[107]. И на крајот, Драјзек го застапува пролибералниот став, според кој делиберацијата не е ограничена само на **заедницата** во која постои своевиден дух на сплотеност и споделеност на основните вредности, познавање на собеседникот и присни односи, туку таа треба

[107] Ова видување заслужува посебен осврт, од причина што го реактуелизира претходно начнатото прашање за опсегот на темите, а со тоа и на опсегот на делиберацијата (делиберативната демократија). Од друга страна, пак, тоа видување го иницира и ставот за дефинирање на суштината на јавното добро – кое е предмет на делиберацијата. Попрецизно, дали се што се смета за јавен интерес е предмет на делиберација и што треба да претставува јавното добро.

да биде спроведена и на национално ниво, за да не се дозволи нејзино врамување во привилегиите на „клубот на џентлмените" (Dryzek, 2000: 175).

Исцрпноста на прашањата со кои се преокупира Драјзек отвараат нови хоризонти и аспекти на делиберативната демократија. Во обид да ги продлабочат овие размислувања, останатите автори, заговорници на делиберативната демократија, одат понатаму во одбраната на моделот.

За еден дел од овие автори, raison d`etre на теоријата за делиберативна демократија, претставува *превенцијата од тиранија на малцинските елити*, која е дериват на донеодамнешното поимање на политичката легитимност, втемелена врз агрегацијата на интересите. Новото што теоријата на делиберативна демократија го воведува, е истакнувањето на **причината** - убедливиот аргумент, како главна оска на политичката расправа, а не *ценкањето.* Ценкањето или преговарањето беше единствен признат инструмент на политичката борба во теориите за демократија на агрегативниот либерализам. Неодвоиво од идејата на делиберативниот модел на политичко одлучување е постоењето на т.н. форуми на делиберација (разгледување, советување, обмислување), во кои на една порепрезентативна и понепосредна основа би се разгледувале одлуките што треба да се донесат. Во зависност од нивото на политичка практика (локално, национално) форумите за делиберација би варирале од градски средби, или тимови за делиберација до граѓански судови и „делиберативни избори" – случајно избрани групи кои стануваат поинформирани за дадените проблеми и носат одлуки за она што треба да се стори (Fishkin, 1991).

Во поглед на постоењето и непостоењето подготвеност и волја за учество во процесот на одлучување, дискурсот за делиберативна демократија бележи едно дијалектичко заокружување, кое најочигледно е во теоретизациите на Џејмс Фишкин. Имено, овој автор во своите стојалишта ги побива аргументите на елитистичката традиција, според која, најголемиот дел од луѓето се толпа која нема соодветно искристализирани интереси, време и ресурси за активно учество во политиката. Фишкин наместо тоа, претставата на современата форма на демократско одлучување ја сведува на ,,присилен избор помеѓу политички рамноправните, но релативно (политички – А.Ј.) некомпетентни маси и политички нееднаквите но релативни компетентни елити`` (Fishkin, 1991: 54).

Таквиот избор на политички алтернативи вирее во услови на ширење на правото на глас и симултано опаѓање на интересот за јавно учество во политиката. Алудирајќи на проникнувањето на потрошувачката култура во сите домени на општественото живеење, процесот на селекција на политички претставници, Фишкин го поистоветува со ,,одбирање на детергент во супермаркет``[108]. Обидувајќи се да иницира расправа за *имагинативно* преобмислување на демократијата – од причина што таа веќе се претворила во најлошото од Веберовото предвидување за мутација на суштинскиот процес на политичко одлучување во *лидерска плебисцитарна демократија*``, Фишкин застанува во одбрана на јавната сфера која го поддржува разумот, неутралноста и аргументацијата. Порозноста на јавната сфера како место во кое квалитетно се

[108] Со овој став, Фишкин всушност уште на почетокот става до знаење дека нема лесно да ги прифати позициите на заговорниците на овој дискурс кои се ограничуваат на аргументацијата развивана во рамките на теоријата на јавен избор.

обмислуваат политиките, Фишкин ја лоцира во злоупотребата на анкетите и другите видови на испитување на јавното милење, каде

> Наместо јавното мислење да биде достојно да го носи името водилка која ги контролира приоритетите обликувани од страна на лидерите и мас-медиумите, приоритетите честопати се менуваат, што највидливо се потврдува со спроведување на анкети во кои не се доволно застапени информациите и критичкото испитување на релевантните проблеми, со што може да се стекне позначајна контрола врз владеењето, и од страна на народот (Fishkin, 1991:19).

Истражувањето на јавната сфера, во подоцнежните трудови на Фишкин открива една посветеност на креирање соодветен методолошки инструментаруим. Инструментариумот значително би го зголемил квалитетот за сметка на квантитетот во процесите на политичко одлучување. Заедно со Брус Акерман, Фишкин се залага за воведување на т.н. *делиберативни анкети* и *денови посветени за политичка делиберација* на граѓаните. Суштинската разлика на делиберативната анкета од класичната анкета како метод на прибирање податоци, според Фишкин се состои во интенцијата да се открие „што би мислело гласачкото тело, кога хипотетички гледано би било вклучено во интензивни процеси на делиберација`` (Fishkin, 1991: 81). Целиот циклус на анкетирање е предвиден да трае извесен број денови, кога на одредено место ќе се собере репрезентативен дел на граѓанството со цел да земе учество во процесот на креирање на јавни политики. Анкетирањето треба да помогне при изнаоѓањето решенија за проблемите од ургентен јавен интерес, а целиот процес би бил поделен на два дела: изложување и преиспитување на стојалиштата (во најчест случај на експерти), и дебата на која на крајот би се креирало широко прифатливо решение за проблемите. Веројатно, најинтересниот дел допрва следи кога по концирањето на политичкото решение повторно се анкетираат учесниците со

цел да истражат осцилациите на préделиберативните ставови и ставовите по усвојувањето на политиките, кога и се очекува промена на ставот како резултат од аргументираното и промислено дебатирање за заедничките проблеми[109].

Деновите за делиберација Фишкин и Акерман ги нудат како дополнување и надминување на ограниченоста на делиберативните анкети. За почеток, авторите предлагаат вметнување на *ден за делиберација* за време на предизборните кампањи за претседателските избори во САД. Во местата на кои се одвиваат изборите (најчесто училишта) би се собирале до 500 граѓани со цел развивање на дебата за најподобните кандидати за нивни претставници на изборите. Заклучоците од овие собири на делиберација, би биле емитувани во медиумите на локално и национално ниво, и јавноста би била во можност да ја проследи целата постапност во (евентуалното) редимензионирање на пределиберативните предлози и приоритети со постделиберативните позиции. За учеството во овие делиберативни собири, учесниците би добивале своевиден надоместок во висина од 150 долари дневно. Очекувањата на Фишкин и Акерман од овој нивен предлог се релативно високи. Авторите претпоставуваат дека ќе дојде до издвојување на пореспонзивна политичка класа на граѓани, која поседува јавна одговорност и ќе иницира ,,вистинска ренесанса на граѓанската култура``( Akerman and Fishkin, 2003: 25).

Од горенаведеното следи дека делиберативната демократија претставува сеопфатна рамка на политичко претставување и одлучување. Оттаму

[109] Вреди да се одбележи дека заговорниците на овие методи во рамките на дискрсот за делиберативна демократија не предвидуваат делиберативните анкети да ги заменат политичките институции на либералната демократија, туку да послужат како дополнување на истите со цел да подржат поквалитетна технологија на креирање, носење и ефектуирање на политики.

делиберативната демократија содржи неколку елементи, кои неа ја прават сложена процедура[110].

Една од дефинициите или определбите на делиберативната демократија даваат Холмс и Скунс, кои ги спојуваат процесите на вклучување и делиберација во процедура со 8 услови, неопходни за да профукционира делиберативниот модел на демократија.

1. Делиберацијата е дефинирана како „внимателно разгледување" или расправа на причини за и против. Делиберацијата како заедничка иако не инхерентна е компонента на сите политички одлучувања и демократски општества.
2. Инклузијата е акција на вклучување на другите и процесот на носење одлуки е заснован на активно вклучување на различни социјални дејственици и обично ја нагласува партиципацијата на претходно исклучените граѓани
3. Се случува општествена интеракција. Ова нормално вклучува лице во лице средби помеѓу инволвираните.
4. Јазикот е детерминиран од дискусијата и дебатата. Ова најчесто подразбира вербални или визуелни конструкции отколку пишан текст.
5. Процесот на делиберација претпоставува дека барем на почетокот постојат различни позиции на учесниците и дека овие позиции треба да бидат почитувани
6. ДиВ (делиберација и вклучување - АЈ) се дизајнирани на начин преку кој ги оспособуваат учесниците да ги оценат и преоценат нивните позиции во светлото на различните перспективи и нови докази
7.Обликот на преговарање често се смета за суштинска вредност над и под ‚квалитетот" на одлуките кои се појавуваат. Учесниците споделуваат посветеност кон решавањето на проблемите преку јавна расправа и дијалог со цел взаемно за се разберат, дури иако консензусот не е постигнат.
8. Се прифаќа дека, се додека цел е да се постигнат одлуки или барем позиции од кои би можело да се изведат одлуките, потребна е навремена и разумна дискусија на неопределено време.

Слични стојалишта околу изведливоста на самиот процес на делиберативната демократија изразува и аргентинскиот политолог Карлос Сантијаго Нино. Тој прави една класификација на услови, кои би требало да бидат задоволени за да постои делиберација во основата на демократскиот процес. Имено, Нино теоријата за делиберативната демократија ја претставува под

[110] Подоцна во текстот се разгледуваат и процедуралните односно непроцедуралните видови на делиберативна демократија, кои сами по себе говорат за развојот на овој вид демократија денес. Сепак, неретко поимањето на овој вид теории и практики на политичко одлучување мора да се разликува од преносните значења кои ги користат авторите при класификација на теории според соодветен принцип.

етикетата *епистемичка вредност на демократијата* и како таква во неколку точки ја смета за супериорна во однос на чисто претставничката демократија. Трасирајќи ја патеката за развој на демократскиот новум, Нино смета дека ``демократскиот ***процес*** (курзив - AJ) не претставува спонтана активност туку резултат на правила``(Nino, 1996:199). Ова истакнување само по себе, веднаш би го сместило Нино во редот на заговорниците за еден од агрегативните облици на демократска практика, доколку не се земе предвид целта - а тоа е максимизирање на епистемичката вредност на демократскиот процес. За да биде успешна ваквата демократија потребно е да се задоволат следниве услови:

- да постои отворено учество во дискусијата за оние кои се директно засегнати од одлуката која ќе биде донесена
- слобода која учесниците ја уживаат за да се изразат себеси во делиберацијата
- рамноправни услови под кои се изведува учеството
- предлозите да бидат соодветно оправдани
- принципиелност на дебатата, а не само претставување на интереси,
- одбегнување на еднаш-засекогаш формирани мнозинства
- проширување на опсегот до кој мнозинството може да ги подржи одлуките
- издејствување на временска дистанца, се додека не се постигне консензус и
- менливост на одлуките (Nino, 1996:199)[111].

[111] Стојалиштата за делиберативната демократија на Нино и покрај се, во одреден степен можно е да се чинат недоволно разбирливи. Затоа вреди да бидат дополнети со одреден број информации од неговата биографија, за да се сфатат, иако делумно, некои од неговите ,,теоретски недораснатости`` во однос на сегашната состојба со теоријата за делиберативна демократија. Имено, неговата книга Constitution of deliberative democracy која е предмет на релативно екстензивна анализа е објавена во 1996 г., односно три години по неговата ненадејна смрт. Како професор по филозофија на правото на универзитетот Јејл, но и советник во продемократските влади на неколку јужно-американски држави од периодот на демократизирањето на регионот, професорот Нино е современик и директен учесник во промените кои го покажаа својот демократски недостаток и теоретска недоследност. Она што во оваа книга Нино го нарекува ,,епистемичен поглед на демократијата`` (epistemic view of democracy) соодведствува на концептот за делиберативната демократија, кој е подоцна развиен од другите автори. Во суштината на неговото теоретизирање, се наоѓа обидот, да ја одбрани новата концепција и новото разбирање на (непосредната) демократија од втемелените вредности и компоненти на агрегативно претставничката демократска практика. Најголемите предизвици во остарувањето на оваа замисла му се ***историскиот устав*** или уставот кој е историски заснован и кој текстуално сведочи за правното создавање на нацијата и ***идеалната поставеност на правата.*** Ценејќи дека вака поставената владејачка не соодветствува на современите барања за регулирање и водење со општествените односи, Нино книгата ја завршува со обид за правнички преглед или оценка на делиберативната демократија во кој се идентификуваат внатрешните тензии на конституционализмот. Нино во целиот сет на она што во теоријата, но и во политичката практика

Во редот на автори кои ја определуваат делиберативната демократија преку критериумите и условите неопходни за нејзино функционирање спаѓа и Мајкл Сојард. Иако помалку познат и присутен во дебатите за развојот на дискурсот, овој автор се обидува да докаже дека во стојалиштата на Џон Ролс не само што нема основа за натамошна надградба на теоријата за делиберативна демократија, туку тие во својата основа се спротивност на овој модел. Диференцирајќи ги делиберативните од неделиберативните модели на демократско одлучување, Сојард постулира четири карактеристики или услови, кои доколку бидат соодветно исполнети, може да се зборува за делиберативна демократија: а) на гласањето мора да му претходи формална и суштинска

---

се препознава како конституционализам идентификува тензии помеѓу правата и партиципаторната демократија од една страна и заштитата на владеењето на правото од друга. Обидувајќи се да одговори на предизвикот за сообразување на морално прифатливата и споделена платформа за политичко одлучување и ефикасноста на политичкиот процес, Нино се обидува пред се и над се епистемолошки да изнајде оправдување (поим кој и во неговата дефиниција за демократската практика има клучно значење) за неопходно постојаниот еквилибриум на интереси на сите засегнати од политиката (без разлика дали се во својство на судии, законодавци или обични граѓани). Еквилибриумот би требало да се одвива според идеалите на либералната демократија и континуитетот на правните норми. Во овој свој обид, тој екстензивно се користи со видувањата и стојалиштата на Јирген Хабермас и Џон Ролс од поранито период. Значителни се неговите повикувања но и критички анализи кон хабермасовата *Морална свест и комуникативното дејствување*, како и кон Ролсовата *Теорија на праведноста*. Меѓу другото, Нино ги загатнува и проблемите на различниот пристап кон политичката проблематика помеѓу теоријата на рационалниот избор и на теоријата на социјалниот избор, како и неговата забележителна филозофска критика кон инструментите на претставничката демократија како преговарањето, ценкањето, мнозинската стерилност, и ред други прашања, кои во подоцнежната расправа стануваат од централно значење за развојот на теоријата за делиберативната демократија. Ако се земе предвид фактот дека подоцнежниот развој на новиот дискурс (делиберативна демократија) најмногу му должи на појавувањето на двете темелни книги со кои започнуваат двете денес познати струи, конкретно ***Помеѓу фактите и нормите*** на Јирген Хабермас (1996) и ***Политичкиот либерализам*** на Џон Ролс (1993), со оглед на социолошката имагинативност и упатеност во проблематиката на политичкиот процес, може само да се жали за прераната смрт на професорот Нино, чиј пристап кон архитектурата и процедурата на непосредното политичко одлучување, значително ја надминуваше ригидната правничка поставеност кон прашања од оваа област. Ова значајно дело е малку споменувано во аргументациите на следбениците на хабермасовата и ролсовата традиција во изградбата на теоријата за делиберативна демократија, што сепак не ја намалува убеденоста дека прераната негова смрт ја осиромаши подоцнежната дискусија, особено ако се знае дека, Нино меѓу првите ги лоцираше точките на конфронтација и разликување помеѓу ролсовото и хабермасовото аргументирање - и тоа на метаниво.

делиберација помеѓу претставниците на граѓаните; б) мора да постои доказ за успешно јавно водење на слободна делиберација на ниво на не-државни граѓански форуми; в) делиберацијата во прв ред, всушност треба да го одреди влијанието врз отелотворувањето на конечното решение, како на пример тоа одлуката да може да биде оправдана и постигната и г) тоа дека формалните делиберации да задоволуваат минимум процедурални стандарди на рамноправна почит и вклученост``(Saward, 2002:113)[112].

Подоцна Сојард, се обидува да издејствува одговор на едно од крупните преостанати прашања за теоријата за делиберативна демократија, а кое се однесува на лоцирањето на местото или местата (settings) каде би се одвивала делиберацијата. Синтетички, разгледувајќи ги дотогашните предлози на теоретичарите, неговата типологија на места за делиберација со претензија да ги наведе сите потенцијални места за делиберација ги вклучува:

- специјално создадените микрофоруми (на овие места постои мал број на луѓе кои можат да дејствуваат како типични претставници на интересите на граѓаните и да гласаат само за одреден вид прашања),
- политичките партии,
- националните и супранационалните законодавни тела,
- наднационалните мрежи на одбори (ЕУ),
- приватните и граѓански здруженија,
- судовите, и
- различни јавни сфери на „заштитени енклави`` (ова пред се се однесува на противниците на јавната сфера и маргинализирани групи во општеството, кои имаат ограничен пристап до јавните добра и слаби ресурси за учество во политичките одлучувања) (Saward, 2002:123-124).

[112] Критичката поставеност на Сојар, не го амнестира од невнимателноста при дефинирањето на делиберативната демократија. Имено во првиот дел од неговото одредување на делиберативата демократија содржана е сентенцата на делегирањето на советодавниот процес, што звучи како ехо - иако можеби придушено - на агрегативните облици на одлучување. Кога вели дека формалната, но и суштинска делиберација мора да му претходи на гласањето, меѓу делибераторите ги сврстува исклучиво „претставниците на граѓаните`` притоа не оставајќи воопшто простор за масовно учество.

Во редот на приказите на стојалиштата од позначајните заговорници на делиберативната демократија, заслужува да биде анализиран и обидот на Џејмс Боман, да ги синтетизира основните карактеристики на делиберативната демократија во препознатлив збир на претпоставки за нејзино функционирање. Уште во својата книга од 1996 *Јавна делиберација:Плурализам, комплексност и демократија*, на делиберативната демократија и ги припушува следниве одлики: (1) нагласување на значајноста на делиберацијата во политичкото одлучување; (2) теориите за делиберативна демократија се строго нормативистички, во смисла дека го отфрлаат сведувањето на политиката на одлучување преку инструментално и стратешко дејствување; (3) тие се процедуралистички и (4) делиберативната демократија е универзално применлива (Bohman, 1996).

Заслужува да се нагласи и неговата критичка поставеност и во однос на Хабермасовите но и во однос на Ролсовите стојалишта. Всушност, она што Боман го критикува е извесноста од инкорпорирањето на политичките норми во општествената реалност на соодветен начин. Изворот на проблемот според Боман, лежи во тоа што нормативните барања за демократијата Хабермас ги заснова на взаемно спротивставени регулативни идеали, при што на крајот уште еднаш се отвора јазот помеѓу нормативните идеали на теориите за демократија и ограничувањата на општествените факти.

Од друга страна, пак, политичкиот либерализам на Ролс ги зема во предвид дадените социјални и историски услови на современото демократско општество, но тој го надминува песимизмот на Хабермас во врска со ограничувањата на социјалните факти. Наспроти Хабермас, Ролс заклучува дека ваквите факти, кои

упатуваат на постоење практични цели во политиката, мора да се вклопуваат во структурата на општество на кое тие се однесува. Боман се позиционира себеси помеѓу овие две позиции: спротивно на Хабермас, тој сака да задржи широк опфат на примената на делиберативно-демократската пракса, а и спротивно на Ролс тој не се обидува да формулира либералната политичка теорија, така што во неговата теорија ги избегнува сите напластени претпоставки и дилеми на современиот либерализам[113].

Боман ја прифаќа делиберацијата како во суштина јавна активност. Рационалноста на оваа активност ја лоцира во формирањето на јавен разум или јавна употреба на разумот за креирање политики и политичко одлучување, кои, во случаите кога тој е резултат од јавните дискусии, е поубедлив од приватните причини и има тенденција да биде епистемично супериорен во однос на нив. Освен тоа, не само што интересите се јавни, бидејќи се однесуваат на една универзална публика, тие, исто така, се формираат на јавен начин, преку делиберација во јавната сфера. Покрај тоа што е јавност, делиберацијата е, исто така, во суштина колективна активност. Боман тврди дека е заблуда делиберацијата да биде сведена само како форма на дискурсот, што е типично за претпазливите теоретичари. Напротив, таа претставува активност на соработка со

[113] Преку одделувањето на нормативните размислувања од реалните практики, Боман успешно ги поврзува нормативните претпоставки на теоријата со социолошките ограничувања на неговата примена. Предноста на оваа стратегија е во тоа што изводливоста на нормативните барања на теоријата за демократија се зголемува кога некој тргнува од норми, и резултира со поткопување на скептичната критика. Уште позначајно, Боман не смета дека оваа стратегија ќе доведе до разредување на нормативните основи на теоријата, бидејќи останува на ставот дека повикот за повеќе **промислување** (курзив – АЈ) во демократска практика "е претпоставка за порационално политичко распределување, на начин според кој донесувањето одлуки барем ќе вклучува јавна употреба на разумот ".Со оваа аргументација одекнува централната претпоставка на критичката социолошка теорија, дека општествените и политичките поредоци можат да биде порационално поставени (Owen, 2001:119).

посебна цел; особено, 'промислување е заедничка општествена дејност, вградена во општествената акција на дијалогот - на нудење и прифаќање аргументи'. Пристапот на Боман за причините или условите за успех на делиберацијата е исто така значително поразличен од оние на процедуралистите.

Процедуралистичките теории или пристапи кон теоријата за делиберативна демократија ја дефинираат делиберацијата како исход во кој сите учесници можат да се согласат. Боман бара само соработка на учесниците. Ова значи дека теоријата за делиберативна демократија, има потреба од пристап, во кој јавните причини се доволно убедливи за учесниците за да можат да продолжат со соработката. Кога постои разновидност на интереси и вредности потребен е метод што е неутрален помеѓу нив. Но, чистиот процедурализам се соочува со проблемот на мотивација - не е јасно зошто граѓаните треба да се чувствуваат обврзани со резултатите од процесот на политичко одлучување. Боман тврди дека основната слабост на чистиот процедурализам е тоа што не може да се утврди кога една јавна причина ќе биде јавно убедлива. Се додека успехот на делиберацијата е дефиниран од желбата да се продолжи соработката, треба да знаеме дека само кога јавниот аргументи ќе биде доволно убедлив, може да ги мотивира учесниците на соработка, а чистиот процедурализам не може да го обезбеди тоа (Bohman, 1996).

Исто така, тој тврди дека употребата на јавниот разум за решавање на политичките проблеми е сложена постапка и затоа не треба да биде според моделот на оправдливост. Оттаму Боман инсистира на правењето разлика помеѓу неговиот "дијалошки" приод од *дискурзивниот* модел на Хабермас за

делиберацијата. Јавната употреба на разумот во политиката се базира на ползување широк спектар на ресурси прифатен во јавната сфера. Делиберативната политиката "вклучува такви различни активности како што е формулирање и остварување на колективните цели, што ги прави политичките одлуки извршни, решавање на конфликти на интерес и решавање на проблеми како што се појавуваат во тековниот општествен живот ". Соодветната концепција на делиберација треба да биде во состојба да се справи со широк спектар на политички активности. Дискурзивниот (Хабермасовиот) модел на делиберација, според Боман е "премногу рационалистички", бидејќи основата на рационалноста на јавните дискусии ја лоцира во логиката на аргументацијата на специјализирани дискурси. Според Боман, специјализираните дискурси се премногу тесно фокусирани да бидат употребливи за широка спектар задачи на политичката мисла, и јавниот разум може да биде убедлив врз основи кои се различни од нивната непристрасност. Прагматистичкиот нагласок на Боман тука е повеќе од јасен: целта на јавните дискусии не е рационално оправдување, туку 'да се разреши еден проблем, заедно со другите кои имаат различни перспективи и интереси, процес кој треба да започне со заедничка дефиниција на проблемот ". Според овој пристап, јавните дискусии не се ништо повеќе од "дијалог со определена цел, и последица е тоа што политичкиот легитимитет се постигнува кога колективните одлуки се постигнуваат врз основа на некоја јавна причина (Bohman, 1996:57).

### 4. Придонесот на постмодерната

Придонесот на постмодерните размисли за развојот на делиберативната демократија, може да се пронајде во феминистичките теоретизации за граѓанственоста. Како најзначајни се издвојуваат стојалиштата на Ненси Фрејзер, Ајрис Мерион Јанг, Шантал Муф и Ен Филипс. Збогатувањето на дискурсот, кои го прават овие размислувања, оди во прилог на освежување на филозофската (социолошка) позадина на делиберативниот инженеринг. На овој начин, се овозможува посеопфатна перцепција за слоевитоста на процедуралниот и нормативниот контекст. Ова најмногу е препознативо во барањата на постмодерните теоретичари, кои пишуваат за диференцирачката граѓанственост. Според нив, екстензивните државни политики, во вид на позитивни програми за врамнотежување на хендикепираноста на малцинските и маргинализирани групи, треба да инкорпорираат грижа за заштитта, не само на, категоричните белези на малцинството (раса, етникум, религија, јазик и сл) туку и за специфичниот општествено-економски контекст и општествената ситуација во која се наоѓаат засегнатите индивидуи.

Ненси Фрејзер во своите стојалишта развива еден т.н. револуционерно-критички однос кон постоечките и претставнички институции на политичкото одлучување. Со овој однос, таа прави простор за идентификување на еден нов поимно-категорички инструментаруим, кој од почеток ја менува перцепцијата на општествената реалност и актуелност. Ако се земе предвид дека нејзината теоретизација е тесно поврзана, со активистичките апели и импулси на феминистичките програми за еманципирање, тогаш нејзиниот став може само да

ја разбранува и доплни аргументациската почва за изградбата на темелите на делиберативната демократија во самата практика. Едно од нејзините првични критики е кон унитарните претстави на јавноста. Во претставата која ја надминува перцепцијата на јавноста како машки доминантна и доминирана од мажите, ја релативизира цврстата линија на поделба на јавното од приватното, и воведува синтагма - *субалтерни контрапублики*[114]. Со оваа синтагма, таа означува[115].

> ...групи и општетсвени движења кои се обидуваат да изразат различност, целите на ваквите контрапублики би вклувале „подобра перцепција на самите себе, изградба на врски на солидарност, заштита на сеќавањата за неправдите од минатото, толкување и претолкување на важноста на овие неправди, вклучување на алтернативни концепции на себноста, ... одлуки, кои емоционално и стратешки да се направат, делибератирајќи за целите и средствата и одлучувајќи како да дејствуваат, индивидуално и колективно (Benhabib, 1996:10)[116].

Она што Фрејзер се обидува да го мисли преку субалтерните контрапублики, Ајрис Мерион Јанг го креираше (или активно го проследуваше) во концептот за мултикултурализам. Во најновите теоретски струења, од особена важност е нејзиното инсистирање на алтернативниот облик на мултикултурализмот, а тоа е *диференцираната* граѓанственост. Останувајќи цврсто доследна на ставот дека политичко-правните решенија за справување на растечката културна разнообразност на современите општества, треба да ги

[114] Библиографска анализа не откри поврзаност, ниту инспирираност на Фрејсериниот novum со Хабермасовото диференцирање на меки и тврди средини во јавноста – разликувања во чија основа стои извесноста од извршувањерто на одлученото, или поточно правно-обврзувачката тежина на дебатата. Автентичноста и оригиналноста на *субалтерните контрапублики* и должи на развиената постмодерна поимна кодифицираност, што ја потврдува убеденоста во зависноста на дијапазонот на епистемолошкиот видик од широчината на поимниот вокабулар.

[115] Слична етикета за децентрализираното јавно милсење, кое во постмодерните размисли за фрагментацијата на современите општества има се поголема социолошка релевентност е и терминот ``политички енклави`` (enclave politics) кој го користи Џејн Мејнсбриџ.

[116] Всушност, според едно видување на Мејнсбриџ, субалтерните контрапублики на Фрејзер, им дозволуваат на општествените групи да „ги иновираат и рашират контрадискурсите, кои за возврат им дозволуваат да формулираат спротивни толкувања на нивните идентитети, интереси и потреби`` (Mansbridge,1990: 62-62).

заштитат, не само тврдите идентитетски заедници, кои најчесто силата на јавно испорачаните барања ја темелат на територијалната концентрираност, етничко потекло и заеднички јазик, туку и барањата на оние припадници чија ОПШТЕСТВЕНА СИТУАЦИЈА ги позиционира во неконкуренти и маргинализирани средини. Овие и вакви групи, не се во состојба ефективно да ги реализираат своите основни човекови права, а уште помалку да ги уживаат бенефициите на афирмативни политики за развивање на нивните таленти (Young, 1990; 1993; 1997).

Се на се, феминистичкиот ракурс препознатлив во нејзините теоретизации, има свој одек и во рамките на расправата за делиберативна демократија. За волја на вистината, Јанг пишувајќи за делиберативната демократија, всушност зборува за новитетот кој го нарекува ``комуникативна демократија``. Најголемиот придонес на Јанг во дискурсот за делиберативната демократија е лоциран во нејзините усилби, прегнантно да ги изложи формите, преку кои се ефектуира делиберативниот модел на креирање политики и политичко одлучување. Во основата на функционалната *комуникативна* демократија, Јанг ги поставува трите облици за комуникација: поздрави (grettings), реторика (rhetoric) и кажување на приказни или приказно зборување (storytelling)[117].

[117] Јанг на почетокот ја оддава својата почит кон античките претходници и учители кои значително влијаат на нејзината мисла како Сократ односно Платон, кој во еден од своите најпознати дијалози *Горгија* на својот главен лик Сократ му доделува улога на просветител кој ќе се обиде да укаже на клучната разлика која стои помеѓу вистината и реториката и помеѓу добрата и лоша реторика (говор) (Young, 1996:128). Според Џејмс Боман, преклопувачките елементи од теоретските модели на Хабермас и Јанг можно е да ја отелотворат нишката, која служи како оска околу која се надградува и развива Хабермасовата традиција на делиберативна демократија. Имено, слично на Јанг, и Хабермас почувствувал потреба да направи значајно разграничување на рационалниот говор од реториката (Bohman, 1988).

Следејќи ја Хана Арент во нејзините стојалишта, Јанг со избирањето на овие три облици на комуникација непходни за комуникативна демократија, се обидува да ја осигура плуралноста, која е суштинска за постоењето на една демократски релевантна и ефикасна јавност. Со *поздравот*, според сопственото признание, Јанг се обидува да прикаже облик на комуникација, со која на еден виртуозен начин (слично како што е во платоновиот *Горгија*), преку вицеви или ласкање се обезбедува логичката и мотивациска основа на дијалогот (Young, 1996:129). Изразувајќи ја сопствената позиција (а понекогаш и интереси) учесниците во дијалогот (делиберацијата – АЈ) ја започнуваат расправата со поздравни елементи кои се значително и содржински и формативно поразлични од секојдневните, *здраво, како си, добредојде, добар ден* и сл. Во оваа категорија на поздравни говорни сентенци, Јанг ги вклучува и *поздравите на заминување* како облици на говор во кои често се ``подмачкува`` конкретната дискусија. Можеби најзначајниот импулс кој поздравните говори можат да го дадат во развивањето на делиберацијата претставува *ласкањето*. Во услови кога двете собеседнички страни се разликуваат толку многу и застапуваат непомирливо спротивставени ставови, ласкањето, во најразновидни форми како воведен говор (на пример преку споменувањето на титулите и достигнувањата на учесниците) се постигнува една релаксирачка атмосфера како предиспозиција за плодна делиберација и усогласување на стојалиштата. Но, освен говорните облици на поздравот, според Јанг гестовните елементи на поздравите исто така може да одиграат потикнувачка улога во развојот на делиберацијата. Признавајќи дека најголемиот дел теоретичари на делиберативната демократија, на поздравот не

му даваат соодветен простор во нивните модели, Јанг ја нагласува неговата протективна функција од лутина и недоразбирање (Young, 1996:130).

Елементот на *реториката* во процесот на делиберација помага да се надмине ситуацијата на ,,разговор помеѓу глуви``, односно да се избегне дебатата со поставување на барања и позиции а без слушање на другата страна. Реториката сфатена како облици и стилови на говорење наменети за публика, според Јанг, овозможува да се нагласи ситуираноста односно ситуацискиот момент на расправата, според што се води сметка за вниманието односно се заслужува и одржува вниманието на публиката преку разни изразни средства. Од друга страна, пак, овие реторички вештини помагаат и да се одржи будноста за време на долгите излагања на ставовите, барањата или позициите во делиберација на една од страните (Young, 1996:130).

*Приказното зборување* или *кажувањето приказна* претставува одамна познат манир на изразување ставови и е составен дел од политичката традиција на англо-американската демократска практика. Во овој случај Јанг, приказното говорење го претпоставува во ситуациите на потполно неразбирање или непомирлива спротивност во стојалишата на страните вклучени во делиберацијата. Потребата од ваков вид на говорна изразна форма, Јанг го редуцира на три скоро идеално-типски ситуации: **првата** кога не е можно да се постигне согласност или ставовите толку многу се разликуваат што страните меѓусебно не се ни разбираат а треба да се постигне взаемно задоволителна правда. Најпознатиот начин е укажувањето на физичките, временските

општествените и емоционалните пречки[118] преку приказно зборување, при што не смее да се дозволи, на крајот едната страна потполно да го усвои ставот на другата односно да се случи асимилација. Ваквата превентивна забелешка, има за цел да ја одржи советодавната природа на целиот процес на делиберација. **Втората** ситуација подразбира дека во многу случаи наративното политичко дејствување може да открие одредени извори на вредности, култура и значење. Во случаите кога во текот на расправата аргументот следи од премисите, тој е прифатлив само доколку е убедлив околу премисите кои ги имаат делибераторите. Имајќи ја предвид ограниченоста на овој вид на постигнување на решенија за проблеми од јавен интерес, а кое ограничување се однесува на фактот дека не може за се (како на пример за вредностите или нормите) да се постигне оправданост преку изложување на сеопфатен аргумент и аргументација, сепак, надворешните учесници или странците во делиберацијата можат преку приказниот пристап да ги осознаат основните контури на вредностите и нормите кои ги имаат членовите (Young, 1996:131). **Третата** можност за употреба на приказното зборување во процесот на делиберација уште еднаш ја потврдува социјално перспективистичката позиција[119] на Јанг во контекстуализирањето на

[118] Јанг на ова место користи илустрација со барањата и позициите на хендикепираната личност во количка, за да ја долови суштината односно користа на приказното зборување.

[119] Поголемиот дел од постмодернистички инспирираните феминисти, ја користат синтагмата *социјална перспектива* како аналитичко средство во градењето на своите стојалишта и опсервации. Во основата на овој поим стои намерата, да се потенцира изворот, односно причината зошто одредени индивидуи се повеќе депривирани или маргинализирани од другите. Кога зборуваат за социјална перспектива, овие автори ранливоста на одредени категории граѓани во поглед наползувањето на јавните добра, не ја лоцираат во нивната етничка, расна, религиозна или друг облик на групна припадност. Социјалната перспектива најчесто се употребува за да означи посложена двостепена депривираност и лишеност од јавните добра, како резултат на специфичната позиција која индивидуите ја имаа во својата средина или внатре во својата малцинска група. Како илустрација, може да се наведен примерот со хендикепираната афро-американка која не успева да најде вработување. Објаснувањето на авторите кои се користат со оваа синтагма- како аналитичко средство е дека таа е неконкурентна не само затоа што е

нејзините теоретизации. Оваа форма не само што дозволува да се изложи искуството и вредностите според начинот на гледање на субјектите, туку, го открива целото општествено знаење, кое се развива од тој начин на гледање од таа социјална позиција или перспектива. Јанг на ова место претпоставува дека приказното зборување како алатка за делиберација го потврдува, не само сопственото стојалиште и историја, туку и секоја друга позиција која на еден или друг начин влијае или е поврзана со нашата (Young, 1996:132).

Слично стојалиште на Јанг, за приказното зборување има и Лин Сандерс која смета дека, ваквиот начин на комуникација обезбедува поголема еднаквост од чистата делиберација (Sanders, 1992). Дотолку повеќе што екстензивната употреба на овој начин на комуникација, ги изедначува шансите за успех, што во делиберативниот процес, обично се очекува повеќе да ги имаат подобро образованите.

Иако наведените стојалишта на Јанг се широко прифатени за значаен придонес за развојот на теоријата за делиберативна демократија, по сопствено признание, *комуникативната демократија* претставува само идеален тип на креирање политики и политичко одлучување. Комуникативната демократија како модел, во неколку елементи е посеопфатен од моделот на делиберативната демократија: овој модел допринесува, тогаш кога политичкиот дијалог за да ги разреши колективните проблеми, се свртува кон постигнување консензус,

афроамериканка т.е. дел од малцинска културна заедница во САД, туку нејзината незавидна положба повеќе се должи на фактот што е жена и хендикепирана. Кога ќе се земе предвид ова, како и перцепцијата која ја ужива во својата средина и пошироко во општеството, хендикепираната афроамериканка е далеку понеконкурентна од белата хендикепирана жена во САД и од хендикепираниот афроамериканец. Нагласувајќи ја оваа димензија, Јанг и останатите кои се служат со „социјалната перспектива", укажуваат на значајноста во идентификувањето на контекстот и ситуацијата од каде тргнува индивидуата во остварувањето на својот интерес.

комуникативната демократија едноставно дозволува и развива мноштво на перспективи, стилови на зборување и начини на изразување на посебноста на општествените ситуации, исто како и општата применливост на начелата (Young, 1996:132).

Во еден подоцнежен текст, Јанг се обидува и успева да ја заокружи синтезата на нејзините теоретски рамки за каналите на групното претставување на интересите преку моделот на диференцирана граѓанственост (differentiated citizenship) и комуникативната демократија.

Оправдувајќи го групното поставување на барања во услови на отворена политичка дебата во која е можно да бидат слушнати сите интереси, позиции и перспективи, Јанг овој начин на одлучување го смета за процес кој овозможува (по)мудри и (по)праведни решенија. Тоа се отелотворува преку нејзините функции: Прво, ,,плуралноста на перспективите ги мотивира барателите да ги изразат нивните предлози пред се како апели за правда, а не како изрази на чист само-интерес или преференции. Предлозите за колективни политики не мора да бидат изразени во обилци на заеднички интерес – интерес кој сите го споделуваат. Особено онаму каде што има структурни неправди ... најмалку некои барања исправно апелираат за правда, при што не изразуваат заеднички интерес. Дури и без да бидат поправени неправдите, самите решенија за многу политички проблеми може да наложат задолшенија на дел од јавноста за да признае и обезбеди подеднакви добра на рамноправно ситуираните индивидуи. Постоењето на мноштво на општествени перспективи во јавната расправа помога да се оформи дискурс според условите на легитимни барања за правда``. Второ,

,,конфронтирањето на различните перспективи, интереси и културни значења ги запознава индивидуите со нивната парцијалност и им го открива нивното искуство како перспективистичко. *Слушајќи ги оние кои се различно ситуирани од мене и моите блиски, тоа ме учи колку мојата ситуација е слична на нивната, кој однос тие сметаат дека јас го имам.*

Ваквото контекстуализирање на перспективата е од особена важност за групите кои имаат моќ, авторитет или привилегии. Многу често овие групи во супериорна структурна позиција ги сметаат нивните искуства и преференци и ставови за општи, неконтроверзни, вообичаени дури и израз на страдање и хендикеп.`` Трето, ,,изразувањето, поставувањето прашања и предизвикувањето различни сознанија, ги надополнува социјалните вештини. Се додека не ги напуштат нивните сопствени перспективи, луѓето кои ги слушаат различните стојалишта не можат да разберат ништо за начините со кои предлозите или политиките влијаат врз другите кои се различно ситуирани. Тие стекнуваат знаења за она што се случува во различните социјални контексти и како општествените процеси ги поврзуваат или конфронтираат со оние кои имаат различни гледишта. Преку повнатрешнувањето на ваквото медијаторно разбирање, учесниците во демократската дискусија и одлучувањето, стекнуваат поширока слика за општествените процеси во кои се вградени нивните искуства`` (Young, 1999:402,3,4).

Значително порадикален поглед во расправите за делиберативната демократија дава уште еден претставник на постмодерната, а тоа е Шантал Муф. Стојалиштата на Муф за проблематиката на демократскиот инженеринг во

современите општества изобилуваат со критички ставови, што е разбирливо со оглед на интелектуалниот хабитат и припадност. Замислувајќи го проектот на делиберативната демократија како можност да се помират, во соодветни облици на договор, процедурите на делиберација кои вклучуваат рационалност (одбрана на либералните права и слободи) и демократскиот легитимитет (претставен најчесто преку народниот суверенитет), Муф луцидно заклучува дека двете најзначајни традиции во дискурсот за делиберативната демократија (кои како родоначалници ги имаат Хабемас и Ролс), всушност во крајната цел се насочени кон помирување на одамна забележаната затегнатост помеѓу либерализмот и демократијата (Mouffe, 2000)[120]. Успешноста на овој напор, би резултирал со редефинирање на народниот суверенитет во т.н. комуникативно создадена моќ (communicatively generated power).

Меѓутоа, оваа иницијатива за заокружување на стојалиштата на заговорниците на делиберативната демократија во една теорија, како што забележува Муф, страда од неколку дисонантности кои се воочливи уште во зародишот на идејата. Имено, додека Ролс смета дека клучниот проблем на оваа теорија во настанување, претставува проблемот на праведноста, Хабермас за такво го смета прашањето за легитимноста (нејзиното постигнување и одржување). Лоцирајќи ги недоследностите во формално-логичкото изложување на сопствените стојалишта за делиберативната демократија на Хабермас, Шантал Муф го следи Лудвиг Витгенштајн во критиката на рационализмот. Оваа критика таа ја сублимира во тврдењето дека, пред било кој вид на договор за правилата

[120] Всушност и основните цели на делиберативната демократија, според Муф, се промовирање на своевиден облик на нормативна рационалност, помирување со идејата за демократски суверенитет и одбрана на либералните институции.

или нормите на политичкиот натпревар да биде постигнат, секогаш постојат т.н. ,,согласности во просудувањето`` (agreements in judgements). Исто така, правилата се секогаш неизбежен дел или едноставно форма на живот, кои секогаш и без исклучок ги осиромашуваат постапките. Со ова Муф докажува дека инхерентното раздвојување помеѓу процедуралното и содржинското или помеѓу моралното и етничко во делиберативниот модел на демократија кај Хабермас, е неодржливо. ``Процедурите секогаш подразбираат содржински (суштински) етички обврзаности и оттаму не е можно да постојат такви нешта како чисти неутрални процедури``(Mouffe, 2000:12).

Покажувајќи доследна посветеност и информираност на овие интелектуални традиции, а воедно и лоцирајќи ги пукнатините во аргументацијата и меѓусебните разлики на двата најзначајни автора (Ролс и Хабермас) Муф, нуди едно ново решение, со надеж дека ќе ги надмине недоследностите и слабостите, како на агрегативната така и на делиберативната демократија. Овој нејзин алтернативен модел го нарекува агонистички[121] плурализам (agonistic pluralism)[122].

Дефинирањето на агонистичкиот плуразлизам Муф го започнува на типичен постмодернистички начин – преку *деконструкција* на класичните дефиниции за широко прифатените поими, а потоа и со набројувањето на разликите кои го

[121] Поимот *агонизам* има релативно долга традиција во филозофскиот речник на западната мисла. Освен нихилистичките премиси на Ничеовата филозофија, овој поим го користи и Хана Аренд, а современите рефлексии на овој вид размислување, освен во теоретизациите на постмодернистите – пример Муф, се присутни и во релативно ,,либералните стојалишта`` на Вилијам Конoли и Бони Хониг.
[122] Со оваа синтагма Муф се обидува да изложи концепт кој е близок до она што Ричард Рорти го нарекува ``преопишување`` на основните само-разбирања на либерално-демократскиот систем. Преопишувањето е слично пособно на оној модел кој го истакнува конфликтот, но во исто време, агонистичкиот плурализам не треба да се поистовети со ``агонистичкиот либерализам" на Џон Греј (Gray, 1995), кој од самиот автор е сфатен како само еден израз на облиците на живот (Mouffe, 2000:14).

одвојуваат од сите облици на агрегативна или делиберативна деморатија. За почеток како diferentia specifica го посочува разликувањето помеѓу *политиките* (politics) и *политичкото* (political), потоа се задржува на тензијата кој владее меѓу противници (adversaries) и непријатели (enemies), за да на крајот го објасни епистемолошкото разграничување на антагонизмот и агонизмот како рамки низ кои се промислуваат идните форми на договарање, преговарање и делибератирање во политиката.

Преку мунициозното толкување на поимите како означувачи на општествената реалност, Муф го идентификува политичкото како ,,димензија на антагонизмот што е инхерентен во меѓучовечките односи, и кој може да поприми многу облици и да се појави во најразлични видови општествени односи``.

Додека ,,политиката" или ,,политиките" се однесуваат на ,,практиките, дискурсите и институциите се обидуваат да воспостават одреден поредок и да ја организираат човечката коегзистенција во услови кои секогаш имаат потенцијал за конфликт, (Mouffe, 2000:15). Обликувањето на политичкиот процес детерминиран од политичките цели на оние што дејствуваат, условува појава на дистинкцијата на ``нас`` наспроти ``другите`` или ``нив``. За разлика од антагонистичкиот плурализам, агонистичкиот не се обудува да ја негира или поништи оваа разлика, туку пред се, да ја преобликува постапката за нејзиното воспоставување, и тоа на начин кој што е соодветен на плуралистичката демократија (Mouffe, 2000:15).

Тоа менување подразбира трансформација на перцепцијата на *другите* од непријатели во противници, во чија битка со идеи, не им се оспорува правото да

ги бранат нивните идеи. Противникот, според Муф, е легитимен ,,непријател", иако како таков е сосема различен од либералното значење за конкурент. Според правилата на игра кои се неопходни за инструментализирањето на интересите во политичкиот процес, со ваквиот противник споделуваме ,,етичко-политички начела на либералната демократија: слобода и рамноправност, иако за начините на нивна имплементација, не сме обврзани да се согласиме (Mouffe, 2000:15). Конечно, во последната дефиниција за она што се нарекува агонистички плурализам, Муф целите на демократската постапка или политика ги лоцира во трансформирањето на антагонизмот во агонизам. Тоа се прави преку обезбедувањето на канали, во чии рамки, на колективните интереси им се обезбедени начини за да ги изразат своите проблеми. Од друга страна пак, можноста да се изрази и развие индентификацијата со групата, опонентите нема да ги претвори во непријатели, туку во противници. Сепак она што како *diferentia specifica* се издвојува од моделот на делиберативна демократија, е примарната задача на агонистичкиот плурализам, ,,не да ги елиминира страстите од политичкиот простор, туку во согласност со интенцијата за постигнување рационален консензус, да ги мобилизира овие страсти во правец на демократски дизајн``(Mouffe, 2000:15).

Инсистирањето на одржување високо ниво на активен плурализам во служба на моделот на плуралистичката демократија, кај Шантал Муф, доведува до концепт, кој е далеку од непосредноста на делиберативната демократија. Овој концепт длабоко ја разнишува постоечката и методолошка поделба на чистите

видови на демократија, кои заговараат непосредност и агрегирање на интереси[123]. Употребата на елементите на аргументацијата на плуралистичкиот модел на демократија во рамките на дискурсот за анти-агрегативниот модел на демократија (делибертивна), само ја збогатува лепезата на опции за операционализирање на непосредната демократија. Тоа од друга страна ги поставува и прашањата за односот на делиберативната демократија и другите видови на плуралистичка демократија – особено консоцијалната демократија (проблем кој се разгледува во едно од поглавјата во наредната глава). Пред за бидат разгледани овие односи, даден е еден краток осврт на видувањата за делиберативната демократија на уште еден од позначајните претставници на постмодерната мисла – феминистката Ен Филипс[124].

Ен Филипс спаѓа во редот на автор(к)и, кои зафаќајќи се подетално со еден аспект на проблематиката, даваат нов поим за истражувачкиот проблем. Во овој

[123] Критичката настроеност на Муф кон моделот на делиберативна демократија, во најголема мера се должи на нејзината убеденост дека инсистирањето на консензус – кое е иманентно во делиберативниот инженеринг може сериозно да ги поткопа политичката партиципација и да води кон политичка апатија. Сметајќи дека идеалниот тип на плуралистичка демократија, не може да постигне рационален консензус во јавноста, Муф тврди дека на крајот на краиштата се се сведува на неопходност од прифаќањето на било каков консензус како времен резултат на хегемонија, кој изгледа како стабилизирање на моќта која без исклучок по самата своја пруирода наложува одредено исклучување на одредени групи или индивидуи. Затоа и легитимноста заснована на рационалност е недостижна, додека моделот на делиберативна демократија ја негира димензијата на неодлучност и непоправливост кај антагонизмот – која е константа во политичкото. Накратко агонистичкиот плурализам за разлика од делиберативната демократија ја признава вистинската природа на облиците и границите на исклучувањето наместо да се обидува да ги замагли под превезот на рационалноста и моралноста, што според Муф го претпоставува делиберативната демократија (Mouffe, 2000:17).

[124] Филипс заедно со Јанг, Мејнсбриџ и уште неколку звучни феминистички имиња го сочинуваат и јадрото на теоријата за дифефенцирана граѓанственост. Диференцираната граѓанственост е модел-решение за растечката културна разновидност и поделеност на современите општества. Овој модел се смета за најсериозен ривал и алтернатива на политиките за мултикултурализам и признавање на различностите. Во своите теоретски поставки изразува далеку понагласена социолошка сензитивност за контекстот, лоцираноста и детерминираноста на индивидуите во и од опстествената структура. Но сепак, ортодоксното социолошко резонирање сеуште не ги мапира овие напори како теоретска ориентација или струја во современите социолошки теоретизации (види, Јованоски, 2005).

случај, она што се подразбира или претпоставува како делиберативен облик на креирање политики и политичко одлучување, кај неа е познато како *робустна демократија* (robust democracy). Првата точка од која почнува да ја гради својата теорија претставува критичкото поставување кон (не)можноста либералната или конституционална демократија во излезниот резултат да ја охрабри, или да ја развие различноста. Меѓутоа, феминистичкиот ракурс на Филипс идентификува една долго одржувана погрешна перцепција за ефектите на нормативната демократија. Таа тврди дека под „различитост" либералите секогаш подразбирале мноштво на верувања, ставови, преференци, убедувања и цели, но не и специфични услови или општествена ситуираност односно перспектива". Плурализмот на идеи и интереси не секогаш ги покрива и специфичните искуства на маргинализираните, и оттаму она за што зборува Филипс, а во насока на сеопфатна вклученост во политичкиот процес, се нарекува политика на (реално - АЈ) присуство (politics of presence) (Phillips, 1996:140-1). Според тоа, проблемот на политичката вклученост односно исклученост е, пред се, проблем на сложено разбирање и сфаќање на односот помеѓу идеите и искуството, а не проблем на рефлективното претставување. Во основата на теоретизациите на Филипс кои на еден или друг начин се поврзуваат со развојот на дискурсот за делиберативна демократија, стои потрагата за решение на тензијата која во политиката е присутна помеѓу идеите (сеопфатни доктрини, идеологија исл) и (реалното) политичкото присуство.

Од друга страна, пак, секогаш е присутно прашањето за идентитетот како заедничка тема за преобмислување на скоро секој постмодернист. Следејќи ја

традицијата која заговара флексибилен пристап кон оваа проблематика во правец на т.н. транзиторен идентитет, Филипс ја истакнува динамичноста и контекстуалноста на современиот идентитет. Идентитетот, денес е израз на огледалноста во однос на другиот и израснува од себеперцепцијата како различен од другите. За оваа позиција на Филипс, која во социјалната теорија не е нова, мора да и се признае освежувачкиот седимент во аргументирањето. Тоа освежување се состои во тоа дека, идентитетот денес не само што се развива од односите со другите кои се различни од нас, туку и се зацврстува благодарение на заканите и предизвиците по идентитетот од страна на различноста на другите (Phillips, 1996:143). Најголемиот дострел на овој вид резонирање е поткопувањето на убеденоста во непроменливата природа на идентитетот.

Со ова ,,релативизирање`` на феноменот кој долго во општествените науки уживаше и ужива статус на непроменлива и еднаш за секогаш дадена природа, Филипс, отвара простор за интересно и предизвикувачко преоценување и разгледување на демократијата и идентитетскиот спор во јавноста.

Контигентноста на природата на идентитетот и постојаната изложеност на закани од *различноста на другите*, доведува до појава на демократијата која сега претставува ,,возбудлива инволвираност со различноста: предизвикување на ,,другиот``, пореметување на прифатеното, признавање на двозначноста внатре една иста себност како и различност во однос на другите`` (Phillips, 1996: 144).

Се чини исто така воочлива, про-егалитаристичката ориентација во постмодерниот ракурс на Филипс, кога тврди дека ,,робустната демократија

станува возможна, само кога економските нееднаквости се суштински радуцирани``.

Вториот посеопфатен корпус на прашања кои ги иницира во своите теоретизации за робустната демократија, се однесува на критиката на есенцијализмот или закостенувањето на општествените движења во корупката на една од најексплоатираните политики на претставување: расата, родот, сексуалноста или етничноста. Иако овие политики нудат делумно надминување на есенцијализмот, најчесто во крајниот резултат тие самите произведуваат една есенцијалистичка платформа во која многу полесно е да се одржува разликата во интересите и барањата помеѓу мажите и жените, отколку да се актуелизира проблемот на различната перспектива која во поставувањето и ефектуирањето на своите интереси бележи значајна разлика помеѓу самите жени (на пример интересот на мажената бела вработена мајка која гради успешна кариера повинувајќи се на етосот и стандардите на хетеросексуалната хегемонија од една страна и позицијата на афро-американката лезбејка која има сериозни пречки во обезбедувањето на минимум вештини за остварување на базичните човекови потреби, од друга)[125].

Една од негативните нус-појави на есенцијализмот во дебатите на овие движења, претставува тенденцијата кон униформирање на единствен автентичен идентитет на групата, преку кој ќе се поставуваат барања во јавноста и ќе се операционализираат целите. Филипс, дава до знаење дека и ваквите движења –

[125] Слична двостепена диференцијација се открива според Филипс, и при разгледувањето на антирасистичките барања, во кои се идентификува присуството не само на расниот дуализам (бели-црни) туку и депривираноста на другите не-белечки (и не-црнечки) малцинства (преземено од Modood, 1992).

носители на претпоставената политика на (реално) присуство, ја загушуваат индивидуалната иницијатива и перспективата на поединецот, во служба на ефективно групно претставување. Повикувајќи се на специфичноста на британскиот контекст во обмислувањето на решението за овој проблем, Филипс, екстензивно го цитира Стјуарт Хол, при што се приклонува кон неговата политика наречена ,,крај на невиноста`` (end of innocence). Според оваа политика, предвиден е простор и за позициите на индивидуите (конкретната ситуираност во општествената структура), социјалните искуства и културните идентитети, кои ја оформуваат категорија ,,црнец``, но исто така заговара и политика во која повеќе нема да биде возможно ефикасно да се претставува ``црнецот`` без да се поведе сметка за неговата класна, родова, сексуално-ориентациона и етничка припадност (Hall, 1992: 254).

Оценувајќи дека скоро сите апели и општествени ангажмани на феминистичките автори за надминувањето на двослојната маргинализираност, најчесто завршуваат со полу-решенија од типот: задолжителни квотни системи за политичките партии во предизборните кампањи (одреден процент на жени-кандидати за народни претставници и носители на одредени извршни функции): прекројувањето на изборните граници за да се добие мнозинство афро-анерикански гласачи со кои ќе биде обезбеден мандатот на нивниот претставник или сложените и одамна извикани процедури на консоцијативизмот – Филипс, решението го гледа во зреењето на *активноста* и *делиберацијата* во иднина. Убедена дека

> сите понепосредни предлози за реформа инсистираат на делиберативни интервенции, како неопходност во прекинувањето на врската помеѓу социјалната структура на нееднаквоста или исклучувањето и политичкото

> претставување на иститe во нивоата на учество и влијание. Сите се сложуваат во потребата од барање на специфичен политички механизам – отколку како што понекогаш се инсистира на долгорочна општествена транформација (Philips, 1996:147).

Впрочем, Филипс истражувајќи ги фините слоеви на можноста во политичкиот процес да бидат вклучени сите ранливи категории на општеството, твори врз оставштината на Џон Ролс. Овие позиции имаат рефлексии и врз размислувањата на Нира Јувал Дејвис и Флоја Антиас. Но, во овој случај тоа оди во облик на директна закана или предизвик за репрезенативната и агрегативна демократија:

> Обликот на политичкото претставување кој израснува надвор од политиките на идентитетот и рамноправните можности, и кој настојува да ја претстави поизворно општествената различност, создава невозможна мисија за себе, и она што значи позитивна различност на преклопувачките идентитети станува опасна закана во напорите за пропорционално претставување. Но дали ова значи дека ништо не може да се стори...( Philips, 1996:149).

Од изложеното може да се претпостави дека Филипс интересирајќи се за начините преку кои може да се подобри политичкото претставување на ранливите категории – со потенцирањето на надостатоците на претставничката демократија, се обидува да интервенира исклучиво во обликот, додека делиберацијата и активноста ги смета за второстепени. Придонесот на оваа авторка и заговорник на диференцирачката граѓанственост се лоцира во обидот да ја анимира стручната јавност за потребата од делиберација и отворен дијалог внатре во општествените движења, перципирани како идни сериозни политички субјекти во креирањето на политиките и политичкото одлучување. И на крајот, Филипсовиот модел на робустна (делиберативна) демократија подразбира дека идеите во политиката не смеат да се третираат одделно од специфичните човечки искуства и карактеристични позиционирања во социјалната стратификациска скала, а

политичката грижа за луѓето, повеќе не смее да се извршува без да им се даде и соодветно внимание на идеите на истите тие луѓе (Philips, 1996:150).

## ГЛАВА IV. МЕСТОТО НА ЈАВНОТО ДОБРО, ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, КОНСОЦИЈАТИВИЗМОТ, ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО И ЛИБЕРАЛНИОТ КОНСТИТУЦИОНАЛИЗАМ ВО ТЕОРИЈАТА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА.

Во претходните поглавја, при изнесувањето различните теоретизации за делиберативната демократија, дел од авторите моделот го осмислуваа во најразлични контексти и ја проверуваа потенцијалната компатибилност со одредени институти. Во ова поглавје, направен е обид да се прикажат најновите струења и правци на развој во теоријата за делиберативна демократија. Дел од овие струења го најавуваат интересот за истражување на ова поле во следните неколку години, односно ги отвараат прашањата кои ќе добијат на значење во годините што следуваат. Отварањето на прашањата за совпадливоста на делеиберативната демократија со: јавното добро, човековите права, консоцијативизмот, граѓанското содружништво и либералниот конституционализам; укажуваат и на потребата од развивање на овој модел во специфични услови како што се политичката традиција и култура. Предметот на ова поглавје превагнува кон правниот интерес за истражување на условите за имплеметирање на делиберативната демократија. Но, тоа не значи дека и останатите димензии на делиберацијата – поврзани со идеологијата, примордијалните врски и социокултурниот контекст нема да бидат истражени во иднина. Ова укажува и на полидимензионалноста на овие проблеми и потребата од мултидисциплинарен пристап во иднина. Тоа само уште еднаш ја потврдува потребата од социјалната теорија во натамошниот развој на размислите за делиберативната демократија.

1. *Јавното добро во политичкиот процес и делиберативната демократија.*

Едно од позначајните прашања околу кои се појавија различни стојалишта за делиберативната демократија, претставува потребата од јасно издиференцирана претстава за јавното добро - во текот на креирањето политики и политичкото одлучување. На расправата во рамките на дискурсот, и претходи една друга дебата, која во нормативната англо-американска политичка мисла започнува во средината на 70тите години од минатиот век. Во оваа дебата се препознаваат дијаметрално спротивните стојалишта на либералните теоретичари (Џон Ролс, Роналд Дворкин, Шандран Кукатас, Томас Скенлон и др) и комунитаристите (Мајкл Сандел, Алистер Мекинтаир, Мајкл Волцер, Амитаи Етциони, Чарлс Тејлор и сл). Главна тема во ова дебата беше посветена на природата на заедничкото добро, себноста и идентитетот (духот) на заедницата.

Како што беше посочено претходно, во однос на Хабермасовите теоретизации за републиканскиот и либералниот поглед на политиката (каде се обидува да ги замени со оној на дискурзивната демократија) проблемот со потребата од издиференцирано јавно добро, во современата политичка филозофија е попознат како дебата помеѓу комунитаристите и либералите, и меѓудругото е инспирација за подоцнежните теории за мултикултурализам (Јованоски, 2005). Во теоријата за делиберативна демократија оваа дебата се води на позициите познати како консензуална или плуралистичка делиберативна демократија. Заговорниците на стојалиштето дека делиберативната демократија треба да се темели на изградени одлуки кои подразбираат постигнување на консензус како цел, инсистираат на сеопфатен или згуснат поим на јавното добро

- перцепција на постоењето на заеднички вредности кои одат подалеку од основните принципи на делиберативно одлучување (во овој случај сосема нерелевантно дали тоа се случува во рамките на чист процедурален или содржински модел на делиберација) (Habermas 1996; Gutman and Thomson, 1996). Во рамките на овој табор јасно се препознатливи комунитаристичките односно републиканските инспирации, бидејќи овие теоретичари, делиберативната демократија ја поимаат во услови на постигнување на соработка, во која се исполнуваат сите предуслови за остварувањето на најдлабоките морални ветувања на делиберацијата, притоа сите учесници ја прифаќаат таа соработка наспроти нивните недвосмислени разлики во изградбата на идентитетите. Доаѓа до потполно стопување и прелевање на моето *јас* со нашето *ние*, а личниот интерес се смета дека е дериват на срединските влијанија и културните детерминанти на заедницата во која од најраното детство индивидуата го изградува својот идентитет. Од друга страна пак, либерално инспирираните заговорници на плуралистичкиот вид на делиберативна демократија, тврдат дека не секогаш е потребна **сеопфатна** дефиниција на заедничкото (јавно) добро. Впрочем, постоењето на спернички концепции за јавно добро, произведува морални несогласувања, и го јакне натпреварувачкиот дух и како такви, сопернички концепции за јавното добро се суштински дел од човековата природа (Rawls, 1993; Pettit, 2001).

Сепак и двата табори се согласуваат дека потребното лепило за ефикасен политички живот во заедницата, подразбира барем минимум согласност околу постоењето на заедничко добро, но суштинската разлика се појавува во однос на

опфатот на тоа јавно или заедничко добро. Всушност оваа расправа внатре дискурсот, во еден дел ја пресликува старата дилема за пропулзивноста или резистентноста на границата која го дели јавното од приватното и политичкото од граѓанското содружништво.

Во однос на оваа проблематика, целата дебата - особено стојалиштата на плуралистите - е пронижена со аспектите на теоријата на рационалниот/разумниот избор. Теоријата за рационален/разумен избор ги потенцира: егоистичната природа на индивидуата, спротивстзените концепции за заедничко добро и сметкациската природа на преговарачките позиции во процесот на креирање политики и политичко одлучување. Економскиот ракурс (Downs, 1957; Olson 1971; Nuiescamen, 1971) со кој се одликуваат стојалиштата на дел од припадниците на оваа струја во дискурсот (Dryzek, 2000; Gutman and Thomson, 1996; 2004), ја одразува политиколошката наобразба (ограниченост) а со самото тоа и либералната идеолошка подлога од која тргнуваат во изградбата на теоретските стојалишта. Очекувањето дека изградената самосвест за препознатливиот интерес ќе резултира со прифаќање на заеднички правила врз кои ќе се постулира политичкиот процес и конкретно делиберацијата, колку што ја потврдува либералната провиниенција и содржински празната претстава на јавното, добро, толку ја рефлектира и прагматистичката димензија на англо-американската политичка мисла, која не ретко се случува да атерира во одредени заклучоци. Забележителен пример за вакво нешто, е промената на стојалиштата кај раниот Ролс (изразени пред се во неговата книга *Теорија на праведност* (1971/2002) г. каде социолошката наивност на неговите позиции, се обидува да ја

надмине во *Политичкиот либерализам* (1993). Во оваа книга тој е посензитивен за социолошките консидерации и зборува за „преклопувачкиот консензус" како општествена реалност детерминирана од транзиторниот идентитет на секојдневните улоги на индивидуата, според кој е неопходна флексибилна претстава за јавното добро и преговарачките позиции.

Плуралистичките стојалишта во теоријата за делиберативната демократија, ја истакнуваат и опасноста од тиранија на малцинството, во услови на ригидна претстава на јавното добро. Драстичните размери, кои според овие заговорници може да ги добие политичкиот процес е убедувањето дека доколку разликите (кои се израз на локално/примордијално обликуваните интереси на индивидуата) околу претставата за јавното добро се толку длабоки и проткајувачки, што е невозможна измена или адаптација како резултат на „советувањето", тогаш неопходната промена која ја сметаа за движечка сила на политичкиот просперитет, може да биде испорачана единствено преку насилен пат (Gutmann and Thomson, 2004:28)[126].

Една подоцнежната традиција во размислите за теоријата за делиберативната демократија е развивана од страна на критичарите на Хабермас и Ролс. Мајкл Сојард, ги лоцира слабостите на Ролсовата теориска структура во

[126] Иако авторите прецизираат дека начелното прифаќање на делиберацијата како процес во кој постои тежнеење кон постигнување на договор во највисок можен облик, плуралистите сепак оставаат простор и за начините на мирна коегзистенција и на несогласностите кои не можат или **не треба** (подвлекол - АЈ) да се елиминираат во секој можен миг. На овој начин се покажува големиот јаз којшто постои помеѓу авторите заговорници на демократско одлучување кои го прифаќаат плурализмот како состојба на човечкиот дух од една страна, и оние, кои во плурализмот секогаш гледаат пресериозен политички проблем за да може да биде надминат преку делиберација (Gutmann and Thomson 2004:28).

намалку три точки, а опстојувањето на овој модел на демократски инженеринг го постулира на следниве критериуми:

- ***општост***, решенијата кои се постигнати би се примениле врз целата политичка заедница, што значи дека изворната позиција претпоставува дејствување како средство за претставување
- ***вклучување*** сите интереси се претставени ,,таму`` во ,,делиберациите``, вклучувајќи ги интересите на повеќе *генерации* (курзив – АЈ)
- ***непристрасност*** сите можат потполно и рамноправно да ја потврдат праведноста на решенијата
- ***продуктивност*** непогрешливо произведување на решение кое е над сортирањето, ќор – сокакот е недозволив
- ***лице во лице*** карактер на делиберациите (Saward, 2002:130).

Посебен интерес заслужува вториот предуслов или претпоставката за вклученост на сите генерации, под што авторот подразбира претставување во процесот на делиберацијата на сите интереси и по хоризонтала и по вертикала (спрецифична општествена маргинализираност или хендикепираност), со што потенцира дека општата вклученост е само за живите генерации во моментот.

Проблемот на јавното добро или интерес во теоријата за делиберативна демократија, како што можеше да се забележи, има подолга историја земејќи го предвид интересот на Ролс за оваа материја – уште од 1971. Несоменено е дека корпусот на сознанија за јавното добро и во иднина ќе биде дополнуван. Дел од спротивставените сфаќања за неговата улога и позиција во делиберативната демократија, откриваат поделеност на авторите околу неговата процедурална или непроцедурална враменост. Како основна карактеристика на оваа поделеност може да се нагласи социолошката интерпретација на јавното добро на Хабермасовата традиција, која јавниот интерес го претставува пофлуктуирачки и резултат на комункативното дејствување. Ова објаснување не претпоставува еднаш и засекогаш дадени интереси и стојалишта, туку јавен интерес кој е

моделиран од самиот момент на расправата, советувањето или едноставно кажано делиберацијата.

2. *Човековите права и делиберативната демократија.*

Уште од првиот увид во литературата за делиберативната демократија може лесно да се забележи поврзаноста на овој модел со корпусот на човековите права. Редица автори (дел од нив се релативно екстензивно претставени во претходните поглавја) во дефиниендумот на делиберативната демократија го истакнуваат процесот на широко и промислено расправање и советување на политички теми **помеѓу слободни и рамноправни граѓани**. Меѓутоа, постојат сериозни забелешки од критички настроените автори, дека токму делиберативната демократија во своето потполно и ефикасно функционирање, не само што не ги заштитува основните човекови права и слободи, туку на еден индиректен начин и ги загрозува. Во најголем број случаи, аргументите на критиките од овој вид се групирани во две поголеми категории: првата критика посочува дека еден од највисоките приоритети на делиберацијата е постигнување висок степен на согласност (консензус) или едногласност околу вредноста на јавниот проблем, и оттаму смета дека таа согласност најчесто ги замолкнува несогласувањата и стојалиштата на малцинствата образувани според најразлични белези. Овие политички малцинства на јавната сцена, најчесто се препознатливи преку карактеристичните социјални ситуации на маргинализираност. И тие се чинители што го збогатуваат демократскиот амбиент и различието на погледи.

Втората група на критики ја адресира можната тиранија на мнозинствата над малцинствата преку наметнување на своите избори и норми (Benhabib, 1996:77).

Одговорот, односно солуцијата за наметнатиот предизвик, авторите заговорници на делиберативната демократија најчесто ја лоцираат во реафирмираниот кантов либерален став која почива на претпоставката дека ,,моралната почит кон автономијата на личноста е основна норма на моралноста и демократијата``. Оттаму, делиберативниот модел на демократија е замислен како надополнување на општите морални принципи, врз кои се темелат барањата за почитувањето на основните права и слободи на човекот. Впрочем, и во дискурсната теорија на етиката, која е дел од делиберативна демократија, се претпоставува рамноправно третирање на сите учесници-делибератори:

> третирање на учесниците (во политичката делиберација – AJ) како еднакви и слободни битија, рамноправно титулирани за да земат учество во оној вид на дискурси, кои ги одредуваат правилата кои имаат влијание врз нивните животи, и се протега од позицијата која ги смета личностите за битија со права на одредени ,,морални права``(Benhabib, 78).

Овие и слични забелешки ја сочинуваат содржината на моралната оправдливост и одржаност на делиберативната демократија – што во, не така мал дел од стојалиштата го претставува и носечкиот принцип на аргументирањето и одбраната. Некои автори, овој минимум на морални стандарди и морални права го нарекуват *универзална морална почит* и го поврзуваат со стандардите на симетричност на правата. Универзалната морална почит, подразбира и подеднаква можност за иницирање на тема за делиберација, изложување на сопствен став во вид на говор и слични алатки на делиберацијата. Тоа е она што Сејла Бенабиб го нарекува принцип на егалитарна реципрочност, и во основа ја

анимира претставата на индивидуите вклучени во политичкиот процес како морални личности, што по себе повлекува и соодветни обрасци на одговорност, (Benhabib, 1996:78-9).

Но, со оглед на постоењето на најразновидни морални гледишта, со кои индивидуите настапуваат на јавната сцена, се појавува проблемот на рамката на моралот во политиката. Бидејќи процесот на креирање на политики, и следствено политичко одлучување, не се одвива во услови на чиста првична позиција или морална *ground zero* ситуација, егоистичните импулси кои доминираат со светот на политиката, мораат да бидат совладани и надминати со оставината на неколку вековната рационалност и взаемно признавање на правото на различен став и гласање. Одслушнувајќи го ехото од Хегеловата филозофија, многумина претставници на делиберативната демократија, поврзаноста на концептот за човекови права и моралот го поимаат во една жива и разбранувана атмосфера на постојани борби, одрекнувања и признавања на интересите. Еволуцијата на конфликтните импулси на политичкиот процес во крајна инстанца **би требало** (повторно нормативната константа на дискурсот) да биде изложена на една процедура на рекурзивно оправдување``[127]. Суштината на ова оправдување успешно надминува два од клучните стравови на либералната критика за погубните нус-појави на делиберативната демократија – премногу цврстата и ригидна поставеност на условите на натпревар во рамките на делиберацијата и тиранијата на мнозинството. Правилата на универзална применливост на

[127] Како потсетник, Хабермас во најсоодветното дело за проблематиката на делиберативната демократија *Помеѓу фактите и нормите 1996* го разгледува токму овој момент, одосно потенцијалната затегнатост околу семантичките и социолингвистичките толкувања на нормативноста и оправдливоста, односно помеѓу фактичното и нормативното.

моралната почит кон индивидуата и претпоставената егалитарна реципрочност, им овозможуваат на малцинставта и на оние кои не се согласуваат со дадената солуција на прашањата од јавен интерес, право, да не го одобрат решението, да ги изменат правилата и агендата на јавната дебата (Benhabib, 1996: 79).

Овој приказ на односот меѓу човековите права и делиберативната демократија најчесто е нарекуван т.н. анти-фундационистичка позиција. Оваа позиција ја споделуваат голем број на автори. Обидот да се намали тензијата која постои помеѓу ,,универзалните барања за почитувањето на основните човекови права`` од една и ,,поединечните заложби за уживање на широка автономија`` – кои ги поставуваат различни, културни, јазични, религиозни и други групи од друга страна - има последици по интеграцијата на општество на макро ниво. Одредени автори, решението за надминување на оваа тензичност го гледаат во потенцирањето на дотогаш, непознатите и недоволно аргументирани теоретизирања кои ги нарекуваат *делиберативна либерална демократија*. Заговорниците на овие стојалишта се нарекуваат делиберативни либерални демократи. Нивните обиди да развијат академски поглед за применливоста на универзалните човекови права и растечките барања за негување на културниот диверзитет на современите мигрантски општества, навлегува и во расправите за политичкиот инженеринг на плуралноста на општествата, како и врз мултикултурните програми за прилагодување на засебните културни практики и верувања. Едно од таквите широкоаголни видувања на проблематика е она на Фабрицио Трифиро Тој заобиколувајќи ја шематизираната метафизичка епистемолошка рамка за промислување на демократијата и човековите права,

креира нормативен концепт, во кој е изразена полна свесност за социокултурната вкоренетост на сите наши стојалишта, барања и претстави за доброто и лошото, забранетото и оправданото. Во една фраза изразено, ова стојалиште тврди дека иако човековите права се концепт со универзални претензии на апликативност, всушност неговата содржина е културно детерминирана[128]. За да се постигне ова, Трифиро прави дистинкција помеѓу *епистемичкиот* и *моралниот* легитимитет. Тука тврдејќи дека првиот не го претпоставува вториот, ја релативизира потребата на антифундационистите[129] (меѓу кои се сместува и себеси) да се грижат за совпадливоста на човековите права со политиките на мултикултурализам.

Доколку се земе предвид дека секој обид за идентификување на срцевината на либерализмот како учење но и политичка агенда за устројство на политичкиот живот, скоро без исклучок забраздува во длабоки несогласувања и делумно противречности, минимумот заеднички именител кој го претпоставуваат авторите при конципирањето на теоријата за делиберативна демократија е рамноправната почит кон сите човечки битија, кои изградувајќи ја автономијата на сопствениот живот и своето место во можноста да ,,трагаат по својата среќа``. Во разгледувањата на односот на либерализмот и човековите права кон

[128] Трифиро, своите стојалишта ги изложува паралелно со критиките за потикнување на релативизам и етноцентризам. Тој одговара на сомнежите и обвинувањето за неодржливоста на оваа културно вградена и антифундационистичка концепција, бидејќи глорифицува еден поглед на светот (една култура) и ги дразни останатите да тргнат во испорачување на максималистички барања, со што само се интензивира културниот конфликт (Trifiro, 2005:3).

[129] Антифундационисти или антифундационизам претставува група на автори-теоретичари, кои во своите појдовни определби дозволуваат занемарување или релативизирање на дел од основните човекови права во полза на новите политички и правни решенија. Конкретно, во случајот со делиберативната демокатија, тие тврдат дека правото на здружување може да биде благо занемарено со оглед на непосредниот пристап до телата за креирање на политики и политичко одлучување.

делибeративната демократија, основниот принцип или импулс, кој го раководи научниот интерес е оној кој ги перципира САМО оние практики и правила, кои можат да бидат сметани за политички легитимни, и кои се резултат на слободен и рамноправен процес на ЈАВНО одлучување. Таквиот процес, ги вклучува сите оние кои ги засегнуваат последиците од неговата имплементација (Trifirio, 2005: 5). Но, она што се наметнува како клучно за потполното функционирање на оваа замислена процедура на делиберација, е бесомнение, кристализирањето на процедуралните правила и уставните ограничувања, кои одредуваат кој и под какви услови би можел да учествува во овој процес. Констатацијата, според која порано или подоцна ќе мора да се постават филтри кои ќе го ограничат пристапот до делиберативниот форум и место за политичко одлучување, колку што претпоставува неодминлив елемент на теоретичарите, загрижени за операбилноста на овој модел, толку потсетува и на извесноста од агрегацијата, која го задушува иницијалниот и препознатлив белег на делиберативната демократија. Тргнувајќи од воочената нужна отстапка, Трифирио, изложува една алтернативна изворна позиција од онаа за „добро уреденото општество`` на Ролс, во која се обидува да одговори на предизвикот за одржување на либералните премиси на општеството, кое ја почитува индивидуалната автономија, но се обидува политичките решенија да ги сообразува со императивите на делиберацијата:

> Општество кое се обидува да остане верно на барањата за слобода, рамноправност и човечко достоинство, треба не само да даде еднаква вредност на секој глас, на сите оние кои се засегнати од јавните одлучувања, туку исто така треба да биде спремно да се отвори за јавна расправа и преоценување на решенијата, исто како и за најосновните претпоставки, услови за членство во политичкиот живот, содржината на уставните права, неговите (уставни –AJ) процедурални правила и нивните практични и институционални реализации (Trifirio, 2005:6)

Најзначајниот придонес од портретирањето на либералната делиберативна демократија како збир на либерално-процедуралистички и делиберативно-ревизионистички стојалишта, според овој автор, претставува революционерното инсиситирање на општа и сеопфатна флексибилност за потенцијална ревизија во сите политички домени на одлучување и на сите пишани процедури, потврдени во уставните текстови. Како што нагласува ,,мора да го избегнеме убедувањето дека поединечните постапки и институции на нашето општество, сфатени како *sub specie aeternitatis* се имуни на ревизија``[130].

Врзивното ткиво кое ги поврзува, суштината на либералната (нормативна) демократија и човековите права со нефундационалните основи на делиберативната демократија (отфрлање на секој обид да се идентификува ригидна процедура и правила за креирање на политики и политичко одлучување, која најчесто привилегира одредена група граѓани) претставува *културата на делиберација* во која потполно се ефектуира предусловот за рамноправна почит на достоинството[131] на секое човечко битие.

[130] Потребата од чување на отворена дебата за измени на самата процедура, ја споделуваат значаен дел од авторите заговорници на моделот (Gutman and Thomson, 1996; Benhabib, 1996: Cohen, 1996; Young, 1996; и др), додека, некои како Бенабиб во рецентните стојалишта ја повторуваат и засилуваат ова теза во правец на нејзина еволуција во спрега со утврдување на условите за членство во политичкиот живот и политичкото одлучување, се заедно објаснето и дополнето со концептот за ,,демократски повторувања`` (Benhabib, 2004)

[131] Поврзаноста, односно условеноста на слободата со достоинството, одредени автори ја поврзуваат со независноста од волјата на другите (општата волја), а за потполно достоинствена индивидуа е сметана личноста која во односите со другите не влегува по сопствено убедување, притоа не должејќи им ништо на заедницата, државата и другите и не тежнеејќи кон остварување на свои сопствени интереси. Овој портрет на индивидуата со достоинство и слобода во дејствувањето беше карактеристична за теоретизациите на социолозите во периодот на големата революција од 1989 и распадот на социјалистичките општествено-државни уредувања. Инсистирањето на атомизмот и индивидуалноста претставуваше агенда на либерализирањето и демократизирањето на научните заедници. Подразбирајќи со индивидуализацијата и подигнување на активноста на граѓанското содружништво и (политичката) партиципација (види Трајковски, 1997:233-4), од денешна дистанца и од позиција на делиберативната демократија, овие постулати

> ...анти-фундационализмот е особено приспособен за либерално демократската култура, бидејќи со одрекувањето на апсолутно привилегиран авторитет на одредена постапка над другите, и преку потсетувањето на контигентноста на нашите убедувања и постапки, како на тоа дека секој консензус кој е постигнат е само времена точка за одмор, која е склона да не втурне во угнетувачко status-quo, ги наведува либералите да ги чуваат отворени решенијата и процедурите на делиберација за несогласување и промена... (Trifiro, 2005:7).

Посочените извадоци, имаат за цел да ја доловат поврзаноста на концептот за делиберативна демократија со рамката на универзални човекови права како компатибилни и пожелно вткаени во еден сет на ставови, кои се нарекуваат либерална делиберативна демократија. Но многу е поважно, таа поврзаност да послужи како обид да се ублажи тензијата помеѓу растечките барања за културен и индивидуален партикуларизам (одвоеност и посебен третман за малцинствата од страна на државата) и универзалната природа на човековите права. Горенаведените аргументи укажуваат на фактот дека, не само што ваквата поврзаност е возможна туку таа е и пожелна. Во исто време, тоа ја оправдува и позицијата за перспективност на делиберативниот инженеринг во зајакнувањето на правните основи (нормативност на човековите права) преку политичката пракса (употреба на делиберацијата во најголемиот достапен број на расправи и решенија за прашања од јавен интерес). Тоа меѓудругото овозможува и задоволително разрешување на проблемите кои се појавија во емигратските плурални општества кои трагаат по одговор за тензијата која се појавува внатре т.н. длабока различитост (deep diversity) и рамнотежата помеѓу заштитите на групата од асимилативните потенцијали на мнозинската култура (надворешни

---

изгледаат предизвикувачки ако не и инхибирачки, како за искристализираниот интерес кој самосвесната индивидуа јавно го испорачува во ситуација на конкурентност и натпреварување со другите (Ролс), така и во однос на крипто-солидаристичката природа на комуникативното дејствување (Хабермас) како основа на советодавниот процес, кој му претходи на политичкото одлучување.

заштити) и злоупотребата на лиучните права и слободи во рамките на малцинската група од нелибералниот nomos[132].

Проблемот со императивот за либерално третирање или оправдување (од страна на државата) на нелибералните културни практики, одбраната и промоцијата на човековите права врз универзални основи, како и решенијата на делиберативната демократија, внесуваат една нова и освежувачка димензија во развојот на дискурсот, посочувајќи на неопходноста од подлабоко понирање во недоволно освоените и обработени подрачја на постапките за креирање политики и политичко одлучување. Специфичните услови кои детерминираат помала или поголема апликативноста на специфичните демократски форми на одлучување, изискуваат преглед на мноштво аспекти во кои нормативната димензија на теоријата за делиберативна демократија релативно лесно плови, соочена со опасноста да биде потопена од агрегативистичките барања за ефикасност и антиметафизичност.

Обид да одговори на овој предизвик претставува следниот предлог на Трифирио:

> Основното начело, кое би требало да ги води делиберативните демократи во нивните елаборации на конкретни политики на интервенирање во внатрешните работи на угнетувачките држави и волјата на заедниците, секако ќе биде давањето приоритет на вклучувачките и саморефлексивни

---

[132] На ова прашање најекстензивно внимание посветува Вил Кимлика во неговото дело *Мултикултурна граѓанственост* од 1995, каде онтолошкиот конфликт помеѓу индивидуалните права и колективните барања за заштита на посебноста на културната заедница и нејзините посебни облици на живот, се разгледува низ призмата на либерално оправдување на мултикултурниот инженеринг и афирмација на културни права кои не ја загрозуваат индивидуалната автономија (Kymlicka, 1995). Одредени автори, (Trifiro, 2005) сметаат дека процедурите на делиберативната демократија даваат можност, да се разреши условеноста на заштитата на заедницата од влијанието на поширокото општество со екстензивни индивидуални права и слободи внатре во малцинството. Тоа се постигнува на начин според кој „секоја група и индивидуа, ќе биде слободна да ги обликува и извршува своите културни и политички практики, доколку овие се во согласност со еднаквото право на автомомија која им е понудена на индивидуите и културните групи"(Kymlicka, 1995: 11).

дискурзивни средства, за разрешување на конфликтите и колективното одлучување, над насилните, исклучувачките и догматичните. Ова ќе наложи разновидност во посветеноста да се направи онолку колку е возможно, да се вклучат и зајакнат (позициите на – AJ) угнетените и дисидентски делови во оние држави и заедници, и да се употреби моќ само како последна инстанца; и тогаш само врз основа на темелно и транспарентно разгледување на гравитацијата на извршувањето загрозување на човековите права, со најсериозна грижа за заштита на граѓанското содружништво и казнување само на угнетувачот, и со ексклузивна цел враќањето на изворното само-одлучување (Trifirio, 2005:13).

Ограниченоста на ваквото видување на односот човекови права и делиберативна демократија, се чини дека произлегува од стриктно нормативистичкото гледиште на политичките теоретичари. Имајќи предвид дека, проблематиката на делиберативниот инженеринг при креирањето политики и политичко одлучување подразбира и социолошки приод, од што најмалку се добива посеопфатен увид во културните и социјални фактори на диверзификација и поделба на современите општества, односот на овие две категории инструменти и постапки засега ќе остане на ниво на императиви за нормативно задоволување на минимумот за апликација на политичкиот novum. Социјалната теорија се обидува да одговори на овие прашања, во дебати кои се надвор од истражувачкиот интерес. Но, дел од нерешените дилеми се отвораат во начнувањето на одржливоста и сообразноста на делиберативната демократија во однос на конституционализмот, граѓанското содружништво и косоцијативната демократија.

### 3. *Консоцијативизмот и делиберативната демократија.*

Консоцијативниот инжинеринг или консоцијативната демократија претставува исто како и делиберативната демократија уште еден модел според кој е можно (а според одреден дел од авторите и пожелно) демократски да се организира политичкиот живот во едно општество. Посебноста на овој вид демократија лежи во специфичните услови односно околности во кој иститиот (се препорачува да) се применува. Имено, консоцијалната демократија е карактеристична за плуралните, поделените и конфликтните општества. Од самото нејзино појавување, како заокружен теоретски систем во 70тите години на минатиот век[133], преку скорешните еволуции сообразени со дадениот општествено-историски миг, овој вид демократија секогаш предизвикувал бурни расправи, негирања и надградби. Прашањето за изведливоста, а оттаму и оправданоста на овој вид демократија е неизбежно поврзано со предизвиците кои произлегуваат од културната и етничка разновидност на современите општества, во кои пак, под налетот на силите на глобализацијата се населуваат припадници на најразновидни културни заедници. Коегзистенцијата во рамките на вака претпоставениот етнички мозаик (Вил Кимлика) во кој индивидуите се впуштени во низа интеракции низ цел калеидоскоп на култури (Џереми Волдрон), ги отвара прашањата за опстанокот и развојот на културниот, етничкиот и политичкиот идентитет на индивидуите или групите (во зависност од ракурсот). Со тоа исто

[133] Изворишните основи и традицијата на консоцијално уредување на човековите односи допираат до 16 век и пишувањата на Јохан Алтузиус, иако синонимот за консоцијативизмот денес е најпрепознатлив во теоретските стојалишта и претпоставки на Аренд Липхарт, изнесени пред се во неговото дело *Демократијата во плуралните општества* 1977(1994).

така се актуелизираат и дебатите за издржаното и рефлексивно (огледално или сеопфатно) претставување на интересите на сите малцински или маргинализирани заедници во политиката.

Имајќи ја предвид актуелноста на ова прашање, особено по падот на Берлинскиот ѕид, демократизацијата на најголемиот број општества и масовните емиграции од земјите во развој кон старите демократии, се чини дека преовладува општата оценка за релативно доцнење на теоретичарите на делиберативната демократија во однос на нивниот интерес за проучување на овој модел во услови карактеристични за консоцијативниот инжинеринг[134]. Ова го потврдуваат и редица оценки на критичарите, како што е она на Јан О`Флин кој ова доцнење го објаснува со убеденоста на делиберативните демократи дека делиберативната демократија е возможна само во општества кои не се ,,длабоко`` етнички поделени (O`Flynn, 2006:4).

Од друга страна пак, постоењето на длабоките разлики помеѓу граѓаните кои ги населуваат современите демократски општества денес, можно е да се објасни на два начини. Прво, најчесто за земјите кои пред две декади го започнаа процесот на либерализација и демократизација на дотогашните социјалистички режими се вели дека доживуваа(т) вистинска ренесанса на етничкиот и националистички идентитет, при што најчесто го проектираат како ослободување

[134] Се чини невозможно на прв поглед да се избегне впечатокот за забележливата незаинтересираност од страна на социолозите за истражувањето на овој феномен. Иако неодамнешните развои на настаните во посткомунистичките општества наложија експериментирање со овој модел на политички системи, најверојатно оценувајќи го за премногу нормативно прашање, социолозите не го дадоа очекуваниот придонес кон истражувањето на исклучително социолошката проблематика. Ако се земе предвид дека во крајната инстанца консоцијативизмот се обидува најсоодветно да го претстави диверзитетот на општеството, отсуството во јавната дебата од страна на социолозите не може поинаку да се толкува отколку ,,страв од академска одговорност`` или пак позитивистички пуризам.

на долго загушуваниот сентимент, кој сега наоѓа најсилен израз во хегемонистичките претензии во јавниот живот и асимилаторските обиди кон малцинствата. Одредени автори овие манифестации на повампирениот национализам и етноцентризам ги нарекуваат примордијални лојалности (Клифорд Гирц) и за нив се тврди дека успешно се развиваат во постсоцијалистичките општества во кои не постои позначително издиференцирана граѓанска сфера на секојдневниот живот од политиката (нема граѓанско содружништво одделено од политичкиот систем).

Според видувањето на уште еден антрополог Фарнивал, во ваквите (поделени) општества, заедниците живеат одвоени ,,една покрај друга``. Теоретскиот одговор на овој вид современи предизвици се нарекува консоцијативна демократија[135], и во основата се обидува да обезбеди најголем можен степен на демократичност во процесите на одлучување преку следниве четири приспособувања: прво, власта ја конституираат политичките водачи на позначајните сегменти во општеството во форма на голема коалиција; второ, постои инструмент вето заради заштита на малцинските интереси; трето, пропорционалност како основно мерило при одредувањето на политичката застапеност при именувањето на државни службеници и распределбата на јавните фондови; и четврто, висок степен на самостојност на сегментите при решавање на внатрешните прашања.

[135] Претходно се забележани неколку обиди за врамување на теории кои ќе дадат свое видуање за проблемот со активното решавање на интересите на различните групи, и некои од нив е се познати како *сегментен плурализам* (Lorwin, 1971) и *конкордантна (сообразна) демократија* (Lehmruch, 1969). Овие модели споделуваат во голем дел заеднички поставки со раната теорија за консоцијативна демократија на Липхарт.

Овој модел на демократија е типична спротивност на британската демократија позната и како модел *влада наспроти опозиција*. Дел од нејзините аспекти ја условуваат забележителната инертност и неефикасност на системот (Липхарт, 1994:25).

Вреди да се одбележи дека претходно наведените карактеристики на консоцијативизмот се дел од веќе *старата* теорија за консоцијативна демократија и дека пред една деценија истата беше дополнета и развиена со неколку нови забелешки[136]. Во прв ред, во современата верзија на консоцијативизмот (иако нејзиниот родоначелник – Липхарт сега почнува да користи друга етикета за овој модел – консензус демократија) зацврстени се и потврдени неколку дилеми кои во текот на годините на сериозна дебата со застапниците на другите модели на мнозински или елитистички демократии, се потврдија како неоходен предуслов за функционирање на демократијата. Така на пример, ако кон крајот на седумдесеттите години постоеше дилема дали консоцијативизмот подразбира и федерализирана власт, кон крајот на векот Липхарт потврдува дека успешната консоцијативна демократија виреe онаму каде што има федерално и изразито децентрализирано уредување на власта. Потоа следуваат неколку нужни последици од воведувањето на претпоставката за федерализам како основа на моделот, како што се: изразен бикамерализам (дводомност), ригиден (пишан) устав чија промена е условена со обезбедување на квалификувано мнозинство, постоење и екстензивно употребување на институтот

[136] И овој посовремен облик на консоцијативизам го има развиено Аренд Липхарт но благодарение на интензивните и академски провокативни критики кои му беа упатувани во оериодот од скоро цели две децении, а во најголем дел се однесуваа на реалното постигнување на идеалите на консоцијативизмот и резисентноста на обидите за „рационализација на политичкиот процес" од страна на заговорниците и бранителите на чистиот елитизам.

судска ревизија во процесот на креирање на законодавството, со што се зголемува улогата на врховните и уставните судови и независност на централната (емисиона) банка или постоење на повеќе централни банки (Lajphart, 2003:77).

Воведувањето на консоцијативизмот во повеќеетничките и мултикултурни средини претставува обид да се намалат разликите кои постојат помеѓу припадниците на различните групи, да бидат претставени интересите на сите засегнати сегменти во општеството, но и доколку е можно да се развијат соодветни лојалности на индивидуите кон основниот збир на политички вредности кои ја сочинуваат политичката култура на државата. На еден начин, пожелно е да се развива цивилната или граѓанска лојалност кон државата односно да се обликува граѓанскиот идентитет на сите граѓани со изразен степен на припадност на заедничката држава. На тој начин во крајниот резултат би требало да се добие споделен национален идентитет кој почива на граѓанска лојалност кон државата.

Познати се поголем број на предлози и решенија за надминување на ваквата општествена различност преку институционални аранжмани и тие во најголем дел имаат некаква допирна точка со раната и подоцнежна теорија за консоцијативна демократија, но замислата тоа да се стори преку постапката на делиберација, засега бележи мал број на теоретизации.

Едно од нив е видувањето на Јан О` Флин. Тоа во себе содржи едно поинакво ползување на досега познатите либерално-демократски вредности (или институти) вистинска рамноправност и лична автономија[137]. Првата, според

[137] Всушност ова видување не претставува изворен и автентичен придонес на О` Флин кон теоријата за делиберативна демократија, туку е само пресликување на предлогот на Роберт Дал (2000), за постигнување на функционална либерална демократија во услови на радикално сегментирано и културно разновидно општество, во кое отсуствува врзивното ткиво на

многумина застапници на претставничките модели на демократија претпоставува постапка во која демократскиот процес, подеднакво ги уважува интересите на индивидуите. Најзначајното придвижување во современите расправи во однос на оваа вредност претставува можноста соодветна статусна позиција во процесот на политичко одлучување да им биде доделена и на групи, а не само на индивидуи. Расправите во однос на оваа проблематика условија и развој на неколку посебни теоретски движења, како што е комунитаризмот чии придонеси во расправите за мултикултурализмот и политиките на граѓанственост се повеќе од видливи, и во најмалку еден од заклучоците ја потврдија можноста индивидуите да имаат поинакви морални убедувања и стојалишта од групите (или заедниците) на кои им припаѓаат и од каде го обликуваат својот идентитет (за ова види Jones, 1999; Habermas, 1994; Barry 2001; Taylor 1994; Dahl, 2000 и др.). Меѓутоа и покрај доделувањето на посебен статус на малцинските групи како право-носечки и право-барателни ентитети, еден од најсериозните предизвици на сите стојалишта кои одат во прилог на групните права е постоењето на практики и постапки со кои индивидуите се обесправени во рамките на самите малцински заедници.

Внатрешната рамноправност инсистира токму на овој вид заштити, иако како средство за намалување или анулирање на внатрешната дискриминација, подразбира дополнување и со засиленото инсистирање и значајност на индивидуалната автономија (O`Flynn, 2006:45). Начелно, пораката која се испраќа со засилувањето на индивидуалната автономија значи дека не само што

политичката култура околу основните вредности на демократскиот поредок. Придонесот на О`Флин се лоцира во напорот овој Далов предлог да го трансформира според условите и критериумите на делиберативната демократија и да овозможи плодно тло за развивање на размисли за аплицирање на делиберативниот инженеринг во специфични општествени услови.

индивидуалните интереси треба да се разгледувани како подеднакво значајни, туку и дека секоја индивидуа е најдобар просудувач за сопствените интереси, и тоа многу подобар од партискиот лидер или претставникот на групата. Според видувањето на Флин, личната (или индивидуалната) автономија може да биде постигната и оправдана на два начини. Првиот (условно речено, водејќи се од Веберовите и Хабермасови дистинкции на рационалноста) е наречен инструментален пристап на личната автономија и подразбира автономија која овозможува секој еден интерес да биде земен предвид, односно секоја индивидуа да го оствари својот интерес, од друга страна личната автономија не се потврдува толку за постигнување на конкретни цели, колку што тоа го потврдува нашето достоинство како индивидуи. И во двата случаи на потврдување на личната автономија, најзначајно е, не секој индивидуален интерес да биде соодветно претставен, туку секој еден кој е засегнат со политиката или законскиот проект да има право и можност да го каже своето видување, да го испорача неговиот интерес и да учествува во носењето на одлуката. Претпоставената тензичност која може да се појави во реалното имплементирање на двата вида индивидуална автономија, Флин се обидува да го разреши со децидноста на следната изјава:

> Меѓутоа, јас се жалам дека, се додека демократијата претпоставува обврзаност кон вредноста на индивидуалната автономија – се додека демократија се гради не врз обврзаноста за рамноправен третман туку исто и на обврската да се има еднакво право да се каже својот став во одлуките кои не обврзуваат – оние кои се титулирани да ги обликуваат институциите во кои се распределува на моќта треба како крајна цел да се стремат кон различна визија на она што подразбира поделбата на власта, дури иако таа визија не е остварлива во краток рок (O'Flynn, 2006: 47).

О'Флин не негира дека успешноста на делиберативното политичко одлучување зависи од низа фактори како што се традицијата на демократска практика, развиена политичка култура и др.

Совпадливоста на делиберативниот демократски инженеринг и малцинските барања ги разгледуваат и други автори. Така на пример Стивен Вајтли, обидувајќи се да изложи видување во кое меѓународното право може да даде значаен придонес во реализирањето на барањата на малцинските групи преку делиберативна демократска практика, се ограничува на кристализацијата на уставни механизми кои ќе обезбедат културна сигурност на малцинствата но само во определени подрачја и според одредени правила[138]. Вајтли, исто како и редица други автори, кои се појавуваат во расправите за делиберативната демократија, уште еднаш го актуелизира проблемот на антагонизмот помеѓу индивидуалните права и слободи од една страна, и волјата на мнозинството или општата волја. Но овојпат оваа тензија перципирана од страна на правник добива поинакви контури – проблемот на симултаноста на улогите на индивидуата – граѓанинот како носител на правото и граѓанинот како креатор на правото. Следејќи ја неокантовската традиција за легитимноста на политиката и суверенитетот на извршните политики, Вајтли луцидно идентификува оправдување на делиберативниот модел на политичка практика во националните а потоа и во наднационалните законодавства.

Пример за потикнување на политичка практика која нема да се потпира исклучиво на агрегацијата, и која ќе вклучува расправа и советувачки процес со

[138] Во градењето на својата позиција, Вајтли во најголем дел се повикува на Хабермасовата дефиниција за делиберативната демократија која ефективниот резултат (консензус кој обврзува) од сеопфатното и активно учество на сите засегнати од политиката, го претпоставува преку доволно слободно време за да се учествува во политиката и постоење на добра волја. Од друга страна,пак, легалистичкиот пристап на Вајтли му дозволува, проблематиката на малцинските барања да ја разгледува преку призмата на диференцирачкиот и комплексен класификатирски приод, кој маргинализираните групи и останати заедници кои кај членовите на еден или друг начин оформуваат колкетивен идентитет, идентификува значајна разлика помеѓу социаталните или номои (етно-културни) групи од постмодернистичките приврзаности на маргинализираните групи (Wheatley, 2003: 508).

консензусно решение, претставува Повелбата за човекови права на ЕУ, каде буквално стои дека ,,во демократијата погледите на мнозинството нема секогаш да преовладуваат``. Впрочем, во понатамошното разјаснување на начините според кои би се извршувала делиберативната демократија, Вајтли недвосмислено твори во насока на универзалност на делиберативната демократија, и не единствена ја смета за форма која потполно го ужива легитимитетот на демократски креираните политики:

> Отворена, разумна дискусија помеѓу рамноправни и неприсилени учесници, каква што подразбира делиберативниот модел, ќе продуцира консензус за она што треба да се направи да биде рационално, праведно и легитимно. Истата поента може да се употреби и за хетерогените или плурални држави. Не постојат универзални вредности, кон кои можеме да погледнеме за да ни укажат какви политики треба да преземеме. Ниту еден поединечен принцип на мултикултурализмот кој може да го донесе Судот, не треба да ни каже како да одговориме на барањата за културни права од различни групи во различни контексти. ... Рационална, праведна и легитимна политика која ги тангира малцинствата може да се појави само преку процес на демократска делиберација (Wheatley, 2003: 512).

Вајтли предвидува три облици преку кои малцинските заедници можат (како групи) да учествуваат во делиберацијата, преку формално организирани политички партии, преку организации и како дел од процесите на формирање на општата волја, во јавноста. Меѓутоа едно од првите ограничувања на моделот на Вајтли е титулираноста исклучиво на формалните организации да бидат вклучени во законодавниот процес. Кога станува збор за малцинствата, нивната застапеност во органите за креирање и спроведување на јавните политики, (и доколку е можно во самиот владин кабинет) имаат пред се превентивна функција како инструменти на постоечката консултација помеѓу органите на власта и малцинството, на тој начин ,,оформувајќи дел од хоризинтално организиран

процес на делиберација, и расчистувајќи ја (и потврдувајќи ја – AJ) потполната рамноправност на членовите на групата во државата``(Mansbridge, 2000: 99-100).

Интересно е да се нагласи дека постоечките и добро познати инструменти за намалување на доминацијата на една група врз друга (квотни системи, позитивна дискриминација, пропорционални изборни модели за територијално концентрираните малцинства и сл.) Вајтли не ги оценува како конечна цел на делиберативната демократија, туку само времени решенија со кои се намалува субординираноста на одредени групи и нивното отсуство од телата за политичко одлучување. Употребата на јавната делиберација за најголемиот број прашања кои задираат во интересите на малцинските заедници како посеби ентитети во плуралните општества, сепак, според него не би требало да ги проблематизираат прашањата за националните обележја (знаме, химна и официјален јазик) и тука тој екстензивно ги критикува стојалиштата на некои од претставниците на постомодерната (прво Јанг а потоа и Бенабиб) обидувајќи се да даде една социолошка анализа на можната делиберација. За Вајтли, рационална делиберација или дискусија не е академски разговор, туку расправа во која се вклучени колективни нарации, реторика или интуитивни аргументи кои се неделиви од емоционалниот набој на поставувањето и бранењето на предлозите. Многу е значајно да се одбележи дека Вајтли потенцирајќи го овој момент, се обидува да ја задржи или потврди ненасилната природа на делиберацијата, а особено ја исклучува можноста од асимилација на малцинството (Wheatley, 2003: 519)[139].

[139] На овој начин, Вајтли не вели дека е дозволен волунтаризам во политиката. Напротив, се залага за одржување на највисоко ниво на рационалност во целата постапка, во која патем ќе биде

Типичната нормативна поставеност на Вајтлиевите ставови за природата на делиберативниот модел на политичко одлучување, се потврдува и во предлозите за надминување на, не така ретките ќорсокаци, кои се појавуваат во расправите помеѓу мнозинството и малцинството

> За проблемите за кои не може да се постигне консензус помеѓу мнозинството и малцинските заедници, целта на делиберацијата не е да се изнајде согласност за универзални начела, туку да се признаат разликите и сличностите на дадените заедници во насока на одредена форма на согласност кој може да се постигне, кој пак ќе ги приспособи разликите во соодветните институции и сличности во едни заеднички (Wheatley, 2003: 519).

Придонесот на Вајтли кон обликувањето издржана теорија за делиберативната демократија се чини највидлив во инсистирањето на меѓународно-правното наложување на консултативни активности во процесите на преговарања помеѓу мнозинството и малцинството. Укажувајќи на неколку маѓународно правни документи и инструменти кои подразбираат процес на советување, оваа концепција е една од ретките разгледувани тука, која ја актуелизира и советодавната димензија на процесот на делиберативно демократско одлучување. Препораките од Флензбург, најдецидно предвидуваат проактивна улога на властите во консултурањето на малцинствата за креирањето на политиките. Потврда на ова се наоѓа и во редица меѓународни документи како што се Декларацијата за заштита на малцинствата на Организацијата на Обединетите Нации (член 2) Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа (член 15) и уште неколку други регионални документи. Телата кои се задолжени за мониторинг на почитувањето на основните човекови права инсистираат на „делиберативно вклучување" на

---

возможно да се испорачаат барањата на малцинствта, но овојпат **во согласност со начелата на владеењето на правото** (курзив – AJ) (Wheatley, 2003: 519).

малцинствата во процесот на политичко одлучување, кој треба да се води во јавноста со изразување на ставовите и мислењата, а не со агрегација на преференциите. Од особена важност е и канцеларијата на *Високиот Комитет за човекови права* која сериозно ги разгледува поплаките на малцинствата. Дури во услови на игнонирање на малцинските стојалишта и видувања, ова тело е подготвено да прогласи повреда на Меѓународните конвенции (Wheatley, 2003: 524)[140].

Советодавните тела, според Вајтли претставуваат механизми со кои најефикасно се овозможува комуникацијата помеѓу властите и малцинските заедници. Всушност, разгледувајќи ги искуствата од северноамерикаснкото справување со малцинските барања на овој начин, тој тврди дека советодавните или консултативни тела овоможуваат инкорпорирање на принципите за делиберација во уставниот поредок, иако дозволува најголема шереноликост во дизајнот на истите, правдајќи го со специфичноста на ситуацијата и историските околности кои условиле етничка и културна разновидност (Wheatley, 2003: 525). Меѓутоа, за целиот процес не е најважно формирањето на овие тела, туку оживотворувањето на идеалот за делиберација, според кој малцинството секогаш

[140] Вајтли на ова место ги обработува и потврдите колективни политички права на малцинствата, што оди дури дотаму да го потврди ставот на голем број теоретичари дека правото на самоопределување (и отцепување) на малцинствата претстваува дел од основниот збир права кои овозможуваат културен опстанок на малцинската заедница, но и политичка партиципација на истата. Исто така,како едно од основните човекови права го смета и правото на малцинството да одлучи дали воопшто одреден закон да биде донесен. Овие тврди децентралистички стојалишта на Вајтли, изгледаат малку невообичаени за дебатата околу делиберативната демократија, и нема да се погреши ако се каже дека во еден аспект тој претерува со концесиите кон малцинствата. Од друга страна пак, овие ставови се обидува да ги прилепи на делиберативната теоретска стуја со цитирањето на познатиот став на Џошуа Коен дека теоријата за демократија мора да признае дека легитимноста зависи од сепенот на консензус кој постои во постојната јавна делиберација, и разумниот аргумент помеѓу граѓаните за она што треба да се стори (Cohen, 1997: 67). Забележливо е неговото бркање на поимите и титуларите на правата, кои Коен ги користи во аргументирањето. Кај Коен е јасна насоченоста кон индивидуални титулари како носители на делиберативниот политички процес, што не случај кај Вајтли (Wheatley, 2003).

ќе биде консултирано пред носењето на закони кои имаат влијание врз опстанокот на заедницата или нејзиниот развој. Сепак, уште едно од ограничувањата на теоретската рамка на Вајли се однесува на прашањето кои теми можат да бидат предмет на делиберација.

Кога станува збор за проекти кои се однесуваат не само на малцинството туку и на целото општество, Вајтли не цени дека има потреба од консултација на малцинствата преку советодавните тела (програмата за социјална сигурност и благосостојба е дадена како илустрација). Од друга страна пак, следејќи ги препораките од Флензбург, онаму каде што потполно се остварува делиберативниот идеал за слободно и неприсилно учество на сите засегнати од политиката, препораките на консултативните тела ,,не треба да бидат предмет на ревизија`` и на владата и се дозволени само интервенции од техничка природа (Wheatley, 2003: 526). Дури и во оваа неколку степенеста и поразложена форма на претставување и агрегирање на преференците, Вајтли на државата и доделува значителна улога во слободата да ги креира, избира или прифаќа членовите на советодавните тела за свои собеседници. На крајот, Вајтли се приближува до елитистите, потврдувајќи дека во изборот на претставници на малцинствата, државата треба да ги пополни советодавните тела со лица кои се дел од малцинската елита (Wheatley, 2003: 525)[141].

[141] Фрчкоски осврнувајќи се на оваа проблематика во неговата книга *Преговарање во конфликти на идентитети* (2007), делиберативниот инженеринг ќе го претпостави на сложените општествени ситуации во кои се наметнува потребата од сеопфатно (рефлективно) претставување и на оние ,,неидентитетски`` малцински заедници, чија реална политичка моќ во општеството е речиси невидлива и непостоечка. Разгледувајќи го ова прашање во рамките на дизајните за справување со радикализираните малцински барања во услови на реална опасност од вооружен конфликт или во фаза на преговарање за запирања на насилствата, делиберативната демократија ја претстваува како процедура чии механизми значително се разликуваат од досега познатите нормативни т.н. вестминистерски демократски решенија. Во книгата доаѓа до израз интенцијата за

*4. Граѓанското содружништво и делиберативната демократија*

Теоретизирањето на граѓанското содружништво како посебна сфера на меѓучовечки односи одделена (според некои теоретичари и спротивставена на) од државата, има долга традиција на истражување во социолошката литература (види Трајковски, 1996). Освен во класичните текстови (Аристотел, пред се) и средновековниот романтизам и филозофските расправи кои ја најавуваат појавата на политичката модернизација (национална држава – нација и друго), пред се во филозофијата на духот на времето кај Хегел, третиот позначаен период во кој доаѓа до нагласен интерес за проучување на оваа сфера е периодот по револуцијата во Источна Европа и падот на берлинскиот ѕид 1989. Препознавајќи во доменот на граѓанското содружништво потенцијал за граѓанско здружување и активизам на обичните граѓани, за многумина фокусот врз неговиот зародиш и натамошната развојна линија во пост-социјалистичките општества кои поминуваа(т) низ процесот на економска и политичка транзиција, отвори нови неистражени простори. Во рамките на овие недоволно истражени подрачја се анализираа феномените на политичката (граѓанска) култура, лојалноста кон државата, можностите и вештините за учество во јавните работи и образување на нов демократски етос.

Без интенција да се навлегува во детални анализи или дескрипции на исцрпните теоретски стојалишта за оваа проблематика, главната онтолошка

постигување на рамноправност не толку според граѓанскиот статус туку врз основа на културната различност. Впрочем поврзувајќи го моделот на делиберативна демократија со постмодернистичките концепти за диференцирана (разликувачка) граѓанственост, Фрчкоски на интересен начин го поврзува либералниот ракурс на Џон Греј со потребата од „демократизација на демократијата" (Frckoski, 2007: 65, 77).

инспирација во овој случај доаѓа од предизвикот да се одговори на прашањето ,,Дали концептуализирањето и реалното имплементирање на теоријата за делиберативна демократија, отвора можност најновиот историски период да се смета за четвртиот значаен временски пресек, во кој доаѓа до уште едно навраќање на феноменот наречен граѓанско содружништво и заедничарски активизам на граѓаните во јавната сфера?``

Актуелизирањето на рецентната состојба на граѓанското содружништво, теориите за истото и поврзувањето со моделот на делиберативна демократија, отвора можности уште еднаш да се разгледа улогата и силата на дел од главните носители на активностите од оваа сфера – главно, општествените движења. Иако во социолошката литература постои пристојна листа на автори кои се занимаваа(т) поисцрпно со феноменот наречен општествени движења (Ален Турен, Алберто Мелучи и др.), истражувањето на позицијата и потенцијалите на истите во услови на делиберативно креирање на политиката ја следи линијата на предвидените патеки и алатки за остварувањето на агентите на движењата во една досега неиспробана процедура за политичко одлучување. Атрактивноста за проследување на овој однос се зголемува, имајќи ги предвид премисите и заклучоците на дел од претходните истражувања, кои одеа во правец на потврдување на ,,климавата`` теза дека *за да успеат да ги остварат целите заради кои се формираат, општествените движења мора да делуваат насилно.* Токму суштината на оваа теза лежи во импулсот за отварањето на дискусијата за потенцијалот и импутот на општествените движења во развивањето на делиберацијата. Само по себе се поставува прашањето за

потенцијалната радикализација и злоупотреба на делиберативниот модел на политичко одлучување од страна на општествените движења[142]. Престројувањето на социолошкиот истражувачки интерес од формалната структура кон верувањата и убедувањата на општествените движења (средина на `80ти од минатиот век), овозможи посеопфатно третирање на овој фенемен и негово проектирање во различни општествени околности и средини (Medearis, 2004: 54).

Првиот посериозен предизвик на кој наидува анализата на односот помеѓу делиберативната демократија и општествените движења е самото определување на делиберацијата како постапка наменета за секоја индивидуа. Титулирањето на личноста како носечки ентитет на општественото дејствување во рамките на делиберацијата, од самиот почеток ги исклучува колективните актери како што се групите или движењата. Но од друга страна, пак, настојувањето за поголема вклученост во политичкиот процес како raison d`etre на делиберативната демократија, го отвара и прашањето за постигнување поголема јавна препознатливост на движењата.

Стравувањето од враќање кон агрегацијата преку колективното дејствување како движење, може да се смета за уште една од критиките кон делиберативната демократија, овојпат од цврста либерална позиција. Но многу позначајна е критиката или етикетата за насилно поведение на движењата во јавноста како нивна значајна и детерминистичка карактеристика. Ова стравување, во поглед на

[142] Овие предупредувања ги споделуваат широк дијапазон на автори и критичари. Како позначајни, тука се наведени комунитаристички инспирираните автори Вилијам Сајмон и Мајкл Валцер, кои стојат на ставот дека ,,активистите од општествените движења, посебно во рамките на движења кои се засновани на политиката на идентитетското пропознавање во јавноста, најчесто ја отфрлаат делиберативната, а според тоа и неприсилната форма за политичко дејствување и потенцираат дека не-делиберативните (агрегативни – АЈ) практики во политиката се од суштинска важност за демократијата`` (види Simon, 1999:49-57; Walzer, 1999: 58 – 69).

теоретското обликување на делиберативната демократија, краткото навраќање кон основните текстови на родоначалниците на делиберативната демократија Хабермас и Ролс може да биде надминато. И двајцата имаат недвосмислени и децидни забрани за употреба на насилството како инструмент или ресурс во делиберацијата (Habermas, 1990: 88-9; Rawls, 1993: 143). Оттаму, промената на курсот за општествено (ненасилно) дејствување на општествените движења, во светлото на теоријата и практиката на делиберативната демократија, некои автори сметаат дека треба да се проследува преку рамковната анализа (frame analysis) воведена за првпат како социолошка алатка во истражувањата од страна на Ервин Гофман (Gofffman, 1974) а подоцна потврдена и со (мета)теоретските позиции на Манхајм (Manheim, 1985:29). Во кратки црти, овој методолошки пристап подразбира одреденост на целите, изборите и желбите на индивидуите од движењето на кое му припаѓаат. Некои автори предлагаат поекстензивна употреба на овој пристап, со што би се дообликувала една нова социолошка научна субдисциплина – социологија на дискурсивниот конфликт (социологија на конфликтот на говорот во јавноста) (Bohman, 1996) која би ја следела трансформацијата на општественото поведение на движењата преку прифаќањето и претставувањето во јавноста на нова рамка (матрица) за дејствување.

Интересното во ова проследување е воочувањето на напорот потребен за трансформирање на насилната агенда за дејствување во советодавна, расправачка и обмислено дејствување на општествените движења[143]. Свесен за

[143] Ајрис Мерион Јанг и Денис Томсон го сметаат општественото дејствување на Мартин Лутер Кинг и Движењето на човекови права во САД од 60те години на минатиот век, за

сложеноста и речиси неизводливоста на ваквото поместување, Џон Медеарис ја подвлекува социолошката природа на процесот на „врамување“ и промена на рамката за општественото дејствување на движењето.

Еден од каналите кои овозможува ваква промена во правецот на дејствување и редизајн на рамката, се новите медиуми. Медеарис предлага исцрпно користење на медиумите за испорачување на интересот на движењето во јавноста[144]. Веќе познатите (традиционални) медиуми, скоро секогаш се поведуваат по официјалните извори околу реферирањето за општественото случување. Понекогаш за да биде слушнат ставот или барањето на општественото движење, тоа треба самото да продуцира криза (Medearis, 2004:59). Потоа треба да дејствува на повеќе фронтови и во различни опкружувања (судови, локална самоуправа, на национално ниво и во рамките на меѓународните институции).

Дисциплинираноста на општественото движење се појавува како еден од клучните чинители на ефективното поставување на барања во јавноста. Медеарис под ова подразбира развивање на аргументи и барања на движењата кои се рефлексија на општествената позиција и ситуација во која се наоѓаат самите движења. Автентичноста како позадина на барањето ја засилува извесноста од неговото ефектуирање. Но тука се појавува и познатата дилема за функцијата на современите општествени движења. Некои автори сметаа(т) дека таа се исцрпува

оживотворувањето на идеалот на делиберативната демократија во практиката (Young and Thompson, 1996:133).

[144] Хабермас предлага една радикална политичка агенда за општествените движења за да ги остварат своите цели во јавноста и да ја анимираат публиката, при што во неа вклучува постапки како што се „контроверзно претставување во медиумите, невообичаено сензационални акции и сл.“ (Habermas, 1996: 381, 485).

со обидите за менување на дискурсот и културата на дебатирање (делибератирање). Додека други ценат дека целите на општествените движења се (и треба да бидат) учество во процесот на дизајнирање на легислативата (Medearis, 2004:61).

Теориски гледано, допонителна пречка во етаблирањето на општествените движења како (колективни) социјални чинители во делиберативниот процес, се стојалиштата (Џон Ролс на пример) според што, мора да постојат одредени ограничувања на аргументите кои се користат во јавноста и делиберативниот процес. Иако постојат бројни критики кон рестрикциите на Ролс-овиот модел на јавна делиберација делиберација – од кои најчесто се истакнува елитистичкиот призвук, недоволната доверба во изворните механизмите на делиберацијата и несовпадливоста на ограничувањата со правото на рамноправен пристап – повикот кон инкорпорирање во своите редови на субалтерните и религиозните групи, би ги направил поконкурентни општествените движења на јавната сцена (Walzer, 1999: 60).

Еден друг проблем во теоријата за делиберативната демократија – посебно Ролсовата струја – поврзан со општествените движења е релативното запоставување или игнорирање на проблемот со општествено нерамноправните позиции на моќ и влијание[145]. Во тој правец одредени автори во детали ги опишуваат ,,ефиксните тактики на дејствување во јавноста`` на општествените движења, со цел да се надминат или ублажат општествено нерамноправните позиции на моќта. Јанг на пример ги наведува демонстрациите или директните

[145] Во тој поглед Хабермасовиот социолошки повтемелен пристап зема предвид дека дискурсот и јавната делиберација е вградена (вкалапена) во општественото милје кое е детерминирано од позициите на моќ (Habermas, 1996: 302, 307, 308, 314, 379-82).

акции, уличните маршеви, бојкот, герила театри, прекинување на собири, блокирање на згради, но и поезија, песни и слично, со еден збор идеално-типски граѓански активизам со тактики кои се ,,најсоодветни за граѓаните да почнат сериозно да размислуваат за она што би можеле да го сметаат за нормално и прифатливо`` (Young, 2001: 675).

Радикалните форми на граѓански активизам како и оние во форма на граѓанска непослушност и пасивен отпор, се наоѓаат во срцевината на расправите за начините на кои општествените движења можат да го заслужат наопходното внимание во јавноста. Посегнувањето по крајните облици на општествено дејствување за да се освои улогата на собеседник на креаторите на извршната политика, отвара од друга страна, многу други дилеми. Во глобала земено, сите тие дилеми се сведуваат на равенките на дозволена или оправдана количина насилство која би се употребила од општествените движења за да се остварат нивните цели во делиберативен процес. Тоа пак, од друга страна, го поставува прашањето за идентификацијата на индивидуата со групата или општественото движење (кое му наметнува барања за насилно поведение) наспроти можноста од индивидуално учество во креирањето на политиката на еден промислен и советодавен начин. Во крајна линија, идните истражувања за совпадливоста на дејсвувањата на општествените движења и делиберативниот инженеринг при креирањето и одлучувањето во политиката, ќе се движат во дијапазонот на задоволителното индивидуално (советодавно и предлагачко) учество и колективното (облигативно и радикално) делување во повеќе правци и во

различни ситуациски контексти (кое неретко го става групниот интерес пред индивидуалната перспектива и иницијатива).

### *5. Либерализмот/либералниот конституционализам и делиберативната демократија.*

Во воведното поглавје беше наведена тензијата која постои помеѓу либерализмот и демократијата, а оттаму и неизводливоста на синтагмата *либерално-демократски* поредок според строгите формално-логички анализи. Во овој дел ќе биде разгледана оваа тензичност, но исто така ќе биде посочена и врската помеѓу либералниот конституционализам и делиберативната демократија како рамки во кои може, да се унапреди партиципативната политичка практика на граѓаните. И во овој случај, како и во неколкуте испитувања на поврзаноста и комплементарноста на делиберативниот инженеринг со постоечките правно-политички констелации и познати форми на уредување на односите, анализата останува претежно на нормативно рамниште. Иницијалното дефинирање на либерализмот секогаш тргнува од етимолошките поставки кои упатуваат на слободата (учењето) или доктрината (идеологијата) која во средиштето на својата материја ја става слободната волја и активност на индивидуата од страна на државата и нејзините агенции во остварувањето на нејзините цели. Се чини дека најдобро разбирање на срцевината на либерализмот е содржано во претпоставките за поведението на индивидуата (како социјален чинител) во економската сфера. Дел од тие претпоставки почиваат на потребата од уставно-правно гарантирање и заштита на правата на индивидуата, за да дејствува во

економското содружништво и да го остварува својот интерес. Приватната сопственост и правото на уживање на истата претставува *condition sine equa non* на овој вид дејствување. Но ова е само почетокот или платформата на она што би требало да подразбира либералната демократија.

Дел од заедничките или широко споделувани постулати на застапниците на т.н. либерална демократија, секогаш реферираат на основните политички па и социјално-економски права[146]. На прв поглед, испитуваната тензија помеѓу либерализмот и демократијата ги истакнува ултимативните цели, кои како агенда за дејствување или платформа за устројство ги подразбираат либерализмот и демократијата. Заштитата на индивидуата при слободното дејствување како економски субјект подразбира (уставно) загарантирана рамноправност која во крајниот исход резултира со нееднакви статусни позиции и улоги. Поконкретно слободниот пазар генерира диференцијација на иницијално рамноправните на богати и сиромашни, со што согласно на неопходните ресурси во политиката, значително го условува и дизајнира политичкиот поредок. Од друга страна, пак, демократијата во еден или друг облик сеуште жилаво се бори да го задржи еманципаторскиот и републикански инспиративен импус за потполна еднаквост на индивидуите во политиката.

Еден поинаков и комунитристички инспириран поглед на разликите помеѓу либерализмот и демократијата дава италијанскиот политички мислител Норберто Бобио, во чиј фокус преовладува психолошката димензија на меѓучовечките

[146] Тука во прв ред спаѓаат: еднаквото правото на глас во пасивна и активна форма (право да се гласа и да се биде номиниран и гласан), слобода на изразување, право на здружување, право на пристап до информации, право на претставка и приговор, пресумпција на невиност и рамноправен третман пред судот и сл.

односи, детерминарани од целта или агендата на либерализмот односно демократијата.

> Меѓутоа, либерализмот и демократијата се разликуваат во начинот според кој го разбираат односот на индивидуата кон општеството. Либерализмот ја одвојува индивидуата од органското тело на заедницата, и овозможува да живее – барем најголемиот дел од својот живот – надвор од прегратките на мајката, и го впрегнува во непознат и опасен свет на борбата за опстанок. Демократијата ја придружува оваа индивидуа на сличните на неа, така што по пат на вештачки сојуз на тие индивидуи, општеството да биде изградено не како органска целина, туку како здружение на слободни личности (Bobio, 1995: 68).

Сличен анимозитет (а понекогаш и антагонизам) помеѓу овие две доктрини е забележан и од многу други автори, кај кои не се среќава некритичко употребување на синтагмата либерална демократија. Така на пример, Алан Рајан современ либерален политолошки теоретичар, осврнувајќи се на повеќето приговори за либерализмот денес, ќе подвлече дека историјата на либерализмот како доктрина и политичка теорија бележи крива на постулати но и претстави на либерализмот. Ова негово видување е уште поинтересно ако се земе предвид, дека дел од тој став испитувајќи ја широката легитимација на современите (либерални) политички системи задира и во проблематиката на делиберацијата. Според Рајан, во врска со овие осцилации, постоел период - особено во англо-американската политичка практика - кога заговорниците на либерализмот во демократија гледале сериозна закана за индивидуалната слобода и алатка за подјармување под власта на државата.

> Историски гледано, либералите, во одредено време, сметале дека либерализмот е загрозен од демократијата, а во друго дека либерализмот води кон демократија. Либерализмот бил секогаш приврзан на уставното владеење. Освен во период на криза, кога сочувувањето на либералниот режим може да ги присили владите да применат мерки кои во други околности би биле неприфатливи, принципите на владеењето на правото се однесуваат на начинот на кој владите ја стекнуваат и извршуваат власта. Нема фиксен одговор на каков начин треба тоа да се постигне. Се уште се води расправа дали британскиот став, дека либералниот карактер на владите се одржува како резултат на јавното мислење и

ставот на гласачите, е помалку или повеќе веројатен од ставот на Американците дека, пишаниот устав и формалната Повелба на правата се единствено ефикасни. Повеќе од веројатно е дека такви институционални средства, како што е независното судство, разновиден и слободен печат и голем број на различни контролни организации ... се корисни и нема потреба од истовремена формална заштита на Американската устав и на граѓаните со либерално мислење кое многу лесно би преминало во репресија (Рајан, 2003: 107).

Земајќи предвид дека односот помеѓу либерализмот и демократијата останува предмет на опсежни разгледувања денес, посочените видувања не претставуваат репрезентативен одраз на можните комбинации помеѓу нив. Дотолку повеќе што следејќи ги увидувањата и на постарите социјални теоретичари (Томас Џеферсон, Џон Стјуард Мил, Алексис де Токвил и др.), лесно се доаѓа и до ригидни ставови кои либералната демократија ја прават возможна само доколку мнозинството (чија волја е општа волја и идеологија на владеењето) има либерален став. Од друга страна, пак, постојат и стојалишта кои либерализмот го поставуваат во служба на демократијата. За такво нешто сведочи ставот на современиот либерален егалитарист Роналд Дворкин:

Алтернативен став е дека либерализмот е посветен на демократијата и дека секоја либерална демократија воопшто не претставува демократија. Секоја индивидуа има право да земе учество во одлуките кои влијаат врз нејзиното или неговото општество. Никој не треба да биде владеен без да се чуе неговиот глас, бидејќи тоа е повреда на неговите човекови права или правото да биде третиран како слободен и еднаков член на општеството (Dworkin, 1985).

Џон Драјзек од друга страна посочува на некомплементарноста на либерализмот со делиберативната демократија, и тоа прво истакнувајќи го фактот за непомирливоста на новиот дизајн со старата идеја околу стабилноста на преференците. За либералите ставовите или преференците на засегнатите страни во преговарањето или креирањето на политиката се однапред зададени, во делиберативната демократска постапка тие се флексибилни се менуваат

согласно новите околности (Dryzek, 2000:10). Меѓутоа, аналитичките бразди кои стојат помеѓу делиберативната демократија и либерализмот, можат успешно да се надминат во полза на идната коегзистенција на овие вредносни матрици, најмалку во барем три случаи: доколку принципот на делиберација ги оправдува либералните права; доколку либералниот конституционализам промовира делиберација и доколку процесот на создавање на уставот самиот по себе е делиберативен.

Што се однесува до првата можност, делиберацијата да ги оправдува либералните права, овој аргумент не само што подразбира соодветни механизми за контрола на власта од страна на народот и ги потврдува индивидуалните права, туку според некои застапници на делиберативната демократија (како Џошуа Коен, 1996 и Клаус Офе, 1997) подразбира и една поширока концепција за либералната делиберативна демократија. Според оваа концепција, приближувајќи му се на левиот либерализам, либералната делиберативна демократија се оддалечува од претпоставките за фиксираноста на политичките преференци, и згора на тоа, под етикетата на *разумен плурализам* го отфрла ортодоксниот либерален став. Овој став е реактуелизиран во Ролсовата сеопфатна доктрина како *чадор под кој се интегрирани ставовите и интересите на сите оние кои споделуваат еден ,,силен`` идентификациски белег.* Исто така, се отфрла и ставот дека, аргументот кој е испорачан во јавноста за да ја брани позицијата на соодветната група или заедница, нема да го прифатат сите на кои се однесува. Тоа води кон сознанието дека е потребно развивање на аргументи во јавноста кои ќе ги потврдат и бранат индивидуи со различен начин на размислување и

различни општествени позиции. Оваа позиција или претпоставка на либералната делиберативна демократија го засилува значењето на правото на слободно изразување во јавноста, но овојпат како дел од разумниот плурализам. Џошуа Коен на овој начин ја прифаќа оваа логика на размислување и ги потенцира суштинските политички принципи кои треба да ја крепат делиберативната демократија. Притоа, тој не тргнува од либералните вредности, туку истите ги деривира од почетната позиција во демократијата (Cohen, 1996: 107).

Во однос на вториот случај, начинот на кој либералниот конституционализам ја промовира делиберативната демократија, може да се каже дека тоа е заштитата на т.н. јавен идентитет на индиидуите како идни делибератори и учесници во креирањето на политиките. Тука во одбраната на овој став од особено значење се претходно наведените три суштински елементи на делиберативната демократија според Џон Ролс – особено претпоставената рамка која ја обезбедува Уставот и преку која се формираат телата во кои ќе се изведува делиберативната практика[147]. Практикувањето на делиберација во рамките на либералните институции повеќе го обработуваат авторите со либерална наобразба, и во нивните видувања преовладува уверувањето дека:

> ...одлучувањето под (според) уставно право не е само изнесување на категоричко судење во примената на општите правила и права за одредени случаи, или одлука што да се преземе кога правилата и правата се во конфликт. Наместо тоа, делиберацијата ... и извршноста на правилата стекнуваат статус од централно знаење. ... Правата имаат вистинска сила, доколку изразат рефлективна прифатливост на граѓаните кои и ги користат овие права во своја полза, но и ги почитуваат овие права кога ги користат други (Dryzek, 2000: 13).

[147] На ова место авторите уште еднаш реферираат на првиот текст во кој Џозеф Басет сериозно и теориски се обидува да ја претстави делиберативната демократија во контекст на перцепцијата на највисокиот правен акт на новата држава (САД) како ,,збир на начела кои обезбедуваат ефективна јавна делиберација``.

Во таа смисла за утврдување и засилување на конституционалната основа на делибератовниот инженеринг, од посебно значење се ставовите на Гас Санстејн – најзначајниот правник меѓу заговорниците. Според него, Уставот на САД во целина не е толку правен поредок колку што е ,,средство за заштита и промоција на воопштена политичка делиберација низ целиот политички систем а не само (или првично) во правниот систем`` (Sunstein, 1993).

Во однос на третиот случај, прифаќањето на ставот дека процесот на обликување и носење на Уставот, навлегува во едно од поинтересните полиња на расправа помеѓу заговорниците на делиберативниот модел на демократска практика, се отвара една поширока дебата за границите на неговата примена. Американските автори многу често го портретираат процесот на утврдување и изгласување на американскиот устав како делиберативен процес. Со оглед на тоа што ова тврдење е релативно нашироко распространето[148], се појавува прашањето дали сите политички одлуки и постапки треба да бидат устроени според моделот по кој е креиран и усвоен уставот или делиберативната демократија е, и треба да биде, функционална **само** во однос на прашањата поврзани со креирање, носење и менување на уставот.

Еден од позначајните автори кои го промовира ставот дека делиберативната демократија е во срцевината на либерализмот е Џон Ролс. За Ролс, прашањата за креирање и менување на Уставот се прашања кои неминовно **мора** да поминат низ делиберативна јавна расправа ,,добро-конституираната демократија треба да биде сфатена и како делиберативна демократија (Rawls,

[148] Пример за потврда на оваа констатација е познатата книга со индикативен наслов на Брус Акерман *Ние народот* (Ackerman, 1991) каде една од носечките тези е дека пишувањето и усвојувањето на Уставот на САД е типичен пример на делиберативна демократија во акција.

1997:771-2). Меѓутоа уште еднаш вреди да се нагласи една од позначајните разлики кои го оделуваат овој автор од Хабермасовата проекција за делиберативната демократија. Тоа е минимизирањето или занемарувањето на социјалниот (општествен) контекст во теоријата за делиберативна демократија. Со тоа, Ролс ја занемарува интеракцијата како агенс на јавната волја и употребата на јавниот разум во процесот на креирање и политичко одлучување. И поединечниот учесник во јавната расправа (делиберација) според Ролс ќе допринесе за усвојување на ист резулт, како и во случајот со солидаристички вкалапената индивидуа во рамните на комуникативната рационалност и општествено дејствување (Хабермас). Впрочем, постои една мала разлика помеѓу Ролс од 1971, односно 1993 од оној Ролс од 1997, кога покрај јавниот разум, во трите суштински составни делови на делиберативната демократија влегуваат и *знаењето* и *желбата* на деп од граѓаните да го следат јавниот разум за да ги реализираат своите цели, што подразбира случаи во кои уредени и сериозни дискусии за јавни прашања ќе бидат на агендата на делибераторите (Rawls, 1997:772)[149].

Иако од самите почетоци на агрегатниот модел на демократска практика (поврзани со појавата на првите нации-држави и омасовувањето на право на глас) делегирањето сериозно ја нагризува оваа архетипна минимална еднаквост, апелите за одржување на народниот суверенитет како гарант на легитимноста на поредокот, релативно успешно одолеваат на налетите за агрегација и елитизација

[149] Ролс е еден од неколкумината, кои работата на Врховниот Суд на САД ја оценуваат како постапка на делиберација, меѓутоа на овој поглед постојатбројни забелешки и критики од кои најзначајните одат во прилог на тезата дека Врховниот Суд не е демократска институција. Пред се, поради стручноста на инволвираните таму и отсуството на јавна одговорност на мандатите и работата во неговите рамки.

на целиот политички процес. Токму делибертивниот модел претставува последна реактуелизација или сигнализација за нарушеноста на принципот на рамноправност во политиката. Сепак, тоа што се појавува на прв план значајно во ова разгледување е устројството на инженерингот за креирање политика и политичко одлучување. Процесот на креирање политика и политичко одлучување, доколку претпоставува делиберација во политичко-правниот систем, треба да е компатибилен со начелата и критериумите на либерализмот и правичноста содржани во повисоките правни акти на една држава со полноважна демократска легитимност.

Една од првите дефиниции на конституционализам и уважување на принциот на владеење на право, стои независноста на трите гранки на власта и гарантирањето на нивната самостојност и неповредливост. Имајќи ја предвид основната улога или функција на конституционализмот како теорија и доктрина на ,,со право ограничена власт``, истражувањето на соодносот помеѓу делиберативната демократија и конституционализмот во огромна мерка е условен и од потребите, во иднина делегираниот суверенитет на граѓаните да биде заштитен со закон од можна злоупотреба на мандатите. Ова подразбира дека анализата не само што оди и подалеку од либералните принципи на мониторинг врз вршењето на власта во сите три гранки, туку ја предизвикува и досегашната реалативно пасивна улога на граѓаните.

Интенцијата на конституционализмот да се заштитат основните човекови права на индивидуата, а на постоечкиот политички систем да му се овозможи правна рамка во кој ќе функционира, подразбира грижа за одржување на

либералните политички вредности во институциите на системот кои овозможуваат (и развиваат) услови за сеопфатна употреба на јавниот разум во креирањето на политиките и политичкото одлучување. И тоа, на начин кој се одликува со значително повисоко ниво на граѓанска одговорност и кооперативност. Преку овие согледби, може да стане јасно колку е значајна политичката наобразба и култура на делибераторите. Во овој случај, не само што мора да се води сметка за интересите на другите и за општиот интерес - кој на еден или друг начин треба да ги сублимира поединечните интереси, преку еден здрав процес на расправа, советување и консензусни одлуки - туку мора и да се внимава целата форма да не излегува надвор од границите на либералните политички стојалишта и вредности. Бидејќи најзначајната појавна форма на конституционализмот претставува пишаниот политички акт наречен Устав – кој по усвојувањето ја добива својата утимативна форма како правен документ за регулирање на дел од односите во општеството, тогаш и проблематиката на конституционализмот не се исцрпува само со неговата позитивно-правна или формална страна, туку тој содржи и морално-практично значење (Тен, 2006:120). Оттаму, конституционализмот, или попрецизно дефинирано, принципот на уставна заштита на основните права и слободи и превенција од злоупотребата на власта во светлото на делиберативната демократска практика, во иднина би требало да се гледа како концепт кој ветува, но во исто време и изискува значително редефинирање на дел од неговите составни елементи. Во прв ред треба да се разгледа оправданоста на агрегирањето и делегирањето како институти кои според досегашното гледиште за конституционализмот, одат во прилог на ефикасноста на извршната власт.

Дали треба сеуште да се поддржува и оправдува максималното маргинализирање на граѓанинот за сметка на експедитивноста и економичноста на политичкиот процес? Ова од друга страна го иницира и прашањето дали во таквата партиципативно-ентузијастична атмосфера може да се дозволи елементарна политичка неписменост и неинформираност на потенцијалните делибератори. Доколку се цени дека взаемно прифатливото и широко обврзувачко решение ќе биде основата на идната политика на владеење, тогаш статусот на делибератор, се чини дека најмалку што ќе подразбира е редовна информираност за движењата во политиката но и образованост за основните поставки на уставно устроената власт. Меѓу другото, тоа значи, секојдневно потврдување на целта на конституционализмот - одржување на деполитизирано (или подобро речено департизирано) судство како гарант на основните права и слободи и регулатор на политичкиот процес. Меѓутоа, самата претпоставка за проникнатоста на секој граѓанин-делибератор во принципите и вредностите на политичката праведност согласно доктрината на либерализмот, се чини преоптимистичка а верувањата во овој вид ,,општа`` наобразба се најчесто сместувани во рубриката невозможно. Затоа, односот конституционализам – делиберативна демократија сега засега се разгледува на строго нормативистичко рамниште со цврсто инсистирање на процедуралноста.

Со оглед на тоа што се покажа дека постојат видувања и теоретски стојалишта за теоријата за делиберативна демократија кои ги разгледуваат потенцијалните отелотворувања на овој модел во политиката и судството (граѓански судови, симулација на порота како модел за одлучување)

истражувањето на односот конституцинализам и делиберативна демократија, се очекува да биде едно од позначајните подрајчја, што во иднина ќе добијат поголемо внимание во теоретските расправи.

Кога станува збор за уставните права или уставното гарантирање на основните човекови права на индивидуата, за да може да функционира и делува во рамките на еден демократски устроен поредок, минимумот потребен за ефектуирање на истата содржи долга листа на права. Карлос Сантијаго Нино обидувајќи се да ја пронајде поврзаноста на уставните права (конституционализмот) и делиберативната демократска практика, индивидуалните права ги дели во рамките на следнава типологија:

- *права-слободи* кои вклучуваат само отсуство на забрана и сами по себе не можат да обезбедат било каква заштита;
- *права-овластувања* кои се создадени од попустливи норми, иако нивниот статус е како да припаѓаат на независна категорија или се сведуваат на некои други (права – AJ) зависи од тоа како овие попустливи норми се сфатени;
- *права-привилегии* кои корелираат со активните или пасивните должности на другите луѓе, кои припаѓаат на одредени специфични класи или на универзална класа;
- *права-барања* кои ја вклучуваат можноста да се претстваи барање до одреден орган во согласност со зајакнувањето на соодвените одговорности;
- *права-моќи* кои ја подразбираат способноста да се донесат правила во согласност со менувањето на правниот однос на други луѓе;
- конечно, *права-имунитети* кои се корелативни со недостатокот на моќ на другите да го заменат правниот статус на оној што ги ужива правата (Nino, 1996:45)[150].

Овие стојалишта ја потврдуваат цврстата врска и надополнување кои постојат помеѓу делиберативната демократија и (либералниот)

[150] Нино како правник ја согледува улогата и важноста на филозофската рамка при остварувањето на целите на конституционализмот и валдеењето на правото, па затоа и порачува ,,правата кои треба да бидат признаени како дел од идеалот на конституционализмот не е можно да бидат одредени без артикулирање на концепт на политичка и морална филозофија (Nino, 1996: 46).

конституционализам. Без разлика дали се работи за трите можни поврзаности (претходно наведени) или за категоризација на основните човекови права, се со цел подетално да се објасни правната (уставна) претпоставката за практикување на делиберација, конституционализмот и инсистирањето на човековите права, само во мал дел оставаат простор да бидат пречка кон реалното отелотворување на делиберативната политика. Сепак, постојат одредени предизвици помеѓу конституционализмот и делиберативната демократија.

Една од нив е воочената тензија помеѓу првата поврзаност која подразбира одредени либерални права и слободи за индивидуата и изгласувањето на уставните одредби и амандмани. Имено, уште од Коеновите забелешки (Cohen, 1996; 1997), станува јасно дека тензијата меѓу делиберативната демократија и слободата на изразување не значи и намалување или укинување на истата. Ангажираноста на граѓаните во делиберативен процес на политичко одлучување не е возможна без гаранција за слободата на изразување (ниеден делибератор нема да ја ограничува слободата на изразување на другиот, претпоставувајќи дека утре може тој да биде жртва на истата таа цензура).

Тоа пак, од друга страна не значи и злоупотреба на истата, туку уште поголема одговорност за значајноста на јавните работи за кои треба (брзо и ефикасно) да се одлучува. Потврдни ставови за совпадливоста меѓу делиберативната демократија и либералниот конституционализам постојат и во делото на Гатман и Томсон. Таму тие нудат аргументација за либерални начела кои произлегуваат од постапката на делиберативно одлучување. Тие исто така уште еднаш го засилуваат или реафирмираат Коеновото тврдење дека одредени

слободи и права на граѓанинот, всушност ефикасно можат да се уживаат (а може да се тврди и дека произлегуваат) од одредени видови на делиберација. Една од позначајните разлики во однос на Коен е таа што Гатман и Томсон развиваат теорија за благосостојба, во која се обидуваат да ги наведат основните материјални потреби, кои е неопходно да бидат задоволени за граѓаните да станат активни делибератори во политичкиот процес. Ова целата дебата за делиберативната демократија ја навраќа на прашањето за ресурсите во процесите на политичко одлучување. Решението на Гатман и Томсон се Ролсовски инспирираните основни начела на делиберативната демократија: реципрочност (капацитет да се постигната фер услови за општествен натпревар за сопствени цели), јавност и пристапност (Gutmann and Thompson: 1996)[151].

[151] Меѓутоа мора да се нагласи разликата која постои во поглед на нивниот и Ролсовиот став за делиберацијата – разлика која оди во прилог на оригиналноста на Гатман и Томсон. За разлика од Ролс, тие не го споделуваат убедувањето дека аргументот (за кој се расправа и одлучува) треба да се ограничи на она што е заеднички интерес за сите, туку според нив, делибераторите треба да се потрудат да направат и да се изборат за аргумент кој е интеглибилен и според поединечните стојалишта и интереси, кој пак не е она што тие го следат во нивниот живот како систем на вредности. Значи делибераторите треба да одбранат аргумент или аргументи кои тие не ги споделуваат или чувствуваат како свои. Интересно е да се одбележи дека поради ова инсистирање, некои познавачи на опусот за делиберативна демократија на Гатман и Томсон ги означуваат како родители на потполна политичка теорија за делиберативната демократија (види Dryzek, 2000:17).

## ГЛАВА V. КРИТИКА НА ТЕОРИЈАТА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

Постојат неколку критики, преку кои, критичарите на делиберативната демократија се обидуваат да укажат на слабостите на овој модел. Во зависност од насоченоста и концентрираноста на конкретен аспект од моделот, критиките кон делиберативната демократија најчесто се однесуваат на *проблематичната применливост* (заговорниците на делиберативната демократија, кога се служат со илустрации за моделот, најчесто упатуваат на локално или општинско ниво); *неможноста од рационално дејствување во политиката* на човекот; идејата за *јавно добро* или јавно резонирање е исто така проблематична; делиберативната демократија се смета и за *популистички експеримент* за легитимирање на постоечките односи на моќ во современите општества; делиберацијата е *нерационално потрошено време*; *несовпадливоста* на делиберативната политика со *човековите права, конституционализмот* и слично.

Без намера да се навлегува во детали и да се адресираат конкретните автори или правци на критиката[152], аргументите на критичарите (нео)елитисти, претставуваат своевидно ехо од златната (повоена) ера на Шумпетеровски инспирираното теоретско движење. Освртот на дадената критика кон делиберативната демократија, се однесува само на прашањата за оправдливоста на општиот интерес, јавното добро и воопшто за компетентноста на народот да

[152] Критиката кон теоријата за делиберативната демократија е далеку пообемна од она што е прикажано на следниве страници. Поради карактерот на трудот (потврдување или отфрлање на даденаа хипотеза), но и поради опсегот на доказниот материјал во текстот, се разгледува само еден вид на критики – и тоа оној вид на критика кој е насочена кон Хабермасовата варијанта на теоријата за делиберативна демократија. Но и посодржајното задржување на останатите критики, ќе ја потврди тезата која е наведена во воедното поглавје, каде се тврди дека теоријата за делиберативна демократија се промислува само во рамките на дијалектичките парадигми. Односно, оваа проблематика, во поглед на теориското заокружување изискува здрава дебата од тврдења и побивања.

креира политики, кои подоцна се преведувани во закони кои се применливи. Ќе бидат разгледани аргументите кои ја поткопуваат содржината на Хабермасовски инспирираните круцијални поими од категоријалниот апарат на делиберативната демократија: правда, исправност и оправданост (justice, rightness and validity)[153].

Најпрвин вреди да се одбележи дека одредени критичари како Френк Мајклман, овие поими ги претставуваат како испреплетени  и взаемно зависни. Таа зависност се должи на просторот кој постои помеѓу политичката *исправност* на системот (political rightness) и совршената *правда* на неговите закони. Се претпоставува дека оваа празнина треба да се пополни со *оправдливоста* како мост помеѓу нив. Не треба да се заборави дека, една од слабите страни на оваа критика е прикажувањето на делиберативната демократија исклучиво како процес на креирање закони, а не и креирање политики и политичко одлучување. Според оваа критика, малку неочекувано, но една од слабостите на моделот не е неговата неповрзаност со искуството и неизвесноста од негова примена, туку прашањето за изведливоста и остварувањето на вредноста *праведност* во политичкиот процес.

153 Мајклман ја гради својата критика на делиберативниот модел на демократија пред се перципирајќи го како идеал и претпоставувајќи му своевиден агрегативен облик преку кој, според него, мора да помине процесот на креирање и одлучување во политиката. Обидувајќи се да даде оригинален придонес во критикувањето на овој модел тој функционирањето според основите на делиберација им го наметнува на приврзаниците на сината (blue) партија кои следат сина програма според сината доктрина. Не е тешко да се идентификува интенцијата за поголема прегледност на ваквиот експеримент кај авторот, но сепак употребувањето на овој идеален модел во рамките на своевиден мисловен експеримент, дава една проекција за потенцијалната успешност на моделот во практиката. Всушност во една позбиена форма основната порака која Мајклман ја пренесува со неговото стојлиште и критика е дека прво, праведноста постои во политиката, во еден неизбежен дел од политичкото содружништво кој е посветен на достигнување на делиберативна демократија, но второ, постојат многу фактори кои нам ни го прават тешко разбирањето, како делиберативната демократија може да биде нешто што може да биде заслужено (Michelman, 1999:146).

Оваа критиката тргнува од Хабермасовите и Бенабините стојалишта за делиберативната демократија, иако во суштина таа допира и до Ролсовите, односно политичко-утилитарните премиси на моделот. Тоа е најзабележливо кога се приговара дека: секоја идеја (па оттаму и онаа за делиберацијата) која тргнува од интенцијата да постигнува една недогледна низа на намери, не само што не е операбилна, туку исто така, нема цел да обезбеди програма која ќе може да ја устрои. Оттаму, *делиберативната демократија* без соменние се обидува да докаже дека е *рекурзивна* односно *само-референтна* структурирана идеја. Сепак, рекурзивноста и самореферентноста не гарантираат извршување или остварување на таа идеја во практиката (Michelman, 1999:151). Тоа значи дека постои нешто значително имобилизирачко во самата основа на барањето за делиберативната демократија.

Идентификувањето на имобилизирачките атрибути на делиберативната демократија претставува резултат на либералното отфрлање на неколку постулати на делиберацијата. Во прв ред тоа се однесува на (наводната) телеолошката односно популистичка природа на концептот, потоа инсистирањето на надиндивидуалистички ентитет кој поставувајќи барања, всушност и ја гради политиката во која се креира јавното добро.

Ова релативизирање на легитимирањето на надиндивидуалниот извор на барања, претставува израз на тензијата која постои, помеѓу индивидуалните права и слободи од една страна и реалната и сеопфатна процедурална демократска практика од друга (Michelman, 1999:152)[154].

[154] Она што најверојатно најмногу му пречи на Мајклман и не е во состојба потполно да го разбере претставува хабермасовата многу значајна поделба на индивидуалните мотивации за политичко

> За оние кои не можат да се пронајдат во редот на критичарите на суштинската примарност на индивидуите или не можат да ја заменат вредноста на достоинството кое му се припишува на рационалното дејствување или соодветното примордијално барање за подеднаква грижа и почит, за нив, политичката оправданост *мора* да подразбира согласност од сите кои се засегнати (уште еден деонтолошки момент) барем како начело (...) (Michelman, 1999: 152).

Едно од основните обележја на либералниот деонтолошки пристап на политолозите, е тоа дека сферата на политичкото е поделена на уставни и основни закони, што легитимитетот го црпат согласно воспоставениот консензус, односно општата согласност во принцип. Како таков, легитимитетот не изискува авторство или согласност на сите за основните закони (како што тоа се заговара со делибертивната демократија). Позицијата од која се испреплетуваат, опсегот на народниот суверенитет и делегираноста на одлучувањето, за деонтолошки настроените либерали претставува едно од упориштата од каде се брани целисходноста и ефективноста на агрегативниот модел и посредништвото. Инсистирањето на основните права и слободи претставува јадрото на ставови кај теоретичарите, чии ставови се прифатени во теријата како *rights-foundationalist* поглед на праведноста во политиката – односно теоретичари кои во основата на политичката праведност ги ставаат правата. Во таа насока и критиката на Мајклман кон делибертивната демократија ги разработува и темите за одржувањето на потполната автономија на индивидуата и уставната позиција на

---

дејствување на *комуникативна* и *инструментална*. Критичките стојалишта на Мајклман се ставови на еден либерално посветен истражувач на апликативноста на делибертивниот инженеринг во политиката, кој израснувањето на политичките агенди од комуникативно обликувани јавности и дебати го перципира како сериозна закана за индивидуалните права а можеби и за самата структура на индивидуалната себност кај политичкиот актер-поединец. Заканата за субјективитетот на индивидуата тука е претствена со нагласувањето на специфичните искуства и интереси кои тешко можат да ги усогласат и устројат себичните самоинтереси во рамка на праведност со која ќе бидат опфатени или проткаени критичните институции на длабоката демократија (deep democracy). Делибертивната демократија во обидот да ја надмине мнозинската практика во одлучувањето, сериозно ги нагризува индивидуалноста и субјективитетот.

содејството на приватната и јавна автономија, односно автономијата во рамките на мрежата групи и организации во граѓанското содружништво и во јавноста.

Под потполната автономија современите либерали, следејќи го Џон Ролс, подразабираат ,,автономно дејствување на индивидуите усогласено со начелата на праведноста која одредува рамноправни услови за соработка која тие ја уживаат тогаш кога се рамноправно претставени како слободни и рамноправни личности``(Раулс, 2002). Се разбира, ваквата ролсовски сфатена потполна автономија кореспондира со интересите на индивидуите, нивната способност за одбрана на јавната правда и одговорноста на секој за определувањето на доброто кон кое треба да се стреми општеството.

Потврдата за неопходноста од поделба на приватната и јавната автономија на индивидуата, како што беше претходно наведено, се наоѓа и во Хабермасовата книга *Помеѓу фактите и нормите*. Таму тој ја изразува неговата загриженост околу можноста атмосферата од јавната сцена да се прелее во доменот на приватноста, и да ја загрози автономијата на личноста. Затоа и децидно застанува во одбрана на ставот за два вида на автономии - јавна и приватна. Она што од друга страна е предмет на критика е колизијата на овие поделени автономии со концептот на уставно загарантираните индивидуални човекови права и слободи. Својата критика, Мајклман ја упатува токму на оваа, како и на неколку други затегнатости кои ги содржи концептот на делиберативната демократија.

Уставните права ги гарантираат основните човекови потреби и барања на два начина: прво, преку гарантирањето на рамноправен и слободен статус на секој граѓанини и второ, преку институциите или вредностите на либералната

непопулистичка демократија. Како што забележуваат критичарите, тука е можно да се упадне во ќорсокак. Тој ќорсокак би ги проблематизирал легитимитетот на делиберативната политика, кој произлегува од претпоставеното рационално дејствување на индивидуите - засегнати од конкретната политика.

Од самиот почеток, критиката му приговара на Хабермас за „врзување" или зависност на политичката праведност од оправдливоста - која се претпоставува дека почива на широкото политичко учество на засегнатите - од политиките и законите кои се носат. Оправдливоста зависи од два чинители: очигледната фактичност на спроведувањето закони и очекувањето на легитимноста[155]. Но она што сериозно ги редуцира облиците на легитимност на конкретната политика или законски проект, според Хабермасовото дефинирање на делиберативната демократија е тоа што, тој предвидува само т.н. постметафизички извор на легитимноста на демократската процедура. Овој приговор се базира на убедувањето дека, со оглед на тоа што Хабермас го смета за легитимен само законот кој е донесен во, за секој еден отворена демократска процедура и ја подразбира согласноста на сите, тогаш ваквата согласност може да биде само начелна или хипотетичка. Тоа, од друга страна не ги задоволува критериумите за сепфатноста на делиберацијата, бидејќи излезниот резултат од делиберацијата треба да биде подржување или реална убеденост во предложениот проект. Во тој проект, исто така, се проектирани интересите на сите

[155] Како што е познато во системот на Хабермас легитимноста е аспект или димензија на полноважноста и означува можноста неприсилната усогласеност да произлегува од почитувањето на законите, кои се создадени за да ја гарантираат рамноправно автономијата на секоја индивидуа. Но како што забележува Мајклман, ако за Хабермас легитимноста е основата за полноважноста на законите, тогаш легитимноста на основите закони се темели на нешто што зависи или го зема предвид потеклото на законот (Michelman, 1999:160).

засегнати или барем на најголемиот можен број. Во основата на оваа критика стои забелешката за автореферентноста на она што во теоријата се нарекува цврста нормативна позиција за делиберативна демократија. Според оваа позиција, самата процедура на делиберативно креирање и донесување одлуки е raison d`etre на политичкиот процес. Се претпоставува дека таа ги вклучува преференците на сите засегнати во политичкиот процес, со самото тоа што нуди можност да се испорачаат на јавната сцена сите интереси и сето тоа да биде во рамките на еден ,,морално оправдлив политички систем``.

Оставајќи го за крај прашањето на оправдливоста и демократијата, Мајклман, се навраќа на основните премиси на либералната деонтологијата, а тоа се однесува на постоењето праведни и неправедни закони. Оттаму тој ја критикува делиберативната демократија поради занемарувањето на досега создадените институции на либералната демократија, преку кои на еден помалку или повеќе ефикасен начин функционира политичкиот систем. Од друга страна, пак, уверувањето дека делиберацијата, а оттаму и политичкиот процес ќе се одвиваат согласно утврдените правила на игра и споделениот морален образец, носи со себе опасност од несовпадливост со природата на досега креираните и извршувани основни закони:

> Да се земе оправдливоста како клуч за политичката праведност, треба да се биде подготвен понекогаш да се прифати [ставот - AJ] дека моралното обврзување – како вид на политичка но не и сеопфатна доверба – на решенијата на основните закони за кои сега *чесно* просудуваме да биде во определен степен одвоено од правдата, само поради тоа што овие решенија произлегуваат од демократската процедура која (1) е на сила во моментов и (2) нашето просудување да биде разумно одбранливо како (начин на – AJ) тежнеењее кон правдата (Michelman, 1999: 166).

Изборот на прикажаната критика на теоријата за делиберативната демократија, обработува само дел од поимите (правда, праведност и валидност) и

институциите на новумот. Меѓутоа, својата оправданост ја темели на Хабермасовски инспирираната и социолошки втемелена струја во размислите на авторите[156]. Нормално, таа ни оддалеку не претставува репрезентативен преглед[157] на критиките или исцрпна одбрана на стојалиштата на заговорниците на останатите модели на демократија (во прв ред елитистите), но иницира расправа чии натамошни развојни линии задираат во дијалектиката на посредно-непосредното политичко одлучување и ускладеноста на оваа теорија во репертоарот на социјалната теорија.

[156] Внимателното истражување на референците и инспирираноста на Мајклман за ваков вид на критика, посочуват на автор кој е добро запознаен со оваа традиција на „мислење на делиберативниот инженеринг". Освен Хабермасовите упати, Мајклман покажува нескромно познавање и на Бенабините теоретски стојалишта. Релативно краткиот осврт на Ролс и неговите теоретски видувања, може во некоја рака, да се протолкува и како неинспиративна политиколошка традиција, која преку инструменталните претпоставки за мотивите на политичкиот ангажман, ја симплифицира постапката или процедурата. За оправданоста на оваа струја, најверојатно ќе треба допрва сериозно да се дебатира, особено имајќи ја предвид нејзината потенцијална практична применливост.

[157] Вреди да се нагласи дека во последно време се зголемува литературата која е критички настроена кон делиберативната демократија, и во која се нагласува левичарското загрозување на партиципативната демократија преку инсистирањето на инклузивноста и редизајниот на социјалните институции за редистрибиција на јавното добро (за ова види Hauptmann, 2001: 397-421).

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

*„Power to the people"*

Песна на Џон Ленон

Зафаќањето со истражување на формите и содржините на процесот на креирање политики и одлучување, секогаш во себе крие неколку предизвици. Секое невнимание и недоволно цврста и јасна аргументација овозможува простор за лесно рушење на тезата. Истражувањето на еден од неколкуте можни облици на демократска политичка пракса, поточно на теориите кои ја заговараат неговата примена, може да има многустрано значење и да подлежи на повеќеаголно толкување. Сепак, се чини дека истражувањето на теоријата за делиберативна демократија во научен труд кој стреми кон највисоката академска тежина, со сигурност подразбира своевидна ограниченост – која во прв ред предупредува дека овој феномен можат да го мислат, критикуваат и спроведуваат (само) луѓе задоени, социјализирани и остварени во опкружување со долга демократска традиција во уредувањето на политичките односи. Оваа ограничесност се потврдува и со фактот што надвор од академските средини на земјите со демократска традиција, безмалку и да не постои автор кој пишува или истражува за делиберативната демократија. Но бесомнение, една од најзначајните одбрани, секако е дека делиберативната демократија треба да претставува убедлива форма на рационалното дејствување на поединецот во јавната сфера. Покрај рационаноста би требало да се негува и солидаристичкиот мотив неопходен за отелотворувањето на политичките решенија за проблемите од јавен интерес.

Како што може да се види од краткиот пресек на позначајните размисли за облиците на политичко одлучување, уште од антиката постои еден подлабок јаз кој теоретичарите ги дели на условно наречени елитисти и популисти. Според вторите – кои можат слободно да бидат сметани за претходници на заговорниците на делиберативната демократија – постои една голема разлика помеѓу античките и современите размисли и оправдувања на непосредното политичко учество. Во случајот со антиката, непосредната демократија била развивана поради чисто милитаристички мотиви. Се поширок круг на жители на Атина добивале граѓански статус и политички привилегии поради неопходноста од зголемување на воената сила за одбрана од конкурентските градови држави.

Подоцна се покажа, дека и во модерната политичка историја на демократскиот запад, основниот мотив за проширувањето на општото право на глас, било обезбедувањето на поголем број воени регрути во предвечерието на воените расчистувања од 20от век. Историјата на социјалната мисла, бележи различни и подвоени ставови на тогашните учени за целата оваа иницијатива околу омасововувањето на правото на глас. Сето ова укажува на фактот дека општото право на глас, без разлика на брановидното ширење во Европа, не одел секогаш во прилог на доближување на процесот на креирање политики и политичко одлучување до индивидуата.

Погледнато од оваа дистанца, современите теоретски видувања на делиберативната демократија се можеби единствениот концепт и постапка на политичко одлучување, во кое безусловно и без скриени намери се претпоставува

полното и ефективно учество на секој заинтересиран граѓанин за одлучувања околу прашањата од јавен интерес.

Како и да е, посериозна и недвосмислената потврда (и поддршка) на делиберативниот инженеринг во политичката практика за првпат е забележана на северно-американското тло. На почетокот од минатиот век во Нова Англија – североисточниот дел на САД - постоело движење, кое иницирало практикување на делиберативната демократија во поголемите урбани центри на САД. Покровителството на дел од тогашните големи фабриканти – како Хенри Форд на пример – врз народното учество во јавните политички расправи, изродува со неколку придобивки за општествените науки и политичката пракса. Меѓу нив вредни за споменување се *граѓанското образование за вештини кај возрасните* и *панел дискусијата*.

Овој ентузијазам за активно политичко учество релативно успешно ги пребродува колосалните општествено-економски влијанија од тој период, како големата економска депресија, почетокот на втората светска војна и слично. Сепак, најголемиот удар врз ова ,,златно`` време на делиберацијата на северно-американско тло, доаѓа непосредно по завршувањето на втората светска војна. Во тој период, во теоретските расправи се појавува најзначајната книга на агрегативниот облик на демократско одлучување (*Капитализам, социјализам и демократија*) на Џозеф Шумпетер. Додека во политиката се спроведува ксенофобичниот проект на Мекарти – предвиден да ја одбрани Америка од ,,црвеното зло``.

Потенцирањето на овие општествено-политички влијанија врз развојот на практикување јавна делиберација, уште еднаш ја потврдува претпоставката за значителна детерминираност на развојот и достигнувањата во науката од дадените политики. Фактот дека и во рамките на публицистиката, која ја обработува проблематиката на демократскиот инженеринг, долго време ќе доминираа литература инспирирана на еден или друг начин од принципите на компетитивниот елитизам, доволно зборува за точноста на горенафрлената теза.

Дури во почетокот на `80те години од минатиот век, повторно ќе почне (иако маргинално и срамежливо) да се спомнува делиберацијата, за кон крајот на векот да се започне со подлабоко и повтемелено истражување на современите облици низ кои би можело да се практикува делиберативната демократија.

Вградувањето на теоријата за делиберативна демократија во редот на современите теории за демократија – како последен изданок, остава простор за дијалектичко промислување на демократскиот инжнеринг до денешен ден. Воедно, овозможува и клеидоскопски поглед во дел од позначајните социолошки и политолошки теории – како критичката теорија (заедно со завидното наследство на франкфуртската школа) и теоријата на рационален/разумен избор.

Упатувањето на социјалната теорија како поширока рамка во која се промислува новиот модел на демократска практика, почива врз неколку претпоставки. Овие претпоставки ја потенцират особеноста на сегашниот миг во развојот на човековата цивилизација. Пред се, тоа е застапувањето за демократски инженеринг во кој се гарантира непосредното учество на секој граѓанин. Денес ова барање пред се, се темели на достапноста до критичните

информации неопходни за политичко учество и повисокиот степен на образованост. Средствата за јавно информирање, масовните медиуми денес како никогаш досега во човечката историја, нудат брзи и релативно прецизни информации за политичките случувања, кои му овозможуваат на граѓанинот да формира, не само сопствено гледиште за проблематиката, туку и да испорача сопствен интерес во јавноста, како релевантен предлог во потрагата по решение. Аргументот на дел од заговорниците на делиберативната демократија за рационалното дејствување на поединецот во процесот на политичкото одлучување, во најголема мера се должи на претпоставката на теоријата за рационален избор, според која, оптимизирањето на сопствената добробит индивидуата го постигнува преку политичко учество со други индивидуи кои се рамноправни на неа, и кои ги почитуваат на нејзините интереси, стојалишта и права. Затоа и аргументите во прилог на оваа теза, произлегуваат од научници од најразлични научни дисциолини – како што се на пример економијата и математиката.

Во поглед на овие убедувања, теоријата за делиберативна демократија бележи подвојување во две поголеми струи-заговорници предводени од германскиот социјален филозоф (и социолог) Јирген Хабермас и американскиот полит-филозоф Џон Ролс. Преку теоретските преокупации на овие двајца најзначајни автори, може да се следи придонесот на социолошката и политичката наука во изградбата на моделот. Подоцнежните надградувања на теоријата за делиберативна демократија, се смета дека во најголем дел се приближувања или поткрепувања на застапниците на едната или друга струја од автентичните

теоретизации на родоначалниците. Но, со оглед на тоа дека скорешните застапници на делиберативната демократија припаѓаат на различни науки и теоретски ориентации, се смета дека едиствена рамка која може да и обезбеди научна референтност на теоријата за делиберативна демократија е социјалната наука.

Ова од причина што социјалната наука или социјалната теорија ја признава непозитивистичката природа на предметот на општествените науки (ставови интереси и погледи на луѓето во општеството, кои многу лесно и многу брзо се менуваат) а со самото тоа претпоставува индуктивна логика на истражувачкиот процес, кој не почива врз аксиоматските основи. На овој начин, интенцијата е да се потенцира недовршеноста или развојната димензија и на теоријата за делиберативната демократија и на социјалната наука. Или како што Тарнер и Гиденс истакнаа ,,таа (или тие) се во интелектуално ферментирање".

Теоретските стојалишта на Јирген Хабермас за делиберативната демократија, или како е уште попознато, *дискурзивната теорија за демократија* се дел од еден поширок филозофски светоглед кој е развиван најмалку три децении. Градејќи позиции врз оставштината од најдобрата германска мисла – пред се дијалектичкиот пристап на Хегел, Веберовата политичка теорија и социјално-филозофските поставки на франкфуртската школа – Хабермас, отвара широк спектар на прашања и проблеми, со кои, не само што ја потврдува етикетата на достоен наследник на франкфуртовците, туку и во критиката на дел од нивните стојалишта, израснува во автор со оригинален придонес во современата социјалната теорија. Едно од тие ,,расчистувања со минатото"

претставува прекинот со веберовската традиција во Франкфуртската школа за моќта како императив на целнорационалната насоченост и активноста на егоистичниот поединец. Се работи за диференцирањето на два можни вида на социјално дејствување на поединецот во рамките на политичките одлучувања: *стратешко* и *комуникативно* дејствување. Впрочем, ова е веројатно најголемиот продонес на Хабермасовата струја во дискурсот за делиберативна демократија, бидејќи заговорниците на втората струја како и родоначалникот на истата – Џон Ролс признаваат и земаат предвид само еден вид на човечко дејствување а тоа е инструменталното.

Бездруго, еден од таквите полезни деривати во социолошкото резонирање за политиката е разграничувањето на дејствувањето од комуникацијата. Инсистирајќи на тоа дека комуникативното дејствување е многу повеќе од ,,едноставна координација помеѓу испреплетените егоцентрични калкулации на корисга``, Хабермас овој вид на социјално поведение на индивидуата, не го условува со постигнувањето консензус или разбирање. Наместо тоа, тој процесот на креирање на политиките и политичко одлучување го поима во една социолошки посензитивна рамка, според која, неопходната соработка помеѓу индивидуите во политичката (јавна) арена, продуцира карактеристичен модел на толкување, што е многу поеопфатен од секоја утилитаристичка претстава за максимизирање на самоинтересот.

Тука во прв ред, во предвид се земааат културната традиција, социјализацијата, постоечките норми и вредности во заедницата и слично, како и парите и моќта како инструменти кои ја гарантираат легитимноста на постоечката

политика. Хабермас цени дека политичката дебата или целокупниот процес на политичко одлучување изграден врз комуникативното делување на индивидуите, претпоставува дека принципот на универзалност како предмет на расправата или советувањето мора да биде разбран како непристрасен. Во ваквиот вид на социјално дејствување на индивидуата, невозможно е таа да се апстрахира или одделно да ги создаде своите цели од социо-културната средина во која е социјализирана и со која е поврзана.

Уште една од позначајните придобивки од Хабермаовиот придонес кон грaѓата на теоријата за делиберативна демократија е квалитативното диференцирање помеѓу преговарањето и делиберативирањето во политичкиот процес.

Имајќи ги предвид двете поимања на политиката (либералното и комунитаристичкото), политичката теорија или теоријата за политичкото на Јирген Хабермас содржи синтеза на истите во обидот да понуди доследна концепција за делиберативна демократија. Според ова, општата волја се формира врз две претпоставки (на комуникативните претпоставки кои овозможуваат подобри аргументи, што го засилуваат квалитетот на делиберацијата и на процедурите кои овозможуваат процес на фер преговарање).

Хабермас, исто така ги дава правците, односно рамките на проблеми и прашања за кои би требало да се делиберативира. Нив ги ограничува на интересно-калкулативни, етичко-политички и морлно-практични прашања. Следно од позначајните области на општествената реалност, за што се има произнесено Хабермас е јавноста и нејзиното определување пред се како место за

синтетизирање на мненијата и одлучувањето, отколку како средство за просветлување на широките маси. На ова се надоврзува неговото подвојување на т.н. *меки* и *тврди* средини во јавноста, чиј diferentia specifica лежи во извесноста од ефектуирање на политиките и правно-обврзувачката природа на законските проекти (креирани преку процес на делиберација). Меѓутоа, токму во ова и лежи аргументацијата на критичарите кон Хабермас, кои му забележуват дека обидувајќи се да го исполни вакумот во агрегатната политичка пракса со содржина, целиот процес го втурнува во еден *ефект на интелектуализирање*, кој е погубен за ефективното и брзо решавање на јавните проблеми. Хабермас посочува на најмалку три нормативни аспекти на неформалната јавна сфера, со која значително би се зацврстил моделот на делиберативно креирање политики и политичко одлучување. Тие три аспекти се: комуникативната и организациска структура на неформалната јавност, капацитетите потребни за искористување на делиберацијата во политиката и условените резултати од ефектите создадени од таквата јавност.

Хабермасовото стојалиште и учењето за делиберативната демократија, почивајќи врз неговата дамнешно-профилирана *теорија за комуникативно дејствување*, често пати од социјалните теоретичари е толкувана како *комуникативна филозофија*. Целината на неговите филозофско-политички позиции го носат на ветрометината на идеолошките расправи, при што забележана е неговата пропрепубликанска (комунитаристичка) настроеност наспроти либерално-правнодржавниот модел. Делиберативната демократија, или како што доста често и самиот се произнесува - дискуривната теорија за

демократија - застапува поцврсти и посилни нормативни барања од либералната, а сепак послаби од граѓанско-републиканската традиција. Замената на граѓанското содружништво со содружништво на граѓани, во политичкото учење на Хабермас има за цел да ја интерпретира јавната сфера како далеку подинамичен модел за масовна партиципација во политичкото одлучување, ослободен од популистичките наслаги и транспониран во т.н. широко разгранети мрежи на сензори. Тоа значи дефинитивна потврда на Хабермас дека делибераторите не се ултимативните извршители на моќта, туку по комуникативен пат за ко-креатори на политиката.

Од друга страна, пак, придонесот на вториот родоначалник на теоријата за делиберативна демократија – Џон Ролс, идентификуван е преку призмата на политолошкото, односно полит-филозофско модерно резонирање за моќта во современото општество. Според ова стојалиште моќта е постулирана врз рационалната активност на учесниците, или попрецизно одредено, моќта е легитимирана врз екстензивната употреба на јавното резонирање во политиката (употреба на јавен разум). Јавниот разум или употребата на разумот во процесите на јавно одлучување за политичките прашања е карактеристичен за луѓе политички социјализирани во средини со долга демократска традиција и кои споделуваат свест за рамноправен државјански статус. Нормативистичката проткаеност на Ролсовите стојалишта е повеќе од очевидна, а тоа се потврдува во неговата убеденост дека употребата на јавниот разум или јавното резонирање претпоставува процедура на одлучување која е исклучива за прашања кои задираат во природата на основната правда и уставните права и слободи. Еден

од проблемите кои стојат на почетокот на ролсовата теорија, е неговото очекување за исклучиво и во секоја ситуација рационално и разумно политичко делување на човекот. Покрај тоа, уставната ограниченост и детерминираност на делиберацијата кај Ролс, ја прави неговата теоретска позиција премногу ригидна, а проектот наречен *Политички либерализам* емпириски лизгав. Сепак, една од потпорните греди на филозофскиот систем на Ролс е инсистирањето на принципот на реципроцитет во јавното одлучување, со што во теоријата за делберативната демократија се засилува струјата која ги потенцира разумните или рационалните концепти за општествена праведност. Апсолутизирањето на политичкиот либерализам како единствен возможен и компатибилен модел, со јавната употреба на разумот при политичкото одлучување, ја чини врзивната нитка на теоретизацијата на Ролс за делиберативната демократија. Тој делиберативната демократија ја сфаќа како процедура во која принципите на непристрасност го обликуваат профилот на општествената праведност. Илустративното прикажување на сопствениот новум, Ролс го прави преку две замислени идеални ситуации според кои, во првата граѓаните и нивните изворните позиции, вклучени во јавното одлучување (делибератори) своите интереси и стојалишта ги усогласуваат преку процесот на рефлективен еквилибриум. Со тоа се нагласува советодавната димензија на процесот, додека во другата ситуација, делибераторите се само дериват на ,,втопеноста во сеопфатната доктрина`` чија политичка активност неминовно завршува со агрегација на интересите преку соодветна процедура на гласање.

За Ролс е доволна привидната убеденост на потенцијалните делибератори во ,,чесните намери`` на другите, за да оцени дека рефлективниот еквилибриум не мора да подазбира буквално масовно учество во политиката. Затоа и делиберацијата може да исходува со гласачки решенија во кои непотребно е ,,неограничено, отворено размислување или активна јавна делиберација``. Инсистирањето на оваа аргументациска слабост на Ролсовите стојалишта, во текот на истражувањето inter alia беше потенцирана како уште еден од разбирливите парадокси на социолошки неинформираниот политички научник. Со потенцирањето на оваа пукнатина во теоретскиот систем на Ролс, се поткрепува тезата дека социолошки инспирираната теорија за делиберативната демократија Јирген Хабермас ја крепи аксиолошката ранливост на овој концепт. Сепак, компаративното изложување на слабите и силни страни во аргументирањето на овие два автори, нема да ја постигне очекуваната острина, доколку не бидат земени предвид надоградувањата и развој на нивните стојалишта од страна на нивните следбеници. Малку пред да бидат разгледани и овие стојалишта вреди да се погледне одблиску уште еден аспект на Ролсовото учење поврзан со овој концепт. Се работи за неговото инсистирање на императивот наречен постигнување ,,огледална јавност`` во која активните учесници како засегнати страни имаат обврска да се произнесат за политичките вредности за кои ценат дека се најразумни. Отварањето на јавната сфера, освен за граѓаните кои се идентификуваат и својот граѓански идентитет го темелат на сеопфатните доктрини, и за носителите на новите идеологии, со алтернативни стилови на живот и специфично поставени поединци и групи на маргините на општеството,

покажува дека аргументацијата на Ролс за јавната употреба на разумот во текот на политичкото одлучување мора да биде **збогатена**, за да може да одговори на предизвиците за функционална делиберативна демократија во специфични услови. Со ова Ролс ја воведува „должноста на цивилноста“ која треба да му осигури легитимитет која почива врз јавно изразената и усогласена волја на високо свесните граѓани за јавното добро.

Од оваа перспектива, иако се чини неверојатно, но подоцнежниот (рецентен) развој на теоријата за делиберативна демократија, може да се каже дека многу му должи на Ролс, особено ако се земе инспирираноста со неговите ставови на дел од најзначајните современи теотичари на делиберативната демократија. Вака поставените филозофски основи на новиот дискурс, во подоцнежните расправи добиваат израз кај современите автори кои разгледуваат еден огромен сет на проблеми и прашања за делиберативниот инженеринг во политиката, а чиј интерес се протега од потрагата за потврда на филозофско-антрополошките претпоставки на делиберацијата до набројување на конкретниот сет на техники и инструменти за делиберција и прашањата од јавен интерес кои можат, а кои не можат да се решаваат по овој пат.

Трендот за интегрирање на Хабермасовски и Ролсовски инспирираните стојалишта на најзначајните заговорници на теоријата за делиберативна демократија го негуваат многу автори, меѓу нив и Џејмс Боман. Во краткиот пресек на неговите теоретски позиции беше забележана неговата дефиниција за делиберативна демократија во која ги потенцира следниве четири карактеристики: нагласување на значајноста на делиберацијата во политичкото одлучување;

теориите за делиберативна демократија се строго нормативистички, тие се процедуралистички и универзално применливи. Сепак, се чини дека најзначајниот придонес на овој автор во отелотворувањето на интегралната теорија за делиберативна демократија претставува бескомпромисната критика на аргумантацијата и на двајцата родоначелници на дискурсот Хабемас и Ролс. На Хабермас, Боман му забележува дека нормативните барања за демократијата ги темели на взаемно спротивставени регулативни идеали, што на крајот уште еднаш се отвора на јазот помеѓу нормативните идеали на демократијата и нејзината примена. Кај Ролс пак, иако е избегнат песимизмот карактеристичен за Хабермас (во однос на ограничувачката природа на дадените општествени околности) сепак, настојувањето делиберативниот инженеринг да се вклопи или сообрази со најновите либерални теоретски поставки создава тешкотии за поширока примена. Исто така, значајно влијание врз подоцнежните развојни правци на теоријата за делиберативна демократија има неговата критичка поставеност кон чистите процедуралистички модели на делиберативна демократија, поради појавата на проблемот со мотивирање на граѓаните за јавна делиберација и неспособноста да се утврди, кога една јавно изнесена причина или аргумент ќе станат јавно убедливи. Остратата дистинкција која Боман ја поставува помеѓу неговиот ``дијалошки`` модел и Хабермасовиот дискурзивен модел на делиберативна демократија е содржана во хипер рационалноста на Хабермасовиот модел. Наспроти него, Боман нуди една попрагматична концпција за делиберацијата, каде целта на јавните дискусии не е рационално оправдување, туку да се разреши еден проблем, заедно со другите кои имаат различни

перспективи и интереси, процес кој треба да започне со заедничка дефиниција на проблемот.

Проблемот со идентификувањето или креирањето на јавното добро во процесот на делиберација, беше споменат во контекстот на плодната дебата помеѓу либералните теоретичари и комунитаристите. Оваа дебата започна во средината на 70тите години од минатиот век и резултираше со интересни заклучоци како и иницирање на нови теоретски предизвици како што беше теоријата и политиката на мултикултурализмот. Рефлексијата на оваа дебата е повеќе од очевидна во Хабермасовите размислувања, воопшто за либералниот и републиканскиот поглед на политиката. Пренесено во рамките на теоријата за делиберативна демократија оваа дебата доби израз во проконсензуалните или проплуралистичките ставови за демократска практика. Беше потенцирано дека заговорниците на стојалиштето дека делиберативната демократија треба да се темели на изградени одлуки кои подразбираат постигнување на консензус како цел, инсистираат на сеопфатен или згуснат поим на јавното (или заедничко) добро - перцепција на постоењето на заеднички вредности кои одат подалеку од основните принципи на делиберативно одлучување. Овие комунитаристички инспирирани автори делиберативната демократија ја перципираат и проектираат како напор за постигнување на соработка во која се исполнуваат сите предуслови за остварувањето на најдлабоките морални ветувања на делиберацијата. Доаѓа до потполно стопување и прелевање на моето *јас* со нашето *ние*, а личниот интерес се смета дека е дериват на срединските влијанија и културните детерминанти на заедницата, во која од најраното детство индивидуата го

изградува својот идентитет. Од друга страна пак, либерално инспирираните заговорници на плуралистичкиот вид на делиберативна демократија, стојат на линијата дека не е потребна **сеопфатна** дефиниција на заедничкото (јавно) добро, односно дека постоењето на сопернички концепции за јавно добро, произведувајќи морални несогласувања, го јакнат натпреварувачки дух и како такви се суштински дел од човековата природа. И двата табори се согласуваат дека потребното лепило на ефикасниот политички живот во заедницата подразбира барем минимум согласност околу постоење на заедничко добро, но суштинската разлика се појавува во однос на опфатот на тоа јавно или заедничко добро. Всушност, оваа расправа внатре дискурсот во еден дел ја пресликува старата дилема за пропулзивноста или резистентноста на границата која го дели јавното од приватното и политичкото од граѓанското содружништво.

Врската помеѓу делиберативната демократија и корпусот на основни човекови права одразува слични стојалишта со претходно наведените. И во овој случај беа лоцирани две спротивставени позиции на авторите: првата која потребата од консензус околу вредноста на јавниот проблем, поставен за еден од највисоките приоритети на делиберацијата, смета дека најчесто ги замолкнува несогласувањата и скратувањата на стојалиштата на малцинствата, кои се фактори што го збогатуваат демократскиот амбиент и различието на погледи. Втората група на критики, ја адресира можната тиранија на мнозинствата над малцинствата преку наметнување на своите избори и норми. Еден дел од заговорниците сметаат дека овој предизвик се премавнува со реафирмација на кантовиот либерален став дека „моралната почит кон автономијата на личноста е

основна норма на моралноста и демократијата``. Според логиката на оваа теза, минимумот на морални стандарди и морални права наречен *универзална морална почит* се однесува на стандардите за симетричност на правата и подеднаква можност за иницирање на тема за делиберација, изложување на сопствен став во вид на говор и слични алатки на делиберацијата. Сејла Бенабиб ова го нарече *принцип на егалитарна реципрочност* и во основа ја потврдува претставата на делибераторите како морални личности, што по себе повлекува и соодветни обрасци на одговорност. Некои автори, односот меѓу човековите права и делиберативната демократија го врамуваат во т.н. анти-фундационистичка позиција. Квинтесенцијата на оваа позиција претставува напорот, да се намали тензијата која постои помеѓу ,,универзалните барања за почитувањето на основните човекови права`` од една и ,,поединечните заложби за уживање на широка автономија`` – кои ги поставуваат различни, културни, јазични, религиозни и други групи. Решението за надминување на оваа тензичност изродува и еден предлог со наизглед неиздржлив наслов *делиберативна либерална демократија.*

Фабрицио Трифиро како претставник на оваа позиција креира концепт на нормативност на човекопвите права и слободи во кој е инкорпорирана свесноста за социокултурната вкоренетост на сите наши стојалишта, барања и претстави за доброто и лошото, забранетото и оправданото. Односно дека, иако човековите права се концепт со универзални претензии на апликативност, всушност неговата содржина е културно детерминирана. Најпрвин беше потребно да се направи дистинкција помеѓу епистемичкиот и моралниот интерес или легитимитет. Првиот не го претпоставува вториот, со што ја релативизира потребата на

антифундационистите да се обезбеди рамка за задоволување на принципите на рамноправност во сеопфатна политика на мултикултурализам. Епистемичкиот интерес е оној кој ги перципира САМО оние практики и правила кои можат да бидат сметани за политички легитимни, и кои се резултат на слободен и рамноправен процес на ЈАВНО одлучување. Овој процес, ги вклучува оние кои ги засегнуваат последиците од неговата имплементација. Сепак за функционалност на оваа замислена процедура на делиберација, потребно е дефинирање на процедуралните правила и уставните ограничувања, кои одредуваат, кој и под какви услови би можел да учествува во делиберацијата. Констатацијата според која, порано или подоцна ќе мора да се постават филтри кои ќе го ограничат пристапот до делиберативниот форум, колку што претставува неодминлив елемент на теоретичарите загрижени за операбилноста на овој модел, толку потсетува и на извесноста од аграгацијата. Најзначајниот придонес од ова портретирање на либералната делиберативна демократија претставува револуционерното инсиситирање на општа и сеопфатна флексибилност за потенцијална ревизија во сите политички домени на одлучување и на сите пишани процедури, потврдени во уставните текстови. На овој начин проблемот со конзистентноста на делиберативната демократија со основните човекови права и слободи, задира и во предметот на уставноста и конституционализамот – што исто така беше разгледано.

Односот на консоцијативизмот или консоцијативната демократија со делиберативниот инженеринг во политиката беше прикажан на најмалку два начини. Прво, како две конкурентски агенди за политичко (и уставно) устројство на

општеството, а потоа и како можност за теоретско и практично надополнување и замена на едниот модел со другиот. Супститутивнита улога на делиберативната демократија во однос на консоцијативизмот, е обременета со предусловот за релативна етничка и културна хомогеност на општеството. Обид за замена на консоцијативизмот со делибертивна демократија направи Јан О` Флин, преку поинакво ползување на досега познатите либерално-демократски вредности: внатрешната рамноправност и личната автономија. Актуелизирањето на овие статусни позиции кај О`Флин беше инспирирано од содржината на дебатите за мултикултурализмот и групните права на припадниците на малцинските заедници. Меѓутоа, и покрај начелното доделување на посебен статус на малцинските групи како право-носечки и право-барателни ентитети, еден од најсериозните предизвици на сите стојалишта, кои одат во прилог на групните права е постоењето на практики и постапки со кои индивидуите се обесправени во рамките на самите малцински заедници. Внатрешната рамноправност инсистира токму на овој вид заштити, иако како средство за намалување или анулирање на внатрешната дискриминација, подразбира дополнување и засилено инсистирање на индивидуалната автономија. Според видувањето на Флин, личната (или индивидуалната) автономија може да постигната и оправдана на два начини. Според првиот, се претпоставува автономија која овозможува секој еден интерес да биде земен предвид, односно секоја индивидуа да го оствари својот интерес, од друга страна, личната автономија не се потврдува толку за постигнување на конкретни цели, колку што тоа го потврдува нашето достоинство како индивидуи. И во двата случаи на потврдување на личната автономија, најзначајно е секој

еден кој е засегнат со политиката или законскиот проект да има право и можност да го каже своето видување, да го испорача неговиот интерес и да учествува во носењето на одлуката. Од друга страна, пак, беше истакнат и обид преку меѓународното право да се даде соодветен придонес во реализацијата на малцинските барања преку делиберативна демократкса постапка. Сепак во оваа шема постојат ограничувања особено на уставните механизми кои ја гарантираат културната сигурност на малцинствата во определени подрачја и според одредени правила. Предвидувени се три облици преку кои малцинските заедници можат да учествуваат во делиберацијата: преку формално организирани политички партии, преку организации и како дел од процесите на формирање на општата волја, во јавноста. Застапеноста на малцинствата во органите за креирање и спроведување на јавните политики, има пред се превентивна функција, и таа застапеност служи како инструмент на постоечката консултација помеѓу органите на власта и малцинството. Важно е да се потенцира дека, моделот за малцинска делиберативна демократија е исклучиво ненасилна практика и ја исклучува опасноста од асимилација. Значаен придонес на Вајтли во дебатата за односот меѓу делиберативната демократија и консоцијативизмот исто така е посочувањето на дел од меѓународно-правните документи и инструменти кои ја потврдуваат и засилуваат делиберацијата како што се: Препораките од Фленсбург, Декларацијата за заштита на малцинствата на Организацијата на Обединетите Нации (член 2), Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (член 15) и уште неколку други регионални документи. Телата кои се задолжени за мониторинг на почитувањето на

основните човекови права инсистираат на „делиберативно вклучување" на малцинствата во процесот на политичко одлучување, кој треба да се води во јавноста со изразување на ставовите и мислењата, а не со агрегација на преференциите. Од особена важност е и канцеларијата на Високиот Комитет за човекови права.

Во однос на граѓанското содружништво од приказите на неколку теоретски позиции (меѓу кои и онаа на Хабермас) се потврди дека тоа е locus operandi на делиберацијата. Улогата на граѓанското содружништво во подржувањето на делиберативната демократија го засега прашањето за клучните агенти во оваа сфера – општествените движења. Прашањето кое беше разгледувано во контекст на овој однос е природата на општествената акција или дејствување на движењето – дали таа е можно или пожелно да биде насилна. Општествено (ненасилно) дејствување на општествените движења, во светлото на теоријата и практиката на делиберативната демократија, некои автори сметаат дека треба да се проследува преку рамковната анализа (frame analysis) воведена за првпат од страна на Ервин Гофман, а потврдена и од Карл Манхајм. Во основа, супстрактот на овој вид анализа се интерсира за напорот потребен за трансформирање на насилната агенда за дејствување во советодавна, расправачка и обмислена акција на општествените движења. Можноста за промена во начинот на општествено дејствување на општествените движења претпоставува и своевиден редизајн на каналите или медиумите. Постои убеденост дека афективната делиберација подразбира понекогаш општественото движење, самото да продуцира криза. Исто така пожелно е и дејствување на повеќе фронтови и во

различни опкружувања (судови, локална самоуправа, на национално ниво и во рамките на меѓународните институции). Дисциплинираноста на општественото движење се појавува како еден од клучните чинители на ефективното поставување на барања во јавноста. Во најкратки црти, прашањето за совпадливоста на општествените акции на општествените движења и делибертивниот инженеринг имаат незаокружени теоретски позиции, и понатамошните преокупации за ова прашање најверојатно ќе се задржат на извесноста од задоволителното индивидуално (советодавно и предлагачко) учество и колективното (облигативно и радикално) делување во повеќе правци и во различни ситуациски контексти.

Веројатно најинтересниот соодност на делиберативната демократија е оној со либерализмот и либералниот конституционализам. Природата на делиберативниот инженеринг и совпадливоста или подобро речено компатибилноста со либералниот конституционализам е прашање кое во иднина ќе биде најмногу актуелизирано во однос на претходните четири – наведени тука. Оваа оценка во најголем дел се должи на постоечката затегнатост помеѓу либерализмот и демократијата воопшто, а потоа и врз прашањето за одржливоста на конституционалните принципи на либерално уредување на политичкиот систем со делиберативната политика. Затоа и екстензивната анализа на синтагмата либерално-демократски или либерална демократија покажа и толку аргументи во прилог на тезата за неодржливост на оваа кованица. Рецентните видувања на овој однос упатуваат на неодржливоста, како резултат на ригидноста или стабилноста на преференците. Оваа поставка најмногу ја погодува теоријата за

делиберативна демократија посебно во делот на одредување на делиберацијата како флексибилен советодавен процес во кој се менуваат преференците на делибераторите. Сепак, беше посочен и напорот да се намине овој ќорсокак и тоа преку следниве три начини: принципот на делиберација да ги оправдува и промовира либералните права; либералниот конституционализам да промовира делиберација и процесот на создавање на уставот самиот по себе да биде делиберативен. Во суштина, сите овие претпоставки водат кон потребата од вклучување на индивидуи во политиката кои рационално ќе понудат и бранат позиции кои не се крактеристични само за нивната општествена позиција и интерес. Преку ова се зајакнува значењето на правото на слободно изразување во јавноста, но овојпат како дел од *разумниот плурализам*. Со оваа формула суштинските политички принципи кои треба да ја крепат делиберативната демократија, произлегуваат од демократијата а не од либералните вредности. Од друга страна, пак, либералниот конституционализам ја крепи делиберативната демократија преку заштитата на т.н. јавниот идентитет на индиидуите како идни делибератори и учесници во кеирањето на политиките. Беше исто така истакнато дека во рамките на оваа дебата се појавија и поделените стојалишта на авторите за тоа кој е опсегот на делиберацијата во креирање на законодавството: дали само Уставот треба да се креира на овој начин или и другите законски и политички проекти. Мега-апликативно насочените заговорници како Ролс, понудија аргументи кои страдаа од социолошка непоткованост, ова се однесуваше најмногу на занемарувањето на социјалниот контекст и природата на социјалната интеракција. Како обид да се премости оваа воочена слабост, одредени атори (К.

Нино) се обидоа со екстензивна класификација на основните индивидуални права и слободи да ја поврзат уставноста и извесноста на делиберативната демократија. Сепак, постојат некои предизвици кои во иднина ќе треба повнимателно да бидат разгледани за да се обезбеди конпатибилноста на делиберативниот инженеринг во политиката со уставноста или начелото на конституционализам. Ова особено се однесува на стравувањето дека активното уживање на слободата на изразување во случајот со делиберацијата може од една страна да биде ограничена или загрозена, а од друга страна истата таа може да биде злоупотребена од страна на вештите реторичари.

Проблемот на компатибилноста на делиберативната политичка постапка и либералниот конституционализам, во најголем дел ги начнаа темите за местото и улогата на основните човекови права и слободи во целиот концепт. Затоа и релативно краткиот приказ на дел од критиките кои доаѓаат на адресата на заговорниците на делиберативната демократија се однесуваат токму на нив. Беше подвлечено дека, во најголем дел, нивните забелешки се однесуваат на: ограничената апликативност на моделот; прашањето за рационално дејствување на човекот во политиката; неиздржаноста на идејата за јавно добро или јавно резонирање; популизмот на делиберативната демократија *per se*; нерационално потрошеното време потребно за делиберација; незаменливоста на консоцијативниот инженеринг во изразено плурални општества, несовпадливоста па дури и спротивставеноста на делиберативната политика со одредени концепти и институти и др. Од мноштвото забелешки беа подетално разгледани оние кои се однесуваат на дел од најважните поими на теоријата за делиберативна

демократија: правда, исправност и оправданост (Хабермас). Самата делиберативна демократија во себе содржи механизми за имобилизација кои се препознатливи во популизмот и инсистирањето на надиндивидуален ентитет како арбитар на прашањата кои се (и треба да бидат) предмет на делиберација. Дел од теоретската аргументација во полза на делиберативната демократија се однесува и на темите за одржувањето на потполната автономија на индивидуата и уставната позиција на содејството на приватната и јавна автономија, односно автономијата во рамките на мрежата групи и организации во граѓанското содружништво и во јавноста. Критиката во однос на овие прашања ги акцентираше и иновациите на Хабермас како што се *приватната* и *јавна* индивидуална автономија и одржливоста на границата помеѓу нив во текот на јавната делиберација. Исто така, предмет на критика беше и колизијата на овие поделени автономии со концептот на уставно загарантираните индивидуални човекови права и слободи. Меѓудругото, во однос на валидноста, делиберативната демократија беше критикувана за денунцирање на постоечките институции на либералната демократија преку кои на еден помалку или повеќе ефикасен начин веќе функционира политичкиот систем. Од друга страна, пак, уверувањето дека делиберацијата, а оттаму и политичкиот процес, ќе се одвиваат согласно утврдените правила на игра и споделениот морален образец, носи со себе опасност од несовпадливост со природата на досега креираните и извршувани основни закони.

*  *

*

Од досега изнесеното, може да се заклучи дека дебатата од која израснуваат теоретските поставки за делиберативна демократија, одразува еден особен пат на развојот. Спротивставените позиции на неколку групи заговорници на овој модел, но и на критичарите на истиот, прикажаа една расправа, која соодветствува на претходно наведената класификација на оваа теорија во редот на дијалектичките парадигми. Изразувајќи ја свесноста за отсуството на голем број теми и прашања кои се дел од промислувањата за *промислената* демократија (на пример многу актуелното прашање за улогата на INTERNET-от како место за развој на делиберација и како место каде би можело да се истражува применливоста на делиберацијата), овој текст ја следеше линијата на аргументирање, односно докажување или побивање на дадена теза. Таа теза се однесува на убедувањето дека потполното теориско заокружување на делиберативната демократија е возможно во рамките на нормативно настроената социјална наука, уважувајќи ги специфичностите на социолошката, односно политолошката методолошка рамка на авторите-застапници. Мора да се признае, дека голем број на теми и прашања за делиберативната демократија воопшто, не беа начнати тука. Едно од оправдувањата за ваквата слабост е критериумот за стриктно држење до понудената и прифатена содржина на трудот. Без намера да се издејствува амнестија за слабостите (кои во овој текст ги има!) сознанието од ваквата состојба само говори во прилог на потребата од понатамошно сериозно проследување на теорискиот развој на овој модел, но и емпириски потврди на веќе утврдените постулати. Тука е значајно да се истакне фактот дека идното истражување на оваа тема, многу извесно е, дека ќе треба да тргнува од други

инспирации и оправдувања, бидејќи сосема е мала можноста општествената реалност кај нас, сама по себе да разбуди интерес за истражување на оваа тема. Ова е така, бидејќи уставниот дизајн на политичкото одлучување, сериозно и за долг период ја усидри консоцијативната демократија како „единствена игра во градот" (the only game in town – Adam Przeworsky). Но и во развиените демократски општества, во чии научни заедници е родена и развивана идејата за делиберативна демократија, постојат само иницијални емпириски истражувања на оваа тема (најдалеку во оваа област, според сегашните видувања на состојбата, има отидено Австралија, каде под раководство на професорот Џон Драјзек веќе неколку години постои *Центар за истражување на делиберативната демократија,* исто така постои и *Центар за делиберативна демократија* на Универзитетот Стенфорд).

Внимателното проучување на стојалиштата на најзначајните заговорници на теоријата за делиберативна демократија – Џон Ролс и Јирген Хабермас, откри дека зачетоците на оваа теорија се споменати или првично скицирани како делови од други посеопфатни теоретски системи. Во случајот со Јирген Хабермас тоа е *теоријата за комуникативно дејствување*, а во случајот на Џон Ролс - *Теоријата за општествена праведност како непристрасност и политичкиот либерализам*. Во текот на истражувањето, се појави потреба подетално да се истражат и постулатите на неколку други теории во чии рамки некои од авторите-заговорници на моделот ги градеа своите стојалишта. Односно, беа споменати и теоријата на рационален избор, критичката теорија, теоријата на социјален избор и уште неколку други. Обидот, овие различни пристапи и стојалишта на авторите

да се инкорпорираат во единствен сет на теоретски постулати во рамките на социјалната наука – како најопшта и генерализирачки поставена наука во однос и на социологијата и политичката теорија - на површината пројави неколку предизвици кои сведочат за релативната инкомпатибилност и несведливост на овие позиции во рамките на еден формално логички заокружен теоретски систем. Овие разидувања се најочевидни во дисциплинарната детерминираност на вторите. Попрецизно, онаму каде што во теоријата за комуникативно дејствување на Хабермас постојат плодни заклучоци за условеноста на нашите дејствувања во јавноста од позициите и интересите на другите, кај Ролс има само гола трка за остварување на интересот, сообразен со одредена однапред промовирана општа согласност. Или пак, онаму каде што Хабермас инсисира на проблемот со неоходноста од своевидна солидарност и комуникативна рационалност, истиот проблем Ролс го разрешава со уште поголема зависност од институциите.

Меѓутоа, овие условно земено, слабости на најзначајните концепциски рамки од кои се развива теоријата за делиберативна демократија, не значат дека не постојат заеднички нишки и врзивни ткива помеѓу спротивставените струи. Тоа најдобро го потврдуваат подоцнежните размисли и надополнувања на следбениците на Хабермас и Ролс за редица детали на теоријата за делиберативната демократија. Како и да е, теоријата за комуникативно дејствување на Јирген Хабермас, како што беше посочено, изнедрена од пазувите на фракфуртската школа во социологијата, содржи појдовни аргументации кои служат како пристојна основа за развој на теоријата за делиберативна демократија. Исто така, независно од разидувањата на овие позиции со

политиколошки вкалапената теоријата за праведност како непристрасност и политичкиот либерализам на Џон Ролс, укажувањето на егоистичната природа на јавното дејствување на човекот, изнуди редица прашања, врз чии одговори или обиди за да се одговори, следбениците на Ролс дадоа значаен придонес во кристализирањето на поставките на теоријата за делиберативна демократија. Можеби и токму поради овие причини, најголемиот предизвик кој го иницираше ова истражување – симбиозата на различните стојалишта за една иста проблематика да се заокружи во теоретска ориентација или парадигма на социјалната наука – останува задача на која ќе треба уште многу да се работи. Природата на редица феномени и процеси во современото општество ја претпоставуваат комплементарната употреба на пристапи и методи во нивното истражување, што од друга страна е најважна задача на социјалната наука. Но, дали лоцирање на сегменти од пошироките теоретски системи на профилираните општествени научници, кои на еден или друг начин, ја истражуваат проблематиката на делиберативниот инженеринг во политиката, е најдобриот начин за постигнување на оваа цел - е тешко да се одговори. Несомнено е дека прегледот и изложувањето на категоријалниот репертоар на авторите кои беа анализирани, нуди темел за изградба на целокупен теоретски систем за делиберативната демократија. Но огранувачката природа на научните трудови кои стекнувањето на соодветен академски степен, трудот го ставаат во служба на задоволувањето на строгите и неретко ригидни принципи на научната работа, не дозволуваат подлабока и пооригинална инволвираност на истражувачот. Впрочем, непобитна е констатацијата дека теоријата за делиберативна

демократија може, и би било пожело да се промислува и развива во рамките на синкретирачката социјална наука, но придржувањето до формалните правила и критериуми за стекнување научен степен од само една научна дисциплина, оставаат многу мал простор за синтеза и мултидисциплинарност. Анализирајќи ја, и изразувајќи и најдлабока почит на рецентната академска реалност, неизоставен е впечатокот дека ваквата состојба со истражувачката работа, уште долго ќе придонесува крајниот резултат од едно вакво истражување, најмалку да зависи од интересот, квалификациите и сознанијата на самиот истражувач. Укажувањето на се поголемата општествена сложеност и потреба од разновиден пристап кон современите општествени проблеми, бездруго повикува на ползување или препознавање на социјалната наука како рамка од која ќе се тргнува во нивното истражување. Колку во тоа ќе се успее, најверојатно најмногу ќе зависи од револуционерноста на заговорниците на социјалната наука. На тој начин, во најрелевантните академски средини ќе биде подложена на проверка и Куновата претпоставка за појавата на новите парадигми и извесноста од научните револуции.

## ЛИТЕРАТУРА


Ackerman, B. 1989. ``Why Dialogue?" in *Journal of Philosophy* 86:16-27.

Ackerman, B. 1991. *We the People, i Foundations*, Cambridge, Mass.: Harvard University Press.

Akerman, B. and Fishkin, J. 2003. 'Deliberation Day' in Fishkin, J.and Laslett, P.(eds) *Debating Deliberative Democracy*, Oxford: Blackwell.

Adams, J. 1996. ``Principals and Agents, Colonialist and Company Men: The Dacay of Colonial Control in the Dutch East Indies.`` *American Sociological Review* 61, No. 1: 12-28.

Adorno, T. and Horkheimer, M. 1972. *The Dialectic of the Enlightenment*. New York: Herder and Herder.

Albrow, M. 1974. ``Dialectical and Categorical Paradigms of a Science of Society``, *Sociological review* 22: 183-202.

Arendt H. 1963. *On Revolution*, New York: Viking.

Аристотел. 1997. *Устав атински*, Београд: ПЛАТΩ.

Аристотел. 2002 *Реторика*, Скопје: Македонска книга 2002.

Аристотел. 2006. *Политика*, Скопје: Слово.

Arrow, K. 1951. *Social Choise and Individual Values*, New York: Wiley.

Axelrod, R. 1984. *The Evolution of Cooperation*. New York:Basic Books.

Bacharach, S.B. and Lawler, E.J. 1981. *Bargaining: Power, Tactics and Outcomes*, San Francisco, CA: Jossey-Bass.

Barber, B. 1984. *Strong Democracy: Participatory Politics for a New Age*, Berkley, Los Angeles and London: University of California Press.

Barry, B. 2001. *Culture and Equality: An Egalitarian Critique of Multiculturalism*, Cambridge: Polity Press.

Benhabib, S. 1996. ``Toward a Deliberative Model of Democratic Legitimacy`` p. 67-94 in Benhabib, S. (ed.) 1996 *Democracy and Difference: Contesting the Boundaries of the Political*, Princeton: Princeton University Press

Benhabib, S. (ed.) 1996 *Democracy and Difference: Contesting the Boundaries of the Political*, Princeton: Princeton University Press.

Benhabib, S. 2004. ``On Culture, Public Reason, and Deliberation: Response to Pensky and Peritz`` p.291–299 in *Constellations*,Volume 11, Issue 2,

Berelson, B. Lazarsfeld, P. and McPhee, W. 1968. *Voting*, Chicago: University of Chicago Press.

Bessette, J. M.1980. ``Deliberative Democracy: The Majoritarian Principle in Republican Government``, во Goldwin R.A. and Shambra W.A.1980. *How Democratic is the Constitution?* p. 102 – 116. Washington, DC: American Entreprise Institute.

Bessette, J. M. 1994, *The Mild Voice of Reason: Deliberative Democracy and American National Government*, Chicago: University of Chicago Press.

Blau, J. 2007. *Human Rights, Environmental Justice and Popular Democracy*, Rowman & Littlefield.

Bobio, N. 1995. *Liberalizam i demokratija*, Beograd: Societas.
Bohman, J. F. 1988. 'Public Reason and Cultural Pluralism: Political ... and Political Choice`` Oxford: Oxford University Press.
Bohman, J. F. 1996. *Public Deliberation: Pluralism, Complexity and Democracy,* Cambridge, Mass.: MIT Press.
Bohman, J. F. 1998. ``The Coming Age of Deliberative Democracy`` in *Journal of Political Philosophy*, 6: 399-423.
Bohman, J. and Regh W. (eds.) 1999. *Deliberative Democracy: Essays on Reason and Politics*, London, EN. and Cambridge MA: The MIT Press
Boudon, R. 1982. *The unintended consequences of social action*. New York: St. Martin's. Eisenhardt.
Boudon, R. 1996. "The cognitivist model: A generalized Rational Choice model ", *Rationality and Society*, 8 (2): 123-150.
Brennan, G. and Lomasky, L. 1993. *Democracy and decision: The pure theory of electoral preference*. Cambridge: Cambridge University Press.
Brinton, M. C. 1988.``The Social-Institutional Bases of Gender Stratification: Japan as an Illustrative Case`` *The American Journal of Sociology* Vol. 94, No. 2 Sept. pp. 300-334.The University of Chicago Press.
Brinton, M.C. and Nee,V. (eds.) 1998. *The new institutionalism in Sociology*, New York: Russell Sage Foundation
Brustein, W.1996. *The logic of evil: The social origins of the Nazi Party, 1925-1933.* New Haven: Yale University Press.
Chambers, S. 2003. "Deliberative Democratic Theory." In *Annual Review of Political Science* 6: 307- 26
Chong, Dennis (1991), *Collective Action and the Civil Rights Movement,* Chicago: University of Chicago Press
Cohen, J.1989. ``Deliberation and Democratic Legitimacy``, p. 17-34. in Hamlin, A. and Pettit, P. (eds.) The Good Polity: Normative Analysis of the State, Oxford: Basil Blackwell.
Cohen, J. 1996. ``Procedure and Substance in Deliberative Democracy`` in Benhabib, S. (ed.) 1996. *Democracy and Difference: Contesting the Boundaries of the Political,* Princeton: Princeton University Press. p. 95-119
Cohen, J.1997. ``Deliberation and Democratic Legitimacy`` in Bohman, J. and Rehg, W. (eds) *Deliberative Democracy: Essays on Reason and Politics*. Cambridge, MA: The MIT Press. p.67-91
Coleman, J. S. 1986. ``Social Theory, social research and a theory of action`` in *American Journal of Sociology* 91: 1309 – 35.
Coleman, J. 2000. *History of Political Thought: From Ancient Greece to Early Christianity*, Malden MA: Blackwell Publishers.
Crozier, M. Hantington, S. and Watanuki, J.1975. *The Crisis of Democracy: Report on the Governability of Democracies to the Trilateral Commission*, New York: New Yor University Press.
Dahl, R. A. 1993. ``Americans Struggle to Cope with a New Political Order That Works in Opaque and Mysterious Ways``. *Public Affairs Report* 5.
Dal, R. 1997. *Poliarhija: participacija i opozicija*, Beograd: Filip Višnjić.
Dal. R. 1999. *Demokratija i njeni kritičari*, Podgorica: CID.

Dahl, R. & C. Lindblom, 1953. *Politics, economics, and welfare.*New York: Harper.
Dahl, R. 2000. *On Democracy*, New Haven, CT: Yale University Press. Наведено во O`Flynn, I. 2006.
Dahl, R. 2001. *How Democratic is the American Constitution?* New Haven and London: Yale University Press.
de Greiff, P. 2002.``Deliberative Democracy and Punishment`` p.373 – 404 in *BUFFALO CRIMINAL REVIEW* Vol.5.
Downs, A. 1957. *An Economic Theory of Democracy*, New York: Harper and Row.
Dryzek, J. S. 1990. *Discursive Democracy: Politics, Policy, and Political Science*, Cambridge: Cambridge University Press.
Dryzek, J. S 2000. *Deliberative Democracy and Beyond: Liberals, Critics, Contestations*, Oxford: Oxford University Press.
Dryzek, J. S. 2004. ``Pragmatism and Democracy: In Search of Deliberative Publics`` во Dworkin, R. 1985. *A Matter of Principle*, London: Harvard University Press.
Eisenstadt, S.N. and Curelary, M. 1976. *The Form of Sociology: Paradigms and Crises*, New York: Wiley.
Elster, J. 1985. *Making Sense of Marx*, Cambridge, UK: Cambridge University Press,
Emerson, R. 1976. ``Social exchange theory.`` in *Annual Review of Sociology* 2 : 335 – 62.
Fisher, R.and Ury, W. 1981. *Getting to Yes,* Boston: Houghton Mifflin Co.
Fishkin, J. S. 1988. 'The Case for a National Caucus: Taking Democracy Seriously." in *Atlantic Monthly* (August). p. 18
Fishkin, J. S. 1991. *Deliberative Democracy*, New Haven: Yale University Press.
Fishkin, J. and Laslett, P. (eds). 2003. *Debating Deliberative Democracy*, Oxford: Blackwell.
Flynn, J. 2004. ``Communicative Power in Habermasian Theory of Democracy`` p. 433 – 454 in *European Journal of Political Theory*, 3(4)
Фрчкоски, Љ.Д. 1992. *Теории за демократија*, Скопје: Македонско радио Трета програма.
Фрчкоски, Љ.Д. и Иванов Ѓ. 2003. *Современи политички теории*, Скопје: Правен Факултет ``Јустинијан Први``.
Frckoski, Lj. D 2007. *Negotiation in identity conflicts*, Skopje: Templum.
Фукујама, Ф. 1994. *Крајот на историјата и последниот човек*, Скопје: Култура.
Friedman D. and Hetcher, M. 1988. ``The Contribution of Rational Choice Theory to Macrosociological Research`` in *Sociological Theory* Vol. 6, No. 2 (Autumn, 1988), pp. 201-218 American Sociological Association
Friedman, G. 1981. *The Political Philosophy of the Francfurt School*, Ithaca, NY:Cornell University Press.
Friedrichs, R. 1970. *A Sociology of Sociology*. New York: Free Press.
Gastil, J. and Keith, W. 2005. ``A Nation that (Somethimes) Likes to Talk: A Brief History of Public Deliberation in the United States`` in Gastil, J. and Livine, P. (Eds.) *The Deliberative Democracy Handbook*, San Francisco: John Wiley and Sons.
Gerth, H. and Mills, C. W. 1958. *From Max Weber: Essays in Sociology*, New York: Oxford University Press.
Goodin, R. 2008. ``First Talk, Then Vote``Paper presented to Workshop on ``Theory &

Practice of Deliberative Democracy`` Centre for Deliberative Democracy, Research School of Social Sciences, Australian National University. 7-8 February 2008

Gutman A. and Thomson, D. 1996. *Democracy and Disagreement,* Cambridge, MA: Harvard University Press.

Gutman A. and Thomson, D. 2003. ``Deliberative Democracy Bayond Process`` p. 31-35 in Laslett, P. and Fishkin, J. (eds.) *Debating Deliberative Democracy,* Vol. 7 in the series Philosophy, Politics and Society Oxford: Blackwell.

Gutman A. and Thomson, D. 2004. *Why Deliberative Democracy?* Princeton, NJ: Princeton University Press.

Giddens, A. and Turner, J. H. (eds.) 1987. *Social Theory Today,* Stanford, CA: Stanford University Press.

Giddens, A.1989. *Nova pravila sociološke metode*, Ljubljana: ŠKUC, Filozofska Fakulteta.

Гидинс, Е. 2006. ``Социјална или социолошка теорија``, стр. 32 - 36 во Трајковски И. (ур) 2006 *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството: Современи социолошки теории,* Скопје: Филозофски факултет.

Goati, V. 1978. *Politička sociologija: ogledi*, Beograd: NIP Mladost.

Gofffman, E. 1974. *Frame Anlysis: An Essays on the Organization of Experience*, New York: Harper Colophon. Наведено во Medearis J. 2004.

Gray, J. 1995. *Enlightment`s Wake*, London: Routledge.

Gutman, A. and Thompson, D. 1996. *Democracy and Disagreement,* Cambridge Massachusetts: Harvard University Press,

Habermas J.1976a. ``Hannah Arend`s Concept Communications of Power``, in *Social Research* 44: No. 1.

Habermas J. 1976b. *On the Pragmatics of Social Interaction: Preliminary Studies in the Theory of Communicative Action* Translated in English by Barbara Fultner, Massachusetts: The MIT Press

Habermas J. 1980. *Legitimating Crisis,* London: Heinemann Educational Books Ltd.

Habermas J. 1984. *The Theory of Communicative Action Vol. I: Reason and the Rationalization of Society,* Translator in English Thomas McCarthy, Boston: Beacon Press,

Habermas J. 1987. *The Theory of Communicative Action vol. II: Life world and System: A Critique of Functionalist Reason*, Boston: Beacon Press,

Habermas J. 1990. *Moral Consciousness and Communicative Action,* Cambridge: Massachusetts MIT Press.

Habermas J. 1994. ``Struggles for Recognition in the Democratic Constitutional State`` p. 107 – 48, in Gutmann, A. (ed.) *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition*, Princeton, NJ: Princeton University Press.

Habermas J. 1996. *Between Facts and Norms: Contributions to a Discourse Theory of Law and Democracy,* Cambridge:Polity Press.

Habermas J. 1998 *On the Pragmatics of Communication*, Cambridge:Massachusetts Institute of Technology.

Хабермас Ј (2006): ``Теорија на комуникативно дејствување``, стр. 147 - 159. во Трајковски И (ур.) 2006. *Глобализирањето, индивидуалноста и*

*општеството: Современи социолошки теории*, Скопје:Филозофски факултет.
Hall, S. 1992. ``New Ethnicities`` in Donald, J. and Rattansi, A. (eds.) *Race, Culture and Difference*, London: Sage and Open University Press.
Hauptmann, E. 2001. ``Can Less Be More? Leftist Democrats` Critique of Participatory Democracy.`` p. 397-421 in *Polity* Vol. 33, No. 3.
Hejvud, E. 2004. *Politika,*. Beograd: Clio.
Хелд, Д. 2008. *Модели на демократија*, Скопје: Академски печат.
Hechter M. (ed.). 1983. *The Microfoundations of Macrosociology*. Philadelphia: Temple University Press.
Hechter M. 1987. *Principles of Group Solidarity.*Berkeley: University of California Press.
Hechter M. 1996. *The New Unionism: Employee Involvement in the Changing Corporation*, New York: Basic books, A Twentieth Century Found.
Hechter M. and Kanazawa S. *1997.* ``Sociological Rational Choice Theory`` *Annual Review of Sociology. 1997. 23:191–214*
Hicks, A. M. 1995. ``Is Political Sociology Informed by Political Science``, p. 1219 - 1229 во *Social Forces*, 1995 73: 4, University of North Carolina Press
Hicks, A. M. Janoski, T. and Schwartz, M. 2005. ``Political Sociology in the New Millennium`` p. 1 – 30 in Janoski T, Alford R, Hicks A and Schwartz M.A. (ed-s) 2005. *The Handbook of Political Sociology: States, Civil Societies, and Globalization,* Cambidge: Cambridge University Press.
Homans, J. 1974. Social Behavior: Its Elementary Forms, New York: Hartcourt, Brace наведено во Giddens, A. and Turner, J. H. (eds.) 1987.
Hoffman, R. and Levack, P. eds.1959. *Burke`s Politics*, New York: Knopf.
Horster, D. 1992. *Jűrgen Habermas` Rechtspbilosophie, Die Neue Gesellshaft/Franfurter Heffte* (39), во Reese-Schafer, W. 2004
Христов, Р.1996. *Општествената подвижност во Македонија*, Скопје: Мисла.
Христов, Р. 2007. *Социологија за економисти*, Скопје: Економски Факултет.
Janoski T, Alford R, Hicks A and Schwartz M. A. (ed-s) 2005. *The Handbook of Political Sociology: States, Civil Societies, and Globalization*, Cambidge: Cambridge University Press.
Jones, P. 1999. ``Group Rights and Group Oppresion`` p. 353 – 77 во *The Journal of Political Philosophy,* 7 (4).
Јованоски, А. 2005 *Граѓанственоста во плуралните општества: Нормативна Англо-американска општествена теорија и правно-политички искуства,* Магистарски труд, Скопје: Филозофски Факултет, Институт за Социологија.
Kanfora, L. 2007. *Demokratija: Istorija jedne ideologije,* Beograd: Clio.
Karbonije, Ž. 1992. *Pravna sociologija,* Beograd: Izdavacko preduzece Zorana Stojanovica.
Kisser, E. and Bauldry, S. 2005. ``Rational-Cnoise Theories in Political Sociology`` p. 172 – 186 in Janoski T, Alford R, Hicks A and Schwartz M.A. (ed-s) 2005. *The Handbook of Political Sociology: States, Civil Societies, and Globalization,* Cambidge: Cambridge University Press.
Kuran, T. 1995. *Private Truths, Public Lies: The Social Consequences of Preference Falsification*. Cambridge, Mass.: Harvard University Press.
Kymlicka, W. 1995. *Multicultural Citizenship: A Liberal Theory of Minority Rights*,

Oxford: Oxford University Press.
Kymlicka, W. 2002. *Contemporary Political Philosophy (An Introduction)*, New York: Oxford University Press.
Кун Т. 2002. *Структурата на научните револуции*, Скопје: Магор.
Lajphart, A. 2003. *Modeli demokratije*, Beograd i Podgorica: Službeni list SCG i CID.
Lakatos, I. 1978. The Methodology of Scientific Research Programs, Cambridge, UK: Cambridge University Press. во Kisser, E. and Bauldry, S. 2005.
Lefor, K. 2003. *Izumevanje demokratije*, Beograd: Filip Višnjić.
Lehmbruch, G. 1969. ``Segmented Pluralism and Political Strategies in Continental Europe: Internal and External Conditions of Concordant Democracy ``, Paper presented on Roundtable Conference of International Association of Political Sciences, Turaine, France, September, 1969.
Levi, M. 1988. *Of Rule and Revenue*, Berkeley: University of California Press.
Levi, M. 1997. *The Contigencies of Consent*, Cambridge UK: Cambridge University Press.
Lijphart, A. 1984. *Democracies: Patterns of Majoritarian and Consensus Government in Twenty-one Countries*. New Haven: Yale University Press.
Липхарт, А. 1994. *Демократијата во плуралните општества*, Скопје: ПНИД СТЕП.
Lorwin, V. R. 1971. ``Segmented Pluralism: Ideological Clevages and Political Cohesion in Smaller European Democracies``, in *Comparative Politics*, 3 No. 2.
Manheim, K. 1985. *Ideology and Utopia: An Introduction to the Sociology of Knowledge*, San Diego: Harcourt Brace Jovanovich. во Medearis J. 2004
Manin, Bernard. 1987. "On Legitimacy and Political Deliberation." *Political Theory* 15 (3):338-68
Mansbridge, J. 1983. *Beyond Adversary Democracy*, Chicago and London: The University of Chicago Press.
Mansbridge, J (ed) 1990. *Beyond Self-Interest*, Chicago: University of Chicago Press.
Mansbridge, J 2000. ``What does a Representative Do? Communicative Settings of Distrust, Uncrystalized Interests, and Historically Denigrated Status``, p. 99-110 in Kymlicka, W. and Norman, W. (eds.) *Citizenship in Diverse Societies*, New York: Oxford University Press.
Marcuse, H. 1964. *One-Dimensional Man*, Boston: Beacon Press.
Medearis, J. 2004. ``Social Movements and Deliberative Democratic Theory`` in *British Journal of Political Science* Vol. 35 p. 53 - 75
Michelman, F. 1999. ``How Can the People Ever Make Laws? A Critique of Deliberative Democracy`` p. 145 – 171 во Bohman, J. and Regh W. (eds.) 1999. *Deliberative Democracy: Essays on Reason and Politics*, London, EN. and Cambridge MA: The MIT Press.
Младеновски, Ѓ. 2005. *Антрополошки огледи*, Скопје: Аз-Буки.
Modood, T. 1992. *Not Easy Being British*, London: Trentham.
Mouffe C. 2000. ``Deliberative Democracy or Agonistic Pluralism`` in *Political Science Series 72* , Vienna: Insitute for Advances Studies, p. 2- 18.
Neš, K. 2006. *Savremena politička sociologija: Globalizacija, politika i moć*, Beograd:Службени гласник

Николас, Б. 2009. *Вовед во Римско право,* Скопје: Просветно дело.
Nino, K. S. 1996. *The Constitution of Deliberative Democracy*, New Haven & London: Yale University Press.
Niskanenm W. 1971. *Bureacracy and Representative Government*, Chicago: Aldine-Atherton.
Offe, C. 1997. *Varieties of Transitions: Yhe East European and East German Experience*, Cambridge: Massachusetts MIT Press.
O`Flynn, I. 2006. *Deliberative Democracy and Divided Societies,* Edinburg: Edinburg University Press Ltd.
Olson, M. 1971. *The Logic of Collective Action: Public Goods and the Theory of Groups*, Cambridge, MA: Harvard University Press.
Opp K-D, Voss P, and Gern C. 1995. *Origins of a Spontaneous Revolution*. Ann Arbor: University of Michigan. Press
Owen, D. 2001 ``Processual Perfectionism & Democracy-to-Come.`` In Nagl, L. and Moufee, C. (eds), *The Legacy of Wittgenstein*. Frankfurt am Main – New York: Peter Lang.
Патнам, Р. 2006. ``На куглање сам: опаѓањето на ериканскиот социјален капитал. стр. 352 - 367. во Трајковски И (ур.) 2006. *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството: Современи социолошки теории*, Филозофски факултет - Скопје.
Pettit, P. 2001. ``Deliberative Democracy and Discursive Dilemma`` in *Philosophical Issues,* Vol. 11. P. 1 - 36.
Phillips, A. 1996. ``Dealing with Difference: A Politics of Ideas, or Politics of Presence?``, p. 139 – 152 in Benhabib, S. (ed.) 1996 *Democracy and Difference: Contesting the Boundaries of the Political*, Princeton: Princeton University Press
Платон 2002. *Политеја,* Скопје: Три.
Przeworski, A. 1985. ``Marxism and rational choice.`` in *Politics and Society* 14(4): 370-409.
Рајан, А. 2003. ``ЛИБЕРАЛИЗАМ`` стр. 88 – 110 во Фрчкоски, Љ. Д. и Иванов, Ѓ (ур.) 2003. *Современи политички теории*, Скопје: Правен Факултет ``Јустинијан Први``.
Rawls J. 1971. *A Theory of Justice*, Oxford: Oxford University Press.
Rawls J. 1993. *Political Liberalism*, New York: Columbia University Press.
Rawls J. 1997. "The Idea of Public Reason Revisited," *Chicago Law Review* 64 (3): 765 - 807.
Reese-Schafer, W. 2004. ``Jürgen Habermas i deliberativna demokracija`` Zagreb: *Politička misao*, God. 41 br.4: 3-21.
Ritzer. G.1975. *Sociology: A Multiple Paradigm Science*, Boston: Allyn and Bacon.
Ritzer. G.1997. *Suvremena sociologijska teorija,* Zagreb: Nakladni zavod Globus.
Роулс, Џ. 2002. *Теорија за праведноста*, Скопје: Слово.
Русо. Ж.Ж. 1978. *Општествениот договор или начелата на државното право*, Прев. Јован Таковски, Скопје: Мисла, Култура, Наша книга, Комунист и Македонска книга.
Sanders, L. 1992. ``Against Deliberation`` a paper presented at a meeting of the American Political Science Association, September, 1992.

Саркањац, Б. 2003. ``Без граници`` Скопје: *Форум Аналитика*,
Саркањац, Б. 2004. *Македонски катехресис (Како да се зборува за Македонија)*, Скопје: Форум.
Saward M. 2002. ``Rawls and Deliberative Democracy`` in D`Etreves, M. P. (ed) *Democracy as Public Deliberation: new perspectives*, Manchester and New York: Mancester University Press. P. 112-130.
Shapiro, I. 2003. *The State of Democratic Theory*, Princeton and Oxford: Princeton University Press.
Simon, W. H. 1999. ``Three Limitations of Deliberative Democracy: Identity Politics, Bad Faith, and Indeterminacy``. p. 49-57 in Macedo, S. ed., *Deliberative Politics: Essays on Democracy and Disagreement*. New York: Oxford University Press.
Софрониевски, В. (ур.) 2001. *ЛАТИНСКО-МАКЕДОНСКИ РЕЧНИК*, Скопје: Бигосс
Studebaker, J. W. 1935. *The American Way: Democracy at Work in the Des Moines Forums*, New York: McGraw-Hill Co., Inc.
Sunstein, G. 1988. ``Beyond the Republican Revival`` in *The Yale Law Journal* Vol. 97, No. 8, Symposium: The Republican Civic Tradition (Jul., 1988), pp. 1539-1590
Sunstein, G. 1993. *Democracy and the Problem of Free Speech*, New York: Free Press.
Ташева, М. 1999. *Социолошки теории*, Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.
Taylor, C. 1994. ``The Politics of Recognition``, p. 25-73 во Gutmann, A. (ed.) *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition*, Princeton, NJ: Princeton University Press.
Tejlor, Č. 2004. *Prizivanje gradjanskog društva*, Beograd:Beogradski krug.
Thomson, W. 1970. *Appeal of One Half of the Humam Race, Women, against the Pretensions of the Other Half, Men, to Retain them in Political, and Hence in Civil and Domestic Slavery*, New York: Source Book Press.
Томиќ, О. М. Мишиќ, М. Гогова, Н. Стефановски, Љ. И Мургоски, З. 1994. *English-Macedonian Dictionary – Речник Англиско-Македонски*, Скопје: Култура.
Трајковски, И. 1997. *Граѓанско содружништво*, Скопје: Гоцмар.
Трајковски, И. (ур) 2006. *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството: Современи социолошки теории*, Скопје: Филозофски факултет.
Trifirio, F. 2005. ``Anti-Foundationalism, Deliberative Democracy, and Universal Human Rights`` *IIIS Discussion Paper No.47*, Dublin: College Dublin, Institute of International Integration Studies
Vasović, V. 2003. ``PREDGOVOR: LAJPHARTOVA KONSOCIACIONA DEMOKRATIJA`` str. 5 – 67 во Lajphart, A. 2003. *Modeli demokratije*, Beograd i Podgorica: Službeni list SCG i CID
Veber, M. 1968. *Privreda i društvo*, Beograd: Prosveta.
Veber, M. 2006. *Politički spisi*, Beograd: Filip Višnjić i Службени гласник.
Wallerstain, I. 1987. ``World-Systems Analyis`` p. 309-324 in Giddens, A. and Turner, J. H. (eds.) 1987. *Social Theory Today*, Stanford, CA: Stanford University Press.
Walzer, M. 1999 ``Deliberation, and Ehat Else?`` p.58-69 во Macedo, S. (ed.) *Deliberative Politics: Essays on Democracy and Dissagrement*, New

York: Oxford University Press.
Wheatley, S. 2003. ``Deliberative Democracy and Minorities`` in *European Journal of International Law* Vol. 14 No. 3: 507-527
Weingast, B. R. 1984. ``The congressional-bureacratic system: A principle-agent perspective.`` *Public Choice* 44: 147 – 92.
Young, I.M. 1990. *Justice and the Politics of Difference,* Princeton: Princeton University Press.
Young, I.M. 1993. ``Justice and Communicative Democracy`` in Gottlieb, R.S. (ed.) *Radical Philosophy: Tradition, Counter-Tradition, Politics*, Philadelphia: Temple University Press.
Young, I.M. 1996. ``Communication and the Other: Beyond Deliberative Democracy`` in Benhabib, S. (ed.) 1996. *Democracy and Difference: Contesting the Boundaries of the Political*, Princeton: Princeton University Press. p. 120-135
Young, I.M. 1997. ``Difference as a Resource for Democratic Communication`` in Bohman, J. and Regh, W. (eds.) *Deliberative Democracy*, Cambridge, Mass.: MIT Press.
Young, I.M. 1999. "Justice, Inclusion and Deliberative Democracy," in Stephen Macedo, ed., *Deliberative Politics: Essays on Democracy and Disagreement,* New York: Oxford University Press.
Young, I.M. 2001. ``Activist Challenges to Deliberative Democracy``, p. 670-90 во *Political Theory* Vol. 29. No. 5, October.
Црвенковски, Д. 2000. *Македонско-Англиски и Англиско-Македонски речник*, Скопје: Култура.
Чупеска, А. 2009. ``Politics via Internet``, стр. 61-67 во *Политичка мисла Год. 7 Бр. 26,* Јуни. Скопје: Konrad Adenauer Stiftung и Institute for Democracy ,,Societas Civilis``
□urić, M. 1966. *Istorija političkih teorija*, Beograd: Fakultet za političke nauke.
Šumpeter, J. 1998. *Kapitalizam, socijalizam i demokracija*. Beograd: ПΛАТΩ.

INTERNET линкови:

- http://www.f.bg.ac.rs/sr-lat/filozofija/silabusi?IDK=1736
- http://www.pfsa.unsa.ba/Portals/0/Materijali/NPP-Drugi%20ciklus.pdf
- http://www.deliberative-democracy.net